**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1080**
**Скопје, 1 јули 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***д***', '***п***', '***т***', '***г***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1080 од 1 јули 2014 година**


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Марина Станкоска, м-р Сузана Макрешанска)**.................8-9

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија докторската дисертација под наслов **Безбедност на границите и интегрирано гранично управување во процесот на приклучување кон Европската унија и Шенгенскиот договор (студија на случај – Република Македонија),** изработена од **м-р Горан Крстески,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................................10-14

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Милан Петровски, Катерина Хаџи-Илкоска-Спировска)**............................15
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Јелена Мицевска, м-р Бојана Трајаноска)**............................16

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(Авдираим Фетаовски)**.......................................................17

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два наставника во сите звања по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Виктор Камилоски, д-р Смиља Туџарова Ѓоргова)**..........18-50

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Теодора-Теа Поповска, Марија Јовеска, Мима Станчевска, Александар Димитриески, Александар Трајковски, Теодора Живковиќ, Катерина Костоска, Ирис Саид, Весна Кочовска, Антонета Иванова, Билјана Јакимова, Елена Стаменковска, Габриела Георгиева, Бојана Делидинкова, Марина Симоноски, Роберт Плешков, Виктор Стојановски, Ирена Богоевска, Виолета Цутеска, Ивона Талеска)**.......................................................................................................51-54

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група наставни предмети од областа на етномузикологијата на Факултетот за музичка уметност во Скопје **(д-р Александар Димитријевски)**.......................................................................................................55-64

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на органската хемија и биохемијата на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Јане Богданов)**................................................65-81

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Здружено војување и современи безбедносни закани во светот,** поднесена од **м-р Миле Петровски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.......................................................................................................82-88

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентни енергетски мрежи,** изработена од **м-р Халим Халими,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје............................89-96

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(Сузана Вејсло, Нада Спировска)**.........................................................................97

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Маја Ивановска, Урим Каба, Насер Нухии, Билјана Јаневска, Билјана Стоименовска, Бисера шопова, Милан Лакоски, Катерина Трајковска, Весна Бошкова, Златко Кованцалиев, Александра Чевреска, Благица Станоевска)**..................................................................................................98-99

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и значењето на социјалниот маркетинг и неговата примена во Република Македонија,** од **м-р Мери Каранфиловска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје................................100-112

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на шумарскиот факултет во Скопје **(Дејан Манцуковски, Наташа Златевска)**.............................................................113

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметот интернет-маркетинг на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Димитар Јовевски)**..................114-130

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Маја Сенчева, Маја Коцова)**.......................................................131

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник од областа геотехника во звањето доцент на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Јован Папиќ)**...........................................................................132-145
2. Реферат за избор на асистент од областа на геодезијата на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Ѓорѓи Ѓорѓиев)**...........................................................................................................146-150
3. Реферат за избор на асистент од областа виша геодезија на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Златко Богдановски)**..............................................................................................151-156

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на научен советник во сите научни звања во областа на инженерската сеизмологија во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје **(д-р Бисерка Димишковска)**.........................................................................157-169

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на асистент на научното поле биотехнички науки, научна област: плодност на земјиштето и фертилизација, на Земјоделскиот институт во Скопје **(м-р Христина Попоска)**..........................................................................................................................170-174

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Процесите на модернизација во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 година,** изработена од **м-р Јасмина Дамјановска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...............................................................175-179

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Филиз Мехметоглу, Перчо Божиновски, Искра Донева, Игор Поповски, Оливера Аневска)**.....180
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Зибер Лата, м-р Шпенд Адеми)**.....181

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во сорабоитничко звање-асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Бојана Трајаноска)**.....182-186

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторска дисертација и оспособеноста на кандидатот **м-р Семијал Зибери** за научна работа во Инсиутот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје.....187-194

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите деловна етика и менаџмент на промени, научна област: организациски науки и управување (менаџмент) на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Леонид Наков)**..195-216

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на ракописот **Научната дијаспора во Република Македонија,** од **(група автори), редактор: д-р Верица Јанеска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....217-224
2. Рецензија на ракописот **Претприемничка лабораторија,** главни истражувачи: **проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска, доц. д-р Зоран Јаневски,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....225-229

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Пробабилистички пристап за дефинирање на својства на карпести маси при напонско-деформациона анализа кај тунели** од **м-р Златко Зафировски,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје.....230-241

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на учевникот под наслов **Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи,** од авторите **проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски,** пријавен на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.....242-248

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија,** поднесена од **м-р Валентина Поцеска,** пријавена на Институтот за македонска литература во Скопје.....249-254

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Александра Паскали)**.....255

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Семра Омери, Катерина Димовска, Магдалена Велковска, Антонија Андонова, Александра Гроздановска, Наташа Радојкова, Наташа Ѓорѓевска Цветановска, Вили Старделова, Грозданка Анева, Филип Николов, Никола Поп-Манчев, Ана Антиќ, Анкица Крстевска, Валентин Јанкоски, Марија Вишинова, Љубица Ангелова, Александра Димовска, Елена Ацеска, Оливера Славевска, Марко Томовски, Деница Бојаровска, Дејан Јанев, Марија Давкова, Јулијана Тасевска, Кастриот Мемети, Милорад Петрески, Никола Спировски, Кристијан Михајловски, Марко Гучески, Ирена Тодоровска, Наум Трајановски, Ана Зафирова, Агон Ајрула, Вања Петрушевска, Марија Ќосева, Мила Мисевска, Стефан Стојчев, Игор Ристески, Ирена Петкоска, Елизабета Димовска, Симона Андева, Елена Костадиновска, Марија Димипкова, Дарко Крстевски, Јована Стојменовиќ, Александар Наков, Ана Арсовска, Иван Јакимовски, Сандра Поповска, Јован Јаулевски, Ирена Ивановска, Марјан Коцевски, Тиана Неделковска, Ивана Атанасовска, Марија Ивановска)**.....256-266

## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

Врз основа на одредбите од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а во врска со објавениот конкурс во "Нова Македонија" од 9.4.2014 година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.4.2014 година, донесе Одлука со која сме одредени за членови на Комисијата за избор на асистент по група предмети од областа на финансиите.

По разгледувањето на доставените документи, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријавија двајца кандидати, кои ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение, даваме осврт на основните биографски податоци за кандидатите.

**Марина Станкоска** е родена на 8.10.1982 во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование. Во 2005 година дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за менаџмент, со просечен успех во студирањето од 8,58. По дипломирањето се запишала на магистерските студии по МВА-менаџмент и ги положила предвидените испити со просечен успех 9,89. Во 2010 година се стекнала со звањето магистер на економски науки од областа на МВА-менаџментот. Кандидатката во моментов работи како помлад стручен соработник за кредитна администрација во „Шпаркасе банка Македонија" АД Скопје. Во пријавата, кандидатката наведува дека владее со англискиот јазик и има посетувано повеќе семинари за обука и професионално усовршување.

**Сузана Макрешанска** е родена на 26.9.1981 година во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование. Во декември 2004 година дипломирала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за економија, постигнувајќи просечен успех во студирањето од 9,81. Во текот на студирањето, кандидатката учествувала на апликативни проекти и посетувала семинари и летни школи. По дипломирањето се запишала на магистерските студии по монетарна економија на Економскиот факултет во Скопје и ги положила предвидените испити со просечна оценка 10. Во април 2011 година, по одбраната на магистерскиот труд со назив „Фискална децентрализација" се стекнала со звањето магистер на економски науки од областа на монетарната економија.

Во 2006 година, Сузана Макрешанска била избрана за помлад асистент, а во 2011 година за асистент на група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет во Скопје и на ова работно место се наоѓа и денес. Како асистент во изминатиов период, кандидатката изведувала наставни активности (вежби) по следниве предмети: јавни финансии, локални финансии, финансиски пазари и институции, меѓународни финансии, монетарна економија, банкарство, биланс на плаќања и царинска политика. Во изминатиов период, кандидатката се занимавала и со научно усовршување, преку учество на повеќе домашни и

меѓународни конференции, семинари, работилници, курсеви и летни школи во земјата и во странство. Кандидатката досега има објавено три научни труда во домашни списанија, во областа на финансиите. Кандидатката ги владее англискиот и германскиот јазик и има компјутерски познавања.

Во последниот мандат, како асистент на група предмети од областа на финансиите на Економскиот факултет во Скопје, во анкетата за самоевалуација на студентите, Сузана Макрешанска е оценета со позитивна оценка.

## Заклучок и предлог

Комисијата констатира дека пријавените кандидатки ги исполнуваат општите и посебните услови за избор на асистент (соодветно образование – магистер на економски науки). Кандидатката Сузана Макрешанска од 2006 година е ангажирана како асистент и изведува наставни активности (вежби) на Економскиот факултет во Скопје по група предмети од областа на финансиите (јавни финансии, локални финансии, финансиски пазари и институции, монетарна економија, банкарство, меѓународни финансии, итн.), додека кандидатката Марина Станкоска во моментов работи како помлад стручен соработник за кредитна администрација за физички лица во „Шпаркасе банка Македонија“ АД Скопје.

Врз основа на поднесените пријави, Комисијата се определи за кандидатката Сузана Макрешанска. Оваа одлука е донесена врз основа на тоа што таа магистрирала на тема од потесното научно подрачје за кое се распишува конкурсот. Исто така, во досегашниот работен ангажман на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката Сузана Макрешанска постојано се истакнувала со својата трудољубивост и посветеност кон работните задачи. Најпосле, од списокот на објавените трудови, учествата на научно-стручни собири, како и нивната содржина, Комисијата стекна уверување за нејзиниот нагласен интерес и способност да се занимава со научноистражувачка дејност од областа на финансиите.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката Сузана Макрешанска да биде избрана за соработник по група предмети од областа на финансиите во звањето асистент.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.
2. Проф. д-р Горан Петревски, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БЕЗБЕДНОСТ НА ГРАНИЦИТЕ И ИНТЕГРИРАНО ГРАНИЧНО УПРАВУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИКЛУЧУВАЊЕ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ШЕНГЕНСКИОТ ДОГОВОР (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)“ ОД М-Р ГОРАН КРСТЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 30.5.2014 година, по предлог на Институтот за правно-политички науки, формира Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Крстески, на тема: „Безбедност на границите и интегрирано гранично управување во процесот на приклучување кон Европската унија и Шенгенскиот договор (студија на случај – Република Македонија)“, во состав: проф. д-р Борче Давитковски (ментор), проф. д-р Љубомир Фрчкоски, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Ана Павловска-Данева.

Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Образложение на докторската дисертација

Докторската дисертација на тема „Безбедност на границите и интегрирано гранично управување во процесот на приклучување кон Европската унија и Шенгенскиот договор (студија на случај – Република Македонија)“, од кандидатот м-р Горан Крстески, содржи 225 страници компјутерски изработен текст структурирани во: резиме, четири дела и список на користена литература. Во изработката на докторската дисертација, кандидатот се користел со 136 извори од учебен материјал, статии, релевантни правни и електронски извори.

Првиот дел од дисертацијата (стр. 10 - 89) е структуриран во 8 глави. Воведните страници од овој дел се посветени на теоретско-методолошките аспекти на безбедноста на државните граници, а во првата глава кандидатот ги опишува зачетоците на соработката во областа на полициското работење и граничното управување.

Во втората глава од овој дел, кандидатот пишува за соработката во граничното управување од перспектива на Европската унија. Кандидатот дава кус историски преглед на придружувањето на земјите во ЕУ и Шенген, по што поединечно ги анализира Договорот од Мастрихт, Договорот од Амстердам,

Договорот од Ница и Договорот од Лисабон. Во третата глава, кандидатот ги обработува Шенгенскиот договор и Конвенцијата, низ призмата на соработката во граничното управување. Во рамките на оваа глава, кандидатот ги анализира интеграциите од аспект на граничното управување и создавањето на простор без внатрешните граници. Правна анализа врши врз одредбите на Шенгенската конвенција и одредени заклучоци и одлуки донесени од страна на европските институции и во рамките на Шенген. Посебен фокус е даден на Заклучокот на Советот од 30.11.1994 година, за организацијата и за развојот на Центарот за следење и за размена на информации поврзани со преминувањето на државните граници и со емиграцијата „ЦИРЕФИ", понатаму на Одлуката на Извршниот одбор од 16.9.1998 година во утврдувањето на Постојан одбор за оценување и за имплементација на Шенген, Одлуката на Извршниот одбор за активностите на Работната група од 24.4.1998 година, Шенгенскиот кодекс за границите и Шенгенскиот прирачник и Каталозите за препораките за најдобри практики.

Во четвртата глава од првиот дел, кандидатот дава преглед на заедничките системи за азил. Во оваа глава, кандидатот ги обработува програмите за зајакнување на полициската соработка во Европската унија, преку заклучоците од состанокот на Европскиот совет во Тампере, одржан на 15 и 16.11.1999 година, како и Хашката програма за зајакнување на слободата, безбедноста и за зајакнување на правдата. Последните акти анализирани во оваа глава се Стокхолмската програма за отворена и безбедна Европа и Заклучоците од состанокот на Европскиот совет во Севилја.

Во петтата глава, кандидатот ги опишува програмите за зајакнување на полициската соработка во Европската унија: Прумската конвенција – Конвенција Шенген III и Рамковната одлука на Советот за поедноставување на размената на информациите меѓу телата за спроведување на законите на земјите – членки на Европската унија. Во шестата глава е даден кус осврт на целите на ЕУ. Во седмата глава, м-р Горан Крстески врши екстензивна анализа на безбедносниот концепт и улогата на интегрираното гранично управување (ИГУ) во граничното управување. Во рамките на оваа глава, кандидатот врши теоретско и правно дефинирање на поимот државна граница, по што ги изложува статусот и улогата на граничната полиција на Република Македонија, како и активностите што се преземаат во областа на тренирањето и едукацијата и материјално-техничкото опремување на граничната полиција. Понатаму, кандидатот го разгледува концептот на интегрираното гранично управување во контрола на државната граница и безбедноста на границите од регионален аспект. Во рамките на оваа глава, кандидатот ги лоцира улогата и целите на концептот на интегрираното гранично управување и граничната полиција во национална и регионална димензија. Главата кандидатот ја завршува со ставање акцент на потребата од стабилна и флексибилна комуникација и соработка со соседните земји.

Во осмата глава, кандидатот ги анализира безбедносните аспекти на ЕУ и Шенген. Главата почнува со утврдување на безбедносните аспекти на контролата на државните граници, по што кандидатот ги објаснува облиците на безбедност: индивидуална, колективна и интегрирана безбедност. Поконкретно за безбедносните аспекти на ЕУ, кандидатот објаснува што значи и како се врши анализа на ризик во интегрираното гранично управување и се фокусира на конкретен заеднички интегриран модел за анализа на ризик во процесот на придружување кон ЕУ и Шенген - „CIRAM“.

Во вториот дел од докторската дисертација (стр. 90-134), кандидатот пишува за контролата на надворешните граници на ЕУ. Овој дел е структуриран во седум глави. Откако ги дефинира надворешните граници на ЕУ во првата глава, кандидатот ги разгледува потребните реформи и правната основа за придружување кон ЕУ и Шенгенскиот договор во втората глава. М-р Горан Крстески ги опишува брановите на проширувања на ЕУ, со посебен осврт врз „големото“ проширување на ЕУ кон исток. Главата завршува со осврт врз Шенгенскиот договор и акито на ЕУ во процесот на придружување на Република Македонија. Во третата глава, кандидатот ја анализира полициската соработка во процесот на придружување кон ЕУ преку анализа на реформата на соработката на подрачјето на контролата на границите и имплементацијата на Шенгенското законодавство.

Во четвртата глава е анализирана меѓународната полициска соработка во областа на граничното работење. Даден е преглед на создавањето и улогата на FRONTEX - Европската агенција за управување со оперативна соработка на надворешните граници на државите - членки на ЕУ од 26.10.2004 година, создавањето и улогата на ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ и Европскиот полициски колеџ ЦЕПОЛ. Во следната глава, кандидатот го опишува влијанието од прифаќањето на Шенген и акито на ЕУ во однос на постојните меѓународни обврски на Република Македонија. Од оваа перспектива кандидатот повторно се осврнува на прекуграничната полициска соработка и реформите во областа на интегрираното гранично управување во процесот на придружување кон ЕУ и Шенген, како и реформите на правниот систем. Во шестата глава, кандидатот поконкретно се осврнува на соработката со FRONTEX во однос на актуелните случувања, потоа соработката со MARRI и соработката со DCAF. Во последната глава од вториот дел, изложени се практични проблеми при имплементацијата на Шенген и акито на ЕУ.

Во третиот дел (стр. 141-180), извршено е истражување за влијанието на безбедноста на границите и интегрираното гранично управување во создавањето услови за приклучување кон ЕУ и Шенген. Третиот дел е структуриран во три глави. Главата почнува со утврдување на поимно-категоријален апарат, по што кандидатот врши операционално определување на предметот на анализа, објаснувајќи ја методолошката рамка за спроведеното истражување и

образложение на хипотетската рамка. Во втората глава е изложено толкувањето на резултатите добиени од спроведеното истражување. Во третата глава, кандидатот се фокусира на состојбите на надворешните граници на Република Македонија, истакнувајќи ги точките на нивната загрозеност и давајќи перспективи за обезбедување на сигурност на државната граница во процесот на инкорпорирање кон Европската унија и Шенген. Посебно се осврнува на регионалната и европска перспектива, преку склучените договори, спогодби и протоколи, како и соработката со FRONTEX.

Во четвртиот дел од докторската дисертација (стр. 181-204), м-р Горан Крстески ги изложува заклучните согледувања од истражувањето во три тематски целини. Во првата тематска целина, кандидатот дава насоки кон зголемувањето на регионалната оперативна соработка, по што предлага создавање на единствен концепт за управување со информации, фокус врз образованието и обуката на полициските служби во Република Македонија со цел премостување на јазот помеѓу оперативните потреби и знаења потребни за нивно задоволување. На крај, кандидатот се осврнува на исполнувањето на условите за пристапување кон ЕУ и интеграцијата во Шенген, имплементацијата на поставените стандарди и усвојувањето и примената на најдобрите европски практики. Втората тематска целина на заклучоци содржи компарација на теоретските сознанија со сознанијата кои кандидатот ги добил од спроведеното истражување. Во третата тематска целина, кандидатот предлага модел, односно решение и конкретни активности. Моделот се состои од мерки за јакнење на внатрешната безбедност (компензаторни мерки), збратимувачки (twining) проекти, компензаторни мерки во областа на правната реформа, компензаторни мерки во други области од граничното работење и мерки и активности пред приклучувањето во ЕУ и Шенген. Кандидатот ја поддржува тезата дека развојот на полициските организации и расположливи ресурси ја претставуваат основната база и структура за развивање на моделот на управување со информации.

**Заклучни констатации и оцена**

Докторската дисертација „Безбедност на границите и интегрирано гранично управување во процесот на приклучување кон Европската унија и Шенгенскиот договор (студија на случај – Република Македонија)“, од кандидатот м-р Горан Крстески, претставува самостоен научен труд. Кандидатот преку примена на соодветна научна методологија врши: правна анализа, емпириска анализа, компаративна анализа и анализа на студија на случај на состојбите и механизмите за остварување на внатрешна и надворешна безбедност на границите, како и процесите вклучени во остварувањето на интегрирано гранично управување низ тесна призма на процесот на придружување на Република Македонија кон Европската унија и Шенгенскиот договор. Кандидатот го

анализира предметот на докторската дисертација од аспект на меѓународното, казненото и административното право, со што трудот има мултидисциплинарен карактер.

Општата оцена на докторската дисертација „Безбедност на границите и интегрирано гранично управување во процесот на приклучување кон Европската унија и Шенгенскиот договор (студија на случај – Република Македонија)", од кандидатот м-р Горан Крстески, е позитивна. Оваа дисертација дава придонес во изучувањето на оваа проблематика и предизвикува интерес во стручната јавност од областа на меѓународното, казненото и административното право, но исто така предизвикува интерес и за широката јавност.

Врз основа на претходно изнесеното, на Комисијата ѝ причинува задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да му овозможи на кандидатот да пристапи кон јавна одбрана на својата докторска дисертација.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

2. Проф. д-р Љубомир Фрчкоски, с.р.

3. Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.

4. Проф. д-р Гордана Бужаровска, с.р.

5. Проф. д-р Ана Павловска-Данева, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 05.06.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Милан Петровски | *Анализа на системите за планирање на ресурсите во претпријатијата – моментална состојба и идни предизвици*<br><br>*Analyze of Material Requirement Planning System – Current Trends and Future Challenges* | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Катерина Хаџи-Илоска-Спировска | *Улогата на емоционалната интелегенција и тимското работење во образовните процеси*<br><br>*The role of emotional intelligence and teamwork in educational process* | Проф. д-р Ванчо Донев |

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на докторски дисертации (III циклус на студии)
прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 05.06.2014 година

| **Докторанд** | **Тема – работен наслов** |
|---|---|
| М-р Јелена Мицевска | *Дизајнирање за адитивните технологии при моделирање на формата*<br><br>*Design of Additive technologies in form modeling* |
| М-р Бојана Трајаноска | *Определување на механичките карактеристики на конструктивни хибридни плочести елементи од челик и стакло*<br><br>*Mechanical characteristic determination of structural hybrid metal-glass plate elements* |

**ПРЕГЛЕД**

на наслови на прифатени теми на магистерски трудови на студентите од втор циклус на студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски ” во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Авдираим Фетаовски | *Користење на интернет кај учениците од V оддление од аспект на полот, местото на живеење и постигнатиот успех*<br><br>*The use of Internet by fifth grade students taking into consideration their gender, place of residence and their achievement* | доц . д-р Лулзим Муртезани |

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013 и 4/2014), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 274/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 6.5.2014 година, формира Рецензентска комисија за избор на два вонредни професора по предметот хирургија, во состав: проф. д-р Илија Панговски, проф. д-р Зоран Караџов, проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, проф. д-р Славчо Стојменски и проф. д-р Миле Петровски.

На конкурсот за избор на два наставника во сите звања, објавен во весникот „Утрински весник" од 4.4.2014 година, се пријавија следниве кандидати: доц. д-р Виктор Камилоски и доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова.

По разгледувањето на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Доц. д-р Виктор Камилоски

### Биографски податоци

Доц. д-р Виктор Камилоски е роден на 5.4.1962 година во Скопје. Основно и средно образование (гимназија) завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет се запишал во учебната 1980/1981 г., а студиите ги завршил во јуни 1986 г. со среден успех 8,70. На 17.10.1988 г. се вработил на Универзитетската клиника по хируршки болести ,,Св.Наум Охридски" во Скопје (тогашна Клиника за хируршки болести во склоп на Градската општа болница ,,Моша Пијаде").

Во 1991 г. ја започнал специјализацијата по специјалноста општа хирургија, а специјалистичкиот испит го положил на 24.3.1995 г. Супспецијализацијата по трауматологија ја започнал во 1998 г., а супспецијалистичкиот испит го положил на 24.4.2000 г.

На 23.3.1993 г. е избран за помлад асистент по предметот хирургија, а на 26.12.1997 г. за асистент по предметот хирургија (последен резибор на 25.11.2006 г.). На 10.11.2009 е избран за доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во 1998 г. ја одбранил магистерската теза: ,,Клиничка и рентгенолошка евалуација на третманот на фрактурите на радиус на типично место” и се стекнал со називот магистер на медицински науки. Докторската теза под наслов ,,Мултипланарна лигаментотакса зголемена со интрафокална фиксација со Киршнерови игли кај нестабилни фрактури на дистален радиус” ја одбранил на 8.2.2008 г. и се стекнал со називот доктор на медицински науки.

Во периодот 1997-2000 бил раководител на Асептичниот оддел на РЕ Трауматологија на Клиниката за хируршки болести при Градската општа болница во Скопје, а од 2000 до 2001 и од 2003 до 2006 г. бил директор на РЕ Поликлиника. Од 2001 до 2003 бил генерален директор на Градската општа болница во Скопје, од 2006 до 2010 директор на Универзитетската клиника за хируршки болести ,,Св.Наум Охридски” во Скопје, а во периодот од 2010 до 2013 бил раководител на РЕ Трауматологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

На 23.3.1993 г. д-р Виктор Камилоски е избран за помлад асистент, а на 26.12.1997 за прв пат бил избран за асистент по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, од кога активно учествува во изведувањето на практичната настава за студентите на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје. На 10.11.2009 г. е избран за доцент на Медицинскиот факултет, кога започнува активно да учествува и во теоретската настава во првиот циклус на студии за студентите по општа медицина и за студентите од тригодишните стручни студии на Медицинскиот факултет, како и за студентите по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет во Скопје. За студентите од општа медицина учествува во теоретската настава по предметите хирургија, ургентна медицина, клиничко испитување; за студентите по дентална медицина по предметот хирургија; како и за студентите од тригодишните стручни студии за фиизиоперапевти, за радиолошки технолози и за стручни медицински сестри по предметот хирургија.

Доц. д-р Виктор Камилоски е изработувач на програмата и носител на предметот хирургија на рачен зглоб и шака од третиот циклус студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Активно бил вклучен и во тимот за изработка на програмата за нови специјализации, и тоа: специјализација по спортска медицина и специјализација по воздухопловна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Доц. д-р Виктор Камилоски е вклучен како предавач на избрани теми во вториот циклус на студии на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје по следниве премети: деловно право, отштетно право и казнено право.

Оценката од самоевалуација за доц. д-р Виктор Камилоски од спроведената анкета за студентите од сите циклуси во кој наставникот изведува настава е континуирано позитивна и изнесува 9,32.

Ментор е на 6 дипломски труда и на еден докторат на Медицинскиот факултет во Скопје, а шест пати бил член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје.

Досега бил рецензент на повеќе стручни и научно-истражувачки трудови, а член е и на уредувачки одбор на списанието ,,Македонски медицински преглед".

Бил член во комисија за оцена и одбрана на повеќе дипломски работи, како и член во комисија за полагање на колоквиуми и на специјалистички испити по хирургија и семејна медицина.

Доц. д-р Виктор Камилоски е вклучен во секојдневни консултации со студенти по општа медицина и дентална медицина во тек на нивната едукација, едукација на специјализанти по општа хирургија, трауматологија, семејна медицина, физикална терапија и неврохирургија.

Учествувал во изработката и спроведувањето на предавањата и обуките на националната програмата за едукацијата на вработените во итните медицински служби во РМ 2012/2013, под покровителство на Министерството за здравство на РМ.

Во последниве години редовно е вклучен во предавањата на Академијата на судии и јавни обвинители, а одржува предавања и на други институции од јавен интерес, како и тренерски семинари на Фудбалската федерација на Македонија.

Член е на Одборот за специјализации и супспецијализации на Медицинскиот факултет, како и на Етичката комисија за истражување на луѓе на Медицинскиот факултет во Скопје. Претседател е на Етичката комисија на Министерството за здравство на РМ.

**Научноистражувачка дејност**

Доц. д-р Виктор Камилоски како специјалисто-општ хирург и супспецијалист-трауматолог работи на Одделот за трауматологија на Универзитетската клиника за хируршки болести ,,Св. Наум Охридски" во Скопје, каде што е вклучен во здравствената, наставната (едукација на студенти, специјализанти, млади специјалисти) и научно истражувачката дејност.

Автор или коавтор е на бројни трудови со оригинални научни резултати објавени во стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Заедно со група наставници од Катедрата за хирургија е автор на позитивно рецензираниот универзитетски учебник ,,Специјална хирургија" од 2012 г. Автор е на книгата ,,Основи на судско-трауматолошко вештачење. Форензична трауматологија", издадена во 2012, како и на монографијата ,,Артроскопија на горен и долен екстремитет" од 2011.

Редовно учествува како предавач на бројни секциски и стручни состаноци од областа на трауматологијата и хирургијата, како и на интердисциплинарни стручни состаноци организирани од здруженијата на општите доктори и специјалистите по семејна медицина. Активно учествувал со усна презентација и објавени апстракти на повеќе конгреси од областа на трауматологијата,

артроскопијата и спортската медицина. Бил член на Организациониот одбор на Третиот меѓународен конгрес на МАДОТ во септември 2009 и на Вториот балкански конгрес за артроскопија и спортска трауматологија во септември 2011 г.

Во текот на долгогодишната кариера има остварено бројни студиски престои, како и учества на семинари, работилници и курсеви. Има остварено студиски престој во неколку наврати во Клиничкиот центар во Љубљана во 1994 и 1996 година. Во март 1994 во Словенија го завршил курсот AO-Advanced course on the operative treatment of fractures and nonunions (Theoretical basis and practical principles), а во мај 1996 AO Spine course. Во септември 2005 во Грац, Австрија, ги завршил следните кадаверични курсови: Principles in fracture treatment, Approaches and Osteosynthesis; Fracture treatment in Growth; Hand surgery; Pelvis/Acetabulum; Spinal trauma. Во 2006 во Скопје го завршил Advanced Trauma Life Support course. Во март 2008 во Порто Карас, Грција, бил учесник на јубилејниот AO-симпозиум, во март 2008 го завршил Shoulder international course во Загреб, Хрватска, а во ноември 2008 бил улесник на Second International conference on football and medicine во Словенија. Во 2008 има реализирано и студиски престој во Американската болница во Истанбул, Турција. Во 2009 го завршил курсот: Arthroscopic cadaver advanced course во Љубљана, Словенија. Во 2011 бил учесник на AAOS (American Academy of orthopedic surgeons) во Сан Диего, САД, каде што ги завршил Instructional courses for upper extremity, Wrist and Hand surgery, Pelvis fracture. Во октомври 2011 бил учесник на Anatomy Workshop Shoulder Arthroplasty and Proximal Humeral Fracture во Луцерн, Швајцарија, како и стручен престој во март 2012 во Универзитетската клиника во Leuven, Белгија кај Prof.dr.Stephen Nijs. Во април 2013 учествувал во Wrist Arthroscopic tour (со Prof.dr.Cristopher Mathoulin, Dr.Didier Fontes, Prof. dr.Hertzberg, Dr.M.Rizzo, Dr.X.Martinache, Dr.J.M. Cognet) во Франција.

Член е на: AO Trauma Association, EWAS (European wrist arthroscopy society), Македонската лекарска комора, Македонското лекарско друштво и Македонското друштво на ортопеди и трауматолози (МАДОТ).

Доц. д-р Виктор Камилоски е акредитиран од страна на Министерството за правда како судски вештак по хирургија.

**Стручно-апликативна дејност**

Доц. д-р Виктор Камилоски, како хирург-трауматолог, вовел повеќе нови клинички и оперативни методи, дел од нив се воведени за првпат во Република Македонија, за што поседува потврда издадена од Македонското друштво на ортопеди и трауматолози (тотална реверзна артропластика на рамен зглоб, артроскопија на рачен зглоб, парцијална артропластика на рамо), како и за првпат во институцијата во која работи (артроскопија на рамен зглоб, преден пристап за фрактури на ацетабулум, перкутана лигаментопластика на Ахилова тетива, заклучена остеосинтеза).

Бил член на повеќе комисии и тела на државни органи, вклучувајќи ги: Стручна комисија за подготовка на технички спецификации за тендер за ОСМ за потребите на јавните здравствени установи во РМ, формирана од Министерството

за здравство на РМ; неколку комисии за вршење на стручен надзор формирани од Министерството за здравство; Првостепена лекарска комисија за лекување во странство на Фондот за здравствено осигурување на РМ; член на Здравствена комисија на Агенцијата за млади и спорт, Влада на РМ; Комисија за полагање на стручни испити на здравствените работници во ЈЗУ „Св. Наум Охридски“ во Скопје, формирана од Министерството за здравство на РМ.

До изборот за вонреден професор, како автор и коавтор изработил повеќе стручни трудови кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје во број: 582/92; 693/97; 915/07 и 969/09. За изборот за вонреден професор, кандидатот ги пријавил следниве **трудови за рецензија**:

СПИСОК НА ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

1. Kasapinova K, Kamiloski V. Pain and disability during six months in patients with a distal radius fracture. Contributions, Section of biological and medical sciences, Macedonian academy of sciences and arts 2009; XXX/2, 185-196

Авторите на оваа студија се мотивирани од податокот дека досегашните студии кои ги обработуваат фрактурите на дисталниот радиус и нивниот исход се фокусирале пред сè на рендгенографска анализа и процена на објективните клинички параметри и дека недостасуваат студии кои го проценуваат квалитетот на животот на пациентите по фрактура на дисталниот крај на радиусот. Спроведена била проспективна рандомизирана студија на 52 пациенти со здобиена фрактура на дисталниот радиус, независно од типот на третман, кои биле иследувани со PRWE-прашалник во три наврати: 7.-10. ден, 3 месеци и 6 месеци по повредата. На 7-10 дена од повредата кај пациентите постоела средна болка (и тоа минимална при мирување, блага при повторувани движења со тешка при подигнување тежина). Во овој период постоела и многу тешка онеспособеност при извршувањето на специфичните и вообичаените активности. На 3 месеци имало намалување на болката до блага (нема при мирување до блага при подигнување тежина), со намалување на онеспособеноста до блага (со најмногу засегната професионална активност). На 6-тиот месец имало минимална болка со минимална функционална засегнатост. Од резултатите на студијата авторите заклучуваат дека по 3 месеци се очекува значително намалување на онеспособеноста, за по 6 месеци да има заостанување на само минимална онеспособеност. Отстапувањата од овој тек на заздравување укажуваат на можен развој на компликации или потреба од примена на друг тераписки протокол.

2. Кочубовски М, Спасеновска М, Камилоски В. Евалуација на активностите на јавно-здравствениот систем за подготовка и одговор на кризни состојби. Архиви на јавното здравје 2010;2(1): 23-27

Во трудот, авторите се осврнуваат на подготвеноста на јавноздравствениот систем во Република Македонија соодветно да одговори на одредени јавноздравствени закани. Анализирани се конкретно резултатите од поодделни

работилници за обуките за менаџерите на јавните здраствени установи при појава на вонредни кризни состојби. Пред сѐ, дадена е подготвеноста на јавноздравстевниот систем кај симулациона вежба при масовен трауматизам во соработка со СЗО. Формираната работна група од специјалисти трауматолози од Универзитетска клиника за хируршки болести ,,Св.Наум Охридски”- Скопје и од Институтот за јавно здравје на РМ успешно ја изведе и одржа симулационата „сообраќајна незгода“, за што се дадоа препораки за уште поуспешно справување со ваквиот тип на состојби. Авторите заклучуваат дека постои добар капацитет за укажување на здравствена грижа на населението при одредени јавноздраvствени закани.

3. Kamiloski V. Repair and treatment of TFCC lesion. The role of wrist arthroscopy. Second Balcan congress of arthroscopy, sports traumatology and knee surgery. Abstract book 2011;27

Овој труд започнува со приказ на општите карактеристики на триангуларниот фиброкартилагинозен комплекс (TFCC), како и Palmer-овата класификација за повредите на TFCC, а резентиран е приказ на случај со артроскопско лекување на повреда на TFCC кај пациент со нестабилност на дисталниот радиоулнарен зглоб кај кој е направена артроскопска репарација на TFCC.

4. Kamiloski V. Wrist arthroscopy. Arthroscopic anatomy and set up. First experience. Second Balcan congress of arthroscopy, sports traumatology and knee surgery. Abstract book 2011;27

Во ова предавање, авторот дава осврт на анатомските карактеристики на рачниот зглоб од интерес, индикациите за примена на артроскопијата на рачниот зглоб, како и техничките аспекти на оперативната артроскопска процедура.

5. Камилоски В. Артроскопија на горен и долен екстремитет - основни принципи. Скопје: 2011

Во оваа монографија е даден осврт на историјатот и општите принципи на артроскопијата, како и посебно приказ на техничките карактеристики на артроскопијата на различните зглобови и тоа: рамениот зглоб, рачниот зглоб, коленото и скочниот зглоб. За секој зглоб се прикажани индикациите за артроскопска интервенција, со релевантна анатомија и класификации.

6. Kasapinova K, Kamiloski V. Arthroscopic management of distal radius fractures. Our cases. Second Balkan congress of arthroscopy, sports traumatology and knee surgery. Abstract book 2011;27

Овој труд ја презентира примената на артроскопијата на рачниот зглоб во лекувањето на фрактурите на рачниот злоб и тоа не само во репозицијата и фиксацијата на самата фрактура, туку и во дијагнозата и третманот на асоцираните меко-ткивни повреди.

7. Kamiloski V, Kasapinova K. Третман на фрактурите на дисталниот крај на радиусот. Каде во наредните 10 години? Physioacta 2011; 5(1):17-27

Дискусијата во овој труд е посветена на фрактурите на дисталниот радиус кои се уште претсттавуваат тежок терапевтски проблем и дневен предизвик за трауматолозите. За различните типови на фрактури на дисталниот радиус не постои единствен имплант или техника која нуди решение за сите фрактури. Авторите почнуваат со преглед на класификационите системи за фрактурите на дисталниот радиус со посебен практичен и биомеханичен осврт. Целта на третманот е дефинирана како реставрација на дорзалниот агол, враќање на полн опсег на движење, безболност на рачјето и враќање на нормалните дневни активности и професија. За тоа е даден осврт на индикациите за различните типови на лекување, вклучувајќи го конзервативното лекување со имобилизација и различните методи на оперативното лекување. Авторите препорачуваат дека правилната одлука за третман е клучот за одличен краен резултат.

8. Kasapinova K, Kamiloski V. Outcome evaluation in patients with distal radius fracture. Contributions, Section of biological and medical sciences, Macedonian academy of sciences and arts 2011;32(2):231-246

Во овој труд се презентирани резултатите од спроведената рандомизирана студија на 64 пациенти со фрактура на дисталниот крај на радиусот со цел да се евалуира корелацијата на исходот проценет од страна на пациентите (онеспособеноста - PRWE) со радиолошките параметри на фрактурите на дисталниот радиус, како и со објективните параметри на функцијата на рачниот зглоб (опсег на движења и сила на стисок). Според резултатите добиени од оваа студија не постои статистички значајна корелација на радиолошкиот исход, како ни на опсегот на движења во повредениот рачен зглоб со болката и онеспособеноста според PRWE. Само силата на стисок е значаен претскажувач на болката и онеспособеноста и на третиот и на шестиот месец од повредата. Оттука авторите заклучуваат дека рехабилитацијата на пациентите после повредата и процената на исходот не смеат да се базираат само на засегнатоста на физичките параметри и рентгенграфиите, туку и на процена на онеспособеноста. Само така ќе се обезбеди сеопфатен третман на пациентите со фрактура на дисталниот крај на радиусот.

9. Касапинова К, Камилоски В. Анализа на радиолошкиот исход на фрактурите на дисталниот крај на радиусот. Македонски медицински преглед 2011; 65(2): 106-112

Целта на студијата била да се анализира корелацијата меѓу радиолошките параметри на фрактурите на дисталниот радиус со исходот изразен со резултатите од евалуацијата на рачниот зглоб од страна на пациентот (PRWE прашалник), како и со објективните параметри на функцијата на рачниот зглоб (опсег на движење и сила на стисок). За тоа е спроведена проспективна рандомизирана студија на 64 пациенти со фрактура на дисталниот крај на радиусот. Резултатите покажале дека не постои статистички значајна корелација на радиолошкиот исход со болката и онеспособеноста според PRWE, како ни со силата на стисок и опсегот на движења во повредениот рачен зглоб. Затоа е и заклучокот дека зараснувањето на фрактурата и рехабилитирањето на пациентот со здобиена фрактура на

дисталниот радиус не смее да се следи само со рендгенграфско иследување, туку се препорачува да се направи и самоевалуација на онеспособеноста на пациентот.

10. Kamiloski V, Kasapinova K, Cvetanovska B. Fundaments of medical-forensic expertise. Iustinianus Primus Law Review 2012; 4(3):1-28

Авторите даваат труд на 27 страници со бројни колор слики, табели и графички прикази на предметот што се обработува. Во воведниот дел дадена е општа дефиниција за тоа што претставува траумата, како и дефинирање на медицинската експертиза кај пациентите со траума. Прегледно се дадени условите кои треба да ги исполнува медико-форнезичниот експерт. Понатаму, авторите детално и аналитички се осврнуваат на медицинската квалификација на телесните повреди. Даден е и принципот на квалификација на телесните повреди со посебен осврт на личните својства и посебните состојби на повредата. Опишани се и критериумите за тешка телесна повреда со елаборирање на секој елеменет како апсолутна и апстрактна опасност поодделно. Во вториот дел, авторите се осврнуваат на основите на нематеријална штета со посебен осврт на теоретската пракса, како и на практиката на трауматологот во дијагностицирање и лекување на повредите. За секоја квалификаторна околност како физичка болка, страв, нагрденост и намалена општа животна активност е дадена дефиниција и длабока разработка со поодделни примери. Во заклучокот е дадена препорака за правилна, професионална и стручна објективизација на секоја повреда, било во кривична или, пак, во граѓанско-правна постапка.

11. Камилоски В. Основи на судско трауматолошко вештачење. Форензична трауматологија. Скопје: 2012

Во структурна смисла, содржината од книгата е поделена во два дела, и тоа општ и специјален дел, што и дава прегледност и го прави лесно достапно подрачјето за читателот. Во општиот дел, авторот прави систематизација во 21 глава, каде што на мошне сликовит начин се дадени историјатот на медицинското вештачење, улогата на вештачењето и вештакот, медицинско-трауматолошкото вештачење кај сообраќајниот трауматизам со епидемиологија и биостатистика, ризик-факторите, важноста на механизмот на повреда, медицинска експертиза на физичката болка, стравот, нагрденоста и намалена ОЖА, како и осигурителната штета. Посебен акцент авторот дава на објективизација на настанатите трајни последици од сообраќајна несреќа и инструментите за мерење на крајниот исход од самата повреда. Нагласен и добро обработен е практикумот за мерење на опсегот на движења на зглобовите со нормалните и патолошки вредности на секој од нив. Во вториот специјален дел со обем од 200 страници, содржината е претставена во седум глави. Во овој дел доаѓа до израз целокупната стручност и професионалност на авторот како искусен трауматолог. Методолошки на едноставен начин се дадени поглавјата за повредите на мускулно-скелетниот систем на горниот и долниот екстремитет, повредите на `рбетниот столб, повредите на карлицата и ацетабулумот со различни подтипови, релевантната анатомија и биокинетика, краниоцеребралните повреди и повредите на лицевата регија, повредите на градниот кош и абдоменот, како и последиците од повредите на кожата и изгорениците. Прецизно се дадени дијагностичките постапки кај

поодделни видови на повреда, како и во кратки црти современиот терапевтски пристап.

Авторот се определил да истражува една особено актуелна тема, при што неговиот аналитички и критички пристап му овозможил да ги идентификува најзначајните прашања и проблеми со кои се соочуваат медицинската, но и правната теорија и практика. Трудот е конзистентно систематизиран, а способноста на авторот за научна селекција на важните аспекти на истражуваната проблематика, за анализа и синтеза и аргументирано излагање на своите ставови резултира со издржани, логички и јасно формулирани ставови и заклучоци. Материјата е илустрирана со голем број слики во колор, фотографии, цртежи, табели, скорови, и тоа од практиката на авторот како хирург-трауматолог, што уште повеќе ја прави обработената материја објективна и значајна. Трудот е напишан со јасен стил и изградена научна методологија. Во него е консултирана и коректно цитирана речиси цела домашна странска литература што на делото му дава посебна тежина. Сето ова уверува дека ова градиво ќе им послужи на еден широк круг на лица кои се среќаваат во судско медицинските вештачења. Авторот во учебникот ги вградил сите свои научно-теоретски сознанија кои низ својата научно истражувачка работа како доктор, но и како вештак имал можност да ги провери. Може да се заклучи дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значаен придонес во домашната медицинска и правна литература за една многу значајна материја.

12. Kamiloski V, Kasapinova K. Aleksovski G. Musculosceletal trauma: new light through old window. Symposium on the 20th foundation anniversary of the Macedonian association of the orthopedics and traumatology. Abstract book 2013: 75

Во ова ревијално предавање за работата на Трауматолошкиот оддел на Универзитетската клиника за хируршки болести ,,Св. Наум Охридски" во Скопје е даден осврт на новите воведени современи оперативни процедури, и тоа: хемиартропластиката на рамениот зглоб со фрактурна протеза за лекување на фрактури на горниот крај на радиусот; реверзна тотална протеза за рамо за фрактури со ирепарабилен ротаторен каф; артроскопија на рачниот зглоб за различни индикации вклучувајќи фрактури, несраснувања, мекоткивни повреди, дегенеративни заболувања.

13. Kasapinova K, Kamiloski V. Preoperative drop of hemoglobin level in patients with hip fractures. Physioacta 2013; 7(2):39-44

Со цел да се определи падот на вредноста на хемоглобинот по приемот и рехидратацијата кај пациентите со фрактура во пределот на колкот и да се идентификуваат пациентите со потреба за трансфузија на крв, авторите на овој труд спровеле ретроспективна студија на 138 пациенти со фрактура на колкот кај кои операцијата е одложена повеќе од 24 часа и е повторно одредена крвна слика пред операцијата по ресусцитација со течности од минимум 12 часа. Вредностите на хемоглобинот (g/L) по приемот и по рехидратацијата биле анализирани и споредувани. Просечниот пад на Хб за капсуларните фрактури бил 4.83 g/L, за пертрохантерните 10.12 g/L и за суптрохантерните 20.3 g/L. Овој пад на Хб бил статистички значаен за сите типови на фрактури. Затоа авторите заклучуваат дека земањето на контролна крвна слика предоперативно би овозможило брза

дијагноза и третман на анемијата кај овие пациенти, соодветно планирање на трансфузија и намалување на трошоците за интерреакција и непотребно издавање на крв за трансфузија.

14. Kasapinova K, Kamiloski V. The value of initial radiographic characteristics of the distal radius fractures in prediction of associated lesion of the triangular fibrocartilage complex. Physioacta 2013; 7(3):39-50

Целта на оваа студија била да се открие дали постои корелација на иницијалните радиографски карактеристики на фрактурата на дисталниот радиус (ФДР) со наодот на придружна повреда на триангуларниот фиброкартилагинозен комплекс (TFCC). За тоа е изведена проспективна студија на 67 пациенти кај кои при оперативното лекување на ФДР била направена дијагностичка артроскопија на рачниот зглоб со која било утврдувано дали постои асоцирана повреда на TFCC, како и нејзиниот тип според класификацијата на Palmer. Кај 76% од пациентите била идентификувана асоцирана повреда на TFCC, а статистичката корелација не нашла корелација на ниту еден испитуван иницијален радиографски параметар со постоењето на повреда на TFCC. Затоа, авторите заклучуваат дека иницијалната рендгенска снимка на ФДР нема предикторна вредност за постоењето на асоцирана TFCC лезија.

15. Kasapinova K, Kamiloski V. Open reduction and internal fixation versus external fixation and/or Kirschner wires for distal radius fractures. A systematic review. Contributions. Section of Medical Sciences. MASA 2014;35(1):225-236

Во овој труд, авторите ги објавиле резултатите на извршената метаанализа на податоците од студиите од Medline PubMed со цел да се спореди отворената репозиција и фиксација со плочка (ORIF) во третманот на фрактурите на дисталниот радиус (ФДР) со перкутаните методи на фиксација (надворешна фиксација и/или К-игли) преку исходот изразен со прашалниците за самоевалуација (PRWE - процена на рачниот зглоб од страна на пациентот, DASH - онеспособеност на раката, рамото и шаката) како примарна цел, како и преку силата на стисок и радиолошките параметри како секундарна цел. Анализирани се вкупно 10 студии со 647 ФДР, од кои 140 третирани со надворешна фиксација, 179 со К-игли (вкупно 319 перкутана фиксација) и 328 третирани со ORIF. Метаанализата не покажа статистички значајна разлика на резултатот на третманот на ФДР со ORIF и перкутаните методи на 3, 6 и 12 месеци од аспект на PRWE-бодовите и силата на стисок, како и финалниот радиографски исход. На 3 и 6 месеци постои значајна разлика на DASH-бодовите која ја фаворизира отворената репозиција и фиксацијата со плочка, но на 12 месеци метаанализата не покажа значајна разлика на двата компарирани метода. Резултатите на оваа метаанализа за оперативниот третман на фрактурите на дисталниот радиус не демонстрираат јасно релевантна предност на ниту еден метод за нивна фиксација.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ВИКТОР ТОМЕ КАМИЛОСКИ**
**Институција: Катедра за хирургија, Медицински факултет - Скопје, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј" - Скопје**
**Научна област: хирургија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава, од прв циклус студии, Катедра за хирургија, 43 часа x 0,04 | 1,72 |
| 2 | Одржување на вежби, Катедра за хирургија, 600 вежби x 0,03 | 18 |
| 3 | Консултации со студенти, Катедра за хирургија, 800 x 0,002 | 1,6 |
| 4 | Ментор на специјалистичка работа, Катедра Хирургија, 2 спец.работи x 1 | 2 |
| 5 | Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика, Катедра за хирургија, 440 x 0,06 | 26,4 |
| 6 | Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика, Катедра за хирургија, 33 x 0,2 | 6,6 |
| 7 | Ментор и едукатор за здравствена едукација 2011, Центар за семејна медицина<br>6 кандидати x 2недели x 30 часа/неделно x 0,08 = 28,8<br>3 кандидати x 1 недела x 30часа/неделно x 0,08 = 7,2 | 36 |
| 8 | Настава во школа/работилница,учесник: 2011, Центар за семејна медицина | 1 |
| 9 | Ментор и едукатор за здравствена едукација 2012, Центар за семејна медицина<br>8 кандидати x 1недела x 30 часа/неделно x 0,08 = 19,2 | 19,2 |
| 10 | Ментор и едукатор за здравствена едукација 2013, Центар за семејна медицина<br>4 кандидати x 1недела x 30 часа/неделно x 0,08 = 9,6 | 9,6 |
| 11 | Настава во школа и работилница, учесник: 2013, Центар за семејна медицина | 1 |
| 12 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник, автор: ,,Специјална хирургија", 2012; ISBN 978-608-4596-50-9 | 8 |
| 13 | Научно-популарна книга, автор: ,, Основи на судско-трауматолошко вештачење. Форензична трауматологија" 2012; ISBN 978-608-65299-1-8 | 6 |
| 14 | Научно-популарна книга, автор: ,,Начин на работа на тимовите во итната медицинска помош", 2013, издавач: Министерство за здравство,РМ | 6 |
| 15 | Одржување на настава, од трет циклус студии, предмет хирургија на рачен зглоб и шака 64 часа x 0,06 | 3,84 |
| 16 | Ментор на здравствена едукација: специјализант по трауматологија д-р Ристо Тодоров, од 19.9.2013, | 57,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6 месеци (24 недели) x 30 часа/неделно x 0,08 | |
| 17 | Ментор на здравствена едукација: специјализант по трауматологија д-р Билјана Цветановска од 24.9.2013, 6 месеци (24 недели) x 30 часа/неделно x 0,08 | 57,6 |
| 18 | Пакет материјали за одреден предмет: ,,Критично болни пациенти, мониторинг, дијагноза, клиничка одлука", 2010 год. | 1 |
| 19 | Настава во школи и работилници, учесник: ,,Мониторинг, дијагноза, клиничка одлука", 2010 год. | 1 |
| 20 | Член на комисија за оцена на специјалистичка работа: член на Комисија за специјалистички испит по општа хирургија на д-р Марко Спасов на 15.10.2012 | 0,2 |
| 21 | Член на комисија за оцена на специјалистичка работа: член на Комисија за специјалистички испит по семејна медицина на д-р Весна Петровска на 4.12.2012 | 0,2 |
| 22 | Подготовка на нов предмет, предавања: хова специјализација по спортска медицина на Катедра за физиологија, Медицински факултет | 1 |
| 23 | Подготовка на нов предмет, предавања: нова специјализација по воздухопловна медицина на Катедра за физиологија, Медицински факултет | 1 |
| 24 | Ментор на дипломска работа: 6 кандидати од тригодишни стручни студии, 6 x 0,2 | 1,2 |
| 25 | Член на комисија за одбрана на дипломски труд: два труда од тригодишни стручни студии, 2 x 0,1 | 0,2 |
| 26 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд: член на 6 комисии на Правен факултет ,,Јустинијан Први" 6 x 0.3 | 1,8 |
| 27 | Одржување на настава, втор циклус студии: предмет: отштетно право 2011/2012 на Правен факултет ,,Јустинијан Први", 4 часа x 0,05 | 0,2 |
| 28 | Одржување на настава, втор циклус студии: насока: деловно право, учебна 2013/2014 г. на Правен факултет ,,Јустинијан Први", 10 часа x 0,05 | 0,5 |
| 29 | Одржување на настава, втор циклус студии: насока: казнено право, учебна 2013/2014 г на Правен факултет ,,Јустинијан Први", 7 часа x 0,05 | 0,35 |
| 30 | Одржување на настава, втор циклус студии: предмет: Отштетно право, учебна 2013/2014 г. на Правен факултет ,,Јустинијан први",4 часа x 0,05 | 0,2 |
| 31 | Интерна скрипта од предавања: предмет: отштетно право на Правен факултет ,,Јустинијан Први" | 4 |
| 32 | Настава во школи и работилници, учесник:<br>1. ,,Напреднато одржување во живот (ALS)" од Европски комитет за едукација во анестезиологијата, 31.11.2010<br>2. Работилница за испитувачи на специјалистичкиот испит за семејна медицина, 12-13.6.2010<br>3. First Macedonian conference on Transfusion Alternatives in Critically Ill Patients, 16-17.11.2012<br>4. Превенција на кардиоваскуларните болести со физичка активност и други форми на здраво живеење, 15.1.2011<br>5. Anatomy Workshop, Shoulder Arthroplasty, Proximal Humerus Fracture, 13.10.2011 Луцерн, Швајцарија | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Новини во спортската медицина, Здружение на лекари специјалисти по спортска медицина, 15.1.2011<br>7. Резистенција на микроорганизмите, МЛД, Здружение на епидемиолози на РМ, 14.10.2010<br>8. ,,Развој на болнички менаџмент", 15-18.6.2010<br>9. American Academy of Ortopaedic Surgeons, San Diego, USA, 15-19.2.2011<br>Учесник во 9 школи x 1 поен | |
| | **ВКУПНО** | **284,01** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на докторска дисертација: д-р Катерина Касапинова, наслов: ,,Влијанието на придружните лигаментарно-капсуларни повреди кои се артроскопски дијагностицирани врз исходот на фрактурите н дисталниот крај на радиусот", Одлука бр. 0802-4341/20 од 10.10.2012 | 3 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kamiloski V, Kasapinova K. Третман на фрактурите на дисталниот крај на радиусот. Каде во наредните 10 години? Physioacta 2011; 5(1):17-27,<br>два автора 90% x 3 | 2,7 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати , објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kamiloski V, Kasapinova K, Cvetanovska B. Fundaments of medical-forensic expertise. Iustinianus Primus Law Review 2012; 4(3):1-28,<br>три автори 80% x 3 | 2,4 |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kasapinova K, Kamiloski V. Preoperative drop of hemoglobin level in patients with hip fractures. Physioacta 2013; 7(2):39-44,<br>три автори 80% x 3 | 2,4 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kasapinova K, Kamiloski V. The value of initial radiographic characteristics of the distal radius fractures in prediction of associated lesion of the triangular fibrocartilage complex. Physioacta 2013; 7(3):39-50,<br>два автора 90% x 3 | 2,7 |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kasapinova K, Kamiloski V. Open reduction and internal fixation versus external fixation and/or Kirschner wires for distal radius fractures. A systematic review. Contributions. Section of Medical Sciences. MASA 2014;35(1):225-236,<br>два автора 90% x 3 | 2,7 |
| 7 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kasapinova K, Kamiloski V. Outcome evaluation in patients with distal radius fracture. Contributions, Section of biological and medical sciences, MASA 2011;32(2):231-246, | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | два автора 90% x 3 | |
| 8 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Kasapinova K, Kamiloski V. Pain and disability during six months in patients with a distal radius fracture. Contributions, Section of biological and medical sciences, MASA 2009; XXX/2, 185-196 ,<br>два автора 90% x 3 | 2,7 |
| 9 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Касапинова К, Камилоски В. Анализа на радиолошкиот исход на фрактурите на дисталниот крај на радиусот. Македонски медицински преглед 2011; 65(2): 106-112,<br>два автора 90% x 3 | 2,7 |
| 10 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: Кочубовски М, Спасеновска М, Камилоски В. Евалуација на активностите на јавно-здравствениот систем за подготовка и одговор на кризни состојби. Архиви на јавното здравје 2010;2(1): 23-27 ,<br>три автори 80% x 2 | 1,6 |
| 11 | Монографија: автор „Артроскопија на горен и долен екстремитет", 2011,<br>ISBN 978-608-65299-0-1 | 8 |
| 12 | Учество на научен собир со реферат, усна презентација: 3. Меѓународен конгрес на МАДОТ, мај 2009:<br>1. Distal radius fractures – what's new in fracture fixation?<br>2. External fixation in patients with age over 65 years with distal radius fracture<br>2 презентации x1 поен | 2 |
| 13 | Учество на стручен собир со реферат, орална презентација: 22-ри симпозиум на Здружение на лекари по општа медицина, окт.2010,<br>1. Нестабилни остеопоротични фрактури на дистален радиус кај возрасна популација. Дали да се оперираат или не?<br>2. Distal radius fractures- what's new in fracture fixation and stabilization?<br>2 презентации x 1 поен | 2 |
| 14 | Секциско предавање на стручен собир: Траума форум – „Повреди во предел на рачниот зглоб", 12.11.2010,<br>1. Класификациони системи кај фрактурите на дисталниот радиус. What the clinicians want to know?<br>2. Современи трендови во третманот на фрактурите на дисталниот радиус<br>3. Повреди на DRUJ. Фрактури на скафоидна коска. Перилунарни повреди.<br>3 предавања x 1 поен | 3 |
| 15 | Секциско предавање на стручен собир: МАДОТ - „Проксимален фемур": „Предоперативен пад на хемоглобинот кај пациентите со фрактура на колкот", 29. 3.2013 | 1 |
| 16 | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција:3. Меѓународен конгрес на МАДОТ, мај 2009:<br>1. Pain and disability six months after a distal radius fracture | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. External fixation in patients with age over 65 years with distal radius fracture<br>3. Minimally invasive percutaneous plate osteosynthesis MIPPO in distal tibia fractures<br>4. Minimally invasive plate fixation in subtrochanteric femoral fractures<br>5. Минимална инвазивна остеосинтеза кај фрактурите на долгите коски<br>5 апстракти x 1 поен | |
| 17 | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: 2-ри Балкански конгрес  по артроскопија, септ. 2011:<br>1. Repair nad treatment of TFCC lesion – the role of arthroscopy (Case report)<br>2. Wrist arthroscopy, arthroscopic anatomy and set up, first experience<br>3. Arthroscopic management of distal radius fractures<br>3 апстракти x 1 поен | 3 |
| 18 | Учество на стручен собир со реферат, усна презентација: 2. Балкански конгрес по артроскопија,септ. 2011:<br>1. 1. Repair nad treatment of TFCC lesion – the role of arthroscopy (Case report)<br>2. Wrist arthroscopy, arthroscopic anatomy and set up, first experience<br>2 презентации x 1 поен | 2 |
| 19 | Одржано предавање на семинар за потребите на домашни спортски здруженија: Семинар на здружение на специјалисти по спортска медицина, јануари 2010:<br>- Повреди на Ахиловата тетива кај фудбалерите и нови оперативни техники за брзо враќање на спортските терени<br>- Оперативен третман на мускулните повреди | 0,5 |
| 20 | Одржано предавање на Семинар за потребите на домашни спортски федерации: ФФМ, предавач на тренерски семинар за УЕФА-диплома 2008-2011 | 0,5 |
| 21 | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество: „Setting up new standards in central sterilization in healthcare facilities” септ.2011:<br>„Принципи на работа на хируршкиот тим” | 2 |
| 22 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Симпозиум за 20 години јубилеј на МАДОТ, ноем.2013:<br>„ Musculosceletal trauma: New light through old window” | 3 |
| 23 | Секциско предавање на научен собир: „Современ пристап во дијагностика на патологијата на рачен зглоб и шака”24.12.2012: „Артроскопија на рачен зглоб за оцена на траума на рачјето. Нов третман за стар проблем. Што клиничарите сакаат да знаат” | 1 |
| 24 | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество: Асоцијација за дезинфекција и стерилизација на Македонија:<br>1. Извори на инфекции<br>2. Инфекции на хируршки рани<br>2 предавања x 2 поени | 4 |
| | **ВКУПНО** | **62,6** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во државата воведена метода: Тотална реверзна артропластика на рамен зглоб со имплантација на фрактурна реверзна рамена протеза (2013). Потврда издадена од МАДОТ | 4 |
| 2 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во државата воведена метода: Артроскопија на рачен зглоб (2011). Потврда издадена од МАДОТ | 4 |
| 3 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Парцијална артропластика на рамо со имплантација на фрактурна рамена протеза (2011). | 1 |
| 4 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Дијагностичка и терапевтска артроскопија на рачниот зглоб (2011). | 1 |
| 5 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Тотална артропластика на рамо со реверзна протеза (2013). | 1 |
| 6 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Артроскопија на рамен зглоб (2013). | 1 |
| 7 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Перкутана лигаментопластика на Ахилова тетива (2010). | 1 |
| 8 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Преден пристап за фрактури на ацетабулум. | 1 |
| 9 | Воведување нова клиничка метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Заклучена остеосинтеза (2010) | 1 |
| 10 | Воведување нова јавно здравствена метода во областа на здравството, прв пат во институцијата воведена метода: Чистење и изолација на оперативно поле со хартиена изолација за еднократна употреба (2010). | 1 |
| 11 | Предавање на институции од јавен интерес: Академија на судии и јавни обвинители, 2011<br>1. Надомест на материјална и нематеријална штета<br>2. Осигурување имот, лица и одговорност<br>две предавања x 0,5 | 1 |
| 12 | Предавање на институции од јавен интерес: Академија на судии и јавни обвинители, 2013:<br>1. Надомест на нематеријална штета со фокус на инвалидитет<br>2. Надомест на материјална и нематеријална штета<br>две предавања x 0,5 | 1 |
| 13 | Предавање на институции од јавен интерес: Академија на судии и јавни обвинители, 2014: Надомест на штета од лекарска грешка | 0,5 |
| 14 | Изработка на нов софтверски пакет: апликативен софтвер на ЈЗУ | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ,,Св. Наум Охридски”, 2009 | |
| 15 | Изработка на нов софтверски пакет: апликативен софтвер на ЈЗУ ,,Св.Наум Охридски”, 2010 | 2 |
| 16 | Предавање на институции од јавен интерес: Македонски центар за култура и развој, Меѓународна конференција промовирање на интеркултурен дијалог, 20.10.2010: ,,Расизмот и национализмот на спортските терени и реакцијата на натпреварувачите” | 0,5 |
| 17 | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија: Macedonian Journal of Medical Sciences, два труда со број MJMS-2014-0557; MJMS-2013-0542.R1<br>2 рецензии x 1 поен | 2 |
| 18 | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија: Physioacta, два труда во Vol.8-1,2014 и Vol.5-1,2011<br>2 рецензии x 1 поен | 2 |
| 19 | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството: ОПШТА ХИРУРГИЈА | 2 |
| 20 | Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството: ТРАУМАТОЛОГИЈА (Уверение бр.05.04.2000) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 21 | Директор: директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести ,,Св.Наум Охридски” - Скопје, 29.9.2006-10.9.2010 | 6 |
| 22 | Раководител на внатрешна организациона единица: раководител на РЕ Трауматологија, ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести ,,Св. Наум Охридски” - Скопје, 10.9.2010-23.11.2013 | 3 |
| 23 | Член на факултетска комисија: Одбор за специјализации и супспецијализации, од 5.11.2009 до 4.4.2014, Медицински факултет, Скопје | 0,5 |
| 24 | Член на факултетска комисија: Етичка комисија за истражување на луѓе, Медицински факултет, Скопје | 0,5 |
| 25 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: претседател на Етичката комисија на Министерството за здравство, РМ, од 28.6.2011 до сега | 1 |
| 26 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Стручна комисија за подготовка на технички спецификации за тендер за ОСМ за потребите на јавните здравствени установи во РМ, формирана од Министерство за здравство на РМ на 10.7.2012 | 1 |
| 27 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Првостепена лекарска комисија за лекување во странство на Фондот за здравствено осигурување на РМ, формирана 19.8.2011 | 1 |
| 28 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Првостепена лекарска комисија за лекување во странство на Фондот за здравствено осигурување на РМ, формирана на 23.2.2012 | 1 |
| 29 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: член на Здравствена комисија на Агенцијата за млади и спорт, Влада на РМ, од 10.2.2012 | 1 |
| 30 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Комисија за вршење на стручен надзор формирана од Министерството за здравство на 4.1.2012 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Комисија за вршење на стручен надзор формирана од Министерството за здравство на 22.3.2012 | 1 |
| 32 | Учество во комисии и тела на државни и други органи: Комисија за полагање на стручни испити на здравствените работници во ЈЗУ Св.Наум Охридски Скопје, формирана од Министерството за здравство на 2.2.2012 | 1 |
| 33 | Студиски престој во странство пократок од 3 месеци: ,,Wrist arthroscopy tour", Франција, 2013 | 0,5 |
| 34 | Учесник во изработка на национална програма од одредена област: Работна група за едукација на вработените во интните медицински служби во РМ, формирана од Министерството за здравство | 3 |
| 35 | Член на организационен одбор на меѓународен научен / стручен собир:3. Меѓународен конгрес на МАДОТ, септ.2009 | 1 |
| 36 | Член на организационен одбор на меѓународен научен / стручен собир: 2. Балкански конгрес за артроскопија, септ.2011 | 1 |
| 37 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно списание: Македонски медицински преглед | 1 |
| | **ВКУПНО** | **54,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **284,01** |
| **НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **62,6** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **54,5** |
| **ВКУПНО** | **401,11** |

**Доц. д-р Виктор Камилоски е евалуиран од студентите на Медицинскиот факултет со позитивна оценка (просечна оценка 9,32).**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Илија Панговски, с.р.

Проф. д-р Зоран Карацов, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.

Проф. д-р Славчо Стојменски, с.р.

Проф. д-р Миле Петровски, с.р.

## 2. Доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова

### Биографски податоци

Доц.д-р Смиља Туџарова Ѓоргова е родена 1962 год. во Скопје. Основно образование завршила во ОУ. „Кузман Јосифовски–Питу” во Скопје, средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито” во Скопје, како првенец на генерацијата. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала 1981-1986 год., дипломирала со просечен успех 9,92 и била прогласена за студент на генерацијата. Како студент престојувала во болницата Луцерн –Швајцарија во периодот јули-август 1985 год. кај проф. д-р Фог. На Клиниката за хируршки болести во Клиничкиот центар во Скопје волонтирала 3 години, а потоа во 1990 год. била вработена. Специјализација по специјалноста пластична и реконструктивна хирургија завршила во периодот 1991-1996 год. Дел од специјализацијата поминала во Белгија на Универзитетот Гент во периодот април-јули 1995 кај проф. д-р Матон и проф. д-р Стан Монстреј, проф. д-р Филип Блондел и д-р Патрик Тонард. Во периодот мај-јули 1997 била во Сент Никлас болницата, Белгија, кај проф. д-р Алберт Ван Хасенбрук за едукација од областа за реконструкција на гради со протези и сопствено ткиво.

### Наставно-образовна дејност

Во март 1994 е избрана за асистент по предметот хирургија, а реизбрана е во Билтен бр.579/92 и бр.692/97. Во април 2001 (бр.182) - Билтен бр.780/2001, го одбранила магистерскиот труд „Видови на реконструктивни хируршки техники на дојките“ со што се стекнала со звањето магистер на медицински науки на 23.4.2004 год.

Во јуни 2008 (бр.2567) ја одбранила докторската дисертација „Предноста на темпоралниот галеа лифтинг на веѓите и блефаропластика во споредба со блефаропластика”, и се стекнала со звањето доцент (Билтен бр.969/2009).

Вклучена е како наставник и едукатор на додипломската настава за студенти по медицина и стоматологија, во наставата и испитите на ТСС по физикална терапија и рехабилитација, во Комисија за клиничко испитување на студентите по интерна медицина, едукација на специјализанти и кандидати за доедукација по семејна медицина, специјалистички испити по општа хирургија, супспецијалистички испити по пластична и реконструктивна хирургија. Ментор е на дипломски трудови на тригодишни студии на медицински сестри. Ментор е на студентски и семинарски трудови. Ментор е на семинарски трудови за изборен предмет. Ментор е на магистериуми. Ментор е на докторат. Во 2009 год. е еден од едукаторите на ISAPS-симпозиум за естетска хирургија.

## Научноистражувачка дејност

Активно учествува во научноистражувачката дејност како член на ,,Националната акциона програма за превенција на примарно секундарно и терцијарно лекување на карцином на дојка во Република Македонија" при Министерството за здравство на Р.Македонија (2003 год.). Координатор е на проектот ,,Национален акционен план за лекување и терапија на малигниот меланом во Република Македонија"( 2013 - 2017 год.). Предавач е на VI-национална конференција за рак на дојка (2013год.). Автор е на поглавјето за естетска хирургија во книгата,,Специјална хирургија" (2013 год).

Учествувала (2012/13 год.) во изработка на проект при Министерството за здравство на Р.Македонија за ревизија и ажурирање на упатства за ,,Медицина заснована на докази". Учествувала во изработка на проект при Министерството за здравство-,,Клинички патеки", 2012/2013 год.

Доделено ѝ е признание од Амбсадата на Соединетите Американски Држави за Women of Achievement Award Ceremony (професионален придонес за прва операција, реконструкција со сопствено ткиво (TRAMP I LAT flap) во Р.Македонија на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија во 1998 год, а наградата ѝ е доделена во 2008 год. Има добиено признание од Вашингтон, САД, како акредитирани сертифициран инспектор за AAAA-SFI (American Association for Accreditation of Ambulatory surgery facilities international-surgery facilities resources inspector, accreditation surgery clinics); нејзината улога е инспекција на болници со А, Б и Ц-стандарди и издавање на дозвола за нивна работа, а се однесува на цел свет. Досега има акредитација направено два пати во Србија, а во 2014 е во тек акредитација во болница од Ц –тип во Хелсинки, Финска. Доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова е добитник на следниве награди: Благодарница, Диплома, Плакета и Повелбата "Трифун Пановски" како знак за нејзината професионална посветеност.

## Стручно-апликативна дејност

Со својата професионалност се истакнува и потврда за тоа е нејзиното членство во:

1995 - ЛКМ и МЛД
1998-2014 - Кралското белгиско здружение на пластични хирурзи.
1993-1997 - EATES (Европската асоцијација за траума и ургентна хирургија)
1996-2000 - EQUAM(Европскиот комитет за користење на силиконски протези)
1996 – Хируршкото здружение (член)
2000-2014 - IPRAS (национален делегат во Светското интернационално здружение на пластични и реконструктивни хирурзи)

1996-2012 – MAPRAS (благајник и секретар)
2012-2015 – MAPRAS (претседател на Македонското здружение на пластични хирурзи)
2005-2014 – ISAPS (Светското здружение на естетски хирурзи, единствен член од Р.Македонија)
2006 – AAAA-SFI едукативен курс и испит во Кноке, Белгија и станува сертифициран и акредитиран инспектор за хируршка дејност, со А,В и С-стандарди.
2012 - AAAA-SFI едукативен курс и испит за реакредитација во Женева, Швајцарија.

Активна и добро организирана меѓу бројните состаноци, симпозиуми и светски конгреси, ќе го спомнеме нејзиното присуство на тркалезната маса на експерти - ISAPS во Сан Франциско (2010), Женева (2012) и Чиле (2013), како и учеството во изготвување на консензус-декларација за употреба на силиконските импланти во Атина 2012 (IQUAM).

## СПИСОК НА ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

2011 Acta Morphologica
- “Intraoperative lymphatic mapping and sentinel lymphadenectomy in patients with malignant melanoma of extremities-results of our learning phase”
(Лазо Новески, Смиља Туџарова Ѓоргова, Боро Џонов, Елизабета Мирчевска, Софија Пејкова), коавтор

Серија на оперирани пациенти во периодот 2001-2005 од болеста малиген меланом кај серија од 30 пациенти. Нова употребена техника е мапирање на лимфната жлезда стражар со единствена цел стопирање на прогресија на болеста.

- ”Surgical treatment of pressure ulcers”
(Смиља Туџарова Ѓоргова, Игор Пеев, Андријана Нацевска) - автор

Хируршко лекување на декубитуси кај серија од 30 пациенти во периодот 1996-2010. Најмлад пациент беше 10 год. неврохируршки пациент, а најстар 83-годишен маж. Хируршкото лекување вклучува реконструктивни операции, но исто така и постоперативна нега.

2011 Vox Medici
„Декубитални улкуси здравствен, економски и социјален проблем”
(Ленче Неловска, Катерина Дамеска,Смиља Туџарова Ѓоргова), коавтор

Основна цел на трудот е лекување на декубити во рана фаза, здравствена едукација и соодветна нега на таквите пациенти.

2012 Physioacta

,,Влијанието на ХБО-терапијата врз брзината на заздравувањето на раните кај пациенти со дијабетично стапало”

(Смиља Туџарова Ѓоргова,Христина Брешковска,М Здравковска), автор

Влијанието на кислородот 100% под зголемен притисок (поголем од атмосферскиот) се користи како лек за третман на пациенти со заболувања: дијабетични стопала, аутизам, политрауматизирани пациенти, спортисти, мултипласклероза, фасциити и др. Во периодот 2009-2011 лекувани биле 76 пациенти со заболување дијабетично стопало. Кај групата А од 46 пациенти на возраст од 25 до 70 год. биле применувани освен ХБО и хируршки техники-трансплантација на кожа, дебридман. Кај 36 пациенти на возраст од 28 до 72 год. болни од дијабетес со дијабетични лезии на стапалата, биле лекувани со преврски-конзервативно и ХБО. Дијабетесот е болест на денешнината, здравствено-социјален проблем, каде што користењето на ХБО и хируршкото лекување го скратува времето за комплетна санација на декубиталните лезии.

2012 Medicus

– ,,Хируршка биопсија на лимфни јазли во дијагностика на малигни лимфоми”

( Смиља Туџарова – Ѓоргова, Софија Пејкова, Гордана Петрушевска) – автор

Хируршката биопсија на лимфен јазол или екстирпација на целокупниот пакет на јазли се користи со единствена цел поставување на точна ПТХ-дијагностика во понатамошното лекување на пациенти со малиген лимфом. Студијата е правена кај 68 пациенти, 33(48,5%) се мажи и 35(51,5%) се жени. Средно оперативно време е 46,4 мин (35-70 мин).Кај пациентите била применета локална анестезија кај 25%, а 75% биле во општа анестезија.

- ,,Лекување на изгорена шака – водич за млади доктори”

( Ѓорѓе Џокиќ, Смиља Туџарова Ѓоргова, Артан Дика, Идриз Орана), коавтор

Тешките изгореници на екстремитетите можат да предизвикаат губење на функцијата, нарушување на професионалниот живот, па дури остануваат со хендикеп за цел живот. Значајно е навремено згрижување, оперативно лекување, соодветна имобилизација и активна навремена физикална терапија.

2013, Македонски медицински преглед

,,Третман и реконструкција на тело на пенис по paraffinoma penis”

Цел на трудот е да се прикажат доцните компликации поради непрофесионална елонгација на машкиот полен орган со парафин. Корекциите се правени со употреба на реконструкција наречена фалопластика.

( Боро Џонов, Горан Јовиќ, Лазо Новески, Ѓорѓе Џокиќ,Смиља Туџарова Ѓоргова) – коавтор

2013, Зборник на трудови
,,Facial enhancement in the middle third ofthe face”
(Доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова)

Користењето на хируршката техника ,,Галеа лифтинг” при естеското разубавување на лицето може да биде направена во локална потенцирана анестезија или општа во комбинација со блефаропластика. Оперирани биле 76 пациенти, од нив 58 (76,3%)жени и 18(23,7%) мажи. Кај 42(55,3%) беше направена само блефаропластика, а кај 34 (44,7%) била направена операцијата на темпорален галеа лифтинг и блефаропластика. Стареењето е процес кој може да биде привремено одложен со овој тип на естетска интервенција - галеа лифтинг и блефаропластика, со што се добива комплетно разубавување во средната третина на лицето.

2013 ,,Прирачник за рана детекција, дијагностика и третман на не-Хочкинови лимфоми”
проф. д-рЛ идијаЧевреска
Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
проф. д-р Борче Георгиевски
Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
проф. д-р ОливерКаранфилски
Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
проф. д-р Александар Стојановиќ
Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
проф. д-р Соња Генадиева Ставриќ
Универзитетска клиника за хематологија - Скопје
проф. д-р Гордана Петрушевска,
Институт за патологија, Медицински Факултет - Скопје
доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова
Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје

Прирачникот е за дијагностика, препораки за одредување на стадиум на болеста и лекување на не-Хочкинов лимфом (NHL). Наменет е за здравствени работници и пациенти. Соджината вклучува четири поглавја. Глава 1-лимфаденопатија, Глава 2 - хируршка биопсија на лимфни јазли во дијагностика на малиген лимфом, Глава 3 - дијагностика на не-Хочкинови лимфоми, Глава 4 - тераписки препораки на не-Хочкинов лимфом.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Смиља Томислав Туџарова Ѓоргова**
**Институција: ЈЗУ- Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија, Медицински факултет – Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Научна област: хирургија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр | Назив на активноста | Бр. на акти-вно-сти | Пое-ни од фор-мулар | Вку-пно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одржување настава од прв циклус студии-предавања<br>- Одржување на настава за студенти по хирургија | 150 | 0,04 | 6 |
| | Втор циклус на студии - семејна медицина<br>2011 год., предавач во 3 модули<br>3 модули х 3 часа<br>2012 год., предавач во 1 модул<br>1 модул х 3 часа | 12 | 0,05 | 0,6 |
| 2 | Одржувањевежби<br>Клинички вежби за студентите по хирургија | 600 | 0,03 | 18 |
| 3 | Консултации со студенти | 800 | 0,002 | 1,6 |
| 4 | Ментор на специјалистичка работа | 3 | 1,0 | 3 |
| 5 | Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика | 354 | 0,06 | 21,24 |
| 6 | Консултации со студенти во рамките на клиничка практика | 45 | 0,2 | 9 |
| 7 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник ,,Специјална хирургија” - автор 1 | 1 | 8 | 8 |
| 8 | Подготовка на нов предмет ,,Основи на естетска хирургија” | | | |
| | ❖ Предавања ( 4 семестри х5 часа ) | 20 | 1 | 20 |
| | ❖ Вежби ( 4 семестри х 5 часа ) | 20 | 0,5 | 10 |
| 9 | Ментор на дипломска работа<br>-2011, Катерина Краљевска, ,,Нега кај естетски операции риноплатика, аурикоплатика, дојка-импланти”<br>-2011, Ивана Драгевска, ,,Оксигенотерапија во хипербарна комора” | 10 | 0,2 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -2012, Јадранка Митиевска,,,Сестринска нега кај пациенти со лузни после траума и опекотини"<br>-2013, Виолета Ѓуровска, ,,Улогата на мед. сестра при лекување на пациенти после операција на малиген меланом"<br>-2013, Анита Петрушевска, ,,Нега на пациенти после ринопластика"<br>-2012,Костадин Тошески, ,,Физиотерапија - примена кај пациенти после траума на горни екстремитети и шака"<br>-2012, Маја Богданоска, ,,Рехабилитација на екстремитетите после повреди и опекотини и корекција на лузните"<br>-2013, Ивана Илиевска ,,Физиотерапија, примена при повреди на екстремитетите"<br>-2013, Бранкица Перчинков,а ,,Специфичен физикален пристап при рехабилитација на шака после повреда на nervus medianus, nervus ulnaris, nervus radialis"<br>-2013, Коста Белкоски, ,,Физиотерапија-примена кај пациенти со декубитуси" | | | |
| 10 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа<br><br>- 2010, Билјана Стојановска, ,,Трансплатација на кожа"<br>-2010, Наташа Бајовска, ,,Превенција од опасности во операциона сала"<br>-2011, Валентина Тошевска, ,,Пилонидален синус"<br>-2011, Снежана Илиевска, ,,Основна естетска дерматологија"<br>-2012, Сања Николиќ, ,,Хируршки третман на Melanoma Malignum"<br>-2013, Ивана Стојановска, ,,Современ наспроти конвенционале третман на рани"<br>-2013, Бојана Алексовска, ,,Значењето и улогата на медицинската сестра, во третирање на пациенти при хемиски изгореници на окото" | 7 | 0,1 | 0,7 |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br><br>-2014, д-р Лазо Новески, ,,Вредност на клиничките и хистолошките фактори во прогнозата на малигниот меланом на екстремитетите" | 1 | 0,5 | 0,5 |
| 12 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистериуми<br><br>- 2013, д-р Весна Трајкова, ,,Квалитет на живот кај пациентите со келоиди"<br>- 2013, д-р Ленче Нелоска, ,, Декубитални улкуси во институција за долготрајна нега – ризици, превенција и контрола" | 2 | 0,3 | 0,6 |
| 13 | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа | 14 | 0,2 | 2,8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - 2013, Атанас Крпач-општа хирургија<br>- 2013, Еџевит Кадри-општа хирургија<br>- 2013, Татјана Вучидолова – семејна медицина<br>- 2013, Селами Лимани – семејна медицина<br>- 2013, Дејан Алексовски - семејна медицина<br>- 2013, Тафил Јонузи – семејна медицина<br>- 2013, Марија Стаматовска Ценова – семејна медицина<br>- 2013, Виолета Петковска – семејна медицина<br>- 2012, Артан Дика - суспецијалистички испит<br>- 2012, Јасмина Ѓоргиевска - суспецијалистички испит<br>- 2013, Маргарита Пенева - суспецијалистички испит<br>- 2012, Ѓорѓи Велков - суспецијалистички испит<br>-2014, Елизабета Обочки Луковска - суспецијалистички испит<br>- 2011, Емилија Атанасовска - суспецијалистички испит | | | |
| 14 | Настава во школи и работилници<br><br>2011, учесник во Летна школа ,,ЕМСА", тема: ,,Ургентна медицина"<br><br>2 дена x 4 часа =8 | 8 | 1 | 8 |
| | 2013, раководител на работилницата ,,Реконструкција на дојки", во присуство на dr. June Lee, пластичен хирург, во соработка со Министерството за здравство на Р.Македонија<br><br>2014, раководител на Работилницата ,,Карциноми, хируршки третман и други заболувања на кожата", во присуство на dr. David L. Larson, во соработка со Министерството за здравство на Р.Македонија | 2 | 1,5 | 3 |
| 15 | Одржување на теренска настава<br><br>❖ Проект со Министерство за здравство на РМ, ,,Дисперзирана клиника"<br>Стручна и практична – операции на терен, во 6 клинички болници во внатрешноста<br>❖ Професинална соработка и лекување на децата од СОС Детско село | 7 | 0,04 | 0,28 |
| 16 | Ментор и едукатор на здравствена едукација<br><br>2011 год., едукатор на 11 кандидати<br>2 недели x30 часа<br>1 недела x30 часа<br>2012 год., едукатор на 7 кандидати<br>1 недела x30 часа | Вк. 150 часови за 2011, 2012 и 2013 год. | 0,08 | 12 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2 недели x x30 часа<br>2013 год., едукатор на 2 кандидати<br>1 недела x 30 часа | | | |
| | ВКУПНО | | | 127,32 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. бр** | **Назив на активноста** | **Бр. на акти-вно-сти** | **Пое-ни од фор-мулар** | **Вку-пно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно списание<br><br>2013, Македонски медицински преглед - ,,Третман и реконструкција на тело на пенис по paraffinoma penis”<br>( Боро Цонов, Горан Јовиќ, Лазо Новески, Ѓорѓе Цокиќ,Смиља Туџарова Ѓоргова) – коавтор 60%<br><br>2011, Acta Morphologica - ,,Intraoperative lymphatic mapping and sentinel lymphadenectomy in patients with malignant melanoma of extremities-results of our learning phase”<br>( Лазо Новески, Смиља Туџарова Ѓоргова, Боро Цонов, Елизабета Мирчевска, Софија Пејкова), коавтор 60%<br><br>-,,Surgical treatment of pressure ulcers”<br>(Смиља Туџарова Ѓоргова, Игор Пеев, Андријана Нацевска), автор 80%<br><br>2011, Vox Medici - ,,Декубитални улкуси здравствен,економски и социјален проблем”<br>(Ленче Неловска, Катерина Дамеска,Смиља Туџарова Ѓоргова), коавтор 80%<br><br>2012 Physioacta - ,,Влијанието на ХБО терапијата врз брзината на заздравувањето на раните кај пациенти со дијабетично<br>стапало,,<br>( Смиља Туџарова Ѓоргова,Христина Брешковска,М Здравковска) Автор 80% | 5 | 4 | 14,4 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати во стручно /научно популарно списание<br><br>2013, ,,Прирачник за рана детекција, дијагностика и третман на не-Хочкинови лимфоми” 60% | 1 | 2 | 1,2 |
| 3 | Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир | 1 | 2 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - 2013, Зборник на трудови ,,Facial enhancement in the middle third ofthe face"<br>(доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова) | | | |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки<br><br>- 2012, Medicus – ,,Хируршка биопсија на лимфни јазли во дијагностика на малигни лимфоми"<br>( Смиља Туџарова – Ѓоргова, Софија Пејкова, Гордана Петрушевска) – автор 80% = 2,4<br>,,Лекување на изгорена шака – водич за млади доктори,,<br>( Ѓорѓе Џокиќ, Смиља Туџарова Ѓоргова, Артан Дика, Идриз Орана), коавтор 60%=1,8 | 2 | 3 | 4,2 |
| 5 | Секциско предавање на научен /стручен собир со меѓународно учество<br><br>- 2013, ,,Реконструкција на дојки" - Работилница на ,,МАПРЕХ" одржана во присуство на д-р Џун Ли од Америка<br>- 2014, ,,Карциноми, хируршки третман и други заболувања на кожата" - Работилница на ,,МАПРЕХ" одржана во присуство на д-р Дејвид Л. Ларсон од Висконсин, Америка | 2 | 2 | 4 |
| 6 | Секциско предавање на научен/стручен собир<br><br>Од 2012, претседател на Македонската асоцијација на ластични, реконструктивни и естетски хирурзи и предавач на следниве состаноци на Здружението:<br>- 2012, ,,Рехабилитација и заштита на кожа пред и после хируршки процедури и употреба на медицинско –козметички препарат",<br>- 2012, Интердисциплинарен пристап - ,,Меланома 2012",<br>- 2013, ,,Третман и лекување на акутни и хронични инфекции на кожата во ХБО" | 3 | 1 | 3 |
| 7 | Пленарно предавање на научен стручен собир со меѓународно учество<br>- 2009-ISAPS Симпозиум за естетска хирургија, Охрид, предавач на курсот ,,Чекори во естетското разубавување на лицето и контура на телото-липосукција"<br>- Претседател, организатор и предавач на VI BAPRAS (Балкански конгрес на пластични хирурзи со интернационално учество на 33 држави и 300 партиципанти), Охрид-јуни 2009, презентација | 11 | 3 | 33 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Естетска хирургија во Р.Македонија –на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија –Скопје”.<br>- 2010 Сан Франциско Калифорнија ISAPS-поканет интернационален предавач „Разубавување во средна третина на лице”<br>- 2010 Дубровник, ESPRAS-Европско здружение на пластични хирурзии VIII конгрес на хрватските пластични хирурзи со интернационално учество “Ринопластика –отворена и затворена метода”<br>- 2010 Белград, ESPRAS –иSRBPRAS 10. Конгрес на Српското здружение на пластични хирурзи – „Реконструкција на екстремитети после повреда„<br>- 2011, предавач ,VII BAPRAS Конгрес, Сараево, Босна и Херцеговина (поканет предавач и состанок –round table“Пластичната хирургија на Балканот”<br>- 2011, Софија,Р.Бугарија „Хируршки техники за ендоскопска и неендоскопска естетска хирургија на лице”<br>- 2012 Блед, Словенија, - Прекугранична здравствена заштита “Cross border health care” - round table „ „Пружање на здравствени услуги на пациенти повредени на гранично место„<br>- 2012, Женева, поканет предавач на 21.Конгрес на ISAPS – round table<br>- 2012, Атина, Грција, 10. Конгрес на IQUAM- round table „Употреба на силиконски протези и изготвување на Европска декларација”<br>- 2013, Сантијаго, Чиле , 17.Светски конгрес на IPRAS – “Подмладување на лицето во средната третина со MIS-минимална инвасивна хирургија” | | | |
| 8 | Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации<br><br>- „ Медицина и спорт”, 2010, Сандански , Бугарија | 1 | 1 | 1 |
| 9 | Учесник во национален научен проект<br><br>- 2013, „Истражување на пазар за напреднат базоцелуларен карцином во Р.Македонија” | 1 | 3 | 3 |
| 10 | Раководител на национален научен проект<br><br>- 2013, „Национален акционен план за лекување и терапија на меланом” | 1 | 6 | 6 |
| 11 | Учество на научен /стручен собир со реферат усна презентација<br><br>- 2011, „Декубитуси социоекономски и терапевтски аспекти”<br>ЈЗУ Геронтолошки завод - 13 Ноември, Скопје<br>- 2011, „Прв курс за ринопластика”, ЈЗУ Клиника | 2 | 1 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | за оториноларингологија - Скопје | | | |
| | **вкупно** | | | 73,8 |

## СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. бр** | **Назив на активноста** | **Бр. на активности** | **Поени од формулар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Експертски активности | | | |
| | ❖ Стручна ревизија (1)<br><br>2012, SFR/AAAA SFI-инспектор (акредитирана од USA за цел свет) www.isaps.org (sfi) инспекција на “Hospital for aesthetic surgery –Colic” пластична хирургија во Белград, Србија, јуни 2012 | 1 | 1 | 1 |
| | ❖ Проект HOPE, Луѓе за луѓе – Здравствена фондација (2 документа)<br>- 2.2.2011<br>- 3.2.2012<br>❖ Прекугранична здравствена заштита ,,Cross border health care”<br><br>❖ Национален делегат на Македонија за IPRAS www.ipras.org<br>❖ Единствен член на ISAPS за Македонија<br>❖ www.isaps.org<br>❖ Стручна едукација ,,Organizational Behavior”, 2013<br>❖ Стручна едукација ,, Helath Care Economics, Systems and Policies Seminar”, 2013 | 7 | 1 | 7 |
| 2 | Воведување на нова лабараториска/клиничка или јавно-здравствена метода во област на медицинските науки и здравство<br><br>- 2009 за прв пат е воведена хипербарна медицина-HBO-хипербарна комора за третман да болни пациенти со дијабет, аутизам, политраума, кома и др. во државата(4) и на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија(1)<br>- 2010 на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија е донесен апарат за липоаспирација и липофилинг, а липосукција како нова метода (1) | 3 | 4 и 1 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството<br>Супспецијалист - пластичен хируг | 1 | 2 | 2 |
| | **вкупно** | | | 16 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. Бр. | Назив на активноста | Бр. на актив-ности | Пое-ни од фор-му-лар | Вку-пно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Државна награда за научни постигнувања<br>- Повелба ,,Труфун Пановски" | 1 | 5 | 5 |
| 2 | Награда за научни постигнувања од струкова организација<br><br>- Благодарница од МЛД<br>- Диплома од МЛД<br>- Плакета од МЛД<br>- ISAPS - признание од гувернерот на Калифорнија (2010)<br>- Признание од заменик-секретарот на ISAPS - Светско здружение на естетски пластични хирурзи, за стручна работа како експерт во областа на естетската хирургија (2013)<br>- Благодарница ,,Промотор во борба против ракот на дојка" 2013 | 6 | | |
| 3 | 2006-2010, в.д.директор на ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија<br><br>2010-2014, директор на ЈЗУ Клиника за пластична и реконструктивна хирургија | 2 | 6 | 12 |
| 4 | Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир<br><br>2012-2015, претседател на МАПРЕХ | 1 | 1 | 1 |
| 5 | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br><br>2009-2011, претседател на VI.BAPRAS | 1 | 2 | 2 |
| 6 | Национален координатор за одредена стручна област<br><br>- Член на Национална акциона програма за превенција, примарно секундарно и терцијарно | 3 | 3 | 9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лекување на карцином на дојка-акционен план при Министерството за Здравство<br>- Координатор-Национален акционен план за лекување и третман на малиген меланом – интредисциплинарен пристап2013-2017”<br>- VI национална конференција за рак на дојка-дел од тимот за 2013 | | | |
| 7 | Член на факултетска комисија<br><br>Специјалисти<br>Супспецијалисти | 2 | 0,5 | 1 |
| 8 | Учество во комисии и тела на државни органи:<br><br>- член на Управен одбор на МЛД<br>- член на групата за мегународна соработка при Медицинскиот факултет<br>- претседател на Комисија (MCG) за меѓународна соработка при ЛКМ<br>- член на Комисија за полагање државен испит при ЛКМ, 2012-2014<br>- член на Комисија за полагање државен испит при ЛКМ, 2014-2016<br>- член на Комисија за стручен надзор на високообразовни институции при ЛКМ<br>- член на Работна група за изработка на клинички патеки при Министерството за здравство на Р.Македонија | 7 | 1 | 7 |
| 9 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир<br><br>-Регионален курс на Интернационалното светско здружение на естетски хирурзи ISAPS Симпозиум во Охрид, 2009 год. | 1 | 1 | 1 |
| 10 | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир<br><br>2009, Нови Сад, Србија - член и предавач на Интернационална академија на естетски пластични хирурзи IAAPS и VII Symposium IAAPS | 1 | 0,5 | 0,5 |
| | **вкупно** | | | 38,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **127,32** |

| | |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **73** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **54,5** |
| **ВКУПНО** | **254,82** |

**Доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова е евалуирана од студентите на Медицинскиот факултет со позитивна оценка (просечна оценка 9,91).**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Илија Панговски, с.р.

Проф. д-р Зоран Караџов, с.р.

Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.

Проф. д-р Славчо Стојменски, с.р.

Проф. д-р Миле Петровски, с.р.

## З А К Л У Ч О К

По опстојно, детално и внимателно разгледување на целокупната приложена документација на кандидатите, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата констатира дека кандидатите доц. д-р Виктор Камилоски и доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова ги исполнуваат критериумите за избор во звањето за кое конкурираат. Високо оценувајќи ги квалитетите на кандидатите, како и нивната досегашна успешна и квалитетна наставна, стручна и научна активност и позитивната оценка од самоевалуацијата од студентите од сите циклуси, Комисијата едногласно заклучи и има задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му предложи доц. д-р Виктор Камилоски и доц. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова да бидат избрани во звањето вонреден професор.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Илија Панговски, с.р.
Проф. д-р Зоран Караџов, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.
Проф. д-р Славчо Стојменски, с.р.
Проф. д-р Миле Петровски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Теодора-Теа Поповска | „Финансирање на инвестициски проекти на бизнис секторот со банкарски кредити во Република Македонија”. „Financing of the investment projects in the business sector with bank loans in the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Методија Несторовски |
| Марија Јовеска | „Организационата структура на банките и управувањето со средствата, ликвидноста и ризикот-Случајотна македонските банки”. „Organizational structure of banks and asset, liquidity and risk management - the case of мacedonian banks”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Мима Станчевска | „Анализа на ликвидноста на банкарскиот сектор со посебен осврт на управување со ликвидноста во Европска Унија и Република Македонија”. „Analysis of liquidity on the banking sector with particular emphasis on managing the liquidity in the European Уnion and the Рepublic of Macedonia”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Александар Димитриески | „Кредитните производи за население како дел од портфолиото на комерцијалните банки”. „Реtail credit products as a part of loan portfolio of commercial banks”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Александар Трајковски | „Фискалната политика за време на кризата со посебен осврт на земјите од Југоисточна Европа”. „Fiscal policy during the crisis with a special emphasis on the countries of Southeast Europe”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |

| | | |
|---|---|---|
| Теодора Живковиќ | „Ненадејни прекини на капиталните текови и последиците за банкарскиот сектор и реалната економија”.<br>„Sudden interruptions of capital flows and the consequences for the banking sector and the real economy”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Катерина Костоска | „Ефектите на глобалната финансиска и економска криза врз банкарските системи на земјите од ЕУ”.<br>„The effects of the global financial and economic crisis on the banking systems in the EU member states”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Ирис Саид | „Специфичности во финансирањето на малите и средни претпријатија од страна на банкарскиот сектор”.<br>„Specific issues in the financing of small and medium enterprises by the banking sector”. | проф. д-р Сашо Арсов |
| Весна Кочовска | „Пазарот на државни хартии од вредност и јавниот долг: Случајот на Република Македонија”.<br>„Government securities market and public debt: the case of the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Владимир Филиповски |
| Антонета Иванова | „Стратегии за унапредување на здравствената заштита”.<br>„Strategies for healthcare improvement”. | проф. д-рЉубомир Дракулевски |
| Билјана Јакимова | „Менаџерската ефективност и ефикасност и создавањето вредност”.<br>„Management effectiveness and efficiency and creating value”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Елена Стаменковска | „Личниот раст и развој како начин за справување со стресот во организациите”.<br>„Personal growth and development as a way of coping with stress in organizations”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |

| | | |
|---|---|---|
| Габриела Георгиева | „Стратегии за развој на банкарството преку примена на современи технологии”.<br>„Modern technologies and banking business development strategies”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Бојана Делидинкова | „Методологија за изработка на зелен бизнис план на претпријатијата”.<br>„Methodology of developing a green business plan for companies”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Марина Симоноски | „Улогата на врвниот менаџмент во компаниите со двостепен модел на корпоративно управување”.<br>„The role of top management in companies with two-tier model of corporate governance”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Роберт Плешков | „Ревизорска стратегија базирана на интерни контролни системи: истражување во ревизорската практика во Република Македонија”.<br>„Audit strategy based on internal control systems: research on auditing practices in Republic of Macedonia”. | проф. д-р Зорица Б. Лазаревска |
| Виктор Стојановски | „Мобилни плаќања со NFC технологија”.<br>„ NFC mobile payments”. | проф. д-р Сашо Јосимовски |
| Ирена Богоевска | „Перцепциите на вработените за улогата на маркетинг-менаџерите во трговските друштва во Македонија”.<br>„Employees’ perceptions of the role of marketing managers in the companies in Macedonia”. | проф. д-р Анита Ц.Шулеска |
| Виолета Џутеска | „Традиционални и современи облици на промоција кај инстутициите за високото образование”.<br>„Traditional and contemporary forms of promotion of higher education institutions”. | проф. д-р Снежана Р.Јовановска |

| | | |
|---|---|---|
| Ивона Талеска | „Управување со организациската ефективност и ефикасност на претпријатието”.<br>„Management organizational effectiveness and efficiency of the enterprise”. | проф. д-р Бобек Шуклев |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОМУЗИКОЛОГИЈАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Наставно - научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје, на својата седница одржана на 12.3.2014 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Бојан Ортаков, проф. Живоин Глишиќ и проф. д-р Драган Даутовски. На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 26.2.2014 година, за избор на еден наставник во сите звања по група наставни предмети од областа на етномузикологијата на Факултетот за музичка уметност - Скопје се пријави кандидатот доц. д-р Александар Димитријевски.

Рецензентската комисија го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Александар Димитријевски е роден 1976 година во Скопје. Тој спаѓа во помладата генерација македонски етномузиколози. Тој е првиот доктор на музички науки од областа на етномузикологијата по период од 16 години во Република Македонија. Досега остварил богата и разновидна активност на полето на етномузиколошката, педагошката и уметничко-изведувачката дејност.

Во 2000 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност - Скопје, отсек: етномузикологија, во класа на проф. д-р. Ѓорѓи Ѓорѓиев, во 2005 година магистрирал на Факултетот за музичка уметност - Скопје, отсек: етномузикологија, ментор: проф. д-р Дитер Рингли (Швајцарија), со магистерската теза „Влијанието на аналогната технологија на снимање врз развитокот на инструменталната етнопоп музика во Македонија во 80-тите години на 20 век", а во 2008 год. докторирал на Факултетот за музичка уметност - Скопје, ментор: проф. д-р Димитрије Бужаровски, со докторската дисертација „Музиката во македонските свадбени обичаи во 21 век".

Доц. д-р Александар Димитријевски остварил просечен успех од 8,14 на првиот циклус студии и просечен успех од 8,80 на вториот циклус студии.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од 2005 година доц. д-р Александар Димитријевски е ангажиран на Факултетот за музичка уметност - Скопје како демонстратор на одделот за етномузикологија

Во периодот 2007-2012 год. бил и професор и корепетитор на насоката за традиционална музика и игра во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје.

Од 2009 година е избран за доцент на УКИМ, Факултет за музичка уметност - Скопје, каде што изведува настава на прв и втор циклус студии по група предмети од областа на етномузикологијата: етномузикологија, етнокореологија, етноорганологија, традиционално пеење и музички фолклор (македонски музички фолклор и светски музички фолклор). Изготвувач е на студиските програми за наведените предмети за студентите на ФМУ воСкопје.

Во периодот од 2009 до 2011 година изведувал настава на прв циклус студии по предметот етномузикологија на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Доц. д-р Александар Димитријевски остварил позитивна оценка од самоевалуацијата, добиена врз основа на спроведените анкети на студентите.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Александар Димитријевски има извршено многубројни етномузиколошки теренски истражувања во повеќе региони од Република Македонија. Својот интерес низ досегашната повеќегодишна етномузиколошка активност го насочува кон повеќе области од македонскиот музички фолклор, почнувајќи од вокалната обредно-обичајна традиција, па сѐ до современата состојба во вокалната и инструменталната практика. Сегашната преокупација во работата му е насочена кон проблемски решенија за пристапот кон социо-културолошкиот портрет на современото музичко творештво и практика, како континуитет од музичкиот фолклор.

Како резултат на претходното, тој има презентирано свои научни трудови на поголем број научни собири, конференции, симпозиуми и семинари во Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Чешка, Швајцарија, Велика Британија и Виетнам.

Соодветно, во периодот од 2009 до 2014 година во оваа дејност се вбројуваат следниве научни трудови презентирани на научни конференции:

- Linking the past with the future- Music in the Macedonian wedding customs in the 21 century, Via Egnatia Foundation Conference,Битола 2009. Основоположникот на македонската етнопоп музика – Стево Теодосиевски (1924-1997), конференција на ИРАМ, Скопје 2010;

-Традиционалниот свадбен циклус од Скопска Блатија (општа структура на традиционалниот свадбен циклус), Научен симпозиум „Етнологија на пространството“, ОНГАЛ, Самоков, Р.Бугарија, 2010;

-The Use of the Accordion in the Macedonian Traditional Music, Culture and music, international conference, IRAM & ISPPI,2011;

-Macedonian Music Folklore on Youtube, Music, culture and identity, international conference, IRAM & ISPPI, 2012;

-“The Role of Roma Musicians in the Creation of the Core Music Repertoire of Contemporary Macedonian Wedding Customs, ICTM, Sixth Symposium of the ICTM Study group on Music and minorities, Hanoi, Vietnam 2010;

-"The contemporary vs. the traditional wedding cycle in the region Skopska blatija: a comparative study", Меѓународен научен собир "Vlado S.Milosevic: етномузиколог, композитор и педагог", Бања Лука, БиХ, 2013;

-"The audiovisual presentation of the Macedonian musical folklore on internet", Меѓународен научен собир Balkan Art Forum, Ниш, Р.Србија, 2013;
-"Digital vs. Traditional Means for Transfer of Music Folklore", CCCS conference, Скопје, 2013.

Покрај учествата на стручни и научни собири, доц. д-р Александар Димитријевски во периодот по 2009 година е ментор на шест магистерски трудови на студенти на втор циклус студии при ФМУ во Скопје, од кои три се завршени и успешно одбранети.

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Александар Димитријевски има долгогодишна активна изведувачка дејност како инструменталист во повеќе музички состави од различни музички жанрови и остварил преку 200 концертни настапи, аудио-видео снимки како и настапи на МРТ и останатите радио и телевизиски канали во Р. Македонија.

Во последните години остварува плодна соработка со камерниот состав "Moving Art Ensemble" и создава дела базирани на македонскиот музички фолклор наменети за овој изведувачки состав. Исто така, претходно има создадено повеќе камерни дела за различни состави, во најголем дел инспирирани од музичкиот фолклор.

Учествувал на повеќе од 300 концертни турнеи и интернационални фолклорни фестивали во периодот од 1991 до 2013 год. во: Австралија, Соединетите Американски Држави, Канада, Јапонија, Велика Британија, Белгија, Бугарија, Србија, Албанија, Турција, Хрватска, Австрија, Романија, Унгарија, Италија, Франција, Шпанија, Португалија, Швајцарија, Чешка, Полска, Украина и Шведска.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Александар Димитријевски од 2003 година е соработник на ИРАМ (Institute for Research and Archiving of Music) и е активно вклучен во неговите проекти за дигитализација на македонскиот музички фолклор.

Бил надворешен соработник на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје во периодот 2001-2004 год. Работел како музички соработник во редакцијата за народна музика на Македонското радио при МРТ во 2003 год.

Од 2006 година е член на ICTM (International Council for Traditional Music), Study group Music and minorities. Од 2009 година е член на бордот на Via Egnatia Foundation и претставник на локалниот огранок во Република Македонија.

Во 2006 ја започнува, а во 2009 година ја продолжува соработката со една од најзначајните институции за презервација на аудиовизуелни документи, Phonogrammarchiv од Виена, преку учеството во проектот Long-term Preservation of Audiovisual Documents, изведен во рамките на програмата на Austrian Development Cooperation.

Работел на повеќе разновидни мултимедијални проекти од областа на музичката уметност во периодот 2000-2013 година.

Бил претседател на комисијата за подготовка на годишната програма за 2010 и 2011 година за областа- центри, домови на културата и фолклор при Министерството за култура на Република Македонија.

Бил член на жири комисија на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" во периодот 2011-2013.

Од 2013 година е член на Управниот одбор на Ансамблот на народни игри и песни на Македонија "Танец".

Податоци за научноистражувачката, стручно-уметничкта, педагошката и апликативната дејност на Александар Димитријевски во периодот до мај 2009 година се реферирани во Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по група наставни предмети од областа на етномузикологијата на Факултетот за музичка уметност - Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 964 од 15 мај 2009 година.

## ЗАКЛУЧОК

По разгледувањето на доставените материјали, а врз основа на увидот во научноистражувачките и педагошките резултати на кандидатот, Рецензентската комисија во состав: проф. Живоин Глишиќ, проф. д-р Бојан Ортаков и проф. д-р Драган Даутовски му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност - Скопје да го избере доц. д-р Александар Димитријевски за наставник по група наставни предмети од областа на етномузикологијата во звањето доцент.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. Живоин Глишиќ, с.р
2. Проф. д-р Бојан Ортаков, с.р.
3. Проф. д-р Драган Даутовски, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** доц. д-р Александар Чедомир Димитријевски

**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје

**Научна област:** група наставни предмети од областите етномузикологија, етноорганологија, етнокореологија, традиционално пеење, музички фолклор

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава од прв циклус студии, учебна 2009/2010 (10 часа, прв семестар) | 6 |
| 2 | Настава од прв циклус студии, учебна 2009/2010 (13 часа, втор семестар) | 7,8 |
| 3 | Настава од прв циклус студии, учебна 2010/2011 (10 часа, прв семестар) | 6 |
| 4 | Настава од прв циклус студии, учебна 2010/2011 (10 часа, втор семестар) | 7,8 |
| 5 | Настава од прв циклус студии, учебна 2011/2012 (14 часа, 2 семестра) | 16,8 |
| 6 | Настава од прв циклус студии, учебна 2012/2013 (15 часа, 2 семестра) | 18 |
| 7 | Настава од прв циклус студии, учебна 2013/2014 (16 часа, 2 семестра) | 19,2 |
| 8 | Настава од втор циклус студии, учебна 2009/2010 (2 часа, 2 семестра), 1 кандидат | 3 |
| 9 | Настава од втор циклус студии, учебна 2009/2010 (2 часа, 1 семестар), 1 кандидат | 1,5 |
| 10 | Настава од втор циклус студии, учебна 2009/2010 (2 часа, 2 семестра), 1 кандидат | 3 |
| 11 | Настава од втор циклус студии, учебна 2012/2013 (2 часа, 2 семестра), 1 кандидат | 3 |
| 12 | Настава од втор циклус студии, учебна 2013/2014 (2 часа, 2 семестра), 1 кандидат | 3 |
| 13 | Настава од втор циклус студии, учебна 2013/2014 (2 часа, 2 семестра), 1 кандидат | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (етномузикологија 1,2,3,4,5,6,7,8), 2012 год. | 1 |
| 15 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (етноорганологија 1,2), 2012 год. | 1 |
| 16 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (етнокореологија 1,2,3,4), 2012 год. | 1 |
| 17 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (традиционално пеење 1,2), 2012 год. | 1 |
| 18 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (македонски музички фолклор 1,2), 2012 год. | 1 |
| 19 | Подготовка на предметна програма за нов предмет (светски музички фолклор 1,2), 2012 год. | 1 |
| 20 | Ментор на дипломска работа<br>2010, 1 кандидат на етномузикологија<br>2012, 1 кандидат на етномузикологија<br>2014, 2 кандидата на етномузикологија | 0,8 |
| 21 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа<br>2010, 1 кандидат на етномузикологија<br>2012, 1 кандидат на етномузикологија<br>2014, 2 кандидата на етномузикологија | 0,4 |
| 22 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура<br>2010, 2 кандидата<br>2011, 2 кандидата<br>2012, 1 кандидат<br>2014, 1 кандидат | 1,8 |
| 23 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат<br>2011, 1 кандидат | 0,5 |
| | вкупно | 107,6 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на магистерска работа | |
| 1 | 2010, магистерски труд по музички науки на кандидатката Хава Ејупи: „Музиката во современите Албански свадбени обичаи во Дебар“. | 1 |
| 2 | 2010, магистерски труд по музички науки на кандидатката Александра Кузман: „Традиционалната вокална музика од градот Охрид, низ репертоарот на Александар Патчев и Владимир Тунтев“. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | 2011, магистерски труд по музички науки на кандидатот Трајче Малинов: „ Ало Тончов- бардот на велешката чалгија“. | 1 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект 2009, Long-term Preservation of Audiovisual Documents, Phonogrammarchiv Viena, Institute for Cultural Antropology Tirana, by Austrian Development Cooperation. | 5 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание | |
| 5 | Традиционалниот свадбен циклус од Скопска Блатија (општа структура на традиционалниот свадбен циклус), 2013 Език и Етнос, Годишник на асоциация ОНГАЛ, том 11, год 8, София | 2 |
| 6 | Macedonian Music Folklore on Youtube, 2012, http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIIConf.html | 2 |
| 7 | Esma Redjepova and Stevo Teodosievski- Building unique idiom at the crossroad of Roma and other Balkan music cultures, 2011 http://www.readbag.com/mmc-mk-irambooks-papers-esmastevo | 2 |
| 8 | The Use of the Accordion in the Macedonian Traditional Music, 2011 http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIIConf.html | 2 |
| 9 | Osnovopolozhnikot na makedonskata etnopop muzika – Stevo Teodosievski (1924-1997), 2010 http://mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XVIConf.html | 2 |
| 10 | Linking the past with the future- Music in the Macedonian wedding customs in the 21 century, 2009 http://www.viaegnatiafoundation.eu/sci_conference.php | 2 |
| | Учество на научни/стручни собири со реферат | |
| 11 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат: Linking the past with the future- Music in the Macedonian wedding customs in the 21 century, Via Egnatia Foundation Conference,Битола, 2009. | 2 |
| 12 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат: Osnovopolozhnikot na makedonskata etnopop muzika – Stevo Teodosievski (1924-1997), IRAM conference, Скопје, 2010. | 2 |
| 13 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат: Традиционалниот свадбен циклус од Скопска Блатија (општа структура на традиционалниот свадбен циклус), Научен симпозиум „Етнологија на пространството“. ОНГАЛ, Самоков, Р.Бугарија, 2010. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>The Use of the Accordion in the Macedonian Traditional Music Culture and music, international conference, IRAM & ISPPI,2011. | 2 |
| 15 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>Macedonian Music Folklore on Youtube,<br>Music, culture and identity, international conference, IRAM & ISPPI, 2012. | 2 |
| 16 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>The Role of Roma Musicians in the Creation of the Core Music Repertoire of Contemporary Macedonian Wedding Customs<br>ICTM, Sixth Symposium of the ICTM Study group on Music and minorities,Hanoi, Vietnam 2010. | 2 |
| 17 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>"The contemporary vs. the traditional wedding cycle in the region Skopska blatija: a comparative study"<br>Medjunaroden naucen sobir "Vlado S. Milosevic: etnomuzikolog, kompozitor i pedagog", Banja Luka, BiH, 2013. | 2 |
| 18 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>"The audiovisual presentation of the Macedonian musical folklore on internet"<br>Me\|unaroden naucen sobir Balkan Art Forum, Nish, R.Srbija, 2013. | 2 |
| 19 | Секциско учество на меѓународна научна конференција со реферат:<br>"Digital vs. Traditional Means for Transfer of Music Folklore", CCCS conference, Skopje, 2013. | 2 |
| | Апстракти објавени во зборник на конференција | |
| 20 | 2013, "The audiovisual presentation of the Macedonian musical folklore on internet"<br>Me\|unaroden nau~en sobir Balkan Art Forum, Ni{, R.Srbija. | 1 |
| 21 | 2013, "The contemporary vs. the traditional wedding cycle in the region Skopska blatija: a comparative study"<br>Me\|unaroden nau~en sobir "Vlado S. Miloševic: etnomuzikolog, kompozitor i pedagog", Banja Luka, BiH. | 1 |
| 22 | 2010, The Role of Roma Musicians in the Creation of the Core Music Repertoire of Contemporary Macedonian Wedding Customs<br>ICTM, Sixth Symposium of the ICTM Study group on Music and minorities,Hanoi, Vietnam. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | 2013, The traditional wedding cycle in Skopska blatija (General structure of the traditional wedding cycle),<br>Език и Етнос, Годишник на асоциация ОНГАЛ, том 11, год 8, София. | 1 |
| | вкупно | 42 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2011, Nocturno Rustico (целовечерен концерт со Moving Art Ensemble), Манастир „Св. Пантелејмон“, Скопје | 4 |
| 2 | 2011, Nocturno Rustico (целовечерен концерт со Moving Art Ensemble), НУ Центар за култура, Куманово | 4 |
| 3 | 2011, Nocturno Rustico (целовечерен концерт со Moving Art Ensemble), НУ Центар за култура, Битола | 4 |
| 4 | 2011, Nocturno Rustico (целовечерен концерт со Moving Art Ensemble), НУ Центар за култура, Кичево | 4 |
| 5 | Издадено авторско ЦД- "Ethno Jazz Stories", Moving Art Ensemble | 8 |
| | вкупно | 24 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | 2011, Член на жири-комисија на Републичкиот фестивал „Илинденски денови“, Битола | 1 |
| 2 | 2012, Член на жири-комисија на Републичкиот фестивал „Илинденски Денови“, Битола | 1 |
| 3 | 2013, Член на жири-комисија на републичкиот фестивал „Илинденски денови“, Битола | 1 |
| | Дејности од поширок интерес | |
| 4 | Член на комисија за избор во звање<br>2013, Институт за фолклор „Марко Цепенков“-Скопје | 0,2 |
| | Учество во комисии и тела на државни и други органи | |
| 5 | Претседател на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството за култура за 2010 год., за областа- центри, домови на културата и фолклор | 1 |
| 6 | Член на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството за култура за 2010 год. од областа на меѓународната културна соработка | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Претседател на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството за култура за 2011 год. за областа- центри, домови на културата и фолклор | 1 |
| 8 | Член на Комисијата за подготовка на годишната програма на Министерството за култура за 2011 год. од областа на меѓународната културна соработка | 1 |
| 9 | 2013, член на Управниот одбор на Националната установа „Ансамбл за народни игри и песни Танец“ - Скопје | 1 |
| | вкупно | 8,2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 107,6 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 42 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 24 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 8,2 |
| вкупно | 181,8 |

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. Живоин Глишиќ, с.р

2. Проф. д-р Бојан Ортаков, с.р.

3. Проф. д-р Драган Даутовски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДЕМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ОРГАНСКАТА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 8.5.2014 година, нѐ определи за членови на Рецензентската комисија по доставената пријава на д-р Јане Богданов, доцент на Институтот за хемија при Придродно-математичкиот факултет во Скопје. Конкурсот беше објавен во весникот „Дневник“ и „Коха“, од 1.4.2014 година, за избор на еден наставник во сите звања од областа на органската хемија и биохемијата на Институтот за хемија при ПМФ.
По разгледувањето на конкурсните материјали, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци за доцент Јане Богданов**

Д-р Јане Богданов, доцент, е роден на 24 април 1974 година во Скопје. Со основно образование се стекнал во Скопје, а средно образование завршил во Скопје и во САД (средно хемиско училиште „Марија Кири-Склодовска“, четврта год. Хајден, Кентаки). Во учебната 1992/93 г. се запишал на студии по хемија на Универзитетот во Кентаки, САД. Дипломирал во 1996 година со дипломската работа „Отстранување на арилхалиди од раствор со високоенергетско зрачење“ (Removal of aryl halides from aqueous solutions with high-energy radiation), под менторство на проф. д-р Роберт Гутрие (Robert Guthrie), со просечен успех 3,89/4,00.
По дипломирањето бил примен на постдипломски студии на Државниот универзитет во Пенсилванија, САД, каде што од 1996 до 2001 година бил помлад асистент и како најдобар асистент ја добил наградата *Dan Waugh Memorial Award*. Во периодот од 2001 до 2005 година бил асистент по органска хемија на Државниот универзитет во Пенсилванија. Докторирал во 2005 година (ментор на трудот бил проф. д-р Пшемислав Маслак (Przemyslaw Maslak), одбранувајќи ја својата докторска дисертација од областа на физичката органска хемија, под наслов *Делокализација на електрони во спироконјугирани системи* (Electron delocalization in spiroconjugated systems).
Во летниот семестар на учебната 2004/2005 година бил наставник на Државниот универзитет во Пенсилванија по предметот *вовед во органската хемија*.
Д-р Јане Богданов во учебните 2005/06 и 2006/07 година бил демонстратор, а од ноември 2007 година тој е примен како асистент на Заводот за органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет и држел вежби по повеќе предмети.
Во септември 2009 година е избран во звањето доцент на Заводот за органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при ПМФ, Скопје и изведувал настава и лабораториски вежби по предметите: *органска хемија I* и *органска хемија II* за

применета насока и за наставна насока. Од учебната 2010 година изведува настава и лабораториски вежби по предметите *хемија на природни производи* (применета хемија) и *органска хемија* за студенти по молекуларна биологија.

Кандидатот доцент Јане Богданов, активно е вклучен во подготовката на новите наставни планови и програми од прв и втор циклус и воведува нови предмети од областа на органската хемија: *експериментална органска хемија, механизми на органски реакции*, *изолација и карактеризација на метаболити од животинско и растително потекло* и *дизајн и синтеза на биолошко активни аналози на природни производи*.

Во овој период, централна активност на д-р Јане Богданов е едукација и оспособување на студентите за експериментална работа (на макро и микроскала) со класични и инструментални методи и нивно запознавање со современите методи за анализа на органски соединенија. До денес ментор бил при изработката на 17 дипломски работи и на 6 магистранди. Од 2008, д-р Јане Богданов ги изведувал лабораториските вежби од органската хемија на англиски јазик за учениците од средното училиште NOVA.

Од апликативна гледна точка, д-р Богданов е активно вклучен во соработката на Институтот за хемија со Царинската лабораторија и развивање и примена на методи за анализа на храна, масти, масла, млечни производи, гасовити горива, нафтени деривати и др. Назначен е за заменик-координатор за Царинската лабораторија за GC и GC/MS анализи. Инволвиран е во развој, истражување и консултации за потребите на Царинската лабораторија.

Активно е вклучен во подобрувањето на истражувачкиот и апликативниот капацитет на Институтот за хемија, како и за промоција на Институтот и воспоставување и одржување на контакти со индустрискиот сектор.

Директно бил инволвиран во подготовка на два проекта за набавка на опрема од програмата на Р. Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавни научни установи: Лабораторија за синтеза, изолација и структурно одредување на органски соединенија (раководител) и Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива. На крајот на 2013 година од страна на УКИМ одобрен и доделен му е проектот под наслов: „Подобрување на истражувачкиот капацитет на лабораториите на институтот на хемија".

Д-р Јане Богданов е заменик-раководител на новоформираната Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива во 2011 и како дел од континуираната обука и доусовршување кои се потребни за функционирање на ваква лабораторија за разновидни анализи, досега има посетено повеќе симпозиуми, семинари, обуки и работилници во земјата и во странство (работилница и обука во Рајнбах, Германија и во Солун, Грција, 2012 г., за анализа на нафтени деривати и горива со вакуум-дестилација, симпозиум на лаборатории за анализа на нафта и нафтени деривати од регионот итн.).

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

По изборот за доцент, д-р Јане Богданов продолжува со активно модернизирање на практикумите за вежби по различни дисциплини на Заводот за органска хемија и биохемија на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет и држел вежби по повеќе предмети, во насока на воведување експерименти на

микроскала, како и обучување и запознавање (теориски и практично) на студентите со модерните инструментални методи за анализа на органски соединенија. Така, со неговиот избор за доцент тој интензивно продолжува со воведување на новини во наставно-образовниот процес. Во Заводот за органска хемија и биохемија, доц. д-р Јане Богданов ги реорганизирал и ги модернизирал вежбите по органска хемија со воведување експерименти на микроскала, како и запознавање на студентите со современиот пристап за анализа и синтеза на органски соединенија.
Во периодот по изборот во звањето доцент продолжил да изведува настава и лабораториски вежби по предметите: *органска хемија I* и *органска хемија II* за применета насока и за наставна насока, како и лабораториски вежби по предметите *хемија на природни производи* (применета хемија) и *органска хемија* за студенти по молекуларна биологија. Исто така е вклучен во модернизирање на наставата во II и III циклус на студии со тоа што ги подобрува и ги осовременува наставните содржини. Активно е вклучен во формирањето на (нај)новите наставни планови и програми од прв и втор циклус. За таа цел, тој се вклучува во осовременувањето и воведувањето на нови наставни дисциплини како што се: *експериментална органска хемија, механизми на органски реакции*, *изолација и карактеризација на метаболити од животинско и растително потекло* и *дизајн и синтеза на биолошко активни аналози на природни производи*.
Со особена посветеност, своето одлично искуство за работа во органската лабораторија со различни методи и техники им го пренесува на студентите на додипломски и постдипломски студии. Во овој период бил ментор на 17 дипломци и 6 студенти на II циклус студии.
Врз основа на добиените резултати од студентската анкета, поткомисијата за самоевалуација на Институтот за хемија заклучила дека доцент д-р Јане Богданов има позитивна оценка од самоевалуацијата (просек: 9,59).

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Јане Богданов е многу активно вклучен во развој, истражување и консултации за потребите на Царинската лабораторија на Република Македонија. Имено, како и во периодот пред изборот за доцент, д-р Јане Богданов е вклучен во интензивната соработката на Институтот за хемија со Царинската лабораторија на Република Македонија. Во оваа област, д-р Јане Богданов учествува во развивање и примена на многу различни методи за анализа на храна, масти, масла, млечни производи, гасовити горива и нафтени деривати.
Во периодот по изборот за доцент, д-р Јане Богданов е заменик-раководител на новоформираната *Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива*. Освен тоа, тој е активно вклучен во работата на новата лабораторија. Во оваа нова област тој успешно воведува низа нови методи за анализа на нафта и нафтени деривати, од кои вреди да се истакнат методата за одредување на дестилационен профил на нафтени деривати со вакуум-дестилација и методата за определување на хемиски состав на гасовити горива.
На таков начин, доц. Јане Богданов многу придонел во подобрувањето на истражувачкиот и апликативниот капацитет на Институтот за хемија, како и за

промоција на Институтот и воспоставување и одржување на контакти со индустрискиот сектор.
Во период по изборот за доцент, д-р Јане Богданов директно бил вклучен во подготовка на два проекта за набавка на опрема од програмата на Р. Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавни научни установи: Лабораторија за синтеза, изолација и структурно одредување на органски соединенија (раководител) и Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива. Од крајот на 2013 година успешно раководи со проектот под наслов: *Подобрување на истражувачкиот капацитет на лабораториите на Институтот на хемија*.

**Други активности и дејности од поширок интерес**

Како член на Сојузот на хемичари и технолози учествува во повеќе научни и организациони одбори на конгресите.
Исто така е вклучен во работата на списанието *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (IF = 0,814), како рецензент и стручен советник за англиски јазик. Рецензент е и на други списанија со меѓународни уредувачки одбори: *Molecules, International Journal of Physical Sciences, African Journal of Food Science and Technology, American Chemical Science Journal, Molbank*.
Исто така, од 2013 година е назначен за член на *Техничкиот комитет за хемија и пластика при Институтот за стандардизација на Република Македонија*.
Д-р Јане Богданов активно е вклучен во организацијата на XXIII конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија кој ќе се одржи од 8 до 11 октомври 2014 година, како претседател на Организацискиот одбор.

## Објавени трудови по изборот за доцент

Во периодот по изборот за доцент, кандидатот д-р Јане Богданов продолжил да работи на полето на синтетичката органска хемија, како и во областа на физичката органска хемија.
Во овие области објавил неколку трудови во интернационални списанија. Во трудот под реден број 1 (види Анекс кон рефератот) е опишана синтезата на соединението 2-метил-7-(фенилсулфанил)нафтален. Во оваа статија е опишана синтезата на ова соединение при специфични каталитички услови со пренос на фазите. Потоа, ова соединение било карактеризирано со повеќе физичко-хемиски и аналитички методи како што се: масена спектрометрија, $^{1}$H NMR, $^{13}$C NMR и $^{135}$DEPT NMR.
Освен овој труд, во оваа група на трудови спаѓа и статијата за [7-(флуорометил)-2-нафтил]метанол објавена во 2014 година. На синтетизираното соединение е извршена детална анализа со современи спектроскопски техники, при што е важно да се истакне употребата на $^{19}$F-NMR методата.
Во статијата под наслов: *Moment of inertia od chiral molecules as a parameter for calculating optical rotation: Conformational effects in 2-substituted butanes* објавена во списанието *International Journal of Chemical Modeling*, моментот на инерција на 2-супституирани бутани била искористена за пресметување на специфичната

оптичка ротација. Во оваа статија биле анализирани конформационите ефекти во 2-супстиутирани бутани како на пример, влијанието на промената на C-C-C-C торзионите агли и бил пресметан Виберговиот дијаграм. Пресметувањата, користејќи го моментот на инерција, покажале дека за сите 2-супституирани бутани се добиваат многу слични криви на оние од испитувањата на Виберг добиени со софистицирани квантно-механички пресметки.

Од обласа на синтетичката и физичката органска хемија спаѓаат групата трудови за 2,2'-спиробииндани 2,2'-спиробииндандиони, како прилози од оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир одржан во Благоевград, Република Бугарија (*Proceedings of the Fourth International Scientific Conference,* South-West University “Neofit Rilski”, 2011 и 2013 год.); објавени се 4 оригинални научни трудови кои се однесуваат на преуредувањето на 1,1'-дифенил-2,2'-спиробииндан-1,1'-диол катализирано со Луисови киселини; синтезата и структурната карактеризација на 3,3'-дихало-2,2'-спиробииндан-1,1'-диони; подготовката и структурната карактеризација на 1,1'-дихало-2,2'-спиробииндани како и синтезата и деоксигенација на 1,1'-диарил-2,2'-спиробииндан -1,1'-диолите. Во оваа група трудови  особено внимание е обрнато на влијанието на стереохемијата на органската реактивност. Во два од овие трудови, релативната стереохемија на синтетизираните спироциклични системи е одредена од кристалните структури.

Во трудот NEW CONVENIENT VAPOR-PRESSURE-TEMPERATURE CORRELATION FOR SOME ALIPHATIC HYDROCARBONS (види Анекс), се предложени нови емпириски равенки за корелирање на температурната зависност на парниот притисок за јаглеводородите $C_6$-$C_{20}$. За опишување на овие карактеристики на јаглеводородите се користени различни параметри и дескриптори за квантитативен опис на кривата парен притисок-температура. Тоа е особено значајно, бидејќи овие дескриптори можат да најдат примена за евалуација и споредба на својствата на различни течности и нивни смеси. Овој пристап е погоден и комплементарен на стандардни методи за анализа и проценка на течни горива од јаглеводороди.

Во трудот под наслов *A new approach towards synthesis of benzo[b]fluorene core* во *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, кој е прифатен за објавување, е даден нов пристап за синтеза на циклични системи од типот на бензо[*b*]флуорен. Во оваа работа е опишана синтезата во пет чекори на моделното соединение од  10-метокси-11*H*-бензо[*b*]флуорен-11-он.

## Презентирани трудови по изборот за доцент

Кандидатот доц. д-р Јане Богданов во периодот по изборот презентирал 10 постери и 17 усни соопштенија на неколку интернационални и конференции и конгреси, како и на домашни собири.

Покрај тоа бил пленарен и секциски предавач. Треба да се истакне дека во оваа област со голема посветеност учествува во воведувањето на млади научни работници, пренесувајќи им го неговото искуство во научноистражувачката работа.

## З А К Л У Ч О К

Од вкупната активност на д-р Јане Богданов многу јасно произлегува заклучокот дека се работи за млад и перспективен научен работник со осет на искусен истражувач со големи научноистражувачки можности и потенцијал.
Значителен дел од својата работа д-р Јане Богданов го посветил на зголемување на апликативните можности на Институтот за хемија, особено при воведувањето на голем број нови методи како за органската анализа, така и од областа на органската синтеза. На таков начин, доц. Јане Богданов многу активно е вклучен во подобрувањето на истражувачкиот и апликативниот капацитет на Институтот за хемија, како и за промоција на Институтот и воспоставување, одржување и зацврстување на контактите со индустрискиот сектор.
За квалитетот на постигнатите научни резултати јасно зборуваат публикациите објавени во научни светски списанија од областа на синтетичката органска хемија и физичката органска хемија. Овие резултати покажуваат дека доц. Јане Богданов, е изграден како самостоен истражувач со меѓународен углед во научната јавност.
Поради сето тоа, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да го избере д-р Јане Богданов во звањето вонреден професор од областа на органската хемија и биохемијата на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**Членови на Рецензентската комисија**

Д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Иван Јураниќ, редовен професор на Хемискиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија, с. р.

Д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Јане Богдан Богданов

**Институција:** Институт за хемија, Природно-математички факултет, Скопје

**Научна област:** органска хемија и биохемија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Настава 1. циклус: органска хемија 1 А-ниво (применета хемија) (4+4), 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/2014 (4×15×0,04=2,4×5 семестри=12) | **12** |
| | Настава 1. циклус: органска хемија 2 А-ниво (применета хемија) (4+3), 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/2014 (4×15×0,04=2,4×4 семестри=9,6) | **9,6** |
| | Настава 1. циклус: органска хемија (за насока молекуларна биологија) (4+3), 2010/11, 2011/12, 2012/13, (4×15×0,04=2,4×3 семестри=7,2) | **7,2** |
| | Настава 1. циклус: хемија на природни производи (4+4), 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/2014; (4×15×0,04=2,4×4 семестри=9,6) | **9,6** |
| | Настава 1. циклус: експериментална органска хемија (2+5), 2012/2013, 2013/14 (2x15x0,04=1,2×2=2,4) | **2,4** |
| | Настава 1. циклус студии: одржување на вежби, лабораториски, органска хемија 1 А-ниво (применета хемија) (4+4), 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13, 4 часа, 4×15×0,03=1,8× 4 семестри=7,2) | **7,2** |
| | Настава 1. циклус студии: одржување на вежби, лабораториски, органска хемија 2 А-ниво (применета хемија) (4+3), 2009/10, 2010/11, 2011/12, 3 часа, 3×15×0,03=1,35×3 семестри= 4,05) | **4,05** |
| | Настава 1. циклус: одржување на вежби, лабораториски, органска хемија (за насока молекуларна биологија) (4+3), 2010/11, 2011/12, 3 часа, 3×15×0,03=1,35×2 семестар = 2,7 | **2,7** |
| | Настава 1. циклус: одржување на вежби, лабораториски, Експериментална органска хемија (2+5), 2012/2013, 5 часа, 5×15×0,03=2,25×1 семестар = 2,25 | **2,25** |
| | Консултации со студенти, I циклус (40 студенти × 0,002 × 4 семестри = 1,0 | **1** |
| | Настава во школи и работилници: ТЕМПУС 2010, Cluj-Napoca, Romania (учесник) | **1,5** |
| | Настава во школи и работилници: лабораториски вежби по органска хемија за средношколци од NOVA, 2009-2013 (1×5 = 5) | **5** |
| | Подготовка на нов предмет: експериментална органска хемија предавања (I циклус) | **1** |
| | Подготовка на нов предмет: експериментална органска хемија, вежби (I циклус) | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | Подготовка на нов предмет: анализа на нафтени деривати и горива, вежби (I циклус) | **0,5** |
| | Подготовка на нов предмет: третман на органски загадувачи и отпад (I циклус) | **1** |
| | Подготовка на нов предмет: механизми на органски реакции (I циклус) | **1** |
| | Подготовка на нов предмет: дизајн и синтеза на биолошки активни аналози на природни производи (II циклус) | **1** |
| | Подготовка на нов предмет: изолација и идентификација на метаболити од растително и животинско потекло (II циклус) | **1** |
| | Ментор на дипломска работа, 17×0,2 | **3,4** |
| | Член на Комисија за оценка и одбрана на дипломска работа, 22×0,1 | **2,2** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација: ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТЕИНСКИ БИОМАРКЕРИ ВО БИОЛОШКИ ФЛУИДИ СО ИМУНОХЕМИСКИ И МАСЕНО СПЕКТРОМЕТРИСКИ МЕТОДИ, Олгица Тренчевска | **0,5** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: КАЛИКС[4]ПИРОЛИ. СИНТЕТИЧКИ И ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП, Ивана Јефтовиќ | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИАЦЕТИЛ ВО ФЕРМЕНТИРАНИ МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, Олга Поповска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: ХЕМОМЕТРИСКИ ПРИСТАП ВО ПРЕДВИДУВАЊЕТО НА ЕСТРОГЕНАТА АКТИВНОСТ НА НЕКОИ СУПСТАНЦИ КОИ ЈА НАРУШУВААТ НОРМАЛНАТА АКТИВНОСТ НА ЕНДОКРИНИОТ СИСТЕМ, Наташа С. Стојиќ | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА HPLC МЕТОДА ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И КВАНТИФИКАЦИЈА НА ОНЕЧИСТУВАЊА ВО ФАРМАЦЕВТСКИ АКТИВНАТА СУПСТАНЦА ФОЛКОДИН, Ана Петковска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ И ТЕОРЕТСКИ МЕТОДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПЕСТИЦИДИ, Александра Крстевска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА GC-MS МЕТОДИ ЗА АНАЛИЗА НА ИЗОМЕРИТЕ НА ХЕКСАХЛОРОЦИКЛОХЕКСАН СО РАЗЛИЧНИ НАЧИНИ НА ИНЈЕКТИРАЊЕ Христина Томовска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ГЛИКОЛИ ВО ПОЧВА СО ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА СО ПРИМЕНА НА ДЕРИВАТИЗАЦИЈА, Буран Скендер, | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ПРЕКУ ОДРЕДУВАЊЕ НА МАСНОКИСЕЛИНСКИОТ ПРОФИЛ, Наталија Крушаровска | **0,3** |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ЕТЕРИЧНОТО МАСЛО И ЛИПИДНАТА ФРАКЦИЈА ОД ЈАТКАТА НА ПЛОДОТ *Myristica fragrans* Houtt. СО ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА СО МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА, Јованка Илиева | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МОДЕЛ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ОКТАНСКИ БРОЈ НА БЕНЗИНИ ПРЕКУ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ДЕСКРИПТОРИ, Татјана Мицевска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: СИНТЕЗА, ФИЗИЧКО–ХЕМИСКИ И ГАС ХРОМАТОГРАФСКИ СВОЈСТВА НА 2,4-ДИНИТРОФЕНИЛХИДРАЗОНСКИ ДЕРИВАТИ НА НЕКОИ НИСКОМОЛЕКУЛАРНИ АЛДЕХИДИ, Златко Лозановски | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА НА ПЕПТИДИ ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ РЕАКЦИИ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА СО МАСЕН СОЕКТРОМЕТАР СО ТРОЕН КВАДРУПОЛ, Лина Анчева | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ГАСНО ХРОМАТОГРАФСКА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФТАЛАТНИ ЕСТЕРИ ОД ЕВРОПСКАТА ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ВО ПРИРОДНИ ВОДИ, Александар Малетиќ | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЕГЗОГЕНИ СУПСТАНЦИ ВО КОСА СО ГАСНО-МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА, Каролина Русевска | **0,3** |
| | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистерска работа: ИСПИТУВАЊА НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ МАСТИЛА СО ПОМОШ НА МИКРО-РАМАНСКА И ИНФРАЦРВЕНА СПЕКТРОСКОПИЈА И ХЕМОМЕТРИСКА АНАЛИЗА, Александар Маркозанов. | **0,3** |
| | Пакет материјали за одреден предмет: органска хемија за молекуларна биологија | **1** |
| | Пакет материјали за одреден предмет: експериментална органска хемија | **1** |
| | Пакет материјали за одреден предмет: хемија на природни производи | **1** |
| | Пакет материјали за одреден предмет: механизми на органски реакции (I циклус) | **1** |
| | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методиски списание, Zdravkovski Z.; Bogdanov, J. НОБЕЛОВАТА НАГРАДА ЗА ХЕМИЈА ЗА 2010 ГОДИНА: ОБРАЗУВАЊЕ НА C-C ВРСКА СО ПАЛАДИУМ КАТАЛИЗАТОРИ, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, **2010**, 29(2), 227-229. | **1** |
| | **Вкупно** | **86,1** |
| | | |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерска работа (6×1=6) | **6** |
| 2. | Раководител на национален научен проект: Подобрување на истражувачкиот капацитет на лабораториите на Институтот за хемија | **6** |
| | | |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно-стручно списание меѓународен уредувачки одбор<br><br>Bogdanov, J.; Maslak, P. 2-METHYL-7-(PHENYLSULFANYLMETHYL)-NAPHTHALENE, *Molbank*, **2010**, M670 (pp 4). (5,4)<br><br>Bogdanov, J.; Bogdanov, B. MOMENT OF INERTIA OF CHIRAL MOLECULES AS A PARAMETER FOR CALCULATING OPTICAL ROTATION: CONFORMATIONAL EFFECTS IN 2-SUBSTITUTED BUTANES. *International Journal of Chemical Modeling*, **2012**, 4 (2-3), p.221-238. (5,4)<br><br>Bogdanov, J.; Bogdanov, B. NEW CONVENIENT VAPOR-PRESSURE-TEMPERATURE CORRELATION FOR SOME ALIPHATIC HYDROCARBONS. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*. **2013**, 32(1) p.109-116. i.f. 0.821 (6,139)<br><br>Bogdanov, J. [7-(Fluoromethyl)-2-naphthyl]methanol, *Molbank*, **2014**, *2014*(1), M818.(pp 5) (6,0)<br><br>Bogdanov, J. A NEW APPROACH TOWARDS SYNTHESIS OF BENZO[b]FLUORENE CORE. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*. accepted for publication. i.f. 0,821 (6,821) | **29,76** |
| 4. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>1. Bogdanov, J. LEWIS ACID CATALYZED REARRANGEMENT OF 1,1′-DIPHENYL-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIOL, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University “Neofit Rilski”, Faculty of Mathematics and Natural Sciences, Book of Abstracts, Vol. 1, p. 259-264, Blagoevgrad, Bulgaria, June 8-11, **2011**. (3,0)<br><br>2. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND STRUCTURAL CHARACTERIZATION OF 3,3′-DIHALO-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIONES, Proceedings of the Fourth International Scientific | **12** |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference, South-West University "Neofit Rilski", Faculty of Mathematics and Natural Sciences, Book of Abstracts, Vol. 1, p. 265-271, Blagoevgrad, Bulgaria, June 8-11, **2011**. (3,0)<br>3. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND STRUCTURAL CHARACTERIZATION OF 1,1′-DIHALO-2,2′-SPIROBIINDANES, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University "Neofit Rilski", Faculty of Mathematics and Natural Sciences, Book of Abstracts, Vol. 4, p. 45-50, Blagoevgrad, Bulgaria, June 12-16, **2013**. (3,0)<br>4. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND DEOXYGENATION OF 1,1′-DIARYL-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIOLS, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University "Neofit Rilski", Faculty of Mathematics and Natural Sciences, Book of Abstracts, Vol. 4, p. 51-57, Blagoevgrad, Bulgaria, June 12-16, **2013**. (3,0). | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание: Popovska, O.; Bogdanov, J.; Srbinovska, S. ASSAYING DIACETYL IN SOUR CREAM: A COMPLEMENTARY SPECTROPHOTOMETRIC AND GC-MS ANALYSIS, *Yearbook of The Faculty of Agricultural Sciences and Food,* **2010**, *55*, 105-115. | **3,60** |
| 6. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>Bogdanov, Jane, NATURAL PRODUCTS - CONTEMPORARY AND CLASSICAL APPROACHES FOR THEIR ANALYSIS, X$^{th}$ Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 15, Skopje, October 17-19, 2013. (Plenary lecture) | **3** |
| 7. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>1. Bogdanov, J. MAGNETIC PROPERTIES OF ORGANIC COMPOUNDS. Workshop "From Molecules to Functionalized Materials"-Cluj-Napoca Romania, 13-17 October 2010.<br>2. <u>Bogdanov, J</u>. MOMENT OF INERTIA OF CHIRAL MOLECULES AS A PARAMETER FOR CALCULATING OPTICAL ROTATION: CONFORMATIONAL EFFECTS IN 2-SUBSTITUTED BUTANES , Mathematics/Chemistry/Computers 2011, Book of Abstracts, p. 6, Inter-University Center, June 13-18, Dubrovnik, Croatia. | **4** |
| 8. | Учество на научен/стручен собир со<br><br>**Реферат** (17×1 = 17)<br>1. Bogdanov, J. LEWIS ACID CATALYZED REARRANGEMENT OF 1,1′-DIPHENYL-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIOL, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University "Neofit Rilski", Book of Abstracts, Vol. 1, p. 259-264, Blagoevgrad, Bulgaria, June 8-11, **2011**. | **22** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND STRUCTURAL CHARACTERIZATION OF 3,3′-DIHALO-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIONES, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University “Neofit Rilski”, Book of Abstracts, Vol. 1, p. 265-271, Blagoevgrad, Bulgaria, June 8-11, **2011**.<br><br>3. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND STRUCTURAL CHARACTERIZATION OF 1,1′-DIHALO-2,2′-SPIROBIINDANES, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University “Neofit Rilski”, Book of Abstracts, Vol. 4, p. 45-50, Blagoevgrad, Bulgaria, June 12-16, **2013**.<br><br>4. Bogdanov, J. SYNTHESIS AND DEOXYGENATION OF 1,1′-DIARYL-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIOLS, Proceedings of the Fourth International Scientific Conference, South-West University “Neofit Rilski”, Book of Abstracts, Vol. 4, p. 51-57, Blagoevgrad, Bulgaria, June 12-16, **2013**.<br><br>5. Popovska, O.; Bogdanov J. SPECTROPHOTOMETRIC DETERMINATION OF DIACETYL AND ACETOIN IN FERMENTED MILK PRODUCTS, VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 65, Skopje, October 8-10, 2009.<br>6. Tusevska V.; Bogdanov J. ISOLATION AND ANALYSIS OF ESSESTIAL OIL OF *EUGENIA CARYOPHYLLATA*, VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 97, Skopje, October 8-10, 2009. (oral)<br><br>7. Najdoska M.; Bogdanov J. INTERPRETATION OF MASS SPECTRA OF SOME SIMPLE NON_PHENOLIC PHENYLPROPANOIDS, VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 51, Skopje, October 8-10, 2009.(oral)<br><br>8. Popovska, O.; Bogdanov J. DEVELOPMENT OF A GC-MS METHOD FOR THE DETERMINATION OF DIACETYL IN FERMENTED MILK PRODUCTS, IX Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, O-21, p. , Skopje, October 6-8, 2011. (oral)<br>9. Ilieva, J.; Bogdanov J. DETERMINATION OF CHEMICAL COMPOSITION OF THE ESSENTIAL OIL AND LIPID FRACTION FROM NUTMEG USING GAS CHROMATOGRAPHY MASS SPECTROMETRY, IX Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, O-13, p. , Skopje, October 6-8, 2011. (oral)<br>10. Krušarovska, N.; Bogdanov, J. OPTIMIZATION OF A GC-MS FATTY ACID PROFILING METHOD AND ITS APPLICATION IN DETECTING NON-DAIRY FATS AND OILS IN DAIRY | |

PRODUCTS, IX Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, O-6, p. , Skopje, October 6-8, 2011. (oral).

11. Markozanov A.; Stefova, M; Bogdanov, J.; Minceva-Sukarova, B. ANALYSES OF DIFFERENT TYPES OF INK USING MISCRO_RAMAN SPECTRSCOPY AND THIN-LAYER CHROMATOGRAPHY, IX Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, O-24, p. , Skopje, October 6-8, 2011. (oral)
12. E. Stojčevska, Dr. B. Bogdanov , Dr. J. Bogdanov COOPERATION BETWEEN ACADEMIC INSTITUTIONS AND INDUSTRIAL LABORATORIES: EXPERIENCES OF FACULTY OF TECHNOLOGY AND METALLURGY AND INSTITUTE OF CHEMISTRY WITH INDUSTRIAL LABORATORIES IN MACEDONIA. Second Symposium of the Laboratories for Oil and Oil Derivates in the Region 6-7 June 2013, Novi Sad, Serbia.
13. Lozanovski, Zlatko; Bogdanov, Jane, PREPARATION, PHYSICO-CHEMICAL AND GAS-CHROMATOGRAPHIC PROPERTIES OF 2,4-DINTROPHENYLHYDRAZONE DERIVATIVES OF SOME LOW MOLECULAR WEIGHT ALDEHYDES, X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 15, Skopje, October 17-19, 2013. (oral).
14. Stojčevska Evgenija; Bogdanov, Jane, DETERMINATION OF PROPERTIES AND CHARACTERISTICS OF THE RESIDUE OBTAINED AFTER ATMOSPHERIC DISTILLATION OF CRUDE OIL, X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 13, Skopje, October 17-19, 2013. (oral).
15. Spasevska Marija; Bogdanov, Jane, DETERMINATION OF PHYSICO-CHEMICAL PROPERTIES AND DEVELOPMENT OF CHROMATOGRAPHIC METHODS FOR ITS DETECTION AND QUANTIFICATION ALONG WITH RELATED DERIVATIVES, X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 12, Skopje, October 17-19, 2013. (oral).
16. Micevska Tatjana; Bogdanov, Jane, NEWLY DEVELOPED MODEL FOR CALCULATING THE OCTANE NUMBER OF GASOLINE USING EXPERIMENTALLY OBTAINED DESCRIPTORS, X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 14, Skopje, October 17-19, 2013. (oral).
17. Elmazi Selim; Bogdanov, Jane, GAS CHROMATOGRAPHIC HEADSPACE TECHNIQUES FOR ANALYSES OF VOLATILE RESIDUES IN SOME POLYMERS, X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Book of Abstracts, p. 26, Skopje, October 17-19, 2013. (oral).

Постер (10×0,5 = 5)

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Krušarovska, N.; Bogdanov, J. EXPERIENCES IN DETECTION OF NON-DAIRY FATS AND OILS IN DAIRY PRODUCTS USING GAS CHROMATOGRAPHY-MASS SPECTROMETRY, 4th Seminar of European Customs Chemists, Helsinki, June 2-4, 2010. (poster).<br>2. Bogdanov, J. SYNTHESIS OF (2R*, 3S*, 3′* S)-3,3-DIBROMO-2,2′-SPIROBIINDAN-1,1′-DIONE AND ITS REARRANGEMENT TO 10-HYDROXY-11-H-BENZO[b]FLUOREN-11-ONE, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, OCPB-16, p. 110, Ohrid, September 22-26, 2010. (poster).<br>3. Bogdanov, J.; Krušarovska, N.; Bogdanov, B. SECOND DERIVATIVE VISIBLE SPECTROSCOPIC DETERMINATION OF DYE AND MARKER CONCENTRATION IN HEATING OILS. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, OCPB-17, p. 111, Ohrid, September 22-26, 2010. (poster)<br>4. Popovska, O.; Bogdanov, J. ASSAYING DIACETYL IN FERMENTED DAIRY PRODUCTS: A COMPLEMENTARY GC-MS AND SPECTROPHOTOMETRIC ANALYSIS. XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, OCPB-15, p. 109, Ohrid, September 22-26, 2010. (poster).<br>5. Krušarovska, N.; Bogdanov, J. DETECTION OF NON-DAIRY FATS AND OILS IN DAIRY PRODUCTS USING GAS CHROMATOGRAPHY-MASS SPECTROMETRY, 5th Congress of Pharmacy of Macedonia (with international participation), Book of Abstracts, PP-89, Ohrid, September 21-25, 2011.<br>6. Natalija Atanasova-Pancevska, Dzoko Kungulovski, Jane Bogdanov, Ivan Kungulovski, Mimoza Vitanova, CHEMICAL COMPOSITION AND *IN VITRO* ANTIBACTERIAL ACTIVITY OF ESSENTIAL OIL FROM *EUGENIA CARYOPHYLLATA*. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, O-12, p. 285, Ohrid, September 5-9, 2012.<br><br>7. Mence Najdoska Bogdanov, Jane Bogdanov, CHEMICAL COMPOSITION OF ESSENTIAL OIL ISOLATED FROM THE UNDERGROUND PARTS OF *VALERIANA OFFICINALIS* L. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, O-13, p. 286, Ohrid, September 5-9, 2012. (poster).<br>8. Jane B. Bogdanov, Bogdan T. Bogdanov, NEW CONVENIENT VAPOR PRESSURE-TEMPERATURE CORRELATION FOR SOME ALIPHATIC HYDROCARBONS. XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, O-14, p. 287, Ohrid, September 5-9, 2012. (poster).<br>9. Aljajdin Imerov, Jane Bogdanov, COMPARATIVE STUDIES OF AROMATIC ELECTROPHILIC NITRATION OF SUBSTITUTED BENZENES: REACTIVITY AND REGIOSELECTIVITY OF “MIXED ACID” REAGENT VERSUS SILICA GEL/$HNO_3$ REAGENT XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, O-15, p. 288, Ohrid, September 5-9, 2012. | |

| | | |
|---|---|---|
| | 10. Jane Bogdanov, CLASSICAL METHODS VERSUS MODERN CHROMATOGRAPHIC METHODS FOR IDENTIFICATION OF ALDEHYDES XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Book of Abstracts, A-31, p. 86, Ohrid, September 5-9, 2012. (poster). | |
| | Апстракти објавени во зборник на конференција<br>-меѓународна, 1<br>-национална, 6 | **4** |
| | **ВКУПНО** | **90,36** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: Вештачење за примероци и издадено стручно мислење за судот во Скопје | **1** |
| 2. | Експертски активности:<br>52 извршени анализи и толкувања (за потребите на Царинската лабораторија на Р. Македонија)<br>1 извршена анализа и толкувања за Јавно обвинителство-Скопје<br>1 извршена анализа и толкување за (Црна Река ДООЕЛ)<br>1 извршена анлиза за Мики трејд<br>1 извршена анлиза (Гришка, Демир Хисар) | **56** |
| 3. | Експертски активности: Рецензент на научни трудови во списанија: *Molecules* (1), *International Journal of Physical Sciences* (3) *African Journal of Food Science and Technology* (1), *Molbank* (1), *American Chemical Science Journal* (1), *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering (6)*. 13×1=13 | **13** |
| | Учество на промотивни активности на факултетот/институтот<br><br>Член на формираната Лоби-група при Институтот за хемија | **0,5** |
| | Воведување на нови лабораториски методи:<br>1. Определување на хемиски состав на гасовити горива (за потребите на Царинската лабораторија на Р. Македонија) 1,0<br>2. Одредување на дестилационен профил на нафтени деривати со вакум дестилација 4,0<br>3.Multiple Headspace GC анализи на полимери 1,0 | **6** |
| | Лекторирање на трудови на англиски јазик (статии) за потребите на *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (јуни 2011-дек. 2012, 5 броја)<br>(50×0,25 = 12,5) | **12,5** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на Стручен одбор на научно списание: *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (English language adviser for *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* June 2010-December 2012). | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Претседател на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир: XXIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation) | **2** |
| 3. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>Член на научен одбор:<br>VIII Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Skopje, October 8-10, 2009.<br>XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Ohrid, September 23-26, 2010.<br>IX Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Skopje, October 8-10, 2011.<br>XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), Ohrid, September 23-26, 2012.<br>X Congress of Pure and Applied Chemistry for Students of Macedonia (with International Participation), Skopje, October 17-19, 2013. | **5** |
| | Студиски престој во странство<br><br>ДААД-трилатерален проект, Универзитет во Клуж, Романија, 12-18.10 2010 г.<br><br>Учество на работилница и обука во Рајнбах, Германија (5-10 март 2012), организиран од ROFA за анализа на нафтени деривати и горива со апаратури за дестилација под намален притисок.<br><br>Учество на работилница во Солун, Грција (21-24 ноември 2012 г.), организиран од Hellenic Petroleum за анализа на нафтени деривати и горива со вакуум -дестилација според стандардни методи (размена на искуства за меѓулабораториски анализи во PT (proficiency testing) шеми потребни за акредитација на една лабораторија). | **1,5** |
| 4. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – носител, Подобрување на истражувачкиот капацитет на лабораториите на Институтот за хемија (раководител) 2011 | **1** |
| 5. | Изготвување и пријавување на проект за набавка на опрема од Програмата на Владата на Р. Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавни научни установи: Лабораторија за синтеза, изолација и структурно одредување на органски соединенија (раководител) | **1** |
| 6. | Изготвување и пријавување на проект за набавка на опрема од Програмата на Владата на Р. Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавни научни установи: Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива (соработник). | **0,5** |
| 7. | Изготвување и пријавување на проект за набавка на опрема од Програмата на Владата на Р. Македонија за опремување на лабораториите на државните универзитети и јавни научни установи: Лабораторија за анализа на органски супстанци во | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | сложени матрици (соработник). | |
| 8. | Раководител на внатрешна организациона единица: раководител на Завод за органска хемија и биохемија, 2012-2014 | **3** |
| 9. | Член на факултетски комисии<br>- класен раководител (координатор) на студентите од применета хемија, наставна хемија и аналитичка биохемија (генерација 2012 г.)<br>- член на Институтска управа<br>- член на Пописна комисија<br>- член во Комисија за јавни набавки<br>- член во тимот за акредитација на лаборатории на ИХ | **5** |
| | Заменик-раководител на Истражувачка лабораторија за анализа на нафтени деривати и горива.<br>Заменик-координатор за гас хроматографски анализи за Царинската управа | **1** |
| | Учество во комисии и тела на државни органи:<br>Член на Заводот за стандардизација на РМ (пластика и хемија) | **1** |
| | **Вкупно** | **111,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **86,10** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **90,36** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **111,00** |
| **Вкупно** | **287,46** |

**Членови на Рецензентската комисија**

Д-р Киро Стојаноски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

Д-р Иван Јураниќ, редовен професор на Хемискиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија, с. р.

Д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с. р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ЗДРУЖЕНО ВОЈУВАЊЕ И СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ ВО СВЕТОТ“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р МИЛЕ ПЕТРОВСКИ,** ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница, одржана на 30. V 2014 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Миле Петровски под наслов „Здружено војување и современи безбедносни закани во светот”, во состав: проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Синиша Даскаловски, проф. д-р Тони Милески, проф. д-р Томе Батковски и доц. д-р Тања Милошевска. По прегледот на приложениот труд, Комисијата има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во академската 2010/2011 година, кандидатот пријави докторат на Институтот за одбранбени и мировни студии, сега Институт за безбедност, одбрана и мир, и со помош на менторот проф. д-р Митко Котовчевски изработи докторска дисертација на претходно одобрената тема: „Здружено војување и современи безбедносни закани во светот”.

Според нивото, квалитетот и дијапазонот на тематско-проблемската елаборација и експликација на третираниот проблем, докторската дисертација на м-р Миле Петровски може да се валоризира како системски изложена целина од областа на одбраната.

Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, шест засебни дела кои меѓусебно се надополнуваат, заклучок и преглед на библиографските единици, односно основниот текст на докторската дисертација е изложен на 334 страници, додека аргументацијата е поткрепена со 428 фусноти. Трудот претставува извонредно вредна анализа за комплексни проблеми и тој се повикува на релевантна литература со 64 библиографски единици на домашни и странски автори, на 26 нормативни акти, закони и публикации, 39 НАТО-документи и 13 документи и доктринарна литература надвор од членките на НАТО, 86 интернет и ВЕБ-сајтови и 52 други публикации. За прегледност во елаборирањето на предметот на истражување, текстуалната експликација се надополнува со 61 слика, 9 табели кои создаваат јасна слика за проблемот што се истражува.

Во рамките на поставениот предмет на истражување на докторскиот дисертација, даден е осврт на современите безбедносни противречности во светот денес и употребата на сила во разрешувањето на дел од овие противречности. Настојувањата, како што вели авторот, за воспоставување на мир во светот, свет кој ќе почива врз демократија, почитување на човековите права и градењето на светската безбедност и солидарност во целина, денес се чини никогаш како порано се свртени во спротивна насока. Развојот на современото општество е проследено со постојани закани и противречности со кои се загрозува безбедноста на националните заедници, но истовремено и со закани со кои се загрозува и регионалната и светската безбедност, во целина. Понатаму се потенцираат разликите во светот денес и оној од пред крајот на минатиот XX век

и влијанието на овие промени на доктрината на употребата на воената сила. Се врши генерална анализа на здруженото војување и употребата на воена сила во решавањето на дел од современите безбедносни противречности во светот денес, за на крајот да се даде образложение на изборот на предметот на истражувањето, целите, се поставува главната и помошните хипотези и варијабли, како и индикаторите и методите на истражувањето.

Во однос на општите околности и посебни услови во кои доаѓа до употреба на воена сила, во овој труд се утврдуваат: основните политички цели, институционалните, културолошките и другите димензии на учеството на здружените сили во современото – здружено војување. При ова, секако се утврдуваат стратегискиот концепт и воената доктрина која ја имплементираат здружените вооружени сили во судар со конвенционалните вооружени сили на противникот, но исто така и во судир со т.н. неконвенционалнн противници кои се препознаваат во: остатоците од поразената воена сила на противникот, востанички, герилски, терористички организации и други организации (владини и невладини институции), а кои сепак на крајот имаат решавачко влијание врз крајниот успех во ангажирањето на вооружените сили.
Вооружените сили на државните заедници и особено оние на водечките политичко- воени алијанси или на воените сојузи мораат да располагаат со најсовремено вооружување, да имаат единствен и непопречен комадно-комуникациски систем со кој успешно ќе раководат со вооружените сили на бојното поле и во целост ќе ги развијат борбените системи, во поддршката на вооружените операции и операциите од невоен карактер.

Во првиот дел од трудот насловен како ,,Современите безбедносни закани во светот и употребата на вона сила како средство на политичка моќ“, авторот дава кус осврт на современите безбедносни закани во светот, во чие разрешување се посегнува кон примената на воена сила, и тоа: националните противречности во одредени земји проследени со внатрешни кризи и борба за моќ, разрешувањето на заканите по регионалната безбедност, асиметричните закани, борбата против тероризмот и употребата на воена сила како инструмент на политичка моќ. Во овој дел се даваат низа примери на состојби како дел од современите безбедносни закани во кои се посегнува кон употреба на националните вооружените сили и на вооружени сили на политичко-воени алијанси, а кои не секогаш можат да одговорат на силните предизвици и противречностите на овие закани. Иако примената на вооружените сили понекогаш е делотворна, сепак, во основа, во нејзината примена се напушта конвенционалниот пристап на употреба на воена сила во решавањето на низа безбедносни закани во одредени национални заедници и држави, региони и светот во целина. Ова, секако, го наметнува императивот на нужна трансформација на конвенционалниот концепт на примена на воената сила и тоа, пред сè, на државните вооружени сили и силите на водечките политичко-воени алијанси, а кое најдобро може да се види од настанатите измени во стратегиските концепти и доктрините во ангажирање на вооружените сили.

Во вториот дел под наслов ,,Еволуција на современиот воен конфликт" се разработуваат основите на формирањето на политичко-воените сојузи и алијанси,

и се определува поимното значење на воената доктрина и здружената воена доктрина.

Формирањето на политичко-воените сојузи или воени алијанси кои се и носители на здружното војување има пред сѐ политички, историски, техничко-технолошки, културолошки, воено-доктринарни и други оправдувања. Постојат многубројни теории за настанокот на политичко-воените сојузи и воените алијанси, меѓу кои се издвојуваат традиционалните теоретичари кои ја застапуваат тезата на ,,балансот на моќта" и други теоретичари кои ја застапуваат тезата на ,,балансот против заканите". Ваквиот пристап не ги оправдува многубројните причини и оправдувања за тоа зошто поодделни земји пристапуваат кон сојузите.

Понатаму, авторот низ аналитички осврт на хиерархијата на доктрини и доктрината на војувањето од четвртата и петтата генерација на војни, дава нужен осврт за начинот на ангажирањето на компонентите на вооружените сили (видови, родови и специјалности) во современото војување. Во однос на анализата на еволуцијата и историјата на војувањето, извлечен е заклучок за нужноста од потребата од следење на војната како општествена појава, во сите нејзини пројавни форми и имплицитни застранувања. При ова, особено е важно да се стави акцент на развојот и употребата на вооружените сили. Ова од причина што вооружените сили, како најактивен и најекспоненцијален израз и како носители на борбената моќ, често прибегнуваат кон примена на сите средства кои им стојат на располагање, а со кои постигнуваат целосен и брз пораз со противникот. Оваа уништувачка моќ на оружјето, за жал, како што покажува историјата на војувањето, станува сѐ позастрашувачка, не само во однос на ефектите на бојното поле, туку и во однос на крајните ефекти по средината, при што е доведен во прашање и опстанокот на човековата заедница во целина. Уништувачката моќ на употребата на оружјето ја доживува својата кулуминација со пронаоѓањето и употребата на нуклеарното оружје Но, употребата на нуклеарното оружје, како што наведува авторот, веднаш се среќава со двете сопствени противречности. Првата од нив е содржана во свеста на националните заедници и светот воопшто за разорната моќ на нуклеарното оружје, а второто во присутните ограничувања во употребата, како и осудата од страна на светската јавност. Истовремено, тука е и свеста за „возвратниот удар" на противниците кои го поседуваат истото тоа нуклеарно оружје.

Во третиот дел под наслов ,,Здружено војување, здружена доктрина и карактеристики на борбени системи во современото војување ", се појаснуваат основните задачи и цели на здружената доктрина, основните принципи на воената доктрина и нивоа на ангажирање, оперативниот концепт, оперативниот дизајн и детално се разработуваат основните борбени системи во здруженото војување (командувањето и контролата, персоналната поддршка, разузнавачката поддршка, огнената поддршка и здружената логистичка поддршка).

Здруженото војување, под кое се подразбира ангажирање на вооружените сили на земјите членки на одредена политичко-воена групација или воена алијанса, и второто значење со кое се изразува нејзината оперативност и ефикасност, како синергија на борбената моќ, а која се обезбедува со ангажирањето на различните видови, родови и специјалности како дел од органскиот состав и структурата на вооружените сили, претставува крајно, но

понекогаш и единствено средство кон кое се посегнува во решавањето на заострените безбедносни противречности.

Современата воена доктрина на здруженото војување подразбира потполна интеграција на националните вооружени сили со доктрините на земјите-членки на воениот сојуз или воената алијанса, остварување на целосна кооперативност, достапност и можност за искористување на целокупните ресурси, единствен оперативен и графички и информациски дизајн на бојното поле, изведување на целосен спекатар на операции и максимално искористување на ефектите на борбените системи на бојното поле.

Авторот на трудот врши продлабочена компаративна анализа на современиот поим и концепт на здружените сили, заедничките сили или комбинираните здружени сили за задача (анг. CJTF – Combined Join Task Force), кој како таков е усвоен уште на Бриселскот самит на НАТО-Алијасната во 1994 година на иницијатива на САД, при што е формиран штаб на CJTF како дел од интегрираната структура на НАТО. Со ова се создава единствена можност, силите поддржувани од страна на НАТО да ги спроведуваат своите мисии под лидерство на земјите од Западноевропската унија.

Во четвртиот дел од трудот под наслов „Видови на воено ангажирање на силите во здружените операции“ се обработуваат видовите на ангажирањето на здружените сили, со осврт на организацијата, планирањето и изведување на мисијата на здружените сили. Посебен осврт се дава на ангажирање на НАТО-алијансата во операциите надвор од членот 5 и, на крајот, се даваат прегледни податоци за досегашното учество на контигентите на АРМ во операциите за поддршка на мирот.

Во петтиот дел од трудот под наслов „Анализа на конвенционалниот пристап на примената на воената сила во современите операции во здруженото војување“, авторот на многу прониклив начин и во продлабочена форма врши анализа на операциите на здружените сили во: мисијата на ОН во Сомалија, операциите во Ирак и Авганистан, операциите во Руско-чеченската војна, интервенцијата на НАТО-алијансата врз Сојузна Република Југославија и интервенцијата на Руската Федерација во Грузија. Од извршените анализи можеме да заклучиме дека не секогаш ангажирањето на здружените вооружени сили е успешно. Ова особено, и доколку претходно не е постигната целосна согласност во ангажирањето на вооружените сили со државните власти или не е остварен целосен договор со локалните власти за ангажирање на вооружение сили. Како пример е посочена неуспешната мисија во ангажирањето на здружените сили во Сомалија, во која во операции од невоен карактер, т.е. мировни мисии се спроведуваат тактички акции од воен карактер, додека неуспехот на овие операции има големи стратегиски импликации и последици, кој на крајот ќе доведе до повлекување на водечката сила (САД) од мисијата и кон целосен неуспех на мисијата. Во останатите операции, супериорните здружени вооружени сили, иако на почетокот на кампањата во судирот со конвенционалните државни сили остваруваат многу брз пораз (во вооружени кампањи кои траат од неколку дена до неколку недели), сепак во понатамошниот тек од операцијата, т.е. во делот на спроведувањето на окупациската власт, овие високо опремени вооружени сили (освен во Руско-грузиската војна) се судруваат со вооружените остатоци на нападнатата држава (терористички групи, герилски или востанички формации и некои други

,,неконвенционални“ противници), а кои ќе ги принудат овие сили на продолжено присуство на овој простор. Истовремено се поставува и централното прашање, т.е. како да се постигне излез (повлекување или извекување) на здружените вооружени сили од земјата. Овој период може да трае цела деценија (како што беше случајот со Ирак) или уште подолго (како што е денес случајот со Авганистан). Ангажирањето на здружените сили во вооружените кампањи е обележано и со преземање на реформи кои ја менуваат во целост и конфигурацијата на воената сила (како што беше случај со реформите на руските вооружени сили), сѐ со цел да се подигне нивото на експедиционите способности на здружените вооружени сили, за интервенција надвор од државната територија.

Во шестиот дел од трудот под наслов ,,Предлог за Стратегијата за ангажирање на силите или трансформација на здруженото војување“, извршено е согледување на основните стратегиски концепти на безбедноста и воените доктрини на: Руската Федерација, Република Франција, Израел и Република Словенија, понатаму Стратегискиот концепт на безбедност и анализа на воената доктрина на САД преку Здружената визија 2020 година на САД и Визијата на Министерството за одбрана на САД за ангажирањето на вооружените сили во здруженото војување. Се проработуваат основите на новиот стратегиски концепт на НАТО-алијансата. Трудот се заокружува со Предлог на Стратегија за изменет настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување и на крајот со заклучни согледувања, со библиографија и преглед на кратенки.

Во однос на извршеното аналитичко согледување, авторот на трудот доаѓа до следниве заклучоци и резултати од анализата, за тоа дека:

- изразена е потребата од воспоставување на нужно дијалектичко единство во примената на воената моќ и промените кои настапуваат во безбедносните опкружувања на национално, регионално ниво и воопшто во светот, а кои имаат и одлучувачко влијание врз изборот на конзистентна и спроведлива стратегија и доктрина за ангажирање на силите во здруженото војување;
- промените во политиките на националните влади или политичко-воените коалиции имаат исклучително важно значење во трансформацијата на националните концепти за безбедност и особено во доктрините за ангажирањето на вооружените сили, во здруженото војување;
- промените во националните стратегии често се движат од состојба на радикален настап, со примена на т.н. стратегии за ,,предно одвраќање“ или, пак, стратегии на т.н. ,,преемптивен напад“, па сѐ до помалку радикални и поеластични стратегии, во кои покрај одговорот на вооружените закани, одговорот содржан во овие стратегии го насочуваат и кон останатите невооружени закани, особено во борба против глобалниот тероризам и другите асиметрични закани и потребата за одговор на невооружените закани како што се хуманитарните или еколошките катастрофи и други предизвици, а со кои денес се соочува современиот свет;
- воената доктрина и особено здружената воена доктрина која произлегува од настанатите промени во националните стратегии мора да гради изменет настап во делот на подготовките и ангажирањето на силите во здруженото војување, а чие обележје е содржано во редизајнираниот простор на борбените системи на бојното поле, со примена на нов оперативен концепт и оперативен

дизајн и градење на нови структурни модели и оперативни тактики и техники во ангажирањето на вооружените сили во здруженото војување;

- кога станува збор за промените во стратегијата за изменетиот настап АРМ во здруженото војување, а со кои воедно се обезбедува целосообразен придонес во подготвеноста на системот за одбрана на РМ за учество во мисиите на ЕУ, ОН, ОБСЕ, мисии на НАТО алијансата и други меѓународни организации, потребно е прво да се следат основните ставови содржани во клучните документи од областа на одбраната на Р. Македонија, но истовремено и политиките на националните влади на водечките членки на политичко-воените коалиции, а кои се однесуваат на новините во стратегиските концепти и воените доктрини во здруженото војување. Редизајнираните содржини на овие клучни документи мораат да произлезат од бројните компаративни студии и аналитички согледувања, а кои ќе ги вршат одговорни државни органи (владини тела, комисии, институти и други стручни органи), вклучувајќи ги тука и експертите од областа на безбедноста и одбраната.

Стратегиски настап и концепт во ангажирањето на вооружените (здружените) сили во современите операции, сам по себе никогаш не може да ја гарантира ,,победата“ во војната. Ова од едноставна причина што проблемите со кои се соочуваат одредени национални заедници, региони и светот во целина (освен во одредени состојби) не можат успешно да се решаваат со примена на вооружена сила или, најмалку земено, примената на вооружена сила во никој случај не може да претставува трајно решение за проблемите. Од друга страна, пак, како што наведува авторот, постојаната потреба од промени и приспособување во стратегиите за изменет настап во ангажирањето на вооружените сили во современото војување засигурно ќе претставува постојана и силна провокација за сите воини и практикувачи на војната, воените аналитичари, полемолози, мислители и учени луѓе од подрачјето на воените и системските науки, како предизвик во решавање на загатката за изборот на најправилниот, најцелосообразниот и најефикасниот начин во ангажирање на вооружените сили во современото војување и посебно во здруженото војување.

## ОЦЕНА СО ПРЕДЛОГ

По анализата на докторската дисертација ,,Здруженото војување и современите безбедносни закани во светот“, изработена од кандидатот М-р Миле Петровски, Комисијата е едногласна во оценките дека трудот претставува сериозен научен потфат, заснован на добро разработена теориско-методолошка рамка, кој се одликува со кохерентност и елеганција на стилот на презентирање на содржините. Научниот труд на систематизиран и обемен начин обработува специфична и сложена проблематика поврзана со современите безбедносни закани и употреба на вооружена сила во разрешување на дел од националните противречности, регионалните противречности и противречностите со кои се соочува светот денес, во целина. Понатаму низ обработка на еволуцијата на современиот воен конфликт и современото војување, низ призма на здруженото војување и новите генерации на војни, авторот на многу јасен начин ја определува

истражувачката рамка во делот на здруженото војување и здружената доктрина. Посебно значајна е разликата која авторот ја повлекува во делот на ангажирањето на воените сили и настанатата трансформација во стратегиските концепти и доктрини во современите армии во светот. Материјата е солидно обработена и јасно изложена, додека, пак, пристапот и обработката на материјата е резултат на долгогодишната истражувачка работа на авторот.

Имајќи ја предвид актуелноста на претставената проблематика, м-р Миле Петровски со овој труд дава одреден теориски и практичен придонес, особено во делот на определувањето на долгорочните цели, преземените обврски и долгорочните планови за развој и употреба на Армијата на Република Македонија. Преку апсолвирање на процесот на промените треба да се создаде јасна визија за изградба на политичкиот и економскиот систем, а во тие рамки и на системот на одбрана.

Поради тоа, Комисијата има особена чест, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов „Здружено војување и современи безбедносни закани во светот" од м-р Миле Петровски, и на тој начин да овозможи премин кон следната фаза, јавна одбрана на трудот.

Комисија

1. Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.
2. Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.
3. Проф. д-р Тони Милески, с.р.
4. Проф. д-р Томе Батковски, с.р.
5. Доц. д-р Тања Милошевска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
*„АНАЛИЗА И ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА КАЈ*

*ИНТЕЛИГЕНТНИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ* ",
*ИЗРАБОТЕНА ОД* М-Р ХАЛИМ ХАЛИМИ,
*ПРИЈАВЕНА НА*
ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 02-1155/5 на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 28. V 2014 година, определени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација *Анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентни енергетски мрежи* од кандидатот м-р Халим Халими. Во тоа својство, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Општи податоци**

Докторската дисертација *Анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентни енергетски мрежи,* изработена од м-р Халим Халими, содржи вкупно 110 страници организирани во 5 поглавја и список на користена литература.

**2. Предмет и цел на докторската дисертација**

Со зголемената побарувачка на електрична енергија постои потреба за развивање на интелигентна мрежа која може да се справи со побарувачката за интелигентно користење на различни моќни ресурси и интегрирање на различните други компоненти, како утичница во електрично возило (Pluget in Electric Vehicles - PHEV) и безжични уреди.

Интелигентната мрежа треба да има способности со кои би се овозможило да се справи со пад на системот и со балансирање на понудата и побарувачката. Ова може да се постигне со интелигентно балансирање на потрошувачката меѓу периодите на нормална и евтина тарифа. Еден предлог е да се наполнат електрични возила (исто така вклучени во мрежа) за време на евтина тарифа и празнење назад во мрежа. На овој начин, мрежата е двонасочна. Енергијата може да се користи кога е потребно и се враќа назад во мрежата кога не е потребно.

Работата на интелигентната мрежа вклучува многу аспекти: производство на енергија со користење различни извори како соларна енергија, енергија на ветерот, геотермална и нуклеарна енергија, фосилни горива, интелигентна дистрибуција на енергија преку мониторирање на побарувачката на енергијата во различни региони и различни клиенти, следење на употребената енергија од страна на клиентите со користење на интелигентни мерни уреди и интелигентна испорака на енергија кога е потребно, изградба и интегрирање на апарати во мрежа, утичница во електрично возило (Plugged in Electric Vehicles - PHEV) и безжични уреди.

Електричната инфраструктура се состои од уредите за моќност, т. е. генератори, трансформатори, далекуводи, регулатори на напон, капацитивни елементи, мерни уреди итн., кои помагаат да се испорача електричната енергија. Енергетската инфраструктура служи за генерирање на енергија од различни извори и нивното сигурно и ефикасно пренесување. Информатичката инфраструктура им помага на комуникацијата и гарантира безбедност и сигурност. Таа е одговорна за: мерење на статусот на уредите во мрежата, балансирање на побарувачката и понудата, помага во дијагноза на грешките, во проверка на уредите и во непречено работење на вклучените уреди. Уредите би можеле да имаат сензори, да насетат различни услови и можат да бидат едноставни уреди како детектори за чад, автоматски прекинувачи и др. Исто така постојат и уреди за мерење на фазата (Phasor Measurement Units - PMUs), со кои се мерат електричните бранови облици во мрежата. PMUs се синхронизирани сензорски часовници (преку GPS) кои можат да ја читаат фазата на струјата и напонот на трафостаница за пренос на електрична мрежа [3]. Овие фазори може да испратаат 50-60 мерења во секунда [4].

Рамномерното оптоварување е важен аспект на истражување. Директна контрола на оптоварувањето (Direct Load Control - DLC) [5] од далечина може да ги контролира апаратите во домовите и од работното место, со која би се намалила потрошувачката на енергија. Од една страна, важно е да се преминува кон зелена енергија како сончевата, ветерот и сл., а од друга страна, важно е како да се направи најдобра употреба на овие обновливи извори на енергија и нивна интеграција во мрежата.

Контролата на одлуките на вградените системи во критична инфраструктура може да има значително влијание врз човечкиот живот и животната средина. Cyber-физичките системи треба да го комбинираат донесувањето на одлуки при пресметување на Cyber страната и со физичка контрола на уредот од друга страна. Мрежата која поврзува интелигентни уреди мора да се осигура дека критичните податоци се достапни во моментите на донесување одлуки. Интелигентната мрежа со сите свои предности мора да биде толерантна на грешки, сигурна и безбедна. Таа треба да биде во можност да ги детектира грешките во системот на почеток, за да може да се заштити од каскадни ефекти.

Класичната електроенергетска мрежа користи централизирана команда и контролна структура, како што е Supervisory Control and Data Acquisition (SCADA) системот, во кој човекот мониторира и донесува одлуки. SCADA-системот обезбедува механизам за идентификување на грешките. Понатаму, дури и кога SCADA-системите се извршуваат со специфични параметри, можат да се случат катастрофални грешки (на пр. каскадни неуспеси) [6]. За мрежата е исклучително важно откривањето на грешките да се врши на почетокот, бидејќи грешките можат лесно да се простираат низ мрежата и да доведат до целосен прекин.

Такво затемнување се случи во август 2003 година, во мрежа која вклучува 45 милиони луѓе во САД и 10 милиони луѓе во Канада. Така, проектирањето на толерантна мрежа при грешки е многу важно. Во таа насока, треба да се овозможи пренасочување на енергијата кон алтернативни патеки, кога нивната патека е

нарушена. Zimmer and Mueller [6] предложија рутирање на толерантни мрежи преку софтвер.

Важен проблем кој е поврзан со интелигентната мрежа е проблемот на безбедноста и приватноста. Обезбедувањето на интелигентна мрежа е многу важно, не само од терористички напади, но и од клиентите, како и градење на авторитети за подесување на различни уреди. Информациите од далечински терминални единици (Remote Terminal Units - RTU) во трафостаница се потребни не само за дистрибуција на електрична енергија, но исто така и за пресметување на трошоците, за предвидување на идните услови и за следење во случај на неочекувани случаи. Сите овие задачи се вршат за секој корисник одделно. На пример, одборот за одржување ќе го мониторира мрежата, а пресметката на трошоците и анализа е направена од страна на ревизорската единица. Сите информации мора да бидат испратени само до корисници одговорни за одредена работа. Контролата на пристап на тој начин станува многу важно прашање во интелигентните мрежи.

Постојната литература се фокусира на автентикација [7], [8], [9] или за заштита на приватноста [10], [11]. Безбедносната архитектура која ја интегрира агрегацијата на податоци со зачувувањето на приватноста и контролата на пристапот е еден од клучните сегменти на интелигентната мрежа. Агрегацијата на податоци е проучена од страна на Li во [12], но е многу ограничена во обем. Таа претставува агрегација на податоци со заштита на приватноста во локално соседство (типично во building area network) без фокусирање на голема агрегација. Контролата на пристапот е проучена од страна на Bobba во [3]. Тие предложија енкриптирана шема за контрола на пристап во интелигентни мрежи. Главната претпоставка е постоењето на центар за дистрибуција на клучевите (Key Distribution Center - KDC), кој дистрибуира клучеви и правила за пристап до испраќачите и приемниците. Приемникот може да ја декриптира информацијата ако има валидна низа на атрибути. Правилата се имплементирани во XML, а механизмот за енкрипција користи KEM-DEM хибридна енкрипција воведена од страна на Cramer и Shoup [13]. KDC дистрибуира клучеви и правила за пристап. Во [24] е предложена нова архитектура за агрегација на податоците со зачувување на приватноста и контрола на пристапот.

Интелигентната енергетска мрежа, исто така, може да понуди услуги како интелигентна контрола на апаратите за енергетска ефикасност и интеграција на дистрибуирани извори на енергија (Distributed Energy Resources - DERs), за намалување на емисиите на јаглеродот [14]. Очигледно, тоа не е едноставна мрежа во смисла на сегашната електрична мрежа. Тоа може да се смета како „систем од системи" која вклучува и информатичка технологија (Information Technology - IT) и систем за електрична енергија.

Таков сложен систем несомнено претставува многу предизвици, особено во cyber-безбедноста и апектот на приватност на податоците. Ваков сложен систем составен од електричниот и телекомуникацискиот систем е потенцијална цел на малициозни, но добро опремени и добро мотивирани напади. Односно, мрежата може да биде предмет на физички напади од страна на човечкиот фактор, од страна на злонамерен софтвер кој може да им наштети на системот за контрола,

или со користење на ресурсите на системите за вршење на сопствени задачи на напаѓачот. Некои од овие форми на нарушување што се случуваат во мрежата можат да бидат многу опасни. Заканите врз платежните информации на одредени корисници може да предизвикаат големо економско нарушување ако тие не се следат внимателно. Исто така, зголеменото поврзување во мрежа ќе овозможи и зголемување на личните информации, што може да влијае врз приватноста на потрошувачите. Иако современите безбедносни технологии, како што се виртуелните приватни мрежи (Virtual Private Networks - VPNs), системите на неовластен пристап (Intrusion Detection Systems - IDSs), инфраструктурата со јавен клуч (Public Key Infrastructure - PKI), антивирусниот софтвер, огнениот ѕид (firewalls) итн. се добра заштита за IT-инфраструктурата. Овие методи се уште не можат да бидат многу ефективни со директно имплементирање во интелигентна енергетска мрежа без промени и приспособувања.

Вклучувањето на безбедносен бедем или прокси системи може да го намали ризикот од појава на напади со одбивање на сервиси (Denial of Service) од серверот, но овие стратегии се немоќни од нападите врз апликацискиот слој, на пр. со појава на некој Trojan. Trojan horse-от овде претставува малициозен софтвер кој дејствува како да врши предвидена функционалност, но тајно ги предава сертификатите и други безбедни информации на напаѓачот. Мрежата обично е опремена со сопствени подмрежи и IP-сегменти. Овие мерки имаат тенденција да го направаат малку побезбеден во споредба со општите системи изградени надвор од интернетот.

Системот за управување на енергетска мрежа претставува автоматизиран систем реализиран во затворени и наменски мрежи, и извршува соодветни протоколи. Вообичаено се реализира како група на контролни центри. Секој контролен центар управува со регионална мрежа, која во себе опфаќа неколку трафостаници и има директни врски со уредите во регионалната мрежа. Контролниот центар од овие трафостаници собира информации за статусот на мрежата и врз основа на собраните информации го приспособува системот на напојување за исполнување на барањата и истовремено ги открива и реагира на слабостите или проблемите при извршување со инструкции за контролните уреди за да преземат соодветни дејствија. Контролните центри соработуваат со регионалните мрежи за донесување на одлуки.

Во последната деценија, постојано се зголемуваат напорите за развој на следната генерација на електричната мрежа, позната како интелигентна енергетска мрежа. Интелигентната мрежа ги комбинира традиционалниот електроенергетски систем и јавните мрежи и овозможува далечински пристап на широк спектар корисници. Со помош на слојот за комуникација и контрола, интелигентната мрежа овозможува локална обработка на податоци, децентрализирана контрола, двонасочен пренос на електрична енергија, сигурност и ефикасност.

Целта и задачата на интелигентна мрежа е да обезбеди подобрена сигурност, како на пример: дијагноза во реално време, самолекување, самоактивирање, автоматско управување со прекинувањето, ефикасност (на пр., сместување на идните алтернативни обновливи извори на енергија, активно управување со

полнењето на електрични возила, рентабилно производство на електрична енергија, пренос и дистрибуција) и безбедност.

**3. Анализа на докторската дисертација**

Првата група на истражување во оваа докторска дисертација е насочена кон подобрување на безбедноста кај безжичните комуникации во интелигентна енергетска мрежа. Од тој аспект, предложено е да се имплементира шема за состанок на фреквентен кворум (Frequency Quorum Rendezvous - FQR) наместо класичната техника Frequency Hopping Spread Spectrum (FHSS). FQR нуди две предности: прво, FQR ја намалува латентноста и второ, FQR не бара никакви познавања за претходните секвенци добиени со скокање низ различни фреквенции, која е побрза и стабилна. Така, предложеното решение ќе ги заштити приватните информации на потрошувачите и системот на податоци во интелигентна енергетска мрежа.

Од аспект на безбедносната структура, во оваа докторска дисертација е предложена три-слојна комуникациска архитектура на интелигентна енергетска мрежа. Потоа, за обезбедување и сигурност на оваа архитектура е предложено интегрирање на постојните безбедносни решенија, кои се значајни за одбрана на мрежата против сегашните и идните потенцијални напади.

Со цел подобрување на безбедноста во интелигентните енергетски мрежи, во оваа дисертација, исто така, е предложена нова безбедносна архитектура за агрегација на податоци со зачувување на приватноста и контрола на пристап. Оваа архитектура се состои од два дела. Во првиот дел, предложено е да се користи една поефикасна шема за агрегација на податоци со зачувување на приватноста (An Efficient and Privacy-Preserving Aggregation - EPPA) [22].

Предизвикот кон барањата на новите шеми за дистрибуција и управување со клучевите е обезбедување на напредна мерна инфраструктурата (Advanced Metering Infrastructure-AMI) од сајбер-напади. Во оваа докторска дисертација, предложена е шема за дистрибуција и управување со клучеви во домашна мрежа (Home Area Network – HAN) и мрежата во соседството (Neighborhood Area Network – NAN). Предложената шема за безбедниот пар - клучеви во HAN е дизајнирана да обезбеди автентичност на интелигентни апарати во безжична мрежна ѕвезда на апарати во HAN.

Дизајнираната шема за дистрибуција на безбедниот пар-клучеви во NAN обезбедува автентикација на интелигентни мерни уреди во безжична меш мрежа. За двете шеми е дадена шемата за ажурирање на клучевите, групното агрегирање, повлекување на клучевите и безбедносна анализа.

Секако, најголемата потврда на архитектурите доаѓа од објавените научни трудови во кои е опфатена проблематиката истражувана во оваа докторска дисертација.

Текстот на докторската дисертација е организиран на следниов начин:

- во Глава 1 е даден вовед во проблематиката на докторската дисертација, опишана е мотивацијата за изработката и постигнатите придонеси во докторската дисертација;
- во Глава 2 е даден преглед на состојбата во областа на докторската дисертација, кадешто се прикажани неколку аспекти кои придонесуваат кон подобрување на безбедноста на интелигентните енергетски мрежи;
- во Глава 3, најпрво е презентирана имплементација на состанок на фреквентен форум алгоритамот во безжична интелигентна енергетска мрежа. Потоа е презентирана новопредложена безбедносна архитектура за агрегација на податоци со зачувување на приватноста и контрола на пристапот;
- во Глава 4 се прикажани безбедносни шеми за дистрибуција и менаџирање со клучеви во интелигентна енергетска мрежа. Прво се претставени модели на системите, а потоа компонентите на системите, шемата за идентификација на интелигентни мерни уреди, безбедна агрегација на податоци со висока стапка, групно генерирање на клучеви за интелигентни уреди, ажурирање на клучеви, како и безбедносна анализа на предложените шеми;
- сите наведени елементи од претходната и оваа глава го формираат главниот придонес во овој докторски труд;
- на крајот од текстот на докторскиот труд се дадени заклучни разгледувања за поставените и остварените цели во рамките на ова истражување. Исто така, предложени се и насоки за понатамошни истражувања во оваа област.

## 4. **Трудови од областа на докторската дисертација**

Резултатите од истражувањето на проблематиката на докторската дисертација, кандидатот м-р Халим Халими успешно ги публикувал во следниве трудови:

[1] H. Halimi, A. Tentov, “Implementation of frequency quorum system for securing physical layer in wireless smart grid”, IEEE International Conference, Advances in Control Engineering (ACE 2013), 2013, pp. 13-18.

[2] H. Halimi, A. Tentov, “A new security architecture for privacy-preserving aggregation and access control in smart grids”, International Journal of Data & Network Security, vol. 3, no. 2, 2013, pp. 67-76, ISSN: 2319-1236.

[3] H. Halimi, A. Tentov, “Securing smart Grid: cyber security requirements and current security solution”, IEEE International Conference, Advances in Control Engineering (ACE 2013), 2013, pp. 19-25.

[4] H. Halimi, A. Tentov, “A secure key distribution and management scheme for home area network in smart grid”, International Journal of Computer & Technology, vol. 12, no. 8, 2014, pp. 3778-3785. ISSN 2277-3601.

[5] H. Halimi, A. Tentov, “A secure key distribution and management scheme for neighborhood area network in smart grid”, International Journal of Computer Science and Technology, vol. 5, Issue 1, 2014, pp. 174-178. ISSN: 0976-8491 (Online), ISSN: 2229-4333 (Print).

## 5. Оригинални придонеси на докторската дисертација

Придонесите на оваа докторска дисертација се безбедни архитектури за комуникации, кои ја подобруваат безбедноста во интелигентните енергетски мрежи.

Предложена е нова архитектура за безбедни комуникации во интелигентна мрежа, која интегрира ефикасна шема за агрегација и зачувување на приватноста и за контрола на пристапот. Шемата е повеќедимензионална и се базира на homorphic Paillier-криптосистем. Повеќедимензионалната шема за агрегација на податоци со зачувување на приватноста значително ја намалува цената на пресметувањето и обезбедува ефикасност во комуникациите на интелигентната мрежа. Шемата обезбедува високо ниво на сигурност и способности за зачувување на приватноста. За контрола на пристапот се користени ABE-шеми. Шемата користи повеќе KDC, кои неа ја прават децентрализирана, и со тоа таа станува поотпорна и поефикасна во споредба со шемата со една KDC.

Покрај претходно предложените шеми, предложена е и нова трислојна безбедносна архитектура приспособена според постојните безбедносни решенија. Во шемата за зачувување на приватноста, наместо еднодимензионална шема, се предлага да се имплементира повеќедимензионална шема, која ги намалува надминувањето на пресметувањето и комуникацијата.

Следниот придонес на оваа докторска дисертација е предлог-имплементација на FQR наместо RH-алгоритамот во физичкиот слој на безжичните интелигентни енергетски мрежи. Физичкиот слој е најнискиот слој од хиерархијата на безжичната мрежна архитектура со повеќе слоеви. Оваа архитектура ги задоволува барањата на апликациите во интелигентна мрежа. Нападите кон овој слој се предизвик за целата архитектура. Симулирани се два параметра: време на латентност [временски слот] без напади како просечно време на јазлите за состанок (Rendezvous), и латентноста под PHY-напади. Во првиот експеримент, се испитува влијанието на времето на латентност (слотови) за пренесување $2l$ пакети со $P_j$=0 од бројот на расположливи фреквенции (N). Од симулацијата се забележува дека FQR-алгоритамот покажува подобри перформанси во споредба со RH. Според тоа, разликата на времето на латентност се зголемува со зголемување на N, и кога N = 100, FQR-алгоритмот го намалува времето на латентност приближно за 30 %.

Во следниот експеримент се испитува влијанието на времето на латентност на ефикасноста на FQR-шемата од веројатноста на PHY напади во безжична мрежа во случај на 100 потенцијални канали (фреквенции). FQR-алгоритамот покажува подобри перформанси во споредба со RH во однос на времето на латентност. Очигледно, FQR го намалува времето на латентност и за поголема вредност на веројатноста, $P_j$=0.9 намалувањето е околу 35 %.

Од симулацијата на претходните алгоритми, се заклучува дека FQR-алгоритамот значително ја намалува латентноста на системот.

Понатаму, предложена е нова шема за дистрибуција и менаџирање со клучеви за мрежа во соседство во интелигентна енергетска мрежа. Оваа шема е дизајнирана за хиерархиска мрежна структура и може да вклучува различни топологии на комуникациски мрежи помеѓу интелигентни мерни уреди SM.

Шемата обезбедува интегритет, приватност и автентикација на податоците во реално време од индивидуалните барања за моќност и агрегирајќи ги нив како одговори во реално време. За обезбедување на индивидуалните барања за моќност помеѓу Gateway и SM е предложена дистрибуција на парот клучеви.

Предложена е и нова шема за дистрибуција и менаџирање со клучеви за домашна мрежа, која претставува главна компонента во комуникациската инфраструктура на интелигентна енергетска мрежа. Шемата обезбедува интегритет, приватност и автентикација на интелигентните уреди при пренесување на нивните индивидуални барања за моќност, агрегирајќи ги нив како одговори во реално време. За обезбедување на индивидуалните барања за моќност помеѓу G и уредот $D_i$ е предложена дистрибуција на парот клучеви.

Предложените модели овозможуваат анализа и подобрување на безбедноста во интелигентните енергетски мрежи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека во дисертацијата *Анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентни енергетски мрежи* е даден оригинален придонес кон процесот на анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентните енергетски мрежи.

Кандидатот м-р Халим Халими покажува длабоко познавање на темата и проблематиката третирана во докторската дисертација. Дава свој научен придонес во развојот и имплементацијата на безбедносни алгоритми, шеми и архитектури кај интелигентните енергетски мрежи.

Извршена е и проверка на системот за детектирање *плагијати*, при што овој систем дава податок дека нема плагијат во оваа докторска дисертација.

Врз основа на сето изнесено, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатот м-р Халим Халими да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација *Анализа и подобрување на безбедноста кај интелигентни енергетски мрежи*.

**Комисија за одбрана на докторската дисертација**

1. Проф. д-р Марјан Попов, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аристотел Тентов, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Антон Чаушевски, член, с.р.
4. Доц. д-р Марија Календар, член, с.р.
5. Доц. д-р Сања Велева, член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

На теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје
на седницата одржана на 19. 06. 2014 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Сузана Вејсло | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: “Квантитативни и квалитативни карактеристики на плунката кај пациенти по тотално протезирање”.<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: “Quantitative and qualitative characteristics of saliva in patients after giving the total dentures” | Проф. д-р Ќиро Ивановски |
| Нада Спировска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик: “Состојбата на гингиво-пародонталното здравје кај средношколската популација”<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик: “Assessment of gingival and periodontal health status among high school students” | Проф. д-р Ќиро Ивановски |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на VIIСЕДНИЦА одржанана 30.05.2014 година**

| Ре дб р. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Маја Ивановска | Невработенота и активните мерки за долгорочно невработени лица во Република Македонија | проф. д-р Сузана Борнарова |
| 2. | Урим Каба | Улогата на централната и локалната власт во социјалната политика во Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| 3. | Насер Нухии | Организација на образовно-еколошки активности на локално ниво | проф. д-р Снежана Адамческа |
| 4. | Билјана Јаневска | Наградувањето како мотивациски фактор на вработени лица | проф. д-р Јован Пејковски |
| 5. | Билјана Стоименовска | Регрутирање и селектирање – фактори за успех во работата на организациите | проф. д-р Јован Пејковски |
| 6. | Бисера Шопова | Обуките во функција на развој на вработените во организации од јавен и приватен сектор | проф. д-р Анета Баракоска |
| 7. | Милан Лакоски | Улогата и распространетоста на воената моќ во услови на современите глобализациски процеси | доц. д-р Горан Зенделовски |
| 8. | Катерина Трајковска | Влијанието на социјалните мрежи врз социјалниот развој кај децата | доц. д-р Иван Трајков |
| 9. | Весна Бошкова | Еколошка едукација кај учениците во основното образование во Република Македонија и Европската унија | проф. д-р Илија Ацески |
| 10. | Златко Кованцалиев | Коскени предмети за производство и обработка на текстил од Стоби | доц. д-р Марјан Јованов |
| 11. | Александра Чевреска | Керамика од бронзео време во скопско-кумановски регион | проф. д-р Драги Митревски |
| 12. | Благица Станоевска | Имплементација на ASQ-3/ Етапен развоен прашалник во Република Македонија | проф. д-р Владимир Трајковски |

**Review**
**on Topics for MA Thesis Writing at the Faculty of Philosophy in Skopje, Submitted to the Seventh Council, held on 30th of May, 2014**

| No. | Name of candidate | Thesis | Supervisor |
|---|---|---|---|
| 1. | Ivanovska, Maja | Unemployment and Active Measurements for Long-term Unemployed Persons in Republic of Macedonia and Republic of Serbia | Suzana Bornarova, Prof. PhD |
| 2. | Kaba, Urim | The Role of Central and Local Government in the Making of Social politics in Republic of Macedoina | Jovan Pejkovski, Prof. PhD |
| 3. | Nuhii, Naser | Environmental Management on Local Levels | Snezana Adamceska, Prof. PhD |
| 4. | Janevska, Biljana | Rewarding as a Motivational Factor for the Employees in Republic of Macedonia and Abroad | Jovan Pejkovski, Prof. PhD |
| 5. | Shopova, Bisera | The Employee Trainings as a Development Factor in the Organizations of the Public and the Private Sectors | Aneta Barakoska, Prof. PhD |
| 6. | Stoimenovska, Biljana | Recruitment and Selectiveness as Factors for Successful Functioning of Organizations | Jovan Pejkovski, Prof. PhD |
| 7. | Lakoski, Milan | The Role and the Prevalence of the Military power in the Terms of the Contemporary Globalization Processes | Goran Zendelovski, Asst. Prof. PhD |
| 8. | Trajkovska, Katerina | The impact of Social Networks on the Social Development of Children | Ivan Trajkov, Asst. Prof. PhD |
| 9. | Boshkova, Vesna | Environmental Education in Republic of Macedonia’s and in European Union’s Primary Schools | Ilija Aceski, Prof. PhD |
| 10. | Kovancaliev, Zlatko | Bone objects for Production and Manufacture of Textile from Stobi | Marjan Jovanov, Prof. PhD |
| 11. | Cevreska, Aleksandra | Bronze Age Pottery from Skopje and Kumanovo Regions | Dragi Mitrevski, Prof. PhD |
| 12. | Stanoevska,Blagica | Implementation of ASG-3/Ages and Stages questionnaires in Republic of Macedonia | Vladimir Trajkovski, Prof. PhD |

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ,,УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р МЕРИ КАРАНФИЛОВСКА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а в врска со поднесената докторска дисертација на тема:**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на ден 23.05.2014 година, донесе одлука бр. 02-972/2 од 28.5.2014 година, за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Татјана Петковска Мирчевска
2. д-р Татјана Петковска
3. д-р Нада Секуловска
4. д-р Биљана Ангелова
5. д-р Диана Бошковска.

Членовите на Комисијата со особено внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација под наслов:**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска**, и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација под наслов:**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска**, обработува интересна и актуелна тема од областа на социјалниот маркетинг. Во секое општество постојат многубројни проблеми, кои државата и граѓаните се обидуваат да ги решат. Сѐ повеќе луѓе во многу општества се подготвени за социјални промени во нивниот начин на живеење, нивните економски и социјални системи, нивното однесување, верување и вредности. Тие промени може да се одвиваат спонтано - без план и организирано, со поставување на определена цел.

Социјалниот маркетинг го подразбира достигнувањето на одредена цел преку знаење, техника и технологија на маркетингот во организирањето и примената на социјалните програми.

Социјалниот маркетинг претставува примена на маркетиншки концепти во социјални програми (проекти, кампањи, интервенции и сл.) што му носат полза на општеството (јавно здравство, безбедност, животна средина и заедници)[1]. Социјалниот маркетинг може да обликува ефективна рамка за социјални програми за промена на однесувањето и може да им понуди корисни алатки на организациите што се обидуваат да внесат промени во однесувањето.

Постојат неколку дефиниции на социјалниот маркетинг, но една од најчесто користените е онаа на Андреасен кој го опишува социјалниот маркетинг како примена на технологиите на комерцијалниот маркетинг во анализата, планирањето, извршувањето и евалуацијата на програмите што се дизајнирани да влијаат врз слободното однесување на целните групи за да се подобри нивната благостостојба, како и благосостојбата на општеството.

Во оваа дефиниција се илустрирани четири клучни карактеристики. Првата е фокусот на промената на слободното однесување: социјалниот маркетинг не е поврзан со принуда или присилување. Втората е дека социјалните маркетери се обидуваат да иницираат промена со примена на принципот на размена - сфаќањето дека мора да има јасна корист за потрошувачот за да се случи промена. Трето, дека треба да се користат маркетиншките техники како што се истражување на пазарот ориентирано кон потрошувачите, сегментација и таргетирање, како и маркетинг-миксот. Последно, крајната цел на социјалниот маркетинг е да ја подобри индивидуалната благосостојба и општата благосостојба во општеството, а не само на организацијата, што го разликува социјалниот маркетинг од традиционалниот маркетинг.

Принципите и техниките на социјалниот маркетинг често се користат за да се подобри јавното здравје, да се спречат различни незгоди, за да се заштити

животната средина и да се зголеми инволвираноста во заедницата. Во оние што се ангажираат во активностите на социјалниот маркетинг се вклучени професионалци во агенциите на јавниот сектор, непрофитни организации, корпоративен маркетинг и односи со заедницата и рекламирањето, односи со јавноста и фирми за маркетиншко истражување.

Другите пристапи за промена на однесувањето и влијанието врз социјалните проблеми ги опфаќаат формирање различни типови на заедници, технолошките иновации, научните откритија, економските притисоци, законите, подобрените инфраструктури, промените во практиката на корпоративниот бизнис, новите политики за школството и наставните програми, јавното образование и медиумите. Многумина се сложуваат дека овие фактори и публика припаѓаат во рамките (дури и во одговорностите) на социјалните маркетиншки работници.

Во Република Македонија, примената на социјалниот маркетинг е од исклучителна важност, особено ако се подобри ефективноста на социјалните програми од аспект на нивната корисност во општеството. Искуствата во развиените земји во овој домен, можат да претставуваат основа за дефинирање на идни насоки за поефикасна имплементација на програмите на социјален маркетинг во Република Македонија.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов:**УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска,** содржи пет тематски целини, односно поглавја, Вовед, Заклучок, Користена литература и Прилози. Списокот на користена лтература содржи импозантен број на релевантни извори, интернет-страници и други релевантни извори.

Во **воведот** се објаснети актуелноста на проблематиката која се истражува, предметот, целта и применетата методологија.

Првата глава под наслов: ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ, се состои од пет потточки што го обликуваат контекстот во кој можат да се применат концептите и алатките на социјалниот маркетинг. Таа почнува со дефинирање на социјалниот маркетинг и елаборирање на основите за појава и развој на социјалниот маркетинг: социјалните промени, социјалните проблеми и нивната структура. Потоа се разработува процесот на креирање на т.н. агенди за третирање на социјалните проблеми, односно медиумска, јавна и агенда на политики. Овој дел, исто така, објаснува како се структуираат социјалните проблеми за да можат да се применат алтернативни и комплементарни решенија.

Во тој контекст, влијанието на опкружувањето е од исклучително значење. Тоа се објаснува како дејствување на различни фактори (економски, политичко-правни, културолошки и др.) и влијаење врз мотивирањето, способностите и можностите на целната публика за таа да го усвои однесувањето што е посакувано за општеството.

Во продолжение е дадена хронологија на развојот и примената на социјалниот маркетинг во различни фази на развој на опшеството и при разрешување на соодветни проблеми кои се карактеристични за тој степен на развој. Свеста за социјалниот маркетинг во 21 век се наоѓа на прилично високо ниво и тој е прифатен како иновативен пристап кон влијанието врз општествените текови. Во светот веќе 40 години се развива на начин кој е сличен на развојот на едно човечко суштество. Социјалниот маркетинг го помина своето детство и адолесцентска фаза и сега може да се смета дека влегува во зрела фаза од неговиот развој. Како и кај луѓето, секоја од овие фази одразува важни конфликти, а на раната зрела фаза може да се гледа како на период во кој се идентификува потребата за афирмација и за етаблирање на идна кариера. На крајот na оваа глава се елаборира и се потенцира значењето на социјалниот маркетинг во современите услови на живеење и работење.

Во втората глава под наслов: СПЕЦИФИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ се елаборираат некои теоретски стојалишта на

социјалниот маркетинг, појавата на многу дефиниции и пристапи за систематизирање на овој поим. Специфична карактеристика на социјалниот маркетинг е дека тој го презема учењето од традиционалниот маркетинг и го применува во решавањето на општествените и здравствените проблеми. Маркетерите и стручњаците од јавното здравство го развиваат и го рафинираат овој начин на размислување, и употребуваат техники од традиционалниот маркетинг во врска со семејното планирање и програмите за контрола на болести. Размислувањето и техниките на социјалниот маркетинг се прошириле во развиениот свет. Социјалниот маркетинг може да се примени не само на однесувањето на поединечни лица, туку и на однесувањето на професионалци, организации и креатори на политики. Тој, од друга страна, може да бара промена на однесувањето на професионалци (на пример, да се охрабрат лекари или стоматолози да бидат повеќе проактивни во превенцијата); на однесувањето на трговци на мало (да се натераат да го почитуваат повеќе Законот за продажба на цигари или алкохол на малолетници, или да се убедат да не изложуваат слатки работи на касите); и однесувањето на креаторите на политики и закони (да се убедат да донесат закон за забрана на пушење, да ја подобрат станбената политика, или да го ограничат рекламирањето за децата).

Постојат неколку важни карактеристики кои го разликуваат социјалниот маркетинг и маркетингот на комерцијалниот сектор. Социјалните маркетиншки работници се фокусираат на продажба на однесување, додека комерцијалните маркетиншки работници повеќе се фокусираат на продажба на стоки и услуги. Маркетиншките работници од комерцијалниот сектор ги позиционираат своите производи наспроти производите на други компании, додека социјалниот маркетиншки работник се натпреварува со моменталното однесување на јавноста и на со неа поврзаниот бенефит. Примарниот бенефит од една ,,продажба" во социјалниот маркетинг е добросостојбата на поединец, група, или општество, додека во традиционалниот маркетинг тоа е богатството на акционерот.

Во продолжение на оваа глава, се опишуваат шесте маркетинг- карактеристики на Андреасен за да се испита една „вистинска" социјална програма. Секоја

програма има за цел промена на однесувањето. Целите за промена на однесувањето што се одредуваат во програми опфаќаат: да се редуцира или забави се поголемата употреба на дрога, да се зголеми бројот на луѓе што се откажуваат од пушење, да се убедат локалните совети да донесат или да ја зајакнат легислативата за продажба на штетни супстанции. Кога поставувањето и мерењето на промената во однесувањето не е практично или економски изводливо, може да се разгледаат алтернативи, вклучувајќи ги и оние што ја мерат свеста при кампањите, реакцијата, процесот, и/или порастот на знаење, верувања и намера. Со оглед на тоа што посебните цели на кампањата претставуваат основа за евалуација, многу е важно тие да се релевантни за напорите на кампањата и да можат да се мерат.

Втората карактеристика е користењето на истражувања на потрошувачите. Најнапред е објаснето маркетинг-истражувањето на социјалните програми и критериумите што се користат при тоа истражување. Потоа се обработуваат чекорите во планирањето на социјалниот маркетинг и самиот план на истражување. Маркетерите треба да знаат колку што можат повеќе за конкуренцијата, кои се алтернативите против конкуренцијата, и кои се нивните слаби страни. Во овој дел се објаснети различните видови на истражување. Типично истражување на потрошувачите што го спроведуваат програмите вклучува испитување на потребите на заедницата, фокусни групи, квалитативни интервјуа, преттестирање на материјалите и пилот-тестови за активности на програмата пред нејзиното главно спроведување.

Трета карактеристика е сегментацијата и таргетирањето. Социјалните маркетери мора да знаат од каде доаѓа публиката, што мисли таа за понудата што е имплицитна во програмата, што гледа како бенефити и трошоци, што мислат нивните пријатели и дали мислат дека можат да го прифатат новото однесување. Селектирањето на целните пазари е процес од три чекори: (1) сегментирање на пазарот, (2) евалуација на сегментите и (3) избор на еден или повеќе сегменти за таргетирање. Традиционалните променливи величини што се користат за да се опишат пазарите на потрошувачите опфаќаат демографски, географски,

психографски и бихејвиорални променливи величини. Примарната цел на кампањата на социјалниот маркетинг е промена на однесувањето. При креирање и планирање на кампањите на социјалниот маркетинг треба да се имаат предвид специфичните цели, односно тоа што би требало целната публика да го добие од програмата. Овие цели треба да бидат јасни, едноставни и изводливи. Повремено, социјалниот маркетиншки работник исто така треба да постави една или две дополнителни цели. Посебните цели се квантитативни, мерливи и се однесуваат на специфичен фокус на кампањата, на целната публика и на временската рамка. Во идеален случај, тие го поставуваат саканото ниво на промена на однесувањето како резултат на напорите на програмата и на кампањата. Програмите покажуваат сегментација и таргетинг ако, на пример, активностите биле подготвени за програмите да бидат соодветни според возраста или посебно соодветни за околината во која се спроведуваат, или ако активностите и материјалите биле насочени кон специфични групи, како што се на пример лица со ниски лични примања или членови на етнички малцинства.

Четврта карактеристика е употребата на повеќе од еден елемент од маркетинг-миксот. Маркетинг-миксот се состои од “4 П”: Производ (Product), Цена (Price), Место/ Дистрибуција (Place), Промоција/Комуникација (Promotion/Communication). Од аспект на социјалниот маркетинг, производот е тоа што се продава: посакуваното однесување и со него поврзаната корист. Тој исто така ги вклучува сите материјални предмети и услуги што се подготвуваат за да дадат поддршка и да го олеснат менувањето на однесувањето на целната публика. Платформата на производот има три нивоа: основниот производ (користа од однесувањето), тековниот производ (специфичното однесување што се промовира) и подобрениот производ (сите материјални предмети и услуги поврзани со програмата). Цената на производот во социјалниот маркетинг е трошокот што целната публика го поврзува со усвојувањето на новото однесување. Трошоците може да се монетарни или немонетарни по својата природа. Местото, односно дистрибуцијата, означува каде и кога целниот пазар ќе го прикаже посакуваното однесување, ќе се здобие со некакви поврзани материјални предмети и ќе добие некакви поврзани услуги. Дистрибутивните канали, како што

често се нарекуваат во традиционалниот маркетинг, опфаќаат повеќе од само физички локации, со други алтернативи што може да се попогодни за целната публика, како што се телефон, пошта, факс, интернет, мобилни единици, испорака до домови, киосци и апарати за продажба. Промоцијата е убедувачка комуникација и е алатка за обезбедување дека целната публика знае за понудата, верува дека ќе ги доживее наведените користи и е инспирирана да делува. На пример, една програма за школство може да опфаќа елементи од школскиот курикулум, обука на наставници, материјали и домашни активности (позиционирање, промоција/комуникација, лице), додека една програма за пристап може да опфати застапување на медиуми, развој на политики и активности во заедницата (позиционирање, промоција/комуникација, политики). Петта карактеристика е размената, а шестата карактеристика се однесува на користење стратегии што се обидуваат да ја минимизираат конкуренцијата. Маркетерите земаат предвид што би ги мотивирало луѓето да се ангажираат доброволно во програмата и да им се понуди некаков бенефит за возврат (размена). Размената би можела да е материјална или нематеријална. Примери: превентивни програми во школи кои ги нагласуваат позитивните бенефити од неконсумирање на алкохол или им нудат на учениците можност да учествуваат во привлечни активности каде што не се користи алкохол; програми за откажување од пушење што користат стратегии за мотивирање или нудат инспиративни примери во форма на сведоштва; и програми за пристап што ги наградуваат одговорните трговци на мало со позитивен публицитет и одобрување од страна на заедницата.

Стратегиите можат да се однесуваат на конкуренцијата на надворешно или внатрешно ниво, или на двете. Надворешните стратегии за конкуренција опфаќаат усвојување и охрабрување на почитувањето на политиките (пример: се намалува пристапот на младите луѓе да дојдат до недозволени супстанции кои предизвикуваат зависност и се опасни по нивното здравје). Внатрешните стратегии вклучуваат предавања за превенција (пример: за повторно користење) и имплементација на вештини за справување со проблемите.

Во третата глава под наслов: ПЛАНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ ПРОЦЕС се елаборирани фазите на маркетиншкото планирање и е препорачан модел од 10 чекори за подготовка на социјални маркетиншки планови. Маркетерите треба да почнат со разјаснување на целта и фокусот на планот; да продолжат со анализирање на тековната ситуација и околина, да ги идентификуваат целните пазари, да ги поставaт општите и посебните маркетиншки цели, да ја разберат позицијата на целната публика, да го одредат посакуваното позиционирање на понудата, да креираат стратешки маркетиншки микс (4П) и потоа да подготват евалуација, буџет и планови за имплементација. Иако планирањето е последователно, процесот е попрецизно опишан како спирален отколку како линеарен, затоа што може да има потреба да се врати назад и да се поправи претходниот чекор пред да се заврши планот. Со оглед на ориентираноста кон потрошувачот на сите добри маркетиншки програми, напорите за планирање се фокусираат околу целниот пазар, а истражувањето – и екстерното и интерното – се клучни за успех.

Во четвртата глава под наслов: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРИМЕНАТА НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ ВО СВЕТОТ е претставена компаративна анализа на водените социјални програми во некои земји со различно ниво на економски развој. Беше направена анализа која се базира на секундарни податоци добиени од различни извори и кои се однесуваат на примената на социјалниот маркетинг во САД, некои земји од Европа и Африка. Анализата ги потенцира специфичностите и различната природа на социјалниот маркетинг во зависност од нивото на економски развој на одделни земји, кое ја детерминира и природата на активностите кои се спроведуваат за нивно разрешување (на пример: СИДА-та во Африка во однос на превенцијата за заштита во САД или некои европски земји, подигнувањето на нивото на лична хигиена во неразвиените африкански земји наспроти програмите за подигањнување на безбедноста во сообраќајот во некои европски земји и слично).

Прикажани се целите и идните насоки во креирањето на социјалните програми и развој на социјалниот маркетинг во светот.

Во петтата глава под наслов: АНАЛИЗА НА ПРИМЕНА НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ИДНИ ПРЕПОРАКИ ЗА НЕГОВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА е елаборирана примената на социјалниот маркетинг во Република Македонија. Врз основа на резултатите од истражувањето за социјалните програми во Македонија (кај владиниот, невладиниот и комерцијалниот сектор) е направен приказ на досегашниот развој на социјалниот маркетинг во Република Македонија во последните десет години, кога и бележи позначителен развој. Во овој дел се анализирани примарни податоци добиени со емпириско истражување кое се однесува на примената и застапеноста на маркетинг-карактеристиките во социјалните програми, за на крајот да се изврши нивна евалуација според општоприфатените и применувани критериуми за според Андреасен. Од извршената анализа се дефинираат можни насоки и препораки за поширока примена на социјалниот маркетинг во Република Македонија.

**Заклучните согледувања** претставуваат сублимирање на теоретските аспекти и синтеза на резултатите од компаративната и емпириската анализа како основа за дефинирање на идните насоки, можности и перспективи од примената на социјалниот маркетинг во Република Македонија.

Целта на истражување на овој труд е да се елаборира значењето и улогата на социјалниот маркетинг во современи услови и да се утврдат можните насоки и потенцијали за неговата примена во Република Македонија. Согласно со горенаведената цел, овој труд е еден од првите трудови во кои се обработува проблематиката на социјалниот маркетинг во Република Македонија.

Предметот на истражување се базира на елаборација на теоретските стојалишта за карактеристиките, значењето и имплементацијата на социјалниот маркетинг, како и компаративна и емпириска анализа на практичните искуства за примена на социјалниот маркетинг во различни земји, вклучувајќи ја и Република Македонија.

Значаен дел од истражувањето се потпира на теоретско-апликативната

анализа на спечифичните карактеристики на социјалниот маркетинг, изразени преку специфичностите на социјалните програми.

При изработката на овој труд се користени примарни и секундарни извори на информации. Од примарните извори на информации се користени прашалници и интервјуа со лицата одговорни за креирање, имплементација, мониторинг и евалуација на конкретно избраните социјални програми. Од секундарните извори се користени податоци од претходни истражувања на домашни и странски агенции, владини тела и непрофитни организации за ефективноста од социјалните програми и социјалниот маркетинг, стручна литература од домашни и странски автори која се однесува на проблемот на истражување, како и други публикации: периодики, научни трудови, стручни излагања и интернет-информации. Од методите на истражување се применети: квантитативни и квалитативни методи, анализа и синтеза, компаративна анализа и слично.

**Оцена и предлог**

Докторската дисертација: **УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска**, претставува значаен труд кој се одликува со сериозен притсап кон третираниот проблем и опфаќа разработка на сите релевантни аспекти, дава аргументација на поставените тези и илустрација на релевантните податоци. Ваквиот пристап е надополнет со соодветна методолошка рамка, користена најнова научна и стручна литература и изразено критичко размислување, базирано на компаративна анализа и емпириско истражување што е значајно при конципирањето на заклучоците, насоките и препораките, што на трудот му дава научен придонес. Во овој труд, кандидатката дава конкретни насоки, можности и препораки за поуспешна примена на социјалниот маркетинг во државата, што на трудот му дава како научна, така и апликативна димензија.

Значењето на ова истражување во Република Македонија е во тоа што станува збор за многу важна област во која се вложуваат и допрва ќе се вложуваат многу средства и капацитети. Имајќи го тоа предвид, од исклучителна важност е да се подобри и зголеми ефективноста на социјалните програми од што корист ќе има целото општество. Значењето го зголемува и фактот што и во Република Македонија ќе започне примената на светските трендови, односно владите се повеќе да го префрлуваат спроведувањето на овие програми врз невладиниот сектор. Имајќи пред себе една ваква анализа, спроведувањето на тие програми ќе биде многу поефективно. Исто така, од голема помош е што социјалниот маркетинг е доста развиен во западните земји, поради што до определен степен ќе биде олеснета примената на веќе спроведуваните и успешни техники во оваа област. Имајќи ги предвид лимитираните човечки потенцијали во оваа област во Македонија, овој труд ќе помогне во унапредување и издигнување на социјалниот маркетинг кај нас, а претставува и еден вид практично помагало за сите оние што се занимаваат или ќе се занимаваат со оваа професија.

Во изработката на трудот, кандидатката применува коректна методолошка постапка, приспособена на предметот и карактерот на истражување, а користи и обемна информативна граѓа од релевантни стручни и научни извори од соодветната област на истражување. Резултатите од истражувањето се презентирани по логичен редослед и композицијата на трудот се одликува со хармоничност и поврзаност на сите делови, односно поглавја во трудот. Трудот е напишан на стручен и јасен јазик.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата за оцена на трудот со задоволство му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка на поднесената докторска дисертација на тема: **УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ МАРКЕТИНГ И НЕГОВАТА ПРИМЕНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** од **м-р Мери Каранфиловска,**
2. на кандидатката м-р Мери Каранфиловска да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена на докторската дисертација:

1. д-р Татјана Петковска Мирчевска с.р.
2. д-р Татјана Петковска с.р.
3. д-р Нада Секуловска с.р.
4. д-р Биљана Ангелова с.р.
5. д-р Диана Бошковска с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
На пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на УКИМ-Шумарски факултет во Скопје

| Ред.бр. | Кандидат | Наслов на тема за изработка на магистерски труд | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Дипл.шум.инж.**Дејан Манцуковски** | „ФИТОЦЕНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ШУМАТА ОД БЕЛ БОР(PINUS SILVESTRIS L.)НА ДОЛОМИТСКИ МЕРМЕР ПОД ЛОКАЛИТЕТОТ БЕЛО ГРОТЛО НА ПЛАНИНСКИОТ МАСИВ НИЦЕ“ | Проф.д-р Јане Ацевски |
| 1. | Eng.DejanMandjukovski | Phytocoenological characteristics of Scots pine forest(PinusSylvestris L.)on dolomite marble rock at the locality of Belo Grotlo on the mountain massif Nidje. | Prof. Jane Acevski |
| **Ред.бр.** | **Кандидат** | **Наслов на тема за изработка на магистерски труд** | **Ментор** |
| 1. | Дипл.инж.Наташа Златевска | „Парковските површини и нивните елементи во пејзажното дизајнирање во општина Аеродром” | Проф.д-р Јасминка Ризовска-Атанасовска |
| 1. | Eng. Natasa Zlatevska | Parks and their elements in the landscape design in municipality of Aerodrom | Prof. Jasminka Rizovska Atanasovska |

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНЕТ-МАРКЕТИНГ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.6.2014 година, донесе Одлука со број 0202-1569/4 од 20.6.2014 за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по економски науки по предметот интернет-маркетинг, во состав: проф. д-р Сашо Јосимовски, проф. д-р Калина Треневска-Благоева и проф. д-р Нада Секуловска. По деталното разгледување на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со членовите 10 и 11 од Правилникот за условите, критериумите, постапката и начинот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за наставник по предметот интернет-маркетинг, објавен на 4.6.2014 година во дневниот весник „Нова Македонија“, се јави еден кандидат: д-р Димитар Јовевски, вработен на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје како асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот. Во продолжение ќе бидат изнесени податоците за кандидатот, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно - научниот совет на Факултетот.

# Биографски податоци

Кандидатот **д-р Димитар Јовевски** е роден на 20.7.1983 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Никола Карев" во Скопје со одличен успех. Во 2002 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за менаџмент. Во 2005 година, по завршувањето на третата година од студиите со просечен успех 9,46 го продолжи образованието на Универзитетот за професионална едукација „Фонтис“ во Ајндховен, Холандија, каде што и дипломирал во јануари 2007 година. Во 2007 година се запишал на постдипломските студии по МБА-менаџмент, а во 2008 на постдипломските студии по Е-бизнис менаџмент. Заклучно со јуни 2009 година ги положи предвидените 9 испити на постдипломските студии по Е-бизнис менаџмент со просечен успех 9,00. Во април 2011 кандидатот успешно да ја одбрани својата

магистерска теза на тема „Интернет маркетинг стратегии и техники за развој и унапредување на работењето на компаниите“ и се стекна со звањето магистер на економски науки од областа на Е-бизнисот.

Во октомври 2011 година пријавил докторска теза со наслов „Е-бизнис модели за веб-базирано социјално вмрежување на компаниите во Република Македонија “, под менторство на проф. д-р Сашо Јосимовски. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 7 мај 2014, со што се стекнал со титулата – научен степен - доктор на економски науки.

Во изминатиот период, кандидатот постојано научно се усовршувал и учествувал на повеќе конференции, семинари, обуки и работилници.

Кандидатот д-р Димитар Јовевски одлично го владее англискиот јазик, а има познавање и од францускиот јазик. Исто така, кандидатот одлично ги владее и ги користи софтверските апликации MS Office, SPSS, AMOS, R и VisualPLS.

# 1. Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Димитар Јовевски има скоро седумгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент по група предмети од областа на Е-бизнисот при Економскиот факултет во Скопје. Од декември 2007 година, па до денес, кандидатот е ангажиран во изведувањето вежби и делови од наставата по повеќе предметни дисциплини од областа на Е-бизнисот, меѓу кои интернет-маркетинг, основи на е-бизнис, маркетинг-комуникации, логистика, оптимизација на интернет окружувањето, маркетинг преку повеќе канали, маркетинг менаџмент. Притоа, кандидатот успешно применува современи наставно-образовни методи, со помош на кои успешно им го пренесува на студентите знаењето од областа на Е-бизнисот, поттикнувајќи ги на креативност, критичко размислување и интерактивност. Дополнително, кандидатот целосно е ангажиран околу организирањето на испитите и колоквиумите на предметите на Катедрата за Е-бизнис, како и во координирањето и оценувањето на проектните задачи на студентите по овие предмети. Кандидатот се одликува со високо ниво на подготвеност да им помогне на студентите во совладување на материјалот по предметните дисциплини од областа на е-бизнисот и секојдневно е ангажиран околу одржувањето консултации со нив.

# 2. Научноистражувачка дејност

Потврда за исклучително квалитетната научноистражувачка работа на кандидатот се, секако, магистерскиот и докторскиот труд на кандидатот кои ги исполнуваат највисоките критериуми на научноистражувачко академско дело. Дополнително, тој има објавено осум труда во меѓународни научни публикации во последните пет години:

- D. Jovevski, E.Tijan, E-business Models for Web Based Social Networks in the Republic of Macedonia, *Proceedings of the International Conference MIPRO 2014, Opatija, Croatia, 26-30 May, 2014, pp. 1693-1699;*

- D. Jovevski, K.T. Blagoeva, Critical Success Factors for Web Based Networks Usage in Mobile Telecommunication Industry in the Republic of Macedonia, *Proceedings of the International Conference YUINFO 2014, Kopaonik, Srbija, 9-13 March, 2014, pp. 55-60;*
- S.Josimovski, L.P. Ivanovska, D. Jovevski, Social Network Integration in Companies on Macedonian market, *Proceedings of the 32th International Conference on Organizational Science Development SMART ORGANIZATION 2013, Portoros, Slovenia, 20-22 March, 2013, pp. 306-313;*
- D. Jovevski, S. Josimovski, L.P. Ivanovska, K.T. Blagoeva, Trends in Social Media Use on Macedonian Market – Comparative, *Proceedings of the International Conference on Applied Internet Information Technologies AIIT 2012, Zrenjanin, Srbija, 26 October, 2012, pp. 203-208;*
- D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, the Level of Readiness of Macedonian and Slovenian Companies for Using this Approach, *Proceedings of the 24th International Conference eFUTURE 2011, Bled, Slovenia, 12-15 Juny, 2011, pp. 211-218;*
- D. Jovevski, E. Tesik, New Media Vehicles and the Roles of Social Media, Proceedings of the conference The challenges to economics theory and policy in the aftermath of the global crisis, Skopje April 2011 pp. 415-423;
- D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, *Proceedings of the* 21th Annual conference of International association for informational management, Utrecht, The Netherlands, 18-20 November 2010;
- D. Jovevski, E.Tijan, P. Karanikic, Internet Marketing Strategies and ICT as a Common Ground for Business Development, *Proceedings of the International Conference ALADIN 2010, Opatija, Croatia, 24-28 May, 2010, pp. 36-42;*
- D. Jovevski, M. Mioska, Mobile under Social in small business” *Proceedings of the International Conference* Challenges for Analysis of the Economy, the Businesses, and Social Progress 2009, Szeged, Hungary, 19-21 November 2009, pp. 24-29;
- D. Jovevski, J. Dimitarov, R. Iliev, S. Georgjevska, J. Delidinkova, Anytime, Anyplace, Know Everything and Bet Sports, *Proceedings of the International Conference ICT Innovation Conference 2009, Ohrid, Macedonia, 28-30 September 2009, pp. 255-230;*
- M. Mijoska, D. Jovevski, Managing E-Business Strategic Initiatives In Companies In The Republic Of Macedonia, *Proceedings of the 2nd International Management Conference MCSC 2009, Cluj Napoca, Romania, 29-30 May 2009, pp. 238-244;*
- Д. Јовевски (2008), Појавата на мобилната трговија, нејзината предност како и можностите за развивање на оваа гранка во Македонија“, Економски факултет, Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43, с.1-660, Скопје, 2008, стр.591-605.

Во продолжение ќе биде даден краток опис на објавените трудови:

1. E-business Models for Web Based Social Networks in the Republic of Macedonia, коавтор со Едвард Тијан, објавен на Интернационалната конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, Опатија, Република Хрватска. Во овој труд се разгледуваат сите модели за веб-базирано социјално вмрежување кои постојат во литературата. Се разгледуваат сите нивни предности и недостатоци, за на крајот да се предложи модел кој е приспособен за македонските компании. Во моделот се предлагаат осум групи на фактори (надворешни и внатрешни) кои се претпоставува дека се значајни и влијаат за успешното користење на веб-базираните социјални мрежи. Во трудот се презентираат резултати од истражување спроведено за степенот на значајност на секој од факторите и нивното влијание врз успешноста на компаниите. Заклучоците се во насока дека постојат групи на фактори кои се исклучително значајни, групи на фактори кои се помалку значајни и фактори кои воопшто не се значајни за успешното работење на компаниите.

2. Critical Success Factors for Web Based Networks Usage in Mobile Telecommunication Industry in the Republic of Macedonia, коавторство со К.Т. Благоева, објавен во зборник на трудови на Меѓународната конференција YUINFO, во Копаоник, Република Србија. Од нивното воведување, веб-базираните мрежи, како што се Фејсбук и Твитер привлекоа милиони корисници, од кои многумина ги користат овие сајтови на дневна основа. Социјалните медиуми се здобија со голема популарност и сѐ повеќе се користат во редовното работење на многу компании, вклучувајќи ги т.н. стар-апи, мали, средни и големи организации. Целта на овој труд е да се истражуваат различни фактори кои влијаат на успешното користење на социјалните медиуми во компании од телекомуникацискиот сектор во Република Македонија. Истражувањето во трудот се фокусира на степенот на влијание на веб-базираните мрежи врз перформансите на компаниите од тој сектор. Од истражувањето може да се дојде до заклучок дека успешното распоредување на сет на надворешни и внатрешни фактори може да доведе до подобрување на бизнис-перформансите (финансиски и нефинансиски) на компаниите во овој сектор. Според податоците успешното користење на веб-базираните социјални мрежи може да се подобрат: (1) бренд идентитетот, (2) подобри имиџот на компанијата (3) стратегиската позиција на компанијата во целина.

3. Social Network Integration in Companies on Macedonian market, коавторство со С.Јосимовски, К.Т. Благоева и Л.П. Ивановска, објавен во зборни на трудови на 32 Меѓународна конференција за организациски науки - SMART ORGANIZATION во Порторож, Република Словенија. Во овој труд, главна цел е одредување на степенот на интеграција на социјалните медиуми во работењето на компаниите. Покрај ова, во трудот се истакнува важноста и потребата на интеграција на социјалните медиуми во работењето на компаниите. Секојдневно сме сведоци на користењето нови пристапи и модели кои се користат од страна на компаниите, со цел тие да бидат што поблиски до своите корисници, со една единствена цел, креирање на што поголема додадена вредност на своите потрошувачи. Во трудот се истакнуваат можностите, придобивките и потребата од интегрирање на

социјалните медиуми во работењето на компаниите, со цел тие да бидат што поблиску до своите потрошувачи.

4. „Trends in Social Media Use on Macedonian Market – Comparative analysis“, коавторство со С. Јосимовски и К.Т. Благоева, објавен во зборник на трудови на Меѓународната конференција за применети информатички и интернет технологии во Зрењанин, Република Србија. Главна цел на трудот е приказ на степенот на користење на социјални медиуми кај компаниите во Република Македонија. За потребите на трудот се направи истражување и преку компаративна анализа на податоци од минати години се направи споредба на користењето на социјалните медиуми во Република Македонија. Во трудот се прави споредба на податоци од 2010 и 2012 година. Притоа се разгледуваат промените кои настанале во поглед на користењето на социјалните медиуми од страна на компаниите во Република Македонија.

5. „Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide: The level of readiness of Macedonian companies for using this approach“, објавен во зборник на трудови на 24 Меѓународна Е-конференција во Блед, Словенија, во организација на Универзитетот од Марибор. Главна цел на трудот е да ја истакне потребата на македонските компании за пренесување на сопствените бизниси во „Облак“. Исто така, во трудот се анализира степенот на подготвеност на компаниите за пренесување на работењето во „облак“ .

6. „New media vehicles and the roles of social media“, коавтор со Тешиќ Е., објавен во зборник на трудови с.1-446, Скопје 2010, стр. 415-423, на конференцијата: The challenges to economics theory and policy in the aftermath of the global crisis, на Економскиот факултет по повод 60-годишнината од основањето на Факултетот. Главна цел на трудот е да ја истакне важноста за компаниите во поголемата примена и користење на новите медиуми од страна на корисниците во светот и Македонија. Светот секојдневно се менува, а со тоа и начините како се користат новите медиуми. Компаниите секојдневно применуваат нови пристапи, модели во маркетингот, менаџментот, со една цел, да бидат што поблиску до потрошувачите и да понудат поголема вредност за нив преку користењето на нивните производи. Со помош на различната примена на новите медиуми се овозможува поголема сегментација на потрошувачите, а со тоа и нивно подобро таргетирање. За потребите на овој труд се направени две истражувања, едното за компаниите, а второто се однесува на потрошувачите. Истражувањето за компаниите се однесува како тие ги користат новите медиуми и кои техники на рекламирање ги користат. Исто така од резултатите може да се види како тие ги третираат потрошувачите преку користење на новите медиуми. Второто истражување е креирано за корисниците со идеја да се види како тие ги користат социјалните медиуми и како реагираат на интернет-рекламирањето од страна на македонските компании.

7. „Impact of Cloud computing on the business worldwide” – објавен на 21. Годишна конференција на Интернационалната асоцијација за информационен менаџмент, одржана во Утрехт, Холандија, ноември 2010. Во овој труд се разгледува и се објаснува еден нов тренд во користењето на информатичките технологии во светот

каде што софтверот се разгледува како сервис, односно услуга понудена на компаниите. Преку користењето на оваа услуга се дава опис на можните придобивки на компаниите доколку го користат овој систем, но и се дава осврт на моменталните трендови во овој сервис. Во трудот се дава детален опис на сите предности и слабости од користењето на овој сервис од страна на компаниите и можните насоки за негова идна примена.

8. „Internet marketing strategies and ICT technologies as a common ground for business development“, коавтор со Едвард Тијан, објавен во конференциска книга од Интернационалната конференција за информации и комуникациски технологии, електроника и микроелектроника – МИПРО, – Дигитална економија – 7. Аладин, Vol V, 2010, с.1-442, стр36-42. Светот веќе се помести од индустриската економија на дигитална економија, економија на мрежи. Во оваа ера на информации, што се карактеризира со брз раст и развој на ИКТ (информатички и комуникациски технологии) и на интернет, уште побрзо се јавува потребата од нови алтернативи за управување и работење на компаниите. Светот составен од кластери на националните економии се претвори во еден глобален светски пазар. Појавата на нови, глобални електронски бизнис-модели базирани на дигиталните технологии и интернетот стана императив за управување со компаниите од сите типови и големини. Свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација, како и знаејќи го фактот дека во една од најголемите економии во светот, малиот бизнис е движечката силата, менаџерите се обврзани да се приспособат на начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи и примена на е-бизнис апликациите во своите бизниси. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да ги истражува и презентира можностите за користење и примена на различните интернет маркетинг-стратегии наменети исклучиво за примена во дигиталната економија. Идејата е да се покаже потреба за промени на стандардните маркетинг-практики за потребите во новата дигитална економија, каде што користењето на новите трендови во ИКТ и интернетот се неопходни за успех на компаниите.

9. „Интернет маркетинг стратегии и потребата од развивање на нов маркетинг микс“ – е објавен во годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44 (2009), с.1-550, Скопје, 2009, стр.477-485. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните елементи на секоја е-маркетинг стратегија; како се дефинира, кои се елементите и како се применува во компаниите кои своето работење го засноваат на интернет. Исто така се разгледува поврзаноста и последователноста на е-маркетинг планот со сите негови елементи како значаен дел за секој бизнис кој започнува да работи онлајн. Во вториот дел од трудот се разгледува потребата од нов концепт на маркетинг-микс за компании кои работат во онлајн-просторот. Оваа потреба од менување на маркетинг-миксот произлегува од окружувањето во кое онлајн компаниите работат. Овој маркетинг-микс не претставува комплетно нов пристап ниту комплетно нов модел, туку изменет и дополнет традиционален макретинг-микс. Покрај елаборирањето на новите елементи на маркетинг-миксот, се навлегува и во елаборирање на неговата примена во секојдневното работење на компаниите во онлајн-просторот.

10. “Managing e-business strategic initiatives in companies in the Republic of Macedonia” – коавтор со Мијоска М., во Зборник на трудови: Интернационалните менаџмент-предизвици на модерното општество, Клуи Напока, Романија, мај 2009. Во денешно време, свесни за огромното влијание на ИКТ и интернетот за целокупната организациска трансформација (организациони структури, стратегии, бизнис-модели, деловните процеси и сл), менаџерите се обврзани да го приспособуваат начинот на кој тие управуваат со нивните деловни иницијативи, притоа применувајќи Е-бизнис апликации во нивното работење. Во современото општество и турбулентната глобална животна средина, менаџерите се обидуваат да се потпрат на потенцијалот на е-бизнис решенијата, свесени за потребата од имплементирање на ИКТ, интернет и придружните Е-бизнис модели и е-бизнис апликации со цел да се зголеми нивната конкурентност. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се презентира степенот на користење на е-бизнис апликациите во компании во Република Македонија, да се види како успешно да се управуваат со е-бизнис стратегиите, како и нивна имплементација. Во овој труд ќе се разгледа моделот на премин на компаниите кон е-бизнис решенија, како и степенот на нивната примена во работењето. Во заклучокот се дава осврт на главните пречки и бариери со кои менаџерите на македонските компании се соочуваат при спроведувањето на (мигрирањето кон) Е-бизнис решенијата.

11. „Anytime, anyplace, know everything and bet sports” – коавтор со Делидинкова Ј., Димитров Ј, Ѓеорѓиевска С., објавен во конференциска книга Vol 1 ИКТ иновации, 28-29 септември 2009. Основната идеја на овој труд е да се објасни развивањето на еден веб-портал кој ќе обезбеди, ќе спои и ќе комбинира две клучни работи, а тоа се социјални заедници-мрежи и мобилни услуги. Оваа идеја ќе им обезбеди информации преку интернет, СМС, ММС или видеосодржини за мобилни уреди на луѓето кои се заинтересирани за спортот, спортските настани и спортските резултати. Според тоа, целната публика ќе биде поделена во две фокус групи: луѓе кои се само заинтересирани за спортот и луѓе кои се зависници од обложување. Тоа е портал кој се ориентира кон употреба на нови и уникатни технологии, со цел да се обезбедат услуги за јавноста и / или различни институции. Мотото е: "Во секое време, на секое место, сѐ да се знае за спортот".

12. „Mobile under Social in small business” – коавтор со помл. ас. Мијоска М. во Зборник на трудови на интернационална конференција – „Предизвици на економијата, бизнисот и социјалниот прогрес“. Сегед, Унгарија, 2008. Во оваа смисла, главната цел на овој труд е да се претставaт и да се покажат можностите на иновациите во малите бизниси со користење на одредено ниво на е-бизнис апликации. Идејата е да се посочат различните е-бизнис апликации кои малите бизниси можат да ги користат, а притоа да се комбинираат новите мобилни технологии и виртуелните заедници одеднаш. Исто така, истакнување на различните проблеми и ограничувања кои ги имаат овие апликации, но секако и истакнување на придобивките на малите бизниси од нивното користењето.

13. „Појавата на мобилната трговија, нејзината предност како и можностите за развивање на оваа гранка во Македонија“, Економски факултет , е објавен во

Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43 (2008), с.1-660, Скопје, 2008, стр.591-605. Во овој труд се разработуваат и се објаснуваат фундаменталните поставки на т.н. М-трговија или мобилна трговија. Преку дефинирањето и разграничувањето од електронската трговија, која до неодамна беше непозната и нова појава во економијата, се разоткрива една нова и мошне интересна димензија на работењето, а тоа е мобилната трговија. Се претставуваат сите предности и слабости, како и начините како е поврзана и што произлегува од електронската трговија. Секако, тука не се изоставени и аспектите на развивање на мобилната трговија во Македонија, притоа користејќи ги предностите кои ги има оваа земја во однос на примената и користењето на нови и напредни технологии.

14. Посебен осврт ќе дадеме на докторскиот труд на кандидатот, со наслов „Е-бизнис модели за веб-базирано социјално вмрежување на компаниите во Република Македонија“. Предмет на истражување на докторската дисертација е анализата на е-бизнис моделите кои што го вклучуваат влијанието на различните фактори за успешно веб-базирано социјално вмрежување од страна на организациите. Ова подразбира анализа на групата независни фактори во рамките на е-бизнис моделите кои директно или индиректно влијаат врз успешноста на претпријатијата.

Имено, кандидатот го анализира влијанието на групата независни фактори како на пример: употребата на ИКТ во организациите, организациската поставеност и архитектурата на бизнис-процесите, стратегијата, кои влијаат врз зависните променливи како на пример, зголемената продажба и препознатливоста на брендот преку веб-базираното социјално вмрежување. Темата обработувана во оваа докторска дисертација е актуелна и е во фокусот на интерес на академската и бизнис-заедница, затоа што, имајќи ја предвид експанзијата на веб-базираните социјални мрежи во последните години, повеќе од кога и да е, компаниите имаат интерес да ги разберат и да ги користат сè повеќе новите медиуми за комуникација кои се појавија со развивањето на интернетот. Акумулираното теоретско знаење од областа на електронскиот бизнис, како и стекнатото искуство во текот на досегашната научна работа, му овозможиле на кандидатот да понуди успешна разработка и на теоретскиот и на емпирискиот дел од трудот. Притоа, кандидатот успешно применува комплексни статистички методи и софтверски алатки, со помош на кои доаѓа до соодветни резултати, кои се презентирани и анализирани во докторската дисертација. На овој начин, кандидатот успева успешно да одговори на поставените истражувачки прашања и ја постигнува претходно зададената цел на истражување.

Особено е важно да се истакнат следниве аспекти од овој труд кои имаат значаен научен придонес: *прво*, докторска дисертација е меѓу првите трудови во Република Македонија кој креира листа на клучни фактори за веб-базирано социјално вмрежување, понатаму, се креира е-бизнис модел преку кој се тестира влијанието на одделните клучни фактори врз финансиските и нефинансиските бизнис-перформанси на компаниите во Република Македонија; *второ*, трудот содржи релевантни и внимателно селектирани секундарни податоци и што е уште позначајно, изобилува и со примарни податоци, за чие собирање кандидатот користел релевантни квалитативни и квантитативни методи; *трето*, при креирањето на концептуалниот модел, кандидатот вложил напор и успешно ги

комбинира теоретските и емпириските сознанија од истражуваната област; четврто, статистичката обработка и анализа на податоците е спроведена со помош на адекватни статистички методи (експлораторна и потврдна факторска анализа и моделирање структурни равенки) и адекватни софтверски алатки; *петто,* резултатите добиени од спроведеното емпириско истражување на веродостоен начин ја презентираат фактичката состојба во Република Македонија; *шесто,* елаборираните теоретски и емпириски сознанија и откритија во овој труд претставуваат значаен инпут во успешното користење на веб-базираните социјални мрежи од страна на компаниите во Република Македонија.

# 3. Стручно-апликативна дејност

Покрај наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот д-р Димитар Јовевски бил активно вклучен и во изведувањето на стручно-апликативни активности.

Кандидатот бил вклучен во евалуација и избор на 50 најдобри е-бизнис планови за отворање на електронска продавница, организирано од страна на Министерството за информатичко општество во 2012 и 2014 година. Дополнително кандидатот бил вклучен како соработник при изготвување и пријавување на научно-образовен национален проект, под наслов „Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста“, на повик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2014 година. Дополнително кандидатот е член на уредувачки одбор за подготовка и издавање на Годишник на Економскиот факултет во Скопје, во 2013 и 2014 година.

Кандидатот успешно ги извршувал своите работни задачи и како член на голем број факултетски комисии:

- член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 година (7 години);
- член на Комисија за упис на нови студенти на „Проект 45“ во учебната 2011/2012 година, на Економски факултет-Скопје;
- член на Редакцискиот одбор за подготовка на промотивна брошура на англиски јазик за Економскиот факултет – Скопје, 2012 година;
- член на Одборот за реализација на летна школа под наслов: Make a Difference-Become a CRS EU Leader, на Економскиот факултет во Скопје, 2013 година;
- член на Одборот за реализација на летна школа под наслов: Make a Difference-Become a Inovative EU Leader, на Економски факултет-Скопје, 2011 година ;
- член на Комисијата за годишен попис на основните средства и друг имот на Економскипт факултет во Скопје 2009, и 2011 година;
- члена на Комисијата за идентификување состојбата и можностите за добивање на меѓународна акредитација на Економскиот факултет во Скопје, 2012 година;

- член на Комисијата за дисциплински мерки за студенти на Економскиот факултет во Скопје, 2009 и 2010 година;
- член на Комисијата за подготовка и одржување на Интернационална конференција на Економскиот факултет во Скопје, 2012 година.

## ОПШТА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурентските материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствен пријавен кандидат на конкурсот за избор на наставник по предметот интернет-маркетинг, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 4.6.2014 година е д-р Димитар Јовевски. Кандидатот ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето доцент од областа на економските науки по предметот интернет-маркетинг. По проучувањето на приложената документација од кандидатот и увидот во објавените трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- кандидатот д-р Димитар Јовевски има скоро седумгодишно работно искуство како помлад асистент и асистент на група предмети од областа на Е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје. Досегашното искуство и континуираното унапредување резултирале со креирање на квалитетен и одговорен млад наставно-научен работник;
- кандидатот на прв и втор циклус на студии има просечен успех над осум за секој циклус посебно;
- кандидатот во последниот мандат, како асистент на група предмети од областа на Е-бизнисот на Економскиот факултет во Скопје, во анкетата за самоевалуација на студентите, е оценет со позитивна оценка;
- за време на своето работно искуство, со високо ниво на професионалност, посветеност и одговорност, кандидатот ги извршувал сите зададени работни обврски на ниво на Катедрата за Е-бизнис, како и работните обврски во рамките на работните комисии на ниво на Факултетот. Притоа, кандидатот се карактеризира со отвореност и подготвеност за соработка со студентите, колегите и претпоставените;
- кандидатот претставува исклучително квалитетен научно-истражувачки работник од областа на е-бизнисот, што особено се потврдува со докторската дисертација на тема „Е-бизнис модели за веб-базирано социјално вмрежување на компаниите во Република Македонија“, којашто обработува исклучително актуелна, релевантна и комплексна тема за која е понудена емпириска потврда со користење на релевантни методи за истражување;
- Дополнително, научноистражувачкиот напор на кандидатот е верифициран и преку објавување на осум труда во меѓународни научни публикации во последните пет години од неговото работење;
- Во изминатиот период, кандидатот има постигнато значајни резултати во сите предвидени дејности: наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност;
- Како потврда на горенаведеното се и податоците за остварените 127,60 поени на кандидатот за неговиот досегашен ангажман во наставно-

образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност (Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го избере д-р Димитар Јовевски во звањето доцент по предметот интернет маркетинг.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.

2. Проф. д-р Калина Треневска-Благоева, с.р.

3. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

# АНЕКС 2
# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Димитар Јордан Јовевски**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: електронски бизнис**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на вежби<br>• Основи на Е-бизнис – 4*2*15*0,03=3,6<br>• Информациони технологии – 2*2*15*0,03=1,8<br>• Маркетинг-менаџмент 3*2*15*0,03*=2,7<br>• Логистика – 6*2*15*0,03*=5,4<br>• Оптимизација на интернет окружување - 7*2*15*0,03*=6,3<br>• Маркетинг преку повеќе канали – 6*2*15*0,03*=5,4<br>• Маркетинг-комуникации - 6*2*15*0,03*=5,4<br>• Интернет-маркетинг – 7*4*15*0,03 = 12,6 | 43,20 |
| 2. | Консултации со студенти<br>• Основи на Е-бизнис – 150*0,002*7=2,1<br>• Информациони технологии – 150*0,002*7=2,1<br>• Маркетинг-менаџмент – 150*0,002*3=0,9<br>• Логистика – 150*0,002*6=1,8<br>• Оптимизација на интернет окружување – 150*0,002*7=2,1<br>• Маркетинг преку повеќе канали – 150*0,002*6=1,8<br>• Маркетинг-комуникации – 150*0,002*6=1,8<br>• Интернет-маркетинг – 150*0,002*7=2,1 | 14,70 |
| | **Вкупно** | **57,90** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија<br>• „Е-бизнис модели за веб-базирано социјално вмрежување на компаниите во Р. Македонија“ – | 16,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | докторски труд – 8,00 поени<br>• „Интернет маркетинг стратегии и техники за развој и унапредување на работењето на компаниите“ – магистерски труд – 8,00 поени | |
| 2. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>• D. Jovevski, E. Tesik, New Media Vehicles and the Roles of Social Media, Proceedings of the conference The challenges to economics theory and policy in the aftermath of the global crisis, Skopje April 2011 pp. 415-423 (2*0,90=1,8)<br>• D. Jovevski, M. Mioska, Mobile under Social in small business” *Proceedings of the International Conference* Challenges for Analysis of the Economy, the Businesses, and Social Progress 2009, Szeged, Hungary, 19-21 November 2009, pp. 24 (2*0,90=1,8) | 3,60 |
| 3. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>• D. Jovevski, E.Tijan, E-business Models for Web Based Social Networks in the Republic of Macedonia, *Proceedings of the International Conference MIPRO 2014, Opatija, Croatia, 26-30 May, 2014, pp. 1693-1699* (3*0,9=2,7)<br>• D. Jovevski, K.T. Blagoeva, Critical Success Factors for Web Based Networks Usage in Mobile Telecommunication Industry in the Republic of Macedonia, *Proceedings of the International Conference YUINFO 2014, Kopaonik, Srbija, 9-13 March, 2014, pp. 55-60* (3*0,9=2,7)<br>• S.Josimovski, L.P. Ivanovska, D. Jovevski, Social Network Integration in Companies on Macedonian market, *Proceedings of the 32th International Conference on Organizational Science Development SMART ORGANIZATION 2013, Portoros, Slovenia, 20-22 March, 2013, pp. 306-313* (3*0,8=2,4)<br>• D. Jovevski, S. Josimovski, L.P. Ivanovska, K.T. Blagoeva Trends in Social Media Use on Macedonian Market – Comparative analysis, *Proceedings of the International Conference on Applied Internet Information Technologies AIIT 2012, Zrenjanin, Srbija, 26 October, 2012, pp. 203-208* (3*0,6=1,8)<br>• D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, the Level of Readiness of Macedonian and Slovenian Companies for Using this Approach, | 21,10 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Proceedings of the 24th International Conference eFUTURE 2011, Bled, Slovenia, 12-15 Juny, 2011, pp. 211-218* (3)<br>• D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, *Proceedings of the* 21th Annual conference of International association for informational management, Utrecht, The Netherlands, 18-20 November 2010 (3)<br>• D. Jovevski, E.Tijan, P. Karanikic, Internet Marketing Strategies and ICT as a Common Ground for Business Development, *Proceedings of the International Conference ALADIN 2010, Opatija, Croatia, 24-28 May, 2010, pp. 36-42* (3*0,8=2,4)<br>• D. Jovevski, J. Dimitarov, R. Iliev, S. Georgjevska, J. Delidinkova, Anytime, Anyplace, Know Everything and Bet Sports, *Proceedings of the International Conference ICT Innovation Conference 2009, Ohrid, Macedonia, 28-30 September 2009, pp. 255-230* (3*0,6=1,8)<br>• M. Mijoska, D. Jovevski, Managing E-Business Strategic Initiatives In Companies In The Republic Of Macedonia, *Proceedings of the 2nd International Management Conference MCSC 2009, Cluj Napoca, Romania, 29-30 May 2009, pp. 238-244* (3*0,9=2,7) | |
| 4. | Трудови објавени во зборник на трудови во в.о. институција<br>• Д. Јовевски, Интернет маркетинг стратегии и потребата од развивање на нов маркетинг микс – Економски годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 44 (2009), с.1-550, Скопје, 2009, стр.477-485. (2,0)<br>• Д. Јовевски, Појавата на мобилната трговија, нејзината предност како и можностите за развивање на оваа гранка во Македонија, Економски факултет , Годишник на Економскиот факултет во Скопје, том 43 (2008), с.1-660, Скопје, 2008, стр.591-605. (2,0) | 4,00 |
| 5. | Учество на научен-стручен собир со реферат (усна презентација)<br>• D. Jovevski, K.T. Blagoeva, Critical Success Factors for Web Based Networks Usage in Mobile Telecommunication Industry in the Republic of Macedonia, *Proceedings of the International Conference YUINFO 2014, Kopaonik, Srbija, 9-13 March, 2014, pp. 55-60* (0,5 поен)<br>• S.Josimovski, L.P. Ivanovska, D. Jovevski, Social Network Integration in Companies on Macedonian market, *Proceedings of the 32th International Conference on Organizational Science Development SMART ORGANIZATION 2013, Portoros, Slovenia, 20-* | 6,50 |

| | | |
|---|---|---|
| | *22 March, 2013, pp. 306-313* (1,0 поен)<br>• D. Jovevski, S. Josimovski, L.P. Ivanovska, K.T. Blagoeva Trends in Social Media Use on Macedonian Market – Comparative, *Proceedings of the International Conference on Applied Internet Information Technologies AIIT 2012, Zrenjanin, Srbija, 26 October, 2012, pp. 203-208* (1,0 поен)<br>• D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, the Level of Readiness of Macedonian and Slovenian Companies for Using this Approach, *Proceedings of the 24th International Conference eFUTURE 2011, Bled, Slovenia, 12-15 Juny, 2011, pp. 211-218* (1,0 поен)<br>• D. Jovevski, Impact of Cloud Computing on the Business Worldwide, *Proceedings of the* 21th Annual conference of International association for informational management, Utrecht, The Netherlands, 18-20 November 2010 (1,0 поен)<br>• D. Jovevski, E.Tijan, P. Karanikic, Internet Marketing Strategies and ICT as a Common Ground for Business Development, *Proceedings of the International Conference ALADIN 2010, Opatija, Croatia, 24-28 May, 2010, pp. 36-42*. (1,0 поен)<br>• D. Jovevski, J. Dimitarov, R. Iliev, S. Georgjevska, J. Delidinkova, Anytime, Anyplace, Know Everything and Bet Sports, *Proceedings of the International Conference ICT Innovation Conference 2009, Ohrid, Macedonia, 28-30 September 2009, pp. 255-230*(1,0 поен) | |
| | **Вкупно** | **51,2** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во комисии и тела на државни и други органи:<br>• член на Комисија за избор на 50 најдобри е-бизнис планови за отворање на електронска продавница, Министерство за информатичко општество и администрација, март 2012; (1 поен)<br>• член на Комисија за избор на 50 најдобри е-бизнис планови за отворање на електронска продавница, Министерство за информатичко општество и администрација, март 2014. (1 поен) | 2,00 |
| 2. | Учество на промотивни активности на Факултетот – 7 | 3,50 |

| | | |
|---|---|---|
| | години *0,5 = 3,0 | |
| 3. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (член)<br>• Дигитализација на бизнис процесите на претпријатијата во Република Македонија за подобрување на ефикасноста и иновативноста, април 2014 | 0,50 |
| 4. | Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна иституција:<br>• член на уредувачки одбор за подготовка и издавање на Годишник на Економскиот факултет во Скопје, 2013, Скопје; (2 поена)<br>• член на уредувачки одбор за подготовка и издавање на Годишник на Економскиот факултет во Скопје, 2014, Скопје. (2 поена) | 4,00 |
| 5. | Член на факултетска комисија:<br>• член на Комисија за шифрирање на поднесените пријави за упис на нови студенти во I година во 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 година; (7*0,5=3,5)<br>• член на Комисија за упис на нови студенти на „Проект 45“ во учебната 2011/2012 година, на Економскиот факултет во Скопје; (0,5)<br>• член на Редакцискиот одбор за подготовка на промотивна брошура на англиски јазик за Економскиот факултет во Скопје, 2012; (0,5)<br>• член на Одборот за реализација на летна школа под наслов: Make a Difference-Become a CRS EU Leader), на Економскиот факултет во Скопје, 2013 година; (0,5)<br>• член на Одборот за реализација на летна школа под наслов: Make a Difference-Become a Inovative EU Leader), на Економскиот факултет во Скопје, 2011 година; (0,5)<br>• член на Комисијата за годишен попис на основните средства и друг имот на Економскиот факултет во Скопје 2009, 2011 год; (2*0,5=1)<br>• член на Комисијата за идентификување состојбата и можностите за добивање на меѓународна акредитација на Економскиот факултет во Скопје, 2012; (0,5)<br>• член на Комисијата за дисциплински мерки за студенти на Економскиот факултет во Скопје 2009,2010 год; (2*0,5=1,0)<br>• член на Комисијата за подготовка и одржување на Интернационална конференција на Економскиот | 8,50 |

| | | |
|---|---|---|
| | факултет во Скопје 2012 год. (0,5) | |
| | **Вкупно** | 18,50 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,90 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 51,20 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 18,50 |
| **Вкупно** | **127,60** |

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.
2. Проф. д-р Калина Треневска-Благоева, с.р.
3. Проф. д-р Нада Секуловска, с.р.

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од XIV-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 20.06.2014 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Маја Сенчева | Функционални и биолошки карактеристики на биоактивни пептиди од млеко и млечни производи | Functional and biological properties of bioactive peptides from milk and dairy products | Проф. д-р Соња Србиновска |
| Маја Коцова | Визуелизација на in-situ модел на транслокацијата на органските соединенија-полициклични ароматични јаглеводороди во почвата како алатка при избор на ремедијација на почвата | Visualization of the in situ model for translocation of organic compounds-polycilic aromatic hydrocarbons in the soil as a tool for soil remediation | Проф. д-р Татјана Миткова |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА ГЕОТЕХНИКА ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 412. седница одржана на 20.6.2014 година, во врска со распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник“ и „Лајме“ од 30.5.2014 година за избор на еден наставник од областа на геотехниката во звањето доцент, донесе Одлука врз основа на која е определена Комисија во состав: проф. д-р Васил Витанов, проф. д-р Спасен Ѓорѓевски и проф. д-р Љупчо Димитриевски. Комисијата по проучувањето на конкурсниот материјал, го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник од областа на геотехниката во звањето доцент се пријави д-р Јован Бр. Папиќ, дипл. град. инж., асистент од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., сегашен асистент по групата предмети од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје, е роден во Скопје на 6.IX 1977 година. Основното образование го стекнал во Скопје, а матурирал во 1995 година, во ГУЦ „Здравко Цветковски“ во Скопје, при што покажал континуиран одличен успех во сите четири години, а е добитник и на наградата за најдобар ученик на генерацијата.

Во 1995 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока, и дипломирал на 17.V 2001 година, со просечна оценка од испитите 9,325, а просечна оценка од предметите во областа за која конкурира е 9,667. Дипломската работа под наслов „Проектирање на потпорен ѕид за санација на свлечиште на дел од пругата Градско – Шивец“ ја изработил под менторство на проф. д-р Љупчо Димитриевски и ја одбранил со оценка 10.

За време на студиите, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., преку Меѓународната студентска организација за размена на студенти од техничките науки (ИАЕСТЕ) престојувал три пати во странство. Во јули и август 1998 година бил во Атина, Грција; во август и септември 2000 година бил на Рударскиот факултет во Овиедо, Шпанија; а особено значаен е неговиот тримесечен престој во 2001 година во Валенсија, исто така во Шпанија, во фирмата ,,Група за инженерство и архитектура”, каде што работел на анализа на резултати од лабораториски и теренски геомеханички испитувања.

Кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., бил добитник на наградата за најдобар студент во завршна година на студии и наградата на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” за најдобар дипломиран студент на Градежниот факултет во Скопје за академската 2000/2001 година.

По дипломирањето, од мај 2001 до мај 2002 година, работел како надворешен соработник на Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје, при што учествувал во држењето на вежбите по предметите механика на почви и фундирање. На 13.5.2002 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, а врз основа на рефератот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 803 од 26.4.2002 година, избран е за помлад асистент по групата предмети од областа на геотехниката. Во 2006 година е реизбран во истото звање, а врз основа на рефератот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 945 од 1.7.2008 година, избран е во звањето асистент, во кое звање е преизбран во јули 2011 година, согласно соизвештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот бр.1011 од 1.7.2011 година. Оттогаш наваму, како и дотогаш, преку Катедрата за геотехника, работи на сите три дејности на Факултетот: наставната, научната и апликативната.

Во 2001/2002 година се запишал на постдипломски студии од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Белград, каде што на 10.7.2007 година ја одбранил својата магистерска работа со наслов: ,,Геотехнички аспекти на депонии”, под менторство на проф. д-р Милан Максимовиќ. Дипломата за стекнатиот академски степен во странство, со Одлука на Министерството за образование и наука на Р. Македонија бр. 09-10067/2 од 27.12.2007 година, е призната како документ за *завршени магистерски студии и стекнат академски назив-магистер на технички науки, област: градежништво*. Вториот циклус на студии, кандидатот го завршил со просечен успех 9,44.

Во 2010 година на Градежно-архитектонскиот факултет на Универзитетот во Ниш-Република Србија, во соработка со проф. д-р Верка Проловиќ, пријавил докторска дисертација со наслов „Развој и унапредување на методите за пресметка на геотехнички конструкции и примена на Еврокодот 7“, која ја одбранил на 18.10.2013 година. Дипломата број 83 за стекнатиот академски степен во странство, со Решение на Министерството за образование и наука на Р. Македонија бр. 14-8195/2 од 22.05.2014 година, е призната како документ за *завршени докторски студии и стекнат академски назив-доктор на технички науки, област градежништво.*

Кандидатот д-р Јован Папиќ остварува престои во странство, најчесто како учесник на симпозиуми, конгреси и конференции. Така, тој бил учесник на 15. Европска конференција за механика на почви и геотехничко инженерство, 2011, Атина, „Геотехнички аспекти на градежништвото”, 2011, Златибор и 2013, Соко Бања, додека поранешните се наведени во билтените при претходните избори/реизбори. Во 2007, во Сардинија, завршил и курс за проектирање на депонии, а во 2008 година во Скопје држел слична обука.

Кандидатот зборува и пишува англиски и шпански, а се служи и со германскиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА, НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

### 2.1 НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од дипломирањето во 2001 година, па до неговиот избор во звањето помлад асистент во 2002 година, односно неговото вработување на Градежниот

факултет во октомври 2003 година, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., работи како надворешен соработник, односно помлад асистент на Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје, каде што држи вежби со студентите по предметите механика на почви и фундирање. Од денот на неговото официјално вработување на Факултетот, кандидатот уште поактивно и посамостојно се вклучил во изведувањето на наставата, т.е. вежбите по предметите од областа на геотехниката на сите студиски програми на Градежниот факултет на кои се изучуваат предметни програми од областа на геотехниката. Во последните девет години со започнувањето на студиската програма по геотехника, тоа се предметните програми: механика на почвите, фундирање, геотехнички истражувања, земјани работи и конструкции, геосинтетици, геотехнички аспекти на депонии на цврст отпад, геотехничка практика, механика на карпите, а по потреба и на други задолжителни или изборни геотехнички предметни програми од студиските програми на Градежниот факултет во Скопје. Неговата работа со студентите за време на вежбите и надвор од нив, како и односот кон студентите, се секогаш коректни и поставени на едно ниво на заемна почит и меѓусебна исполнителност на задачите, како во лабораториските така и на аудиторните и нумеричките вежби, колоквиуми и испити, за што поефикасно и поквалитетно нивно подготвување. Исто така, за истакнување е тоа што м-р Јован Папиќ иницира соработка со студентите на полето на истражувачката дејност. Во таа смисла, тој како ментор или ко-ментор со студентите континуирано учествува на студентски конференции, а бил и предавач на летните студентски курсеви. Студентскиот труд под негово менторство, во 2008 година, ја освоил 3. Награда на Меѓународниот натпревар за студенти од техничките науки ICAMES во Истанбул.

Предметните наставници во секое време, како во делот на вежбите, така и во делот на консултациите на студентите при подготовката на колоквиумите, испитите и семинарските работи, можеле да се потпрат врз него.

Сите активности од областа на наставно-образовната дејност на кандидатот од преизборот во звањето асистент до денес се наведени во Анексот 2, кој е составен ден на овој извештај.

2.2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Покрај во наставата, кандидатот ас. д-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., во периодот од неговото дипломирање во 2001 година, односно неговото вработување во 2003 г., па до денес, преку Катедрата за геотехника на Градежниот факултет во Скопје, учествува и во научноистражувачката и во стручната дејност на Факултетот.

1) Научни трудови објавени од дипломирањето до преизборот во звањето помлад асистент

Во периодот од неговото дипломирање и ангажирање како надворешен соработник на Катедрата за геотехника, во мај 2001 година, па по изборот во звањето помлад асистент и неговото вработување на Градежниот факултет во Скопје, во мај 2002 година, како и до преизборот во истото звање во ноември 2006 година, кандидатот самостојно или како коавтор има објавено 15 научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се содржани во рефератот за

неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 906 од 1.11.2006 година.

2) Научни трудови објавени од преизборот во звањето помлад асистент до изборот во звањето асистент

Во периодот од преизборот во звањето помлад асистент во ноември 2006 година до изборот во звањето асистент, кандидатот самостојно или како коавтор има објавено осум научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се содржани во рефератот за неговиот избор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 945 од 1.7.2008 година.

3) Научни трудови објавени од изборот во звањето асистент до преизборот во звањето асистент

Во периодот од изборот во звањето асистент во јули 2008 година до преизборот во звањето асистент во јули 2011 година, кандидатот има објавено 17 научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се содржани во рефератот за неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1011 од 1.7.2011 година.

4) Научни трудови објавени од преизборот во звањето асистент до денес

Во периодот од преизборот во звањето асистент во јули 2011 година до денес, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., има објавено повеќе научни трудови на разни симпозиуми во земјата и во странство, кои се наведени во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај.

## 2.3. СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

И на полето на апликативната дејност, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., е доста успешен. Имено, тој со другите членови на Катедрата за геотехника работи на полето на лабораториските и теренските истражувања и испитувања на почвите и карпите, благодарение на што ги поседува Овластувањата за проектирање, надзор и ревизија издадени од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија. Учествува во изработката на голем број студии, елаборати и проекти.

б-1) Стручни трудови објавени од дипломирањето до преизборот во звањето помлад асистент

Во периодот од неговото дипломирање и ангажирање како надворешен соработник на Катедрата за геотехника, во мај 2001 година, па по изборот во звањето помлад асистент и неговото вработување на Градежниот факултет во Скопје, во мај 2002 година, како и до преизборот во истото звање во ноември 2006 година, кандидатот бил соработник во 39 стручни трудови, кои се содржани во рефератот за неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 906 од 1.11.2006 година.

б-2) Стручни трудови објавени од преизборот во звањето помлад асистент до изборот во звањето асистент

Во периодот од преизборот во звањето помлад асистент во ноември 2006 година до изборот во звањето асистент, кандидатот како коавтор има работено на 13 стручни трудови, кои се содржани во рефератот за неговиот избор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 945 од 1.7.2008 година.

б-3) Стручни трудови објавени од изборот во звањето асистент до денес

Во периодот од изборот во звањето асистент во јули 2008 година до преизборот во звањето асистент во јули 2011 година, кандидатот како коавтор, со останатите членови на Катедрата за геотехника, има работено на 37 стручни трудови, кои се содржани во рефератот за неговиот преизбор објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1011 од 1.7.2011 година.

б-3) Стручни трудови објавени од изборот во звањето асистент до денес

Во периодот од преизборот во звањето асистент во јули 2011 година до денес, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., како коавтор, со останатите членови на Катедрата за геотехника, има работено на повеќе стручни трудови, кои се наведени во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај.

3. ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл. град. инж., членува во повеќе стручни здруженија, како што се: Друштвото за геотехника на Македонија, Македонскиот комитет за големи брани и Меѓународното друштво за механика на почви и геотехничко инженерство. Бил организационен секретар на организационите одбори за симпозиумите на Друштвото за геотехника на Македонија.

Листата на активности од поширок интерес е наведена во Анексот 2.

ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид сето она што е погоре кажано, а и врз основа на личното познавање на кандидатот, може да се заклучи дека пријавениот кандидат д-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., ги исполнува и формалните и суштинските критериуми за звањето за кое конкурира. Имено, врз основа на постигнатиот успех во текот на школувањето, објавените научни трудови, и по број и по квалитет, изработените стручни трудови по квалитет и по геотехничка насоченост, престојувањата во странство, учеството на симпозиуми, конгреси и семинари во земјата и во странство, општествената активност, а особено педагошкото искуство, работата со студенти, и тоа како во исполнување на обврските од редовната настава, така и од работата со студентите во подготовката на студентски трудови кои се презентираат на разни меѓународни студентски средби, Комисијата заклучува дека кандидатот, во периодот од своето вработување како помлад асистент во 2001 година до денес, покажал завиден и подеднаков успех во сите три дејности на Факултетот - наставната, научноистражувачката и применувачката. За ова сведочат и високите оценки кои кандидатот ги добивал на сите анкети од студентите.

Според тоа, имајќи го предвид ваквиот развој на кандидатот, Комисијата со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на

Градежниот факултет во Скопје, кандидатот д-р Јован Папиќ, дипл.град.инж., да биде избран во звањето доцент од областа на геотехниката на Градежниот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Васил  Витанов, с.р
2. Проф. д-р Љупчо Димитриевски, с.р.
3. Проф. д-р Спасен Ѓорѓевски, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Јован Бранислав Папиќ**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Градежен факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: градежништво**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| I | **Одржување на вежби** | |
| | **Учебна 2011/2012 година** | **9.90** |
| | ***Вежби на прв циклус студии*** | |
| 1 | Механика на почви (1) / 3 (+п45) (3*15*0.03) | 2.70 |
| 2 | Механика на почви 2 / 2 | 0.90 |
| 3 | Геотехнички истражувања / 1 | 0.45 |
| 4 | Земјани работи и конструкции / 2 | 0.90 |
| 5 | Геосинтетици / 2 | 0.90 |
| 6 | Геотехничка пракса / 4 | 1.80 |
| | ***Вежби на втор циклус студии*** | |
| 7 | Свлечишта и стабилност на косини / 2 (15*0.03*2) | 0.90 |
| 8 | Геосинтетици / 2 | 0.90 |
| 9 | Динамика на почви / 2 | 0.90 |
| 10 | Геотехника во заштита на околина / 2 | 0.90 |
| | **Учебна 2012/2013 година** | **14,85** |
| | ***Вежби на прв циклус студии*** | |
| 11 | Механика на почви (1) / 3 (3*15*0.03) | 1.35 |
| 12 | Механика на почви 2 / 2 (+П45) | 1.80 |
| 13 | Геотехнички истражувања / 1 (+п45) | 0.90 |
| 14 | Геосинтетици / 2 (+п45) | 1.80 |
| 15 | Геотехничка пракса / 4 (+п45) | 3.60 |
| | ***Вежби на втор циклус студии*** | |
| 16 | Свлечишта и стабилност на косини / 2 | 0.90 |
| 17 | Земјан притисок и потпорни конструкции / 2 | 0.90 |
| 18 | Геосинтетици / 2 | 0.90 |
| 19 | Динамика на почви / 2 | 0.90 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Теориска механика на почви / 2 | 0.90 |
| 21 | Геотехника во заштита на околина / 2 | 0.90 |
| | **Учебна 2013/2014 година** | **11,70** |
| | ***Вежби на прв циклус студии*** | |
| 22 | Механика на почви (1) / 3 | 1.35 |
| 23 | Механика на почви 2 / 2 | 0.90 |
| 24 | Геотехнички истражувања / 1 | 0.45 |
| 25 | Геосинтетици / 2 | 0.90 |
| 26 | Геотехничка пракса / 4 | 2.70 |
| | ***Вежби на втор циклус студии*** | |
| 27 | Свлечишта и стабилност на косини / 2 | 0.90 |
| 28 | Геосинтетици / 2 | 0.90 |
| 29 | Геотехнички аспекти на депонии за цврст отпад / 2 | 0.90 |
| 30 | Свлечишта / 2 | 0.90 |
| 31 | Теориска механика на почви / 2 | 0.90 |
| 32 | Геотехника во заштита на околина / 2 | 0.90 |
| II | **Настава во школи и работилници** | **10,00** |
| 1 | GEOREKS 2007-2013 – учесник | 7 |
| 2 | BEST 2008 | 1 |
| 3 | ICAMES 2008 | 1 |
| 4 | IACES 2008 | 1 |
| III | **Консултации со студенти** | **1.46** |
| 1 | (220+260+250)*0.002 | 1.46 |
| IV | **Интерна скрипта од вежби** | **6.00** |
| 1 | Механика на почви | 3.00 |
| 2 | Геотехнички истражувања | 3.00 |
| | **Вкупно:** | **53,91** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Дел од монографија објавен во странство** | **6,00** |
| 1 | Jovanovski M., Milevski I., Papić J.Br., Peševski I., Markoski Bl.: Landslides in the Republic of Macedonia Triggered by the Extreme Events in 2010, Geomorphological Impacts of Extreme Weather – Case Studies from Central and Eastern Europe, Denes Loczy ed., Springer, 2013, pp.265-279 | 6,00 |
| | **Научни-стручни трудови** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание (4,00)** | **10,40** |
| 1 | Zl.Zafirovski, I. Pesevski, J. Br. Papić, METHODOLOGY FOR EXTRAPOLATION OF ROCK MASS DEFORMABILITY PARAMETERS IN TUNNELING, *FACTA UNIVERSITATIS, Series Architecture and Civil Engineering*, 2012. | 3,20 |
| 2 | I. Pesevski, M. Jovanovski, J. Br. Papić, Bl. Markoski, I. Milevski, APPROACHES IN PREPARATION OF NATIONAL LANDSLIDE AND ROCK FALL DATABASE AND HAZARD-RISK MAPS IN REPUBLIC OF MACEDONIA, Scientific Journal of Civil Engineering. | 2.40 |
| 3 | Papić J.Br., Prolović V., Dimitrievski Lj., Lukić Dr., Bonić Z.: Prilog izradi Nacionalnog Aneksa Evrokodu 7 – iz aspekta potpornih zidova, Građevinski materijali i konstrukcije, Vol.56, No.4, 2013, pp.3-17. | 2.40 |
| 4 | Peševski I., Mitovski St., Papić J. Br., Marjanović M.: Choice of grout curtain tzpe of dam Rečani on Orizarska river – Kočani, Geologica Macedonica, Vol.27, No.1, pp.25-35, Štip, 2013. | 2.40 |
| | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание (2,00)** | **1.80** |
| 1 | Димитриевски Љ., Папиќ Ј.Бр.: Еврокод 7 – геотехничко проектирање; ПРЕСИНГ, Vol.III, No.13, 2013, 41-43. | 1,80 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (3,00)** | **24.60** |
| 1 | Papić J.Br., Ristov R., Ognjenović Sl., Peševski I.: Possible impact of Eurocode 7 on slope design for roads and railways, 3rd CETRA, Split, 2014, pp.567-572. | 1.80 |
| 2 | Јосифовски Ј., Јовановски М., Папић Ј. Бр., Ђорђевски Сп., Пешевски И.: "Неке новости у студијском програму за геотехнику", 5. научно-стручно саветовање „Геотехнички аспекти грађевинарства", Соко Бања, 2013, стр.425-430. | 1.80 |
| 3 | Папић Ј. Бр., Проловић В., Димитриевски Љ.: „Предлог за прорачун потпорних зидова у региону према Еврокоду 7", 5. научно-стручно саветовање „Геотехнички аспекти грађевинарства", Соко Бања, 2013, стр.75-82. | 2.40 |
| 4 | Rakic Dr., Sisic R., Papic J. Br., Zafirovski Zl.: "Designing a researcher", 13th International Multidisciplinary Scientific Geoconference SGEM2013, Albena, 16-22 June, 2013, p.399-406. | 1.80 |
| 5 | Ј. Бр. Папиќ, Љ. Димитриевски, В. Проловиќ, З. Јованов: „Реперкусии од Еврокод 7 врз проектирањето на насипните брани", Трет конгрес за брани, ЗМКГБ, Струга, 13-14 јуни 2013, стр.447-454. | 1.80 |
| 6 | J. Josifovski, Sp. Gjorgjevski, J. Papic: RECONSTRUCTION OF BRIDGE ABUTMENTS ON CORRIDOR 10 SECTION VELES-KATLANOVO IN R. MACEDONIA, SMAR 2012, Istanbul, 2013. | 2.40 |
| 7 | J. Br. Papić, Lj. Dimitrievski, V. Prolović, VALUE OF PARTIAL FACTORS FOR EC7 SLOPE STABILITY ANALYSIS: SOLVED „MYSTERY"?, *3rd International Conference on New Developemtns in Soil Mechanics and Geotechnical Engineering*, Nicosia, June 2012, 193-198. | 2.40 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | J. Br. Papić, Lj. Dimitrievski, V. Prolović, VERIFIKACIJA IZABRANOG PRORAČUNSKOG POSTUPKA I PARCIJALNIH KOEFICIJENATA ZA STABILNOST KOSINA PREMA EC7, *2nd International Scientific Meeting GTZ 2012*, Tuzla, jun 2012, 607-614. | 2.40 |
| 9 | J. Br. Papić, Lj. Dimitrievski, V. Prolović, ODGOVARAJUĆI PRISTUP I PARCIJALNI FAKTORI ZA ANALIZU STABILNOSTI KOSINA PO EVROKODU 7, *Građevinarstvo – nauka i praksa*, Žabljak, februar 2012, 1333-1340. | 2.40 |
| 10 | Sp. Gjorgjevski, J. Br. Papić, A. Strašeski, B. Susinov, SYNERGIE ON THE DESIGN OF RETAINING WALL IN THE ST.JOVAN BIGORSKI MONASTERY COMPLEX, *IDE 2011*, Niš, 139-144. | 1.80 |
| 11 | J. Br. Papić, V. Vitanov, M. Jovanovski, I. Peševski, B. Krsteska-Papić, MODELING EXERCISES AS VALUABLE TOOL FOR SHAPING STUDENTS' KNOWLEDGE, *IDE 2011*, Niš, 277-282. | 1.80 |
| 12 | J. Br. Papić, M. Jovanovski, V. Vitanov, I. Peševski, ANALIZA ANVELOPE LOMA KAMENOG NABAČAJA ZA POTPORNO TELO NASUTE BRANE ROVNI, *TEIK 2010*, Nis, 2010, D1-D8 . | 1.80 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (2,00)** | **5.60** |
| 1 | В. Витанов, Ј. Бр. Папиќ, Ж. Гоцев, Ст. Глигоров, ДРЕНАЖНИ СИСТЕМИ КАЈ ХИДРОЈАЛОВИШТА – ТЕОРИСКИ ОСНОВИ И ИСКУСТВО, *Хидројаловиштата во Р. Македонија*, Штип, октомври 2012, 25-36. | 1.20 |
| 2 | И. Пешевски, М. Јовановски, Ј. Бр. Папиќ, АНАЛИЗА СТАБИЛНОСТИ АНИЗОТРОПНИХ СТЕНСКИХ МАСА ПРИМЕНОМ ИНТЕРАКЦИОНИХ МАТРИЦА, *XIV симпозијум из инжењерске геологије и геотехнике*, Београд, септембар 2012, 381-388. | 1.60 |
| 3 | Р. Шишић, Др. Ракић, Зл. Зафировски, Ј. Папић, „ГЕОРЕКС“ – ИЗАЗОВ ЗА МЛАДЕ ИСТРАЖИВАЧЕ, *XIV симпозијум из инжењерске геологије и геотехнике*, Београд, септембар 2012, 35-42. | 1.20 |
| 4 | Ј. Бр. Папић, Љ. Димитриевски, В. Проловић, КО СЕ БОЈИ ЕВРОКОДА 7 ЈОШ?, *4. научно-стручно саветовање „Геотехнички аспекти грађевинарства“*, Златибор, новембар 2011, 9-16. | 1.60 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) (1,00)** | **4,00** |
| 1 | Златибор, 2011 | 1,00 |
| 2 | Штип, 2012 | 1,00 |
| 3 | Соко Бања, 2013 (x2) | 2,00 |
| | **Вкупно** | **52,40** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Извештај од извршена ревизија на тендерска документација за брана Конско со придружните објекти: Книга 1 – Општи податоци за објектот; Книга 2 – Технички спецификации за градежни работи; Книга 4 – Предмери, 2014 | 1,50 |
| 2 | Извештај од извршена ревизија на Основниот проект за брана „Конско“ со придружни објекти, Книга 5: Темелен испуст со водозафатна кула, пристапен мост, магацин и затварачница, Свеска 5.3: Конструктивни анализи на пристапниот мост за водозафатна кула, магацин и излезна затварачница со предмер-пресметка и нацрти, 2013 | 0,50 |
| 3 | Извештај од извршена ревизија на Основниот проект за брана „Конско“ со придружни објекти, Книга 6: Челен преливник, 2013 | 0,50 |
| 4 | Извештај од извршена ревизија на елаборат од извршени геотехнички истражувања и испитувања на локацијата предвидена за изградба на производен погон за бои и лакови Бабин Дол – Македонски Брод, 2014 | 0,50 |
| 5 | Извештај од извршена ревизија на елаборат од извршени геотехн.истражувања и испитувања на локацијата предвидена за изградба на логистички центар „Нов тренд“ – Петровец, 2014 | |
| 6 | Извештај од извршена ревизија на елаборат од извршени геотехнички истражувања и испитувања на локацијата предвидена за изградба на објект „Био-енерџи“ – Чешиново, 2014 | 0,50 |
| 7 | Извештај од извршена ревизија на елаборат од извршени геотехнички истражувања и испитувања на локацијата предвидена за изградба на хала за откуп и обработка на земјоделски производи – с. Паликура, 2014 | 0,50 |
| 8 | Изв. од извршена ревизија на елаборат од извршени геотехн. истр. и испитувања на локацијата за изградба на производни погони за преработка на овошје и зеленчук „КИМ“ – Неготино, 2014 | 0,50 |
| 9 | Извештај од извршена ревизија на Елаборат од извршени геомеханички истражувања и испитувања на локацијата предвидена за изградба на производни погони за преработка на овошје и зеленчук „КИМ“ – Неготино, 2014 | 0,50 |
| 10 | Извештај бр.1 од извршена ревизија на Елаборат за геомеханички истражни работи и лабораториски испитувања на локација предвидена за изградба на нов објект на НБРМ на ул. Филип Втори со Г.П.7.2.1, 2013 | 0,50 |
| 11 | Ревидентски извештај бр.1 за Елаборат за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на брана и хидројаловиште Скрдово – Пробиштип, за 2012-2013год. | 0,50 |
| 12 | Извештај од ревизија на проектна документација „Елаборат од извршени геотехнички истражувања и испитувања за ниво на изведбен проект за инженерски конструкции, речни премини, гасоводни станици и други објекти за магистрален гасовод, делница 2, Кавадарци-Битола (km 0+000.00 – km 91+247.17), дел 2: Објекти и речни премини“, 2011 | 0,50 |
| 13 | Извештај од ревизија на проектна документација „Елаборат за дополнителни геотехнички истражувања за краци од гасовод на ниво на основен проект за магистрален гасовод, делница 4, Хамзали-Стојаково (Гевгелија), пакет 3, крак Струмица, крак Петрич, крак Валандово, крак Богданци, крак Гевгелија“, 2011 | 0,50 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Извештај од ревизија на проектна документација „Елаборат од извршени геотехнички истражувања и испитувања за изработка на Основен за магистрален гасовод, делница 1: Клечовце-Неготино (Кавадарци), ЛОТ1, фаза геотехника“, 2011 | 0,50 |
| 15 | Извештај од ревизија на проектна документација „Елаборат од геотехнички истражувања за траса за изведбен проект за инженерски конструкции, речни премини, гасоводни станици и други објекти за магистрален гасовод за делница 4 Хамзали-Стојаково (Гевгелија), книга I и II“, 2011 | 0,50 |
| 16 | Извештај од ревизија на проектна документација „Елаборат од геотехнички истражувања за траса за ниво на основен проект за магистрален гасовод за делница 4 Хамзали-Стојаково (Гевгелија) – пакет 3, книга 1“, 2011 | 0,50 |
| 17 | Завршен извештај од извршена ревизија на Изведбен проект за санација и подобрување на доводен систем „Шарски води“, 2011 | 0,50 |
| 18 | Извештај од извршена ревизија на Основен проект за санација на дел од Тољански тунел ХЕЦ „Маврово“, ХЕ Вруток, 2011 | 0,50 |
| 19 | Извештај од извршена ревизија на Основен проект за санација на доводен систем Шарски води ХЕЦ „Маврово“, 2011 | 0,50 |
| 20 | Извештај од извршена ревизија на елаборат за изведените геотехнички истражувања и испитувања за јаглен во наоѓалиште Мариово, 2011 | 0,50 |
| 21 | Извештај од извршена ревизија на елаборат за изведените инженерскогеолошки и хидрогеолошки истражни и испитателни работи во јагленовото наоѓалиште „Мариово“, 2011 | 0,50 |
| 22 | Анекс на изведбен проект за реконструкција и санација на административната зграда заедно со кровната конструкција на ХЕЦ „Тиквеш“ – Кавадарци, 2012 | 0,50 |
| 23 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружните објекти, дел 1 – Идеен проект за избор на тип на насипна брана и оптимално техничко решение со диспозиција за придружни објекти, Книга 2 – Придружни објекти, 2011 | 1,00 |
| 24 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружните објекти, дел 1 – Идеен проект за избор на тип на насипна брана и оптимално техничко решение со диспозиција за придружни објекти, Книга 1 – Насипна брана, 2010 | 1,00 |
| 25 | Техничка документација за градба на хидројаловиште бр.4 на рудник Саса – М. Каменица, Идеен проект, Книга 3: Избор на најповолен тип на јаловишна брана, 2014 | 1,00 |
| 26 | Идејно решение за хидројаловиштето на рудникот за бакар и злато „Иловица“, општина Босилово: Книга 2 – Избор на најповолна конфигурација на хидротехничките објекти, 2014 | 1,00 |
| 27 | Report from the analysis of reinforced soil retaining wall at Marquardt factory in Karaslari – Veles, 2014 | 1,00 |
| 28 | Извештај од извршена анализа на напонско-деформациона состојба на подлога и насип на локација за изградба на индустриски објект „Маркарт“, 2014 | 1,00 |
| 29 | Стручно мислење за настанатата состојба и предлог-решние за објект во населено место Чешиново, од проектот на Агенцијата за млади и спорт со назив „Повеќенаменски игралишта во РМ“, 2014 | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | Техничка документација за брана Речани на Оризарска река со придружни објекти, Дел 3.3 – Техничка документација за брана Речани, Книга 1 – Градежни работи, тендерска документација, 2014 | 2,00 |
| 31 | Техничка документација за градба на XJ4 на рудник Саса – М. Каменица: Елаборат од геотехнички истражувања и испитувања, 2014 | 2,00 |
| 32 | Техничка документација за градба на хидројаловиште бр.4 на рудник Саса – М. Каменица, Елаборат од геотехничките истражувања и испитувања, 2014 | 2,00 |
| 33 | Техничка документација за градба на хј бр.4 на рудникот Саса – М. Каменица, 2014 | 2,00 |
| 34 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска река со придружни објекти, Дел 3.2 – Основен проект за брана „Речани“ со придружните објекти, Книга 6 – Инјекциони работи кај браната и придружните објекти (конечна верзија после ревизија), 2013 | 2,00 |
| 35 | Извештај о извршеним лабораторијским геотехничким испитивањима смичуће чврстоће по пукотинама на узорцима из истражне галерије у зони преградног места бране „Пошћење“ – Х.Е. Дабар, 2012 год. | 2,00 |
| 36 | Извештај о извршеним лабораторијским геотехничким испитивањима смичуће чврстоће по пукотинама на узорцима из истражне галерије у зони машинске зграде и цјевовода под притиском – Х.Е. Дабар, 2012 | 2,00 |
| 37 | Извештај за извршено лабораториски геотехнички испитувања на примероци од зона на брана «Луково поле», 2012 | 2,00 |
| 38 | Проект за геолошки и геотехнички доистражувања и испитувања за наоѓалиштето за јаглен „Брод-Гнеотино“ – РЕК Битола, 2012 | 2,00 |
| 39 | Извештај за состојбата на свлечиштето во зона на Вруточки сифон врз основа на теренски мерења на поместувања извршени во 2012 година, 2012 | 2,00 |
| 40 | Basic design for strengthening and repairing of embankments in the zone of transitional slabs at bridge B44, km 53+824, highway M1 (E75), section Katlanovo-Veles, August 2012: вкупно 10 проекта (уште и B39, B41, B47, B50, B52, B55, B60, B63, B65) | 20,00 |
| 41 | Elaborate from geotechnical investigation on the embankments in the zone of the transitional slabs on the bridge B50, km 55+948, Highway M1 (E75), section Veles-Katlanovo, August 2012: вкупно 10 елабората (уште и B39, B41, B47, B52, B55, B60, B63, B65) | 20,00 |
| 42 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружни објекти, Дел 3.2 – Основен проект за брана „Речани“ со придружните објекти, Книга 4.3 – Инјекциона галерија, 2012 | 2,00 |
| 43 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружни објекти, Дел 3.2 – Основен проект за брана „Речани“ со придружните објекти, Книга 4.1 – Бочен преливник, 2012 | 2,00 |
| 44 | Основен проект за санација на инекционата завеса на левиот бок и дел од делницата „А“ на длабинската завеса на брана „Турија“, 2012 | 2,00 |
| 45 | Елаборат од извршени геомеханички лабораториски испитувања за ретензиона насипна брана за одлагалиште на пепел „Осломеј“ – Кичево, 2011 | 2,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 46 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска Река со придружните објекти, дел 2 – Основен проект за пристапен пат до профилот на брана „Речани“ со тендерска документација, дел 2.2 – Основен проект за пристапен пат до брана „Речани“, Книга 4 – Потпорни конструкции, 2011 | 2,00 |
| 47 | Техничка документација за брана „Речани“ на Оризарска река со придружните објекти, дел 2 – Основен проект за пристапен пат до профилот на брана „Речани“ со тендерска документација, дел 2.2 – Основен проект за пристапен пат до брана „Речани“, Книга 3 – Елаборат за инженерско-геолошки истражувања и испитувања со димензионирање на коловозната конструкција, 2011 | 2,00 |
| | **Вкупно:** | **91,00** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | **1,00** |
| | Четврти симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија | 1,00 |
| | Член на факултетска комисија | **1,00** |
| | Центар за кариера | 0,50 |
| | Комисија за заштита на вработените од мобинг | 0,50 |
| | Подготовка на национални документи | **2,00** |
| | Национален анекс на Еврокод 7 | 2,00 |
| | Учество во комисии и тела на државни и други органи | **2,00** |
| | Технички комитет 40 при ИСРМ | 1,00 |
| | Друштво за геотехника на Македонија (техн.секретар) | 1,00 |
| | **Вкупно:** | **6.00** |
| | **Сè вкупно:** | **97,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 53,91 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 52,40 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 97,00 |
| **Вкупно:** | **203,31** |

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Васил Витанов с.р.

2.Проф. д-р Љупчо Димитриевски с.р.

3.Проф. д-р Спасен Ѓорѓевскис.р.

# **Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕЗИЈА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на **411 седница** одржана на **29.05.2014 година**, со **решение бр.02/94-44** од **04.06.2014 година**, нè именува за Рецензентска комисија за избор на еден асистент од областа na геодезијата, која ги покрива предметите : Геодетски подлоги, Софтвреки пакети во геодезијата, Катастар, ГеоИС, Менаџмент на недвижности. Во врска со тоа, по прегледот на пристигнатите документи, имаме чест да го поднесеме следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот конкурс што е објавен во дневниот весник ,,**Дневник**" на **24.04.2014 година** за избор-реизбор на еден асистент од областа на геодезијата се пријави еден кандидат, и тоа **м-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, дипл. гео. инж.**, асистент на Градежниот факултет во Скопје. Врз основа на поднесените материјали и личното познавање на кандидатот, подолу се презентирани неговите основни биографски податоци и постигнувањата во наставно_образовната, и научно-стручната дејност во периодот од изборот во звањето асистент.

### **1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Ѓорѓи Ѓорѓиев е роден 14.11.1980 година во Битола. Основно образование го завршил во родниот град, а средното образование го завршил во ДСЕМУ „Ѓорѓи Наумов" – отсек автоматика и сметачка техника.

Своето образование кандидатот Ѓорѓиев го продолжил на $VI_1$ степен во учебната 1999/2000 година на студиите по геодезија при Градежниот факултет во Скопје каде што во учебната 2001/2002 се здобил со звањето геодетски инженер. Во учебната 2002/2003 година се запишал на новоотворените $VII_1$ студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје, кои што ги завршил во јули 2006 година со одбрана на дипломскиот труд под наслов „Базични претпоставки за реализација на современи катастарски системи" под менторство на Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, оценета со 10 (десет). Овие студии кандидатот ги завршува со просечна оценка 9.3.

Во учебната 2006/2007 година се запишува на последипломски студии од областа на Менаџмент на земјиште (Land Manegament) на Кралскиот Институт за технологија (Royal Institute of Technology) во Стокхолм. Во истата учебна година ги положил сите предвидени испити и започнува со истражувањата за изработка на магистерскиот труд под наслов „ ***Анализа на недостатоците на македонскиот катастарски систем иницирани од недостатокот на механизми за регистрација на 3Д ситуации***". Магистерскиот труд на Кралскиот институт за технологија кандидатот Ѓорѓиев го одбранил на 04.12.2008 година.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на студирањето кандидатот во учебната 2004/2005 и 2005/2006 година од страна на катедрата за геодезија бил ангажиран во процесот на наставата како демонстратор по предметите Просторни Информациони Системи, Автоматска обработка на податоци и Катастар. Во учебната 2007/2008 година од страна на катедрата за геодезија бил ангажиран во наставниот процес како надворешен соработник по предметите Просторни Информациони Системи, Автоматска обработка на податоци, Катастар, Дигитални геодетски планови, Софтверски пакети во геодезијата, Инженерска геодезија 1, Инженерска геодезија 2, Индустриска геодезија, Изравнување на специјални мрежи, Геодетски изравнувања, ГеоИнформациони Системи (На Архитектонскиот факултет).

Од декември 2008 година е вработен на Градежниот факултет, на катедрата за геодезија, како асистент по предметите, Катастар, ГеоИнформациони системи, Менаџмент на недвижности, Геодетски подлоги, Дигитални геодетски подлоги, Софтверски пакети во геодезијата, Автоматска обработка на податоци и Геоинформациони системи предмет кои се предава на Архитектонски и Машинскиот факултет, Менаџмент на урбани средини, Масовна проценка со ГеоИС.

## 3. НАУЧНО_СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Во периодот од последниот избор до денес, следејќи ги насловите кои кандидатот ги има понудено во својата пријава, може да се согледа дека се работи за период во кој кандидатот има исклучителна активност од областа во која конкурира. Видлив е неговиот ангажман во реализација на повеќе меѓународни проекти заедно со престижни универзитетски тимови и учество како член во комисии формирани од светската асоцијација на геодети (FIG) т.е.

- **Development of New Land Governance Studies in Macedonia and Ukraine**, ТЕМПУС проект за развој на постдипломски студии на четири украински и два македонски универзитети,
- **Develoment of a common international English-speaking Master course of studies** Проект за развој на заеднички постдипломски студии помеѓу шест универзитети од Германија, Македонија, Србија, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина, финасиран од German Academic Excange Service (DAAD) project Academic Resconstruction Southeast Europe
- **Strengthening and development of Earth Observation activities for the environment in the Balkan area**, меѓународен истражувачки проект со конзорциум од универзитети и компании од четиринаесет земји. Проектот е финансиран од европската комисија преку FP7 програмата,
- Компаративна анализа на процедурите во системите за регистрација на недвижности во Шведска, Англија, Македонија и Полска, истражувачки проект на Кралскиот Институт за технологија од Стокхолм,
- Дизајн и формирање на информационен систем за управување со земјоделско земјиште во државна сопственост, проект финансиран од **Food and Agriculture Organization of the United Nations,** FAO,

- Use of GNSS reference station networks to provide close to real time atmospheric models for weather forcast and monitoring of tectonic movements, билатерален македонско-австриски научно-истражувачки проект
- Член на FIG работната група за 3Д катастар.

Како автор кандидатот, а на барање на издавачката куќа ***Lambert Academic Publishing*** од Германија, на англиски јазик со номенклатура ISBN 978-3-8443-9989-9 ја издаде книгата под наслов "***Need for a 3D concept in Macedonian 2D cadastre system,* Analysis of Macedonian cadastre system initiated by the lack of mechanisms for registration of 3D situations ".**

Од јуни 2010 година кандидатот работи на својата докторска дисертација со наслов прифатен од наставно научниот совет на Градежниот факултет ***"Анализа на состојбите со нелегалните градби и предлог на прогресивен модел за нивно администрирање во катастарските системи"*** под менторство на проф. др Ванчо Ѓорѓиев.

Самостојно или во тим кандидатот има реализирано голем број на стручно_апликативни проекти и трудови од кои комисијата посебно би ги издвоил проектите реализирани во актуелниот период :

- Реализација на шест циклуси за обука на проценители за недвижен имот во Република Македонија
- Член на ревизорскиот тим за проектот на гасификација на Р. Македонија
- Формирање на теренски модел како нулта состојба врз самостојно реализирана аквизициска содржина за изградба на автопатот Демиркапија – Смоквица
- Изработка на студија за проширување на ски центарот Пониква и изградба на ски центар на локацијата Црн Врв со анализи базирани врз ГеоИС
- Изработка на информационен систем за менаџмент со државно земјоделско земјиште за потребите на Министерството за Земјоделие, шумарство и водостопанство, консултант на FAGRIKOM
- Консултант за реализација на проектот „Регистрација на правата за недвижностите на Македонски телеком и Македонска пошта"
- Едукациски циклуси за „Дизајн и имплементација на ГеоИС системи", Национален парк Галичица
- Изработка на студија за GNSS мрежа во Р. Македонија, проект за Агенцијата за катастар на недвижности
- Формирање на техничка документација за утврдување и регистрација на правата за Рударско Енергетскиот Комбинат Битола во катастарскиот систем на Р. Македонија,
- Утврдување на актуелна состојба и мониторинг на состојбата на кровната конструкција на Собранието на Р. Македонија како основа за позиционирање на кровната купола
- Адресен модел на градот Скопје
- Адресен модел на градот Битола
- CORINE Land Cover 2006, Дизајн и изработка на софтверско решение за фотоинтерпретација за мултиспектрални опсервациски материјали, проект на ГОВЕ
- Меѓународен проект за мултиспектрална фотоинтерпретација на

орбитални слики и ажурирање на базата на податоци од проектот CORINE Land Cover 2000
- Дизајн и формирање на централна база на податоци за потребите на Министерството за локална самоуправа за складирање на генерални и детални урбанистички планови, проект на ECS и САРИС
- Изработка на дигитални планови за регистрација на инфраструктурни објекти

## 4. Научно_истражувачки резултати

Областа која кандидатот ја покрива во наставните предмети, всушност, претставува и негово тесно истражувачко подрачја. Посебен интерес во ова широко научно подрачје, кандидатот го лоцира во администрирањето со недвижности како поглед на системски позиционирани пристапи. Се работи за системски конструкции со типизирани објектно ориентирани погледи имплементирајќи ги како концептни решенија во катастарските и ГеоИнформационите системи. Токму во сферата на овие системски конструкции кандидатот, како научни трудови, резултатите ги има објавено на повеќе меѓународни конгреси и конференции. За истакнување е дека научниот труд поднесен на меѓународниот конгрес во Израел, од областа на 3Д катастарот, е прогласен како еден од првите три престижни трудови на конгресот. Комисијата врз основа на пријавата би сакала да ги издвои следните научни трудови :

- Vanco Gce jorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, Robert Dixson-Gough, Krzysztof Gawronski, Jozef Hernik, Vida Maliene and Hans Mattsson**, Urban sprawl development for minor housing areas, European Academy od land use and development**, 2014
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **Legalization of illegal buildinks-experien and situations in Macedonia**, Opatija 2013
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **Illegal construction and legalization as a process in the legal-economic system of the state, a motive or a necessity**, South-Estern European journal of Earth Observation and Geomatics, 2012
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **Earth observation activities for the environment in FYROM**, South-Eastern European Journal of Earth Observation and Geomatics, 2012
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **Analysis of the conditions with distribution of services from cadastre system in conductiong of procedures for administrating with concession of agriculture land in R. Macedonia**, Liviv, Ukraina
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, Naum;e Lazarevski, **The transaction procedures of real estate in the cadastre system in R. Macedonia**, FIG congress
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **Registration of 3D Situations in R. Macedonia, Problems and needs FIG working week**
- Gjorgji Gjorgjiev, **Analysis of the drawbacks in Macedonian cadastre system initiated by the lack of mechanisms for registration of 3D situations,** магистерски труд

- Ѓорѓи Ѓорѓиев, **Менацирање на заеднички ресурси**, конференција во Македонија
- Vanco Gjorgjiev, Gjorgji Gjorgjiev, **3D cadastre related to the situation in Makeconia**, conference held in Bugria

## 5. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека кандидатот м-р Ѓорѓи Ѓорѓиев дипл.геод.инж. во изминатиот период остварил обемна, плодна и успешна наставна, научна, стручна и издавачка активност. Во склоп на наставната активност кандидатот покажал сериозен и високо професионален пристап во реализација на вежбите од предметните програми за кои е избран, а врз основа на објавените научни и стручни трудови констатација е дека кандидатот се развил во компетентен истражувач и потенцијал за реализација на проекти од обласа за која конкурира. Публикуваната книга на англиски јазик, за меѓународниот пазар, од предметната област на истражување само ја потврдува квалификацијата дека кандидатот поседува висок стручен и научен потенцијал.

Следејќи ги овие квалитативни карактеристики за еден млад човек, ни дава за право да констатираме дека кандидатот се развива во исклучително квалитетен истражувач и педагог во изведување на наставата по предметните програми за кој бил избран. Во спроведените анкети на студентите кандидатот Ѓорѓиев е отценет со високи отцени од сите анкетни сегменти што само го потврдува неговиот професионален пристап кон обврските во наставата, неговата креативност и спремност/способност за изведување на настава. Од друга страна личното познавање и следењето на неговата научно_истражувачка и стручна активност, ни дава за право со задоволство да ја истакнеме неговата наклонетост и спремност за тимско работење и лидерство како член на истражувачки и стручни тимови. Карактеристики кои не убедуваат дека кандидатот Ѓорѓиев се развил, а за очекување е дека ќе продолжи со сопствената надградба, во исклучително квалитетен наставно-научен работник.

Имајќи го сето тоа во предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да му предложи кандидатот м-р Ѓорѓи Ѓорѓиев дипл. геод. инж., да биде реизбран во звањето асистент од областа на геодезија.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, с.р.

Проф. д-р Лазо Димов, с.р.

Проф. д-р Јован Јованов, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА *ВИША ГЕОДЕЗИЈА* НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 411. седница одржана на 29. V 2014 година, нѐ именува за членови на Рецен-зентската комисија за избор на наставник од областа на вишата геодезија, а врз основа на конкурсот објавен во весникот „Дневник” од 24. IV 2014 година.

По извршениот преглед на приложената документација, констатирано е дека на распишаниот конкурс се пријавил кандидатот м-р Златко Богдановски, дипл.геод.инж., досегашен асистент во областа за која се пријавува.

Врз основа на приложената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Златко Богдановски е роден на 2. V 1978 година во Гости-вар. Основното образование го завршил во родниот град, а средното обра-зование го завршил во ГУЦ „Здравко Цветковски“ во Скопје - отсек: геодезија. Средното образование го завршил со одличен успех, при што бил прогласен за најдобар ученик во својата генерација.

Своето образование го продолжил во учебната 1998/99 на VI/1 степен студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Во текот на студи-рањето бил ангажиран како демонстратор на повеќе предмети на Катедрата за виша геодезија. Студиите од VI/1 степен ги завршил во учебната 2000/2001 и се здобил со звањето геодетски инженер.

Од септември 2001 до јули 2002 година, кандидатот работел во Државниот завод за геодетски работи, во Секторот за премер и катастар - Скопје и Одделението за катастарски информациски системи.

Во учебната 2002/2003 година се запишал на новоотворените студии од VII/1 степен по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. За време на студирањето повторно бил ангажиран како демонстратор на повеќе предмети при Катедрата за виша геодезија. Додипломските студии ги завршил во јули 2006 година, со одбрана на дипломската работа под наслов ***Определување на карактеристиките, можностите и точноста на мерените хоризонтални агли со современиот инструмент Leica TCR 407 power*. Додипломските студии ги**

**завршил со просечна оценка 8,92, а дипломската работа ја одбранил со оценка 10.**

Од дипломирањето, па до декември 2008 година бил ангажиран како надворешен соработник на Катедрата за виша геодезија, при што му е доверено водењето на вежбите и практичната настава по повеќе предметни програми.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломските студии по геодезија кои за првпат се отворени во рамките на Градежниот факултет во Скопје. По положувањето на испитите од постдипломските студии предвидени согласно со извршената еквиваленција, кандидатот пријавил магистерски труд од областа на геодинамиката. Постдипломските студии ги завршил на 30. XI 2008 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов *Воспоставување на ГПС основа за определување на геодинамиката на Скопската Котлина*. **Постдипломските студии ги завршил со просечна оценка 9,68.**

За помлад асистент на Катедрата за виша геодезија при Градежниот факултет во Скопје е примен на 28. II 2009 година.

Во јуни 2009 година, кандидатот поднесол пријава за изработка на докторска дисертација под работен наслов *Определување на геодинамиката на Скопската Котлина врз основа на геодетски мерења*. Пријавата е прифатена од страна на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во август 2009 година.

За асистент на Катедрата за виша геодезија при Градежниот факултет во Скопје, колегата Богдановски е избран во 2011 година.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Како што веќе беше нагласено, кандидатот м-р Златко Богдановски бил ангажиран во изведувањето на наставата по повеќе предмети на Катедрата за виша геодезија. Така, за време на студирањето бил ангажиран како демонстра-тор по предметите: *основи на геодезијата, геодезија 1, геодезија 2, просторно планирање* и *геодезија за градежници*.

По дипломирањето, кандидатот бил ангажиран како надворешен сора-ботник на Катедрата за виша геодезија, при што перманентно изведувал наста-ва по предметите: *основи на геодезијата, геодезија 1, геодезија 2, просторно планирање, геодетска мерна технологија, теориска геодезија 2, глобални позициски системи* и *геодезија за градежници,* а во учебната 2007/08 бил ангажиран и на предметите *катастар* и *дигитални геодетски подлоги*.

Од приемот во редовен работен однос, па до денес, кандидатот изведува аудиторни и практични вежби по следниве предмети:

- Студии од прв циклус (додипломски студии):
  - основи на геодезија,
  - геодезија 1,

- геодезија 2,
- геодетска мерна технологија,
- просторно планирање,
- геодезија (за градежници),
- геодезија (за геотехника).

- Студии од втор циклус (постдипломски студии):
  - глобални позициски системи,
  - мерни системи во менаџментот со недвижности.

Покрај изведувањето на вежбите, во изминатиот период кандидатот бил ангажиран и при изведувањето на летната практика по геодезија со студентите од студиите по геодезија, потоа при подготовката и прегледот на задачите за вежби, колоквиуми и испити, како и при контролата и примањето на графич-ките работи по горенаведените предмети.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на кандидатот по изборот за асистент се состои од: изработка на докторска дисертација, учество во научни проекти, како и објавување на научни трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија.

- **Изработка на докторска дисертација** од областа на геодинамиката под наслов *Определување на геодинамиката на Скопската Котлина врз основа на геодетски мерења*. Во рамките на истражувањата кои се спроведуваат во докторската дисертација, кандидатот развил геодинамичка мрежа во околината на градот Скопје. Со перманентни геодетски ГНСС-набљудувања на точките од мрежата во еден подолг период, планирано е да се определи геодинамиката на Скопската Котлина.

- **Учество во научноистражувачки проекти**. Во изминатиов тригодишен период, кандидатот учествувал во два научни проекта (од кои еден меѓународен) финансирани од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје:

  1. *Употреба на ГНСС референтните станици за добивање на реални временски атмосферски модели за временска прогноза и мониторинг на тектонските поместувања.*

     Целта на проектот се истражувањата за примена на перманентните ГНСС-мрежи за потребите на метеорологијата. Станува збор за билатерален научен проект во рамките на македонско-австриската научна соработка. Проектот е реализиран од страна на Институтот за геодезија и геофизика при Техничкиот универзитет во Виена и Катедрата за виша геодезија при Градежниот факултет во Скопје.

2. *Анализа на точноста на новите дигитални топографски карти за територијата на Република Македонија.*

   Целта на проектот е разработка на методологија за продукција на дигитални топографски карти, со посебен акцент за утврдување на позициската и висинската точност на новата *Основна државна кар-та за ГИС во Македонија*. Проектот е реализиран од страна на Катедрата за виша геодезија при Градежниот факултет во Скопје.

- **Учество на меѓународни и домашни симпозиуми**. Кандидатот учествувал на меѓународни и домашни симпозиуми и конгреси, каде што како коавтор се јавува во повеќе научни трудови.

Научните трудови до изборот на кандидатот во звањето асистент се обја-вени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” бр. 1015 од 15. IX 2011 год. При тоа, како автор и коавтор, тој бил учесник во изработката на 6 (шест) научни трудови.

По изборот во звањето асистент, кандидатот учествувал како автор или коавтор при изработката на следниве научни трудови:

1. **Srbinoski Z., Jovanov J., Bogdanovski Z. (2011):** *Bologna process in studies of geodesy at Faculty of Civil Engineering - Skopje.* International scientific conferance „Professional praktice and education in Geodesy and related fields“, Kladovo, Serbia.
2. **Србиноски З., Јованов Ј., Богдановски З. (2011):** *Основна државна карта за ГИС во Македонија.* Реферат на 14. Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Струга.
3. **Srbinoski Z., Dimeski S., Bogdanovski Z. (2011):** *Determining the geographical center of Republic of Macedonia.* First Serbian geodetic congress, Belgrade, Sebia.
4. **Bogdanovski Z., Srbinoski Z. (2012)**: *Referent station in Ohrid, part of European permanent network (EPN).* Geodetski glasnik. Vol. 42, 18-28. Sarajevo. Bosnia & Herzegovina.
5. **Srbinoski Z., Bogdanovski Z. (2012)**: *Gerhard Kremer Mercator's cartographic heritage.* Scientific Journal of Civil Engineering. Vol 3, Issue 1, 37-48, Skopje.
6. **Србиноски З., Јованов Ј., Богдановски З. (2013)**: *Анализа на точноста на новите дигитални топографски карти за територијата на Р Македонија,* nаучно истражувачки проект, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
7. **Srbinoski Z., Jovanov J., Bogdanovski Z., Gjorgjiev Gj., Dimeski S. (2013)**: *Use of GNSS reference station networks to provide close to real time atmospheric models for weather forecast and monitoring of tectonic movements,* билатерален македонско-австриски научноистражувачки проект, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
8. **Димов Л., Богдановски З., Димитровска А. (2013)**: *Контрола на ква-литетот на мерените големини кај геодетска оскултација на градежни објекти.* Трет конгрес за брани, Струга.
9. **Србиноски З. Јованов Ј., Богдановски З. (2013)**: *Санација на геодет-ските мрежи кај високите брани.* Трет конгрес за брани, Струга.
10. **Србиноски З. Јованов Ј., Богдановски З. (2013)**: *Примена на геодетски методи при очувувањето на објектите од културно-историското наслед-ство.* 15. Меѓународен симпозиум на ДГКМ, Струга.

11. **Србиноски З., Богдановски З. (2013)**: *Примена на сателитското позиционирање за определување на геодинамиката на Скопската Котлина*, Пресинг бр. 15, 46-55, Скопје.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

По изборот во звањето асистент, кандидатот перманентно учествувал во стручно-апликативната дејност на Градежниот факултет која во најголем дел ја остварувал во соработка со колегите од Катедрата за виша геодезија.

Во изминатиот период, кандидатот учествувал во изведувањето на повеќе стручни проекти и подготовката на елаборати за тие проекти. Тие проекти се претежно од областа на прецизните геодетски мерења за определување на деформации на градежните објекти, како и од областа на дигиталната картографија. По изборот во звањето асистент, кандидатот учествувал при изработката на следниве стручни трудови:

1. Геодетски деформациски мерења на Валачкиот стан во „Топла валавница“- МАКСТИЛ АД - Скопје; 2 серии, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски).
2. Геодетски мерења на трета Ливна машина во „Челичарница“- МАКСТИЛ АД - Скопје; 2 серии, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски).
3. Геодетски мерења на ножица бр. 4 во „Топла валавница“ - МАКСТИЛ АД - Скопје; 2 серии, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски).
4. Геодетска оскултација на браната „Прилеп“- Прилеп, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Јован Јованов).
5. Елаборат за геодетските мерења за изработка на геодетска ситуација на браната „Речани“- Кочани, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Јован Јованов).
6. Основен проект за брана „Речани“ со придружни објекти со тендерска, Книга 2 - Проект за геодетски мрежи за брана "„Речани“- Кочани, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Јован Јованов).
7. Основен проект за брана „Речани“ со придружни објекти со тендерска, Книга 3 - Проект за геодетско обележување на објектите на брана „Речани“- Кочани, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Јован Јованов).
8. Основен проект за брана „Речани“ со придружни објекти со тендерска, Книга 4 - Проект за геодетска оскултација на браната „Речани“- Кочани, 2011 год. (со проф. д-р Златко Србиноски и проф. д-р Јован Јованов).
9. Геодетска оскултација на браната „Лисиче“- Велес, 2011 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
10. Геодетска оскултација на браната „Мантово“- Радовиш, 2012 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
11. Геодетска оскултација на браната „Лисиче“- Велес, март 2013 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
12. Геодетска оскултација на оџакот и разладната кула од ТЕЦ „Осломеј“ - Кичево, 2013 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
13. Геодетска оскултација на браната „Прилеп“- Прилеп, 2013 год. (со проф.д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).

14. Геодетска оскултација на браната „Градче“- Кочани, 2013 год. (со проф.д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
15. Геодетска оскултација на браната „Калиманци“- Кочани, 2013 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
16. Геодетска оскултација на браната „Лисиче“- Велес, ноември 2013 год. (со проф. д-р Јован Јованов и проф. д-р Златко Србиноски).
17. Геодетски деформациски мерења на Валачкиот стан во „Топла валавница“- МАКСТИЛ АД - Скопје; 2 серии, 2013 год. (со проф. д-р Златко Србиноски).
18. Геодетски деформациски мерења на оџаците во „Johnson Matthey“- Скопје; 2014 год. (со проф. д-р Златко Србиноски).
19. Геодетска оскултација на оџакот и разладната кула од ТЕЦ „Осломеј“ - Кичево, 2014 год. (проф. д-р Златко Србиноски).

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека кандидатот м-р Златко Богдановски, дипл.геод.инж., има мошне сериозен пристап кон наставно-педагошката, научната и стручната работа.

Неговиот перманентен ангажман во наставниот процес за време на студирањето, по завршувањето на додипломските студии и особено по приемот за помлад асистент и асистент на Градежниот факултет е високо оценет од страна на студентите, на што укажуваат податоците од внатрешната евалуација на Факултетот. Треба да се истакне дека, според официјалните податоци од внатрешната евалуација на Факултетот за изминатите три години, просечната оценка за изведувањето на вежбите по предметите кои ги покрива колегата Богдановски изнесува 4,78, што претставува исключително висок просек.

Студиозноста при изведувањето на наставата, како и перманентното научно усовршување преку учество во меѓународни и домашни научноистражувачки проекти ни даваат за право да тврдиме дека тој ќе се развие во добар и вреден наставно-научен работник. Од друга страна, со учеството во голем број стручно-апликативни проекти, кандидатот го стекнува неопходното искуство во воспоставувањето на спрегата помеѓу наставно-научната и применувачката дејност.

Имајќи го сето тоа предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да му предложи кандидатот м-р Златко Богдановски, дипл. геод. инж., да биде реизбран во звањето асистент од областа на вишата геодезија.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Златко Србиноски с.р.

Проф. д-р Јован Јованов с.р.

Проф. д-р Лазо Димов с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ИНЖЕНЕРСКАТА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Научниот совет во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) во Скопје број 09-808/1 од 23. V 2014 година, избрани сме за членови во Рецензентската комисија за избор на научен советник во областа на инженерската сеизмологија.

На распишаниот конкурс од страна на Научниот совет во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, објавен во дневниот весник „Дневник" на 13. VI 2014 година и во дневниот весник „Koha" на 13. VI 2014, се пријави кандидатката д-р Бисерка Димишковска, виш научен соработник при Универзитетот Св. Кирил и Методиј" од Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија ИЗИИС, Скопје.

Врз основа на поднесената пријава од кандидатката и доставените прилози: биографски податоци, преглед на научноистражувачката и стручната работа, преглед на научните публикации, преглед на соопштенијата во периодот од изборот за виш научен соработник до денес, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Кандидатката д-р Бисерка Димишковска е родена на 14.IV 1953 година во Кратово-Република Македонија. Основно образование, како и среднотехничко во ГУЦ "Здравко Цветковски" завршила во Скопје со одличен успех. Дипломирала на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на 21.III 1979 година, на конструктивниот оддел, успешно одбранувајки ја дипломската работа со оценка 9, со што се здобила со звањето дипломиран градежен инженер.

Веднаш по дипломирањето, на 1.VI. 1979 година се вработила во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, како стручен соработник - приправник во ОПЕ - Регионални истражувања и сеизмички хазард. Во учебната 1979/80 година се запишала на постдипломски студии од областа на земјотресното инженерство - оддел инженерска сеизмологија, и ги завршила на 30.VI 1993 година со среден успех 9,3, успешно одбранувајќи го магистерскиот труд под наслов *Идентификацција на елементите на сеизмичкиот хазард со компаративна анализа и примена на вардарската зона*, со што се стекнала со звањето магистер на технички науки.

Во звањето асистент во областа на инженерската сеизмологија е избрана со Одлука на Советот бр. 02-1620/2 од 14.VI 1994 год. (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје бр. 614). Преизбрана е во истото звање со одлука на Советот на

ИЗИИС бр.02-579/1од 26.III 1997 година (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 677). Втор пат е преизбрана со Одлука на Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија бр.02-982/2 од 22.IV 2004 година (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 798).

На 3.III 2004 година успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов *Прилог кон анализата на техничко-технолошки ризици со моделирање на последиците на животната средина* и се стекнала со академското звање доктор на технички науки.

Во звањето научен соработник од областа на инженерската сеизмологија и екологија-заштита на животната средина е избрана со Одлука на Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија бр.09-2701/1 од 27.XII 2004 година (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 861).

Во звањето виш научен соработник од областа на инженерската сеизмологија и екологија-заштита на животната средина е избрана со Одлука на Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија бр.09-1787/1 од 26.X 2009 година (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 971).

## 2. Научна активност

Како научен соработник во Институтот за земјотресно инженерство инженерска сеизмологија, вклучена е во наставата за докторски студии по предметот Environmental Engineering и предметот Engineering materials на постдипломските студии.

Освен на постдипломските студии, учествувала и во наставата на Меѓународниот тримесечен курс за проектирање и изградба во сеизмички подрачја (CADAC), што Институтот го организираше секоја година за наставно-научни и стручни кадри од земјите во развој.

Во 1986 година, во Стразбур (Франција) престојувала на двонеделен меѓународен семиниар "Seismic Hazard in Mediteranean Regions", под покровителство на Сеизмолошко-медитеранскиот центар во Стразбур, Франција.

Д-р Бисерка Димишковска е член на Друштвото на градежните конструктори на Македонија, ДГКМ, Друштвото на сеизмолозите на Македонија, ДСМ, Друштвото за механика на Македонија, и Друштвото на еколозите на Република Македонија и во Македонската асоцијација за земјотресно инженерство МААЕ.

## 3. Научноистражувачка и стручна активност

Од нејзиното вработување до денес, д-р Бисерка Димишковска истражувала и работела на проблеми од областа на инженерската сеизмологија и екологијата (заштита на човековата околина), и тоа:

- моделирање на сеизмичноста на теренот и оценка на сеизмичкиот хазард;
- дефинирање на проектни сеизмички параметри;
- анализа на индустриските ризици и последиците од нив;
- моделирање на последиците на животната средина;
- заштита на човекот во животната средина.

Од вработувањето во ИЗИИС до денес учествувала во реализацијата на повеќе проекти кои се однесуваат на изградбата на капитални објекти во поранешна Југославија, како и во проекти поврзани со отстранување на последиците од земјотресот во Црна Гора, 1979 година, на Копаоник, 1980 година и во Гевгелија, 1990 година. Учествувала и во проекти што ИЗИИС ги реализирал за партнерите во странство (како што се Алжир и Тунис).

Нејзината научноистражувачка и стручна работа во поголем дел се однесува на методите за дефинирање на сеизмичкиот хазард и ризик. Во последните години посветува поголемо внимание на проучување на проблемите од еколошките хазарди, вклучувајќи ги индустриските ризици. Компетентна е за областа од “Sustainable solid waste management”, што и го овозможи European Center for Pollution Research Queen Mary & Westfield College University of London.

Резултатите од својата научноистражувачка и стручна работа д-р Бисерка Димишковска ги објавува и ги презентира на повеќе домашни и меѓународни симпозиуми и работни групи.

Овде, кандидатката д-р Бисерка Димишковска наведува некои од научноистражувачките и стручните трудови, како и публикувани статии во меѓу народни журнали.

Листата на активности од овој домен е дадена во Анекс 2.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на претходно изнесените активности за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и за меѓународната активност, може да се заклучи дека д-р Бисерка Димишковска, виш научен соработник во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, е познат наставно-образовен и научно-стручен работник од областа за која конкурира.

Кандидатката д-р Бисерка Димишковска, во периодот од нејзиниот избор за виш научен соработник до денес, искажува изразена посветеност во наставата, научноистражувачката и апликативната дејност.

Од приложената листа на научни трудови објавени во земјата и во странство, може да се констатира дека кандидатката е со изразена мотивираност за следење на најновите сознанија во науката од областа на инженерската сеизмологија, управувањето со отпадот, компостирањето, заштитата на човековата околина од процесот на работа во фабриките и настанатите климатски промени во светот. Особено се забележливи нејзините настапи и презентации на научните собири од областа на одржливиот развој и заштита на човековата околина од разни хемиски супстанции во воздухот, како и предавања од областа на земјотресите, превенцијата и заштитата од нив.

Кандидатката д-р Бисерка Димишковска има позитивна оценка од самоевалуацијата.

Врз основа на целокупниот ангажман кој ги задоволува критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и од личното познавање на кандидатката, нејзините професионални квалитети и научноистражувачкиот потенцијал со кој располага и од досегашната соработка со неа, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, виш научен соработник д-р Бисерка Димишковска, дипл.град.инж., да биде избрана во научното звање научен советник во областа инженерска сеизмологија и екологија.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Снежана Стаматовска, с.р.

2. Проф. д-р Живко Божиновски, с.р.

3. Проф. д-р Виолета Мирчевска, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Бисерка Ристо Димишковска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Институт за земјотресно инженерство - Скопје**

**Научна област:** **инженерска сеизмологија; екологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учебна 2009/2010 година** | **0,6** |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 1 | Градежни материјали | 0,6 |
| | **Учебна 2010/2011 година** | **0,8** |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 2 | Градежни материјали | 0,8 |
| | **Учебна 2011/2012 година** | **0,8** |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 6 | Градежни материјали | 0,8 |
| | **Учебна 2012/2013 година** | **0,8** |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 8 | Градежни материјали | 0,8 |
| | **Учебна 2013/2014 година** | **1,0** |
| | ***Предавања на втор циклус студии*** | |
| 11 | Градежни материјали | 1,0 |
| | **Учество во комисии** | **3,1** |
| 16 | Комисија за одбрана на магистерска работа - член / 2 | 0,6 |
| 17 | Комисија за оцена на докторат - член / 5 | 2,5 |
| | **Интерна скрипта на дел од предавања** | **2** |
| 18 | Градежни материјали | 2 |
| | **Вкупно:** | **9,1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор** | **13** |
| 1 | **Ментор на докторска дисертација / 4** | 12 |
| 2 | **Ментор на магистерска работа / 1** | 1 |
| | **Раководител на развоен проект** | **3** |
| 3 | **Dimiskovska B**., "Analysis of Hazards in Working Media for Better Humanization of Labor and Higher Quality of Human Environment", Skopje, 2009/2010. | 3 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | **5** |
| 4 | Paskaleva I., Stamatovska S., **Dimiskovska B**., NATO Proekt ,Seismic Hazard Study for Lifeline Systems Running Through Macedinia and Bulgaria, NATO, 2008-2010. | 5 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор со оригинални научни резултати** | **11,898** |
| 5 | Komatina S., Komatina M., Radovoc V., **Dimiskovska B**., " "Hidrogeoseizmoloski metodi i predviduvanje na zemjotresi", Ecologiceskii Vestnik Naucnih Centrov, CEC. 2012 N° 1 550.34 ISSN 1729-5459 Rusia, 2012. | 2,4 |
| 6 | Maksimovic M., Simeonovic N., **Dimiskovska B.,** "Vestini na pregovaranje i verbalna komunikacija", Zurnal EMIT Ekonomija menagjment, informaticka tehnologija UDK: 005.336.5:005.57;005.574, pp.33-40, ID 198426124 2013. | 3,2 |
| 7 | **Dimiskovska B.,** "Environment Risks due to Debris Containing Asbestos in Post Eartquake Conditions", Journal Acta Geodaetica et Geophysica Hungarica, A Quarterly of the Hungarian Academy of Sciences, Volumen 45, Numbers 3, September, pp. 481-492. IF=0,298. | 6+0.298 |
| | **Научно-стручен труд бјавен во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор со оригинални научни резултати** | **3,2** |
| 8 | Dojcinovski D., Olumceva T., **Dimiskovska B.,** "Estimating Reservoir Seismicity RIS Potential – Case Study – Kozjak Dam", 15 World Conference of Earthquake Engineering, Lisabon 2012- (full paper on CD, Proceedings paper number 2157.pdf) | 3,2 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/ стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | **88,2** |
| 9 | **Dimiskovska B.**, "Atmosfeic Polluters Released From Industrial Plants Factors of Risk Pertaining to Cancer", Seminar of Ecology, april, 2009, Sofia, Bugaria, Proceedings pp.333-347. | 3,0 |
| 10 | **Dimiskovska B.,** "Azbestos Containing Construction Materials – | 3,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Rosk for Human Health", International conference on earthquake engineering, Oktober, 2009, Banja Luka, Proceedings pp.379-388. | |
| 11 | **Dimiskovska B.**, "Analysis of Hazard in Working Environment for Better Humanization of Labour and High Quality of Environment', Gradjevinarstvo – Nauka i praksa, knjiga 2, februar, 2010, Monte Negro, Proceedings on CD. | 3,0 |
| 12 | **Dimiskovska B.**, A. Zlateski, "Seismic Hazard Assessment of the Central part of Macedonia by Using Two Methods', 14 ECEE European Conference on Eartquake Engineering, august, 2010, Ohrid, Macedonia, on CD. | 2,7 |
| 13 | **Dimiskovska B.**. " Medical Waste Management in Kratovo", Drustva gradjevinskih konstruktera Srbije DGKS, septembar, 2010, Zlatibor, Serbia, Proceedings on CD. | 3,0 |
| 14 | **Dimiskovska B.,**, " Hazard Evaluation for Chemical Substances Accidentaly Released in the Air from Industrial Activities", Prva Nacionalna konferencija za zattita zivotne sredine u energetici, rudarstvu pratecoj industriji, septembar, 2010, Divcibare, Serbia, Proceedings pp.315-317. | 3,0 |
| 15 | **Dimiskovska B.**, Vulgarakis M., Stanojoski K., "Analysis of Gases Emitted From the Mobile Asphalt Plant Terna in Skopje R. Macedonia", Zastita vazduha 2010, November, 2010, Subotica, Serbia, Proceedings pp.241-244. | 2,4 |
| 16 | **Dimiskovska B.,** " Protection of Environment Against Efects of 400 KW Transmission Line Dubrovo- Shtip-Macedonian – Bulgarian Border", 6th International Scientific Conference on the Environmental Management System in the Electric Powuer Industry, December, 2010, Zlatibor, Serbia, Proceedings pp.241-244. | 3,0 |
| 17 | **Dimiskovska B.,** " Threat Imposed by Asbestos and Protection of Human Environment", Druga Nacionalna konferencija za zattita zivotne sredine u energetici, rudarstvu pratecoj industriji, mart, 2011, Zlatibor, Serbia, Proceedings pp.33-38. | 3,0 |
| 18 | **Dimiskovska B.,** Petrovski T.,Ecologicaly criticqal points along Vardar River Valley (Republic Macedonia) Proceedings of the Seminar of Ecology, Sofija, Bugarija, april, 2011, Proceedings pp.32-36. | 2,7 |
| 19 | **Dimiskovska B.,** Petrovski T., "Treatment of Medical Waste in Kratovo in R. Macedonia",6th Simposium Recycling technologies and Sustainable Development, septemvri, 2011, Soko Banja, Serbia, Proceedings on CD. | 2,7 |
| 20 | **Dimiskovska B.**, Petrovski T., " Waste Storage for Electrical and Electronic Equipment",1st International Conference Ecology of Urban Areas, septemvri, 2011, Zrenjanin, Serbia**,** Proceedings on CD. | 2,7 |
| 21 | **Dimiskovska B.,** Zlateski A., "Solid Waste and Problems Releadted to Its Management in Republic of Macedonia", 14ta Konferencija na Drustvo na gradezni konstrukteri na Makedonija, septemvri, 2011, | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ohrid. Makedonija, Proceedings pp.469-475. | |
| 22 | Petrovski T., Petrovski J., **Dimiskovska B.,** "Seismic Microzoning Parameters for Urban Development Planning Based on Damage Control Criteria", 14ta Konferencija na Drustvo na gradezni konstrukteri na Makedonija, septemvri, 2011, Ohrid. Makedonija, Proceedings pp.397-405. | 2,4 |
| 23 | **Dimiskovska B.**, "Effect of Abrasive Grinding Products Produced By "Tehnoabraziv" (KRATOVO, R.MACEDONIA) Upon Environment", Proceedings of the Seminar of Ecology, Sofija, Bugarija, april, 2012, pp.34-37. | 3,0 |
| 24 | **Dimiskovska B.**, Dojcinovski D., "Effect of "BATO AND DIVAJN" Printing House Upon Environment (SKOPJE, R. MACEDONIA), Proceedings of the Treca Nacionalna konferencija za zattita zivotne sredine u energetici, rudarstvu pratecoj industriji, Beograd, Serbia, maj, 2012, Proceedings on CD. | 2,7 |
| 25 | **Dimiskovska B.**, Petrovski T., "Criteria for Urban development Planning in seismic regions", Proceedings of the Treca Nacionalna konferencija za zattita zivotne sredine u energetici, rudarstvu pratecoj industriji, Beograd, Serbia, maj, 2012, Proceedings on CD. | 2,7 |
| 26 | **Dimiskovska B.,** Petrovski T., "Types of Waste and Waste Management Practices in Macedonia", Proceedings of the 7th. Symposium Recycling Technologies and Sustainable Development, Soko Banja, Serbia, septemvri, 2012, Proceedings pp. 83-92. | 2,7 |
| 27 | **Dimiskovska B.**, "Effect of Fuels From a Petrol Station Upon Environment", Proceedings of the International Scientific Conference People Buldings and Environment", Lednice, Czech Republik, November, 2012, Proceedings on CD. | 3,0 |
| 28 | Stojiljkovic D., Kis T., **Dimiskovska B.,** "Landscape Ecology in The Wine Center ", Proceedings of the International Symposium For Agriculture and Foods, Skopje, dekemvri, 2012, Proceedings on CD. | 2,4 |
| 29 | Radović V., Komatina-Petrović S., **Dimiskovska B.,** „Emerging Issue : Extreme Weather Events as an Ecological Risk on Serbian Biodiversity ",Proceedings of the International Symposium For Agriculture and Foods, Skopje, dekemvri, 2012, Proceedings on CD. | 2,4 |
| 30 | Stojiljković D., Stojčevska J., Rajic M., **Dimiskovska B.,** **"**Application of landscape Architecture in Recultivation of Open Pit Mining in Bukovac" , Proceedings of the International Symposium For Agriculture and Foods, Skopje, dekemvri, 2012, Proceedings on CD. | 2,4 |
| 31 | **Dimiskovska B., "**Models of Industrial Risks and thear Consequences Upon Veles City (R. Macedinia) Environment", 2nd International Symposium Turism and Durable Development, Timsoara, Romania, april, 2013, Proceedings pp.127-134. | 3,0 |
| 32 | **Dimiskovska B., "**Waste Management and Corresponding Legislation in Macedonia" 3W International Solid Waste, Water and Wastewater Congress, Istanbul, Turkey, may,2013, Proceedings pp.22-24. | 3.0 |

| | | |
|---|---|---|
| 33 | Zeqiri K., **Dimiskovska B.,** Garevski M., Riesbeck F., **"**Earthquake Impact on Tailing dam Stability i.. Environmental Pollution", Earthquake Engineering Conference, Skopje, Macedonia , May 2013 on CD. | 2,7 |
| 34 | Maksimovic M., Damjanoviv Z., **Dimiskovska B.,** „Comunication and Conflict in Comunication", 3rd International Conference „Economics and management –Based on New Technologies" EMONT, Vrnjacka banja, Serbia, 2013 June, 2013, Proceedings pp. 260-266. | 2,4 |
| 35 | Stojanovski J., **Dimiskovska B**., "Root Strength Properties in Slope Stabilitty based on Root Theory", XXI International Scientific and Professional Meeting "Ecological Truth" ECO – IST', Bor, Serbia, June, 2013, Proceedings pp. 308-313. | 2,7 |
| 36 | Stoiljkovic D., Komatina-Petrovic S., **Dimiskovska B.,** Stetic J., Todorovic J., **"**Arrangement of Surface Excavations of Non-metal Mineral Raw Material", 5th Jubilee Balkan Mining Congress, Ohrid, Macedonia, September, 2013, Proceedings pp. 706-70. | 1,8 |
| 37 | **Dimiskovska B.,** Ristevski P., Dimiskovski J., " Climate and Meteorological Conditions in Mavrovo national park", ECO Conference , Ecological Movement of Novi Sad, Serbia, September, 2013, Proceedings pp. 61-69. | 2,4 |
| 38 | Stoiljkovic, D., Samardjic M., **Dimiskovska B.,** " Groundwater Quality of Fruska Gora ",ECO Conference , Ecological Movement of Novi sad, Serbia, September, 2013, Proceedings pp. 97-103. | 2,4 |
| 39 | Sekularac G., Stoiljkovic D., **Dimiskovska B.,** Djuric M., Jaksic T., Jugovic M., "The Quality Of Spring waters Of Fruska Gora (Vojvodina)",International Symposium Agrosym , Jahorina, Bosna and Hercegovina, October, 2013, Proceedings pp.873-880. | 1,8 |
| 40 | **Dimiskovska B.,** Dimiskovski J., " Waste management in R. Macedonia", 3rd International Symposium Turism and Durable Development, Timsoara, Romania, april,2014, Proceedings pp.251-267. | 2,7 |
| 41 | **Dimiskovska B.,** Dimiskovski N., " Efects of Solid Waste landfill on the Town of Shtip R. Macedonia", 3rd International Symposium Turism and Durable Development, Timsoara, Romania,april, 2014, Proceedings pp. 237-251. | 2,7 |
| | **Одржани предавања по покана** | **30** |
| 42 | Одржани предавања во 10 основни училишта и 6 градинки во општина Карпош во јуни/јули 2013 година на тема: *Појава на земјотреси и превенција и заштита од нив.* 16x1 | 16 |
| 43 | Одржано предавање и учество со вежби на II Civil Defence International Universities Search and Rescue Seminar- Exercise – 2011 in Cyprus. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 44 | Одржано предавање по покана на средното училиште „Здравко Цветковски ," учебн 2010/2011/2012/2013 и 2014 година. Тема: *Земјотреси, сеизмичност на Македонија, превенција и заштита од земјотреси* 5x2x1 | 10 |
| | **Вкупно:** | **154,29** |

***Менторство на докторска дисертација:***

1. Кандидат: м-р Кемаљ Зекири, дипл. инж.
   Работен наслов на темата: *Влијание врз животната средина од јаловиштето на олово и цинк Кижница и предлози за заштита на средината, обезбедување на геотехничка стабилност и рекултивација на јаловиштето*, (во тек).

2. Кандидат: м-р Мифтар Ника, дипл. инж.
   Работен наслов на темата: *Чистење и рекултивација на депонијата на пепел од електранатa "Косово А" во Косово, (во тек).*

3. Кандидат: м-р Јанко Стојановски, дипл. шумарски инж.
   Работен наслов на темата*: Влијание на големите индустриски капацитети врз појава на секундарните хазарди и животната средина*, (во тек).

4. Кандидат: м-р Африм Бериша, дипл. биолог
   Работен наслов на темата: *Опции за Управување со цврст отпад во Косово и нивно влијание врз климатските промен, (во тек).*

***Менторства на магистерски работи:***

1. Кандидат: Томислав Петровски, дипл. град. инж.
   Работен наслов на темата: *Потенцијална еколошка катастрофа предизвикана од сеизмички ефекти на подрачјето на град Скопје*
   Во тек е.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Основни проекти** | **20** |
| 1 | Влијание на сеизмичката активност на брана Грнчарево, Гаревски М, Дојчиновски Д, Олумчева Т, **Димишковска Б,** ИЗИИС 49-2011, Скопје. | 4 |
| 2 | Елаборат за животна средина за Злате Бенц, **Димишковска Б**, Вулгаракис М, РИ- Опуспроект, 2013, Скопје. | 4 |
| 3 | Елаборат за животна средина за рушење и изградба на ЈЗУ, болница Штип, **Димишковска Б**, Вулгаракис М, РИ-Опуспроект 2014, Скопје. | 4 |
| 4 | Студија на сеизмичност на локации Мариово и Криволак<br>Книга I – Преглед и оцена на работите и студиите направени до сега Гаревски М, Стаматовска С, Домурџанов Н, Мирчевска В, **Димишковска Б**, ИЗИИС 29-2014, Скопје. | 4 |
| 5 | Елаборат за животна средина за изградба на ЈЗУ, болница Кичево, **Димишковска Б,** Вулгаракис М, РИ- Опуспроект 2014, Скопје. | 4 |
| | **Мислење за проектираниот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата во Р. Македонија** | **38** |
| 6 | Основен проект-фаза статика за индивидуална куќа Пр+Пк тех. Бр. 98-13/1, Длапкиндол, Кичево | 1 |
| 7 | Основен проект-фаза статика за индивидуална куќа Пр+Пк тех. Бр. 97-13/1, Длапкиндол, Кичево | 1 |
| 8 | Домување во станбена зграда По+Пр+5+Пк ул. Шумадиска Бр.7А, КО. Центар, Скопје | 1 |
| 9 | Основен проект-фаза статика за индивидуална куќа Пр+Пк тех. Бр. 01-г/14, Скопје | 1 |
| 10 | Основен проект индивидуален станбен објект тех.бр. 03-001, Гевгелија | 1 |
| 11 | Основен проект-станбен објект тех.бр. 06/105, Скопје | 1 |
| 12 | **Основен проект-станбен објект тех.бр. 06/99, Скопје** | 1 |
| 13 | Основен проект-фаза статика за индивидуална куќа Пр+1 тех.бр. 92-13/1, Кичево | 1 |
| 14 | Надградба на поткровје во станбена зграда КП 1071, КО Гази баба, тех. Бр. 1-07/2013, Скопје | 1 |
| 15 | Основен проект-станбен објект, тех.бр. 06/20-14, Скопје | 1 |
| 16 | Основен проект на индивидуален станбен објект Пр+1 кат, КП 1542/3 и 1543/2 КО Бањица, Гостивар | 1 |
| 17 | Индивидуален станбен објект Сут+Пр+Пот, КП 392/4 КО Гевгелија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | **Основен проект А1-семејно домување – дел од двојна семејна куќа Кп 1470/111, тех. бр. 05-015/14, Пробиштип** | 1 |
| 19 | **Основен проект на индивидуална станбена куќа на ГП 2.9, од измена и дополнување на детален урбанистички план за населба “Чифлик” УЕ “А” Блок А6, Кп 2043, Ко Кичево** | 1 |
| 20 | **Семејна куќа КП 677/5. тех. Бр. 06/14-1, Ко Кичево, Кичево** | 1 |
| 21 | **Семејна куќа По+Пр+Пк, тех.бр. 01/0014, Виница** | 1 |
| 22 | **Семејна куќа Пр+1, Кп. 1904/1 тех. Бр. 04/14-1, Кичево** | 1 |
| 23 | **Основен проект-надградба и доградба на постоечки објект Кп 4166/1, Тех. бр. 10-11/13, Ко Сингелиќ, Скопје** | 1 |
| 24 | **Основен проект за надградба на поткровни простории и доградба на балкони на колективна станбена зграда Тех. Бр. 004/13 Кисела Вода, Скопје** | 1 |
| 25 | **Семејна куќа Кп 1778.1 Ко Кичево тех. Бр. 02/14-1, Кичево** | 1 |
| 26 | **Семејна куќа Кп 4548, тех. Бр. 2-14, Куклиш, Струмица** | 1 |
| 27 | Изградба на поткровје Кп 16743/1, Тех. Бр. 045-28/04, Битола | 1 |
| 28 | Станбена куќа, Кп 9388, Тех. Бр. 01-03/14, Неготино | 1 |
| 29 | Станбена куќа, Кп 266/2, тех. Бр. 7/20/14, Кичево | 1 |
| | **Вкупно:** | **58,0** |

| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
| | **Член на организациони или програмски одбори на меѓународни научни/стручни собири** | **7** |
| 1 | 2nd Regional Cinference Environmental Protection in Energy, Mining and Industry, Zlatibor, Serbia, mart, 2011. | 1 |
| 2 | 3rd Regional Cinference Environmental Protection in Energy, Mining and Industry, Beograd, Serbia, maj, 2012. | 1 |
| 3 | 1st Urban ECO Conference , University of Novi Sad, Faculty of Technical Sciences Mihajlo Pupin, Zrenjanin, Serbia, oktober, 2012 | 1 |
| 4 | 2nd Urban ECO Conference , University of Novi Sad, Faculty of Technical Sciences Mihajlo Pupin, Zrenjanin, Serbia, oktober, 2013 | 1 |
| 5 | 1rd Urban ECO Conference , University of Novi Sad, Faculty of Technical Sciences Mihajlo Pupin, Zrenjanin, Serbia, oktober, 2014 | 1 |
| 6 | 2nd International Symposium Turism and Durable Development, Timsoara, Romania, april, 2013. | 1 |
| 7 | 3rd International Symposium Turism and Durable Development, Timsoara, Romania, april, 2014. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | **1** |
| 8 | Научноистражувачки проект „Анализа на стабилноста на спомениците во Скопје со метода геоскен" помеѓу Техничкиот факултет во Чанаккале (Турција) и Министерството за образование и наука на РМ, Програма Tubitac, 2010. | 1 |
| | **Член на комисија за избор во звање** | **0,2** |
| 9 | Комисија за гласање за избор во звање – директор на ИЗИИС (проф. д-р Михаил Гаревски ) | 0,2 |
| | **Вкупно:** | **8,2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **9,1** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **154,29** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **66,2** |
| **Вкупно** | **229,59** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Снежана Стаматовска, с.р.

2. Проф. д-р Живко Божиновски, с.р.

3. Проф. д-р Виолета Мирчевска, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА НАУЧНОТО ПОЛЕ БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ, НАУЧНА ОБЛАСТ: ПЛОДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ФЕРТИЛИЗАЦИЈА, НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 42, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за иабор во наставно научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти- докторанти на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј'', во Скопје, член 43, став 1, алинеја 16 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на УКИМ- Земјоделски институт– Скопје, а согласно со објавениот Конкурс во весникот ,,Koha'', од 29.5.2014 година и весникот ,,Утрински весник'', од 29.5.2014 година, Научниот совет при Институтот, на својата редовна 57. седница одржана на 9.6.2014 година, ја донесе Одлуката за избор на Рецензентска комисија за избор на асистент на **научната област плодност на земјиштето и фертилизација**.

Според Одлуката бр. 02-415/1 од 12.6.2014 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марина Стојанова редовен професор на факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, д-р Душко Мукаетов, вонреден професор при Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Марјан Андреевски, вонреден професор при Земјоделскиот институт во Скопје.

Комисијата откако ги разгледа поднесените документи констатира дека на објавениот конкурс во дневните весници "Утрински весник" и "Koha" од 29. 5.2014 година, за избор на асистент на научната област плодност на земјиштето и фертилизација се пријави кандидатката м-р Христина Попоска, досегашен помлад асистент во Одделението за педологија и агрохемија при УКИМ-Земјоделски институт, Скопје.

По прегледот на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Христина Попоска е родена на 17.7.1981 год. во Скопје, Р.Македонија. Средно образование завршила во 2000 год., по што се здобила со стручен назив - земјоделски техничар. Истата година се запишала на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје. Во 2005 год. дипломирала на истиот Факултет со одбрана на дипломската работа на тема: ,,Квалитетни својства на пченицата – сорта радика'', здобивајќи се со стручен назив - земјоделски инженер-агроном. По завршувањето на студиите, во 2005 год. се запишала на постдипломски студии при истиот Факултет, насока: агрохемија. Постдипломските студии ги завршила на 31.10.2011 год., со просечна оценка 9,43. Со одбраната на магистерската работа на тема: „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај пченката во скопскиот реон", се стекнала со академскиот степен магистер на земјоделски науки.

Од 2005 год., кандидатката е ангажирана како демонстратор на предметите ботаника и физиологија на растенијата, при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Од 2006 год. започнала да волонтира во Земјоделскиот институт во Скопје, во Одделението за педологија и агрохемија, како помлад стручен соработник.

На 7.12.2011, од страна на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, е избрана во звањето помлад асистент од **научната област плодност на земјиштето и фертилизација** во ***Одделението за педологија и агрохемија***.

Во декември 2011 год., на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, пријавува тема за докторска дисертација под наслов: ВЛИЈАНИЕ НА ФОЛИЈАРНОТО ЃУБРЕЊЕ ВРЗ ПРИНОСОТ И КВАЛИТЕТОТ КАЈ СОРТИТЕ ВИНОВА ЛОЗА КАРДИНАЛ И АФУС АЛИ.

Активно се служи со англискиот јазик што ѝ овозможува следење на странска литература.

## 2.НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Христина Попоска има посетено и активно учествувано на неколку работилници и курсеви:

- Training Program at Soil and Agroecology Laboratory, Institute of Field and Vegetable Crops, November 2012 Novi Sad, R. of Srbia;
- The DRIMON Project – Interdisciplinary assessment of water resources management in two transboundary lakes in South Eastern Europe. Workshop for managers, stakeholders and fellow researchers, 2009 Ohrid, Macedonia;
- The DRIMON Project – Interdisciplinary assessment of water resources management in two transboundary lakes in South Eastern Europe: International Student Course on Integrated Water Resources Management (IWRM). 2009. Durus, Albania;
- International atomic energy agency (IAEA): Regional Training Course on Cytogenetics and in-vitro Techniques in Mutagenesis of Crop Plants and radiation-mediated Reconstruction of Plant Genome, 2009. Sofia, Bulgaria.

Кандидатката м-р Христина Попоска има учествувано во следниве научно истражувачки проекти:

- Germplasm characterization of wheat mutant population concerning wheat quality by using molecular markers (2004-2006). IAEA;
- Interdisciplinary assessment of water resources management in two transboundary lakes in South Eastern Europe (DRIMON). 2006-2009. Norway Government .

Како автор и коавтор, кандидатката ги има објавено следниве трудови:

1. **Попоска Х**., Николовски М., Станоев В., Петковски Д., Андреевски М. (2012). Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и хемискиот состав на зрното пченка, хибрид ZP 677. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Научна трибина ,,Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион – сегашна состојба и перспектива”, Кочани, том XXVIII/XXIX (91-106).

   Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањета за влијанието на фолијарното ѓубриво Megagreen врз приносот и хемискиот состав (вкупна влага, сува материја, протеини и целулоза) на зрното

пченка, хибрид ZP 677. При аплицирање на ѓубривото во концентрација од 0,6%, забележан е највисок просечен принос и највисока просечна содржина на сува материја. Кај варијантата која е ѓубрена со концентрација од 0,3%, забележана е највисока содржина на целулоза во зрното пченка.

2. Андреевски М., Андреевска Д. Мукаетов Д., **Попоска Х.**, Маркоски М. (2012). Содржина на тешки метали во почви од Кочански Поле. Годишен зборник на Земјоделскиот институт во Скопје. Научна трибина ,,Оризот и другите земјоделски култури во кочанскиот регион – сегашна состојба и перспектива'', Кочани, том XXVIII/XXIX (63-75).

   Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањето на колувијалните почви од околината на с. Горни Подлог и ризосол од околината на с. Долни Подлог, Кочанско. Резултатите покажале дека содржината на вкупен бакар, никел, цинк и олово е пониска од референтните вредности. Содржината на вкупен ванадиум во поголем број на почвени проби е повисока од референтните, но пониска од интервентните вредности, додека содржината на вкупен манган е под максимално дозволените концентрации.

3. Андреески М., Мукаетов Д., Цветковиќ Јулијана, **Попоска Христина**, Секулоска Тијана (2010). Содржина на вкупни форми тешки метали во некои почвени типови од Ресенско. Заштита на растенијата, Скопје. Година XXI, (67-72).

   Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањата на алувијална, делувијална и лесивирана почва од Ресенско. Во испитаните почви, содржината на вкупен цинк, олово и бакар е пониска од референтните вредности. Содржината на вкупен кадмиум во некои почвени проби е незначително повисока од референтните, но многу пониска од интервентните вредности. Заради ова нема опасност од контаминација на почвата и фитотоксично дејство.

4. Петковски Д., **Попоска Христина** (2009): Генеза и својства на смолниците (вертисолите) од Славишко Поле-Кривопаланечко (2009). Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт, Скопје, том XXVI/XXVII, стр. 197-207.

   Во овој труд се презентирани податоци за почвообразувачките фактори, генезата, класификацијата и својствата на смолниците што се распространети во регионот на Славишко Поле - Кривопаланечко. Процесите на смолниците се состојат од: акумулација на хумус, декарбонатизација, аргилогенеза, повремена појава на хидроморфизам и карактеристичниот процес на аргило-педотурбација. Според класификацијата на Scheffer и Schachtschabel, проучуваните почви спаѓаат во текстурните класи: иловеста глина и тешка глина. Хумусно-акумулативниот Amo-хоризонт речиси редовно е бескарарбонатен и слабо до умерено хумусен, со 1.42-3.75 % хумус. Почвите се карактеризираат со неутрална реакција. Содржината на вкупен азот се движи во интервал од 0,083 до 0,162 %, со мошне ниска содржина на леснорастворлив фосфор и висока содржина на леснодостапен калиум. Тоа се релативно плодни почви, на кои високи приноси даваат

пченицата и јачменот, како и граорот и грашокот во услови без наводнување, а со наводнување може да се одгледуваат и други култури.

5. Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, Julijana Cvetković, Aleksandar Trendafilov, Ordan Cukaliev, **Hristina Poposka**, Tijana Sekuloska (2009). Remediation of flotation of copper mine ,,Bucim" Radovis. Soil protection activities and soil quality monitoring in South Eastern Europe. Sarajevo, Bosna and Herzegovina.

   Авторите на овој труд ги презентираат резултатите од рекултивацијата на флотациониот материјал од рудникот за бакар "Бучим" - Радовиш. Заради високата токсичност на флотациониот материјал, одлучено е врз него да се нанесе почвен и геолошки материјал. Почвениот и геолошки материјал се одликува со поволен механички состав, добри хемиски својства и ниска содржина на тешки метали и е погоден за рекултивација на флотациониот материјал. За подобрување на својствата на нанесениот почвен и геолошки материјал, авторите препорачуваат мелиоративно ѓубрење со фосфорни и калиумови ѓубрива, ѓубрење со азотни ѓубрива, хумизација и фитомелиорации. Заради ефикасна заштита од ерозија на нанесениот почвен и геолошки материал, посадени се дрвенести шумски видови, багрем (Robinia pseudoacacia) и аризонски чемпрес (Cupressus arizonica). Меѓу редовите се планира да се затреви со бусени од троскот (Cynodon dactylon).

6. Андреевски М., Цветковиќ Јулијана, Мукаетов Д., **Попоска Христина**, Секулоска Тијана, Петковски Д. (2009). Содржина на некои тешки метали во смолниците од Неготинско. Заштита на растенијата, Скопје. год. XX, стр. 133-136.

   Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањата на смолниците од околината на с.Вешје, Неготинско. Од резултатите од истражувањето е констатирано дека содржината на вкупен цинк во почвените проби е пониска од референтните вредности, додека содржината на вкупен бакар и олово во некои делови од профилот е повисока од референтните, но е многу пониска од интервентните вредности. По целата длабочина на профилот, содржината на вкупен кадмиум е повисока од референтните, но пониска од интервентните вредности. По длабочината на профилот се зголемува содржината на вкупно олово и кадмиум што наметнува заклучок дека се работи за двослојни профили и дека нема или е многу слаба антропогената контаминација.

7. Андреевски М., Цветковиќ Јулијана, **Попоска Христина**, Мукаетов Д., Петковски Д., Василевски К. 2008: Содржина на тешки метали (Fe, Cr и Ni) во ригосолите распространети во околината на металуршкиот комбинат ФЕНИ (2008). Книга на апстракти, III конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, Струга, 6-9.10.2007. Македонско еколошко друштво, стр. 375-380, Скопје.

   Во овој труд се прикажани резултатите од истражувањата на ригосолите добиени со риголување на алувијалните почви распространети во непосредната околина на металуршкиот комбинат

ФЕНИ. Од истражувањата се констатирани повисоки концентрации од МДК за вкупните форми на хром и никел. Заради присуството на карбонати по целата длабочина на профилот, содржината на достапно железо е ниска и нема опасност за контаминација на почвата.

## Заклучок, оцена и предлог

Имајќи го предвид горeизнесеното кое се базира на доставената документација од страна на кандидатката, Рецензентската комисија смета дека кандидатката има потенцијал за ангажман во високообразовната дејност.

Согласно со направената детална анализа на приложениот материјал, а според Законот за високото образование на РМ (Сл. весник на РМ бр. 35-2008) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Метродиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173, 1 август 2011), Рецензентската комисија му предлага на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, во звањето асистент во ***Одделението за педологија и агрохемија*** да ја избере кандидатката **м-р Попоска Христина**.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Марина Стојанова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Душко Мукаетов, вонреден професор, УКИМ- Земјоделски институт, Скопје, с. р.

3. Проф. д-р Марјан Андреевски, вонреден професор, УКИМ- Земјоделски институт, Скопје, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕСИТЕ НА МОДЕРНИЗАЦИЈА ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ ОД МАКЕДОНИЈА 1918-1941 ГОДИНА“ ОД М-Р ЈАСМИНА ДАМЈАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 30.5.2014 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на тема „Процесите на модернизација во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 година“, изработена од докторантката м-р Јасмина Дамјановска. Во тоа својство, по направената проверка за плагијати, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го доставиме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Процесите на модернизација во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 година“, изработена од докторантката м-р Јасмина Дамјановска, опфаќа 376 страници текст компјутерска обработка и содржи вовед, четири глави со повеќе поглавја, заклучок, библиографија на користени извори и литература и прилог фотографии.

Темата на дисертацијата се однесува на еден заокружен временски период од македонската историја на XX век, време во кое вардарскиот дел на Македонија како „новоосвоени српски земји“ стана дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, преименувано во 1929 година во Кралство Југославија. Тоа е периодот меѓу двете светски војни, во кој беа променети не само политичките граници и политичката карта на Балканот, туку време кога во самото социјално-историско милје на Македонија се случуваа значајни промени во стопанскиот живот, образованието, културата, спортот, па сè до начинот на живот на луѓето. Со еден збор, долгото време на феудалниот и полуфеудалниот османлиски систем во броделовска смисла, со брзи временски секвенци само за деценија или две доживеја видливи промени кои можеме да ги опфатиме под поимот модернизација и европеизација на османлиска Македонија.

Неизбежен дел од обработката на наведената тема е историското наследство, на кое основен белег му дале туѓите владеења над Македонија, освојувачките војни, разорувањата, крвопролевањата и бројните миграции со кои не се менувала само етничката структура, туку и цивилизацискиот код на земјата. Токму затоа и првата глава во трудот е посветена на *Македонија во Првата светска војна*. По крвавите балкански војни 1912-1913, во кои беше поделена етно-географската територија на Македонија, набрзо следува Првата светска војна (1914-1918). Во текот на оваа војна, Македонија беше пресечена од Македонскиот или т.н. Солунски фронт во кој на двете страни од борбената линија се наоѓаа распоредени околу 1.200.000 војници.

Користејќи ги исцрпно сведоштвата на македонските војници кои насилно биле регрутирани низ различните армии, м-р Дамјановска ги пренесува нивните лични трауми како дел од колективното воено страдање и бесмислата на војувањето за туѓи интереси. Така, во тој виор на војната, покрај страдањата на цивилното население, опожарувањата на градови и села и реките бегалци кои бараа спас во напуштањето на запустените огништа, катастрофално беше разорено македонското земјоделство, сточарство, скромните стопански капацитети, а значаен дел од богатото културно наследство, покрај уништувањето и присвојувањето, беше и систематски ограбувано.

Уште во текот на војната, македонското население дојде во допир со различни европски војски кои беа припадници на различни држави и култури, но подоцна влијанието на Европа ќе навлегува и низ многу други канали на тлото на Вардарска Македонија. Токму втората глава со наслов *Модернизациските процеси во вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светки војни,* во осум подглави, обработува различни аспекти од севкупното општествено живеење кои претрпеле промени и биле зафатени од процесите на модернизација. Тргнувајќи од кусиот историски опис на воспоставувањето на српската власт и нејзиното функционирање, докторантката во посебна подглава дава подробна анализа на сите сегменти на промените во стопанскиот живот, но и во инфраструктурата на градовите, почнувајќи од земјоделството, индустријата и трговијата, електрификацијата и водоводот, па сѐ до сообраќајот, кој заедно со сите други сегменти придонел во модернизацијата на општествено-економскиот живот. И покрај општата оцена за неразвиеноста на Вардарска Македонија, каде што се водела политика на асимилација и денационализација и економско ограбување од страна на големосрпскиот режим, сепак многу од новото кое се вградува во периодот по 1918 година претставува чекор напред во однос на претходниот османлиски период.

Меѓу другото, со компаративна анализа, во трудот се споредува традицијата - наследени обичаи и култура на живеење со иновативните навики и модернизацијата. Со изградбата на нови институции, современи градби од јавен и приватен карактер, се променил ликот на градовите и се менувал начинот на живот, навиките и модата. Но, секако сите промени подеднакво не навлегувале во различните социјални слоеви на населението.

Така, европската мода и трендови ги зафатила најпрво побогатите слоеви на населението (трговци, индустријалци) кои имале можност да патуваат во странство или да се образуваат низ европските центри и таму да доаѓаат во поблизок допир со други културни достигања, кои потоа ги пренесувале и во Македонија. Печалбарството, од своја страна одиграло, исто така, значајна улога врз модернизацијата, иако на печалба заминувале посиромашните слоеви на населението.

Промените во стопанскиот живот, во сообраќајот, електрификацијата, промените во архитектурата итн., влијаеле врз секојдневиот живот на луѓето – во интензивирање на јавниот живот, забава и разонода, почнувајќи од хотелите, кафеаните, музичките и пејачките групи, кинопроекциите, театарските претстави, излетничките места, корзото и другите шеталишта, престои во бањи, летувања и зимувања итн. И еден многу важен дел, фотографијата, сѐ повеќе ги освојувала луѓето така што значајни моменти од тој минат живот останале запаметени преку

објективот на фотоапаратот. Во овој контекст, докторантката ни презентира галерија од 86 фотографии кои на најавтентичен начин зборуваат за изгледот на градовите, одделните стопански активности и модата на тоа време.

Третата глава во трудот со наслов *Улогата на новоформираните институции во модернизацијата на животот,* низ девет поглавја, ги обработува државно-научните, културно-просветните и други институции на планот на културата и просветата кои во голем степен придонеле кон осовременување на општествениот живот и животот на поединците.

Во контекст на целокупната модернизација, особено важен сегмент било образованието, почнувајќи од основното, па сѐ до високото образование на Филозофскиот факултет во Скопје, кој почнал да работи како огранок на Белградскиот универзитет во 1920 година. Во Македонија или тогаш именувана како Јужна Србија биле испраќани способни учители и професори со цел да спроведуваат србизација на македонскиот народ. Но, наместо да ја постигнат зацртаната политичка цел, тука се создавале пообразовани кадри кај кои побрзо и посилно се пробудувало барањето на сопствениот национален идентитет и кои се спротивставувале на србизацијата, барајќи начини за афирмација на македонскиот јазик, историја и култура. Така низ различните степени на образование се создава поширок слој на ученичка и студентска младина и македонска интелигенција која ќе се организира низ различни културно-просветни и хуманитарни друштва и организации. Со нивната активност тие ќе поттикнат подинамичен процес на промени во начинот на живот на младите генерации. Притоа постоеле и режимски иницијативи кои најчесто завршувале со манифестации на македонската национална посебност и антирежимски појави на македонската младина и на македонскиот народ.

Докторантката во посебни поглавја ги обработила отворањето и работата на библиотеките, народните универзитети, печатарството и издаваштвото, дневните весници и списанија, музичкиот и спортскиот живот, здравството, театарот и филмот како придобивки на новото време, односно на нивниот сѐ посилен продор во македонските градови и села каде што се вградуваат постепено во новата култура на живеење на луѓето. Во овие рамки, не е запоставена ни мултикултурната слика на Вардарска Македонија, каде што покрај христијанската, посебен белег даваат припадниците на различните верски заедници – еврејската и муслиманската. Притоа, православните христијани дошле под јурисдикција на Српската православна црква која во 1920 година ги откупила од Цариградската патријаршија епархиите во Македонија и станала еден од главните столбови на политиката на србизација на македонскиот народ. Сето тоа се спроведувало многу суптилно, преку проповедите на српски јазик и преку промена на верските одбележувања, празници и обреди на Македонците.

Четвртата глава на дисертацијата носи наслов *Македонската жена и процесот на модернизација на македонското општество*. Всушност, тука основата идеја е тоа дека еманципацијата на жената е мерка за модернизацијата и еманципацијата на самото општество. Така, почнувајќи постепено и срамежливо, жената сѐ повеќе се појавува на сцената на јавниот живот. Се издига нејзината самосвест и се променува нејзината улога во кругот на семејството, таа сѐ повеќе се образува, ги следи модните трендови особено во градовите, се вработува во различни стопански дејности и со тоа добива поголема економска независност и

придонесува кон семејниот буџет. Ваквите промени кои се случувале во едно традиционално патријахално општество значеле навистина голем чекор кон модернизацијата на македонското општество и тој чекор веќе со ништо не можел да го врати назад тркалото на историјата.

Во заклучокот на трудот, м-р Дамјановска дава кус преглед на етапите на истражувачкиот потход, истакнувајќи надеж дека изнесените содржини ќе пробудат интерес за проучување на урбаната историја од повеќе аспекти и во различни историски периоди, со целата специфичност која ја носи даденото историско време.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов „Процесите на модернизација во вардарскиот дел од Македонија 1918-1941 година", изработена од докторантката м-р Јасмина Дамјановска, обработува еден необработен сегмент од македонската историја на 20 век. Дисертацијата претставува оригинален историографски труд, кој осветлува многу интересни и досега неистражени аспекти од урбаниот живот во вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу двете светски војни и претставува значен придонес во македонската историографија.

Научната подлога на трудот ја даваат користените извори и литература, бидејќи за научната фундираност на еден историографски труд најважни се оригиналните необјавени архивски документи.

Во овие рамки, во утврдувањето на историските факти и реконструкцијата на историските појави, процеси и настани, докторантката користела: 26 архивски фондови кои се однесуваат на институциите формирани во вардарскиот дел на Македонија во наведениот период, 7 семејни фондови, 10 лични фондови и пет микрофилмувани фондови од Државниот архив на Република Македонија, 42 архивски фонда од подрачните одделенија на ДАРМ од Прилеп, Битола, Охрид, Штип, Струмица, Велес, Архивот на ИНИ и Архивот на МАНУ.

Покрај изворната граѓа, докторантката црпела податоци од различни написи од 23 весници и списанија за периодот 1918-1941 година, повеќе збирки на објавени документи и обемна литература. Истовремено, таа водела интервјуа со 22 живи сведоци на времето. Притоа мора да се нагласи дека методот на усната историја е еден од поважните кога се работи за историјата на секојдневниот живот, културата на живеење и други области на историографијата кои директно не се занимаваат со политичката историја.

Користењето на вака обемна граѓа и други трудови покажува висок степен на совладаност на научната методологија, при што се комбинираат историско-компаративниот метод со методот на дедукција и индукција, методот на анализа и синтеза, методот на актуализација, дескриптивниот метод и методот на усната историја.

Докторантката успешно и воедначено ги применува целокупниот категоријален систем и историските поими и терминологија. Текстот е напишан со јасен, разбирлив стил и јазик, кои му даваат дополнителен квалитет и зборуваат за совладаноста на содржините за кои се прави историографска реконструкција во рамките на самото истражување.

Тргнувајќи од гореизнесените оцени и факти, имаме чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложиме да го усвои овој позитивен извештај и докторантката м-р Јасмина Дамјановска да ја допушти на усна одбрана на докторската теза.

Комисија

Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.
Проф. д-р Никола Жежов, с.р.
Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
Проф. д-р Маргарита Пешевска, с.р.
Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет “Блаже Конески”-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Наслов на тема за магистерски труд на англиски јазик* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| Филиз Мехметоглу | „Хомоформите помеѓу македонскиот и турскиот јазик” | “Homonims between Macedonian and Turkish” | проф. д-р Симон Саздов |
| Перчо Божиновски | „Концептуалната метафора во македонскиот јазик од аспект на когнитивната лингвистика“ | “Conceptual metaphor in Macedonian language from the aspect of the cognitive lingvistics” | проф. д-р Славица Велева |
| Искра Донева | „Конфликтот на интерпретациите и разбирањето на наративните текстови“ | “The conflict of interpretations as articulated understanding of narrative texts” | проф. д-р Славица Србиновска |
| Игор Поповски | “Интертекстуални дијалози помеѓу англо-американската и современата македонска книжевност” | “Intertextual dialogues between the Anglo-American and contemporary Macedonian Poetry” | проф. д-р Зоран Анчевски |
| Оливера Аневска | „Толкување во деловната средина: состојба,предизвици и можности“ | “Interpretation in the Business,Envionment:conditions, challenges end opportunities” | проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ |

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески”-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација* | *Наслов на прифатена тема за изработка на докторска дисертација на англиски јазик* | *Комисија за утврдување подобност на кандидатот и темата* |
|---|---|---|---|
| М-р Зибер Лата | „Преводите на “Куранот” | "Translations of the Quran in Albanian language (linguistic analysis)" | проф. д-р Авзи Мустафа<br>проф. д-р Аслан Хамити<br>проф.д-р Исмет Османи |
| М-р Шпенд Адеми | „Прилошките определби во албанскиот и во англискиот јазик” | “ Adverbs in Albanian and English language” | проф. Д-р Аслан Хамити<br>проф. д-р Марија Јанева-Михајловска<br>проф.д-р Ваљбона Тоска |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ШТО ЈА ПОКРИВА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАВАРУВАЊЕ И ЗАВАРЕНИ КОНСТРУКЦИИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 5.6.2014 година, донесе Одлука бр.02-1372/1 со која сме определени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за заварување и заварени конструкции.

На распишаниот конкурс за избор во наставно-научни и соработнички звања на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во дневните весници ,,Нова Македонија“ и ,,Коха” на 5.5.2014 година, за избор на асистент од наведената наставно-научна област се пријави кандидатката м-р Бојана Трајаноска, дипл.маш.инж., вработена како асистент на Институтот за заварување и заварени конструкции при Машинскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледот на доставената документација, личното познавање и следење на развојот на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ И ВРАБОТУВАЊЕ

Бојана Трајаноска е родена на 12.2.1986 год. во Скопје. Основното образование го завршила во основното училиште „Мирче Ацев” во Скопје со одличен успех. Средното образование го продолжила и го завршила во средното училиште Гимназија “Орце Николов” во Скопје, исто така со одличен успех. Дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката мехатроника, со средна оценка на студирање 9,74. Дипломската работа под наслов ,,Програмабилен систем за следење на движењето на Сонцето”, под менторство на вонр. проф. д-р Виктор Гаврилоски, ја одбранила на 15.9.2008 година, со оценка 10 (десет).

За време на студиите во периодот од 2004 до 2008 година била вклучена во образовниот процес како демонстратор за давање помош при реализација на вежбите по предметите: статика, јакост 1, кинематика, динамика и осцилации, што ги покрива Институтот за механика. За постигнатиот одличен успех во прва, втора и трета година од студиите добила пофалници од страна на Машинскиот факултет.

Во септември 2008 се вработила во фирмата “Аутомакедонија”, каде што работела наредните 3 месеци, за потоа по дипломирањето во декември 2008, со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-2768/2 од 18.12.2008, да биде избрана во соработничко звање - помлад асистент во научната област што ја покрива Институтот за заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

Во јануари 2009 година се запишала на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје при Институтот за заварување и заварени конструкции на истражувачкото подрачје заварени конструкции со наслов на тема: Нумеричко

моделирање и анализа на заварени врски под менторство на проф. д-р Зоран Богатиноски (Одлука на Наставно-научен совет бр.02-1725/2 од 1.7.2010 година). Предвидените испити од студиската програма ги положила во рок со успех од средна оценка 10,00.

Магистерскиот труд со наслов „Нумеричко моделирање и анализа на заварени врски", изработен под менторство на проф. д-р Зоран Богатиноски, го одбранила на 13.4.2011 на Машинскиот факултет во Скопје.

Во периодот од изборот во соработничко звање - помлад асистент до денес активно учествувала во образовниот процес (во првиот циклус на студии) на Машинскиот факултет преку реализација на вежбите по поголем број предмети на повеќе насоки на академските и професионалните студии.

Има одлични познавања од областа на примената на компјутерските програми: MS Office (Word, Excel, Power Point, Access), AutoCAD, MATLAB, Solid Works, Autodesk Inventor, AnsysWorkbench, Abaqus. Активно се служи со англискиот јазик, а има познавање и од италијанскиот и германскиот јазик.

Досега била член во факултетската комисија за спроведување на попис во 2009 и 2010 година, во работна група за упис на нови студенти при Машинскиот факултет во Скопје во 2009, 2010 и 2011 година и во работна група за промотивна активност на Факултетот/Институтот.

Во почетокот на академската 2010/2011 година избрана е и за ментор на новозапишаните студенти на насоката ЗДК.

Во 2011 год., со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-2170/5, кандидатката била избрана во соработничко звање - асистент на 4.11.2011 год. Во периодот што следува, кандидатката била дел од многу работни групи како дел од активностите за промовирање на Факултетот во тој период.

Во 2013 год., кандидатката е одбрана за предавач на Летниот камп за талентирани ученици 2013, одржан на Молика во Битола. Како предавач на овој летен камп во два дена, одржала предавања на теми од областите заварување, материјали и конструкции, области кои ги покрива Институтот за заварување и заварени конструкции.

Од март 2013 година станала активен член на европската акција COST TU0905 "Structural Glass - Novel design methods and next generation products", во чијшто склоп учествувала на тренинг школата одржана на Техничкиот Универзитет во Дармштад, Германија под истиот наслов. За потребите на своите активности во акцијата во Мај 2013 година била и во посета на Лабораторијата за конструктивни модели која е дел од Техничкиот Универзитет во Гент, Белгија. Како дел од Акцијата, била и учесник на работилница на тема Numerical Analysis using ABAQUS, одржана во Лозана, Швајцарија при што била во посета и на Техничкиот Универзитет EPFL во Лозана na Институтот за конструкции од челик ICON.

Во понатамошниот текст е претставен преглед на учество на кандидатката во образовниот процес на Машинскиот факултет во Скопје, како и преглед на постигнатиот успех во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

## II. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Бојана Трајаноска, во досегашниот период на работа на Машинскиот факултет во Скопје, активно учествуваше во спроведувањето на наставните

активности на Факултетот. Во текот на тој период успешно ги спроведуваше вежбите по следниве наставни предмети:

- машински материјали
- технологии и испитување на материјалите
- материјали и техники на спојување
- техники на заварување
- инженерски материјали
- заварување и заварени конструкции
- заварени конструкции
- пресметка на заварени конструкции
- метални конструкции
- проектирање за сигурност
- монтажа и опрема за заварување
- врски кај заварени коснтрукции
- носечки метални конструкции
- лесни метални конструкции
- дизајн и пресметка на композитни конструкции.

Кандидатката континуирано била ангажирана со голем број на часови за вежби во секој семестар, а исто така била вклучена во спроведувањето на испитите по наставните предмети. При одржувањето на вежбите покажува особена способност своето знаење јасно да им го пренесе на студентите.

## III. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

- “Analysing the influence of parametrically gained geometry of reinforcement sheet metal layer on stress distribution in glass panels” – Бојана Трајаноска, *дел од Конференцијата на докторските студии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, 2014* г.

- “Design of steel beam-column connections” - Зоран Богатиноски, Бојана Трајаноска, Габриела Арсова – Милошевска, *TEM Journal,* Vol.3, бр.2, стр. 153-161, 2014 г.

- “Parametrically generated geometry of the glass metal reinforcement layer” – Огнен Марина, Бојана Трајаноска, Ерина Филиповска, *Challenging Glass 4 & COST Action TU0905 Final Conference – Louter, Bos & Belis (Eds) © 2014 Taylor & Francis Group, London, ISBN 978-1-138-00164-0, дел од последната конференција одржана во Лозана, Швајцарија* 2014 г.

- “Rigid and semi-rigid steel beam-column connections” – Зоран Богатиноски, Бојана Трајаноска, Габриела Арсова – Милошевска , *Машинско инженерство,* научно списание, Vol. 31, бр. 1-2, стр. 3-12, 2013 г.

- “Current trends in research of metal-glass structures” – Бојана Трајаноска, *дел од Конференцијата на докторските студии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, 2013* г.

- “Theoretical and experimental researches of rigid and semi-rigid beam-column connections” - Зоран Богатиноски, Габриела Арсова – Милошевска, Бојана Трајаноска, *13. Интернационална конференција “Машини технологии, материјали”, Варна*, Бугарија, 2013 г.

- "Numerical modeling of welded rigid beam-column connections at multi-storey structures" – Бојана Трајаноска, Зоран Богатиноски, Габриела Арсова – Милошевска, *7. Интернационална конференција “Машини технологии, материјали”, Варна*, Бугарија, 2011 г.

- “Конструкција за контејнер за складирање на челични шишиња под притисок”, Зоран Богатиноски, Бојана Трајаноска, 2011 г. (техничко решение).

- „Носечки метални конструкции”, проф. д-р Зоран Богатиноски, ас. м-р Бојана Трајаноска, 2010 г. (интерна скрипта за студирање на МФС).

- „Дизајн на просторни системи (Повеќекатни носечки конструкции)”, проф. д-р Зоран Богатиноски, ас. м-р Бојана Трајаноска, 2010 г. (интерна скрипта за студирање на МФС).

- “Numerical modeling of beam-column connections at multi-storey composite structures” – Зоран Богатиноски, Габриела Арсова – Милошевска, Бојана Трајаноска, *9. Интернационална конференција за замор и лом,* Белград, октомври 2009 г. (труд).

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изложеното во овој извештај, може да се заклучи дека м-р Бојана Трајаноска, дипл.маш.инж, во досегашниот период што го помина на Машинскиот факултет во Скопје, беше ангажирана со многу часови од повеќе предмети што ги покрива Институтот за заварување и заварени конструкции. Кон извршувањето на работните обврски пристапува сериозно и совесно, ги извршува навремено, стручно и одговорно. Напоредно со тоа, кандидатката успешно работела на сопственото научно и стручно усовршување, како и на работата со студентите.

Согледувајќи го претходно изнесеното, а во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Бојана Трајаноска, дипл.маш.инж., да биде избрана во звањето асистент при Институтот за заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Марјан Гаврилоски
Машински факултет-Скопје,

с.р.

Проф. д-р Зоран Богатиноски
Машински факултет-Скопје,

с.р.

Проф. д-р Димитри Козинаков
Машински факултет-Скопје,

с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р СЕМИЈАЛ ХАСАНИ ЗИБЕРИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со Одлука бр. 09-1597/1 на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 23.12.20013 година, определена е Комисија во состав:

1. проф. д-р Голубка Цветановска Нечевска, ИЗИИС – Скопје
2. проф. д-р Живко Божиновски, ИЗИИС – Скопје
3. проф. д-р Виктор Христовски, ИЗИИС – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Семијал Хасани Зибери и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобноста на темата за докторска дисертација со наслов:

**Сеизмичка повредливост на виталните објекти во полошкиот регион.**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## КРАТКА БИОГРАФИЈА

М-р Семијал Хасани Зибери е родена на 7.4.1975 година во Тетово. Со основно образование се стекнала во Тетово, каде што завршила и средно образование во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ" во 1993 година. Во 2002 година дипломирала на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, конструктивна насока. Во јануари 2003 година се запишала на меѓународните постдипломски студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, на истражувачкото подрачје сеизмологија и земјотресно инженерство и во текот на студиите положила петнаесет испити. Во 2004 година се вработила како млад асистент во Центарот за политехнички студии при Државниот универзитет во Тетово, подоцна Факултет за применети науки, студиска програма –градежништво, ангажирана на повеќе предмети: градежни материјали, технологија на бетон, санација и одржување на објекти, современи градежни техники, механика на почви и фундаменти.

Постдипломските студии ги завршила во февруари 2003 успешно одбранувајќи го магистерскиот труд со наслов *Динамички одговор на АБ-конструкции со примена на променлив модел сила-поместување.*

## ПРЕГЛЕД НА ТРУДОВИ И ПУБЛИКАЦИИ

Во текот на постдипломските студии, кандидатката ги поднела и ги одбранила следниве семинарски работи:

1. Семијал Хасани, ,,Асеизмичко проектирање на АБ рамовска конструкција П+8˝.
2. Семијал Хасани, ,,Анализа на цилидрична конструкција со примена на метод на конечни елементи˝.
3. Семијал Хасани, ,,Проценка на својство на ликуифакција на почва˝.
4. Семијал Хасани, ,,Анализа на АБ-рамка со базна изолација и споредба на онесувањето со обична конструкција˝.
5. Семијал Хасани, ,,Асеизмичко проектирање на АБ-мостови, споредбена анализа на врска помеѓу долна и горна конструкција, со зглобови и систем вклештување ˝.
6. Семијал Хасани, ,,Проценка на повредливост на АБ-конструкција˝.
7. Семијал Хасани, ,,Санација и зајакнување на школски објект со ѕидана конструкција˝.

Научни трудови:

- Идавер Х., Семијал Х.З., Јануз М. Неџми К., Амет Б. *,,Стабилност на косините на работното ниво и финалната косина на површинскиот варовен рудник кај Елез Хан˝* Седма меѓународна конференција за case histories во геотехничкото инженерство, Чикаго, 29 април – 4 мај 2013 (Paper no 5.21a), превод од англиски јазик.

- В. Палоши, С. Хасани-Зибери, И. Хусеини, *Влијание на геодинамичките појави во избор на најповолната траса на патот Тетово-Призрен.* Друштво на Геотехничари во Албанија, клизишта и животна средина Симпозиум по геотехника во балканскиот регион, октомври 2011, превод од албански јазик.

Учество во семинари:

- Внесување на нови технологии при проектирање и изведба на разновидни објекти, Друштво на геотехничари во Албанија, Универзитетот Полис – Тирана;
- Изготвување на бизнис-план, ЕСА – ТЕ  Тетово;
- Менаџирање на мали и средни претпријатија, ЕСА – ТЕ  Тетово

Учествувала во изготвување на многубројни основни и изведбени проекти за станбено-деловни објекти, јавни здравствени, училишни објекти и индустриски објекти.

## ПРЕДЛОГ – ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Големите земјотреси и понатаму причинуваат енормни економски штети на засегнатите региони и држави низ целиот свет. За пример, директните економски загуби од црногорскиот земјотрес на 15 април 1979, беа проценети околу 10% од бруто-домашниот производ БДП на тогашна Југославија, што изнесувало четири пати повеќе од БДП на Црна Гора. Слично, скопскиот земјотрес од 1963 Југославија ја чинела 15% од БДП за 1963. Покрај наведените, сметајќи ги и сите други земјотреси од 1963 до 1984 (Петровац 1966, Дебар 1967, Улцињ 1968, Бања Лука 1969 и 1981, Копаоник 1980, 1982, 1983 и 1984), штетата се проценува околу 1,5%, од БДП за секоја година.

Земјотресот, како и другите природни закани, не може да се контролира од страна на човекот, но со развојот на технологијата може да се процени и предвиди со одредена веројатност на појава, можен интензитет и карактеристики, а исто така да се предвиди и однесувањето на конструкциите.

Развојот на земјотресното инженерство во голем број земји придонесе за намалување на сеизмичкиот ризик во населените региони, со преземање соодветни конструктивни мерки за зајакнување и реконструкција или нивна замена со нови модерни објекти.

Територијата на Република Македонија, во суштина, е една од најподложните сеизмички подрачја во Европа и согласно Сеизмотектонска карта на Р. Македонија е контролирана од 10 сеизмички активни зони. Најјаката историски регистрирана сеизмичност е во источниот и североисточниот дел, т.е во зоната Пехчево-Крешна и Валандово-Дојран. Полошкиот регион се наоѓа во сеизмичката зона Тетово-Гостивар.

Полошката котлина (гостиварскиот и тетовскиот регион), согласно со картата на сеизмички хазард за Р. Македонија, е сеизмичко активно подрачје со скала од VIII степени од МКС, но според последните истражувања и ова подрачје е доста активно и се препорачува да се смета исто како и Скопската котлина со сеизмичка скала од IX степени според МКС.

Повредливоста (vulnerability), генерално, претставува склоност на елемент или конструкција да претрпи оштетувања при изложеност на некоја закана (hazard), а сеизмичката повредливост се дефинира како повредливост од сеизмичка закана.

Постоењето на голем број дефиниции за повредливоста укажува на фактот дека е многу тешко да се даде една единствена дефиниција, така што секоја дефиниција зависи од тоа кои компоненти на повредливоста се земени в предвид и на кои им е дадена предност.

Токму поради горенаведеното, за една квалитетна проценка на повредливоста се бара еден мултидисциплинарен пристап. Несоодветната проценка често доаѓа поради недостаток на лабораториски податоци и поради тешкото собирање на соодветни податоци на елементите при ризик.

Резултатите на проценката на повредливоста се од корист на јавната администрацијата во урбаното планирање и развој, економските и просторните планери, менаџерите на бизниси, зградите или повредливите обејкти,

осигурителните компании, законодавствоот и политиката, лицата одговорни за цивилна заштита, одбраната и вонредните сервиси.

Во земјотресното инженерство, повредливоста служи за инженерска анализа на ризикот (seismic risk). Со помош на повредливоста се изразува степенот на оштетувањата или степенот на можните загуби. Во овој случај, ризикот се изразува преку последиците, или со други зборови, преку сеизмичката закана (seismic hazard) карактеристична за одредена локација или регион. За проценка на сеизмичката закана, во сеизмологијата се користат два метода: пробабилистичкиот и детерминистичкиот. Европскиот код за проектирање на сеизмички отпорни конструкции (Eurocode 8 – EC 8) се служи со веројатната проценка на хазардот за почвата за одредена градежна локација или регион.

## ЦЕЛИ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Современите процедури за проценување на повредливоста на конструкциите главно се фокусирани на динамичкиот договор на конструкциите, јакосниот и деформабилниот капацитет, перформансите на конструкцијата и нејзиниот одговор на некој можен земјотрес со реален или пресметан акцелерограм и максимално Земјино забрзување (PGA), за даден период на повторливост и даден ризик.

Фактот дека темата за магистерскиот труд на кандидатката Хасани Зибери беше токму динамичкиот одговор на армиранобетонските рамки, таа служеше како првична мотивација за понатомошно продлабочување на знаењето од аспект на методологијата за проценување на повредливоста на конструкциите.

Однесувањето на конструкциите на јавните објекти во општеството, а и сите други објекти со поголема концентрација на луѓе, при секоја евентуална вонредна состојба е од посебна важност, како и поради избегнување на големиот број на можни жртви, така и поради потребата за зачувување на нивната функционалност и улогата при управување со такви состојби.

Современите технолошки можности, во сите области, а посебно во обласста на размена на информации, електрониката и ИТ-технологоијата, овозможуваат добивање на доста доверливи информации за однесувањето на конструкциите и последиците од дејството на реалните земјотреси, кои се од голема корист за процена на сеизмичкиот хазард.

Актуелната регулатива од доменот на асеизмичкото проектирање, датира од 1981, кога се усвоени прописите за градење во сеизмички активни подрачја, но таа на ниту еден начин не ја третира проблематиката на доверливоста на конструкциите. Во светот се посветува многу внимание на овој проблем со тоа што се утврдени точни методологии и прописи за процена на повредливоста на конструкциите.

Досега сите истражувања на ова поле, трудови и проекти укажуваат на потребата за правно регулирање на оваа проблематика, но засега останува само на иницијатива. -Резултатите и заклучоците од оваа дисертација ќе бидат од корист во насока на опфаќање на правната регулатива.

Досега во државата се изработени значителен број на проекти од аспект на проценка на повредливоста на постојните конструкции, но со изоставување на

виталните објекти од полошкиот регион, така што оваа дисертација ќе придонесе во збогатувањето на вкупниот фонд на податоци и заклучоци.

Јавните и сите други витални објекти во нивниот животен век претрпуваат несоодветно одржување, измени, адаптации, доградби и надградби и други конструктивни интервенции, за кои често се јавува потреба од зајакнување или санација.

Имајќи го предвид горенаведеното, може да се каже дека како мотивација за одбраната тема за дисертација можат да се набројат фактите:

- дисертацијата е континуитет на проблематиката третирана во магистерскиот труд;
- капацитетот на општеството да одговори на реалните сеизмички закани зависи од повредливоста на виталните објекти;
- современите технологии овозможуваат процена и предвидувања на многу блиски до реалните сценарија на природните закани;
- во актуелната регулатива не е опфатена проблематиката на повредливоста на конструкциите и воопшто доверливоста на конструкциите;
- во досегашните истражувања и проекти од оваа сфера не се опфатени виталните објекти од полошкиот регион, така што е потребно тоа да се направи;
- потребно е подигнување на капацитетот на општеството за одговор и управување со вонредни состојби поради високиот сеизмички хазард.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Цел на оваа дисертација е развивање и имплементација на методологија за проценка на повредливоста на виталните објекти во полошкиот регион. Како предмет на истражување ќе бидат третирани објекти од високоградбата од јавен и витален карактер во регионот на Полог, како што се болници, општински згради, школски и универзитетски, културни и други објекти за големи собири, како и важни објекти од аспект на можен голем број на жртви и во менаџирањето на вонредните состојби.

Во вкупниот фонд на објекти ќе се анализираат објектите за кои ќе постои расположлив проект за конструкцијата, за кои ќе се направат дополнителните динамички пресметки и анализи. Исто така ќе бидат опфатени и објекти за кои постојат анализи и податоци за нивното динамичкото однесување.

Откако ќе биде собран доволен фонд на податоци ќе се пристапи кон селектирање и групирање на објектите и податоците, а потоа ќе се пристапи кон анализа на повредливоста.

Основните конструктивни параметри за проценка на повредливоста на објектите се добиваат преку јакосниот и деформабилниот капацитет или преку таканаречените криви на капацитет (capacity curves).

Врз основа на случените земјотреси и истражувања во регионот и во светот, постојните мапи и студии во регионот, ќе се дефинира сеизмичката закана (seismic

hazard), а потоа ќе се добијат и кривите на повредливоста (vulnerability and fragility curves).

Истражувањето ќе се базира на:

- досегашните сознанија на светот во областа на сеизмичката повредливост на објектите;
- изучување и анализа на методологии за проценка на повредливоста,
- формирање на градежен фонд на објекти за анализа;
- продлабочување и анализа на динамичкиот одговор и перформансите на конструкциите;
- анализа и проценка на реалните земјотресни закани и сценарија во регионот;
- обработка на собраните податоци;
- изготвување на документ со податоци за конструкцијата и историјат на зградата;
- примена на методологијата на карактеристични соодветни објекти во Република Македонија;
- добивање на одредени заклучоци и препораки врз база на добиените резултати.

## ПРЕДЛОЖЕНА ЛИТЕРАТУРА ШТО ЌЕ СЕ КОРИСТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

*[1] Z. BOZINOVSKI, Analysis of nonlinear behavior of elements of large panel reinforcement concrete precast systems exposed to dynamic effects*

*[2] Lecture notes, Z. BOZINOVSKI Repair and strengthening of structures, June 2002*

*[3] Lecture notes, Z. BOZINOVSKI Prefabricated reinforced concrete systems, 2002*

*[4] Lecture notes, G. NECEVSKA-CVETANOVSKA, Reinforced concrete structures May, 2003*

*[5] N. POJANI, Inxhinieria Seizmike, 2003*

*[6] Chopra A.K. "Dynamic of structures, Theory an applications to Earthquake Engineering" Prentice-Hall, 1995*

*[7] Chopra A.K. "Dynamic of structures", 2nd edition, Prentice-Hall, 2001*

*[8] Chopra A.K. "Direct Displacement – Based Design: use of inelastic vs. elastic design spectra", Vol .17, N.1, 2001*

*[9]Lecture notes Z. Milutinovic, Seismic Risk and Vulnerability 2003*

*[10]Lecture notes Z. Milutinovic, G. Trendafiloski Level 2. Vulnerability Methodology – Code Based Aproach, 2003*

*[11] Lecture notes Jakim Petrovski, Seismic Risk and Vulnerability 2003*

*[12] Lecture notes E. Dumova Jovanovska, Seismic Risk and Vulnerability 2003*

*Fragility analysis of RC and Masonry Buildings (selected papers)*

*[13] Lecture notes Nikola Nocevski, Seismic Risk and Vulnerability 2003*

*Methodology for Definition of Theoretical Vulnerability Functions for Actual Buildings*

*[14] T.Paulay &M.J.N Priestly – Seismic design of reinforced concrete and masonry buildings*

*[15] George G. Penelis & Andreas J. Kappos – Earthquake – resistant concrete structures*

*[16] V. ALENDAR, Пројектирање на сеизмичко армирано бетонски конструции отпорни на земјотрес,преку примери.*

*Дел А- Теоретски основи и увод во прописи, 2004 (преведено од српски јазик)*

*[17] Petrovski J. T., Ristic D., Farjoodi J., "Vulnerability Assessment of Existing Buildings and Development of Analytical Vulnerability Functions", Part 2 Vol. IV Guidelines for Earthquake Disaster Management, UNDP-UNCHS (Habitat) and Housing Foundation I. R. of Iran, Teheran, 1994*

*[18] Petrovski J. T., Ristic D., Nocevski N., "Evaluation of Vulnerability and Potential Seismic Risk Level of Buildings", Proceedings of the 10th World Conference on Earthquake Engineering, Volume 1, Madrid, Spain, July 1992*

*[19] E. Dumova – Jovanovska, "Fragility curves for reinforced concrete structures in Skopje (Macedonia) region", Soil Dynamics and Earthquake Engineering, volume/issue 19/6, 30-Aug_2000, p.p 455-466*

*[20] E. Dumova – Jovanovska, "Fragility curves for RC Structures in Skopje Region", 12th Europian Conference on Earthquake Engineering, London-UK, September, 2002*

*[21] E. Dumova – Jovanovska, "Synthesizing Artificial Earthquakes time histories which reveal the seismicity of a certain region", Simpozium Jugoslovenskog Drustva Gradjevinskih Konstruktera, Vrnjacka Banja, SCG, September, 2004*

*[22] E. Dumova – Jovanovska, Necessity of Codes and Guidelines for retrofit and Strengthening of Buildings in Seismic Prone Regions",DCB, Plovdiv, Bulgaria, October, 2004*

*[23] E. Dumova – Jovanovska, L. Denkovska, Damage Index as a Parameter for Estimation of R/C Frame and Frame-Wall Structures Seismic Vulnerability", 10 Kongres Jugoslovenskog Drustva Gradjevinskih Konstruktera, Vrnjacka Banja, Juni, 1998*

*[24] S. STERLACCHINI, Vulnerability assessment: concepts, definitions and methods, 2011*

*[25] Правилник за технички нормативи за изградба на објектите од високоградба во сеизмички подрачја, Сл.лист СФРЈ бр. 31/81, 49.82, 29/83, 21/88 и 52/90 (превод од српско-хрватски јазик)*

*[26] Правилник за технички нормативи за бетон и армиранбетон Сл.лист СФРЈ бр. 11/87 (превод од српско-хрватски јазик)*

*[27] Eurocode 2: Design of concrete structures – part 1-1: General rules and rules for buildings. Pr EN1992-1-1: December 2003*

*[28] Eurocode 8: Design of structures for earthquake resistance – part 1: General rules seismic actions and rules for buildings. EN1998-1-1: 2004*

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на предвидените истражувања и анализи, според презентиранaта задача и методологија, се очекува да се постигнат поставените цели во трудот, односно да се создаде можност за формирање методологија која би дала корисни показатели за оцена на повредливоста на конструкците на постојните витални објекти во полошкиот регион.

Ова се очекува да биде овозможено со:

- применување на сигурна методологија за оцена на сеизмичка повредливост;
- обработка на собраните податоци и понатамошни анализи;
- давање соодветни заклучоци и препораки врз основа на толкување и споредба на добиените резултати.

## З А К Л У Ч О К

Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Семијал Хасани-Зибери, дипл.град.инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна активност, ги исполнува потребните законски услови за изработка на докторска дисертација за стекнување научен степен - доктор на технички науки.

Врз основа на горенаведениот приказ на пријавената тема, обемот на истражувањето, методологијата на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: **Сеизмичка повредливост на виталните објекти во полошкиот регион,** е актуелен проблем во обласга на истражувањето на асеизмичкото проектирање и е подобна за изработка на докторска дисертација.

За ментор на предложената докторска дисертација се предлага проф. д-р Живко Божиновски, ИЗИИС - Скопје.

**КОМИСИЈА:**

Проф. д-р Голубка Цветановска-Нечевска с.р
ИЗИИС –Скопје

Проф. д-р Живко Божиновски с.р
ИЗИИС –Скопје

Проф. д-р Виктор Христовски с.р
ИЗИИС –Скопје

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК**
ВО НАСТАВНО – НАУЧНО ЗВАЊЕ - ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР
**ПО ПРЕДМЕТИТЕ ДЕЛОВНА ЕТИКА И**
**МЕНАЏМЕНТ НА ПРОМЕНИ,**

НАУЧНА ОБЛАСТ:
ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ)
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, НА
**Економскиот факултет во Скопје**

Врз основа на објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија" од 9.6.2014 год., а во согласност со одредбите на член 132, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р.Македонија од бр.35/08, до бр.41.14), Статутот на Економскиот факултет во Скопје, како и член 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 18.6.2014 год., донесе Одлука бр. 0202-1569/26 од 20.6.2014 год., со која не определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по организациски науки и управување (менаџмент) по предметите: деловна етика и менаџмент на промени.

Рецензентската комисија, по опстојното проучување на целокупниот доставен материјал, го доставува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс се пријави само кандидатот д-р Леонид Наков, досегашен доцент по предметите деловна етика, менаџмент на промени и организациско однесување, на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## 1. Биографски податоци

Д-р Леонид Наков е роден на 31 мај 1975 год. во Скопје, оформувајќи го во родното место сопственото основно образование во училиштето "Иван Горан Ковачиќ", денешно "Петар Поп Арсов". Своето средно образование го оформил во Економско-правното училиште „Борис Кидрич", денешен „Васил Антевски Дрен" од Скопје, завршувајќи го како првенец на својата генерација, за генерацијата 1989/1993 год.

Сопствената научна наобразба ја продолжил на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 1993/94, на департманот за менаџмент. Како плод на сериозниот пристап и посветената напорна работа, своите високо - образовни студии ги оформил во 1997 год.,

успевајќи да стане најдобар студент на генерацијата 1993-97, на департманот за менаџмент.

На постдипломските студии од МБА – менаџмент се запишал во учебната 1998/99, при што успеал сите предвидени испити да ги положи со просечна оценка 9,56, стекнувајќи се со право за изработка и одбрана на магистерски труд. Под менторство на проф. д-р Бобек Шуклев, на 10 март 2004 год. го одбранил својот магистерски труд под наслов *Управување со организациската култура*, станувајќи со тоа академски граѓанин со оформен втор циклус на студии - магистер на економски науки од областа на менаџментот.

Континуираното определување на научна работа, д-р Леонид Наков ја манифестира со одбрана на својата докторска дисертација на тема *Стратегиско управување со организациските промени,* под менторство на проф. д-р Љубомир Дракулевски, на 6 јули 2009 год., стекнувајќи се со академскиот степен од трет циклус на студии - доктор на економски науки од областа на менаџментот.

Својата работна ориентација, д-р Леонид Наков ја започнува во Комерцијална банка, АД Скопје, во рамките на Секторот за кредитирање на стопанството, во периодот од 1 април 1998 до 15 декември 1999 год. Од 16 декември 1999 година, па се до денешен ден, тој е вработен на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, почнувајќи од помлад асистент, асистент, за на 27.11.2009 год. да биде избран за наставник во звањето доцент.

Исклучително богат сегмент од севкупната професионална и стручна дејност д-р Леонид Наков манифестира во извршувањето на експертните форми на односи, кои се огледаат во следниве сознанија:

- единствен национален тренер на Адизес - методологијата – како една од најнапредните меѓународни методологии за менаџмент, лидерство и организациски промени, во рамките на која до денес обучил над 350 менаџери од сите нивоа на менаџментот, од над 200 македонски трговски друштва, аплицирајќи ја оваа методологија низ Top Leaf - систематизираната програма, како и специјализирани внатрешни обуки за безброј трговски друштва;
- национален консултант на UNDP, за подрачјето на идентификација и развој на претприемачки вештини кај кандидати за самовработување;
- национален експерт на Европската Банка за обнова и развој (ЕБРД), во сегментот на EGP и TAM - програмите, специјализиран во областа на креирање и менаџирање со организациски промени;
- национален експертен соработник на CEED Macedonia, во областа на апликативно развивање на знаењата, вештините и способностите кај македонските менаџери;
- советник на Надзорниот одбор на "Фершпед" АД - Скопје;
- член на Економскиот совет на Македонско – бугарската стопанска комора;
- член на Управниот одбор на ЈП Македонска радио - телевизија (МРТВ), заклучно со мај, 2010 год.;
- член на Надзорниот одбор на ASECU, со седиште во Солун, Грција;

- член на Извршниот одбор на Универзитетскиот спортски сојуз на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
- главен економски советник на претседатели на одбори на директори, извршни или оперативни менаџери во 4 банки и 11 небанкарски организации и институции итн.

Кандидатот д-р Леонид Наков е говорник на неколку странски јазици, во редот на кои особено се издвојуваат следниве:

- ✓ активен корисник на англискиот јазик, за кој во декември 1991 год. се стекнал и со меѓународниот сертификат за активно познавање на англискиот јазик, издаден од Универзитетот во Кембриџ FCE (First certificate in English);
- ✓ активен корисник на германскиот јазик, изучувајќи 4 напредни степени во Центарот за странски јазици во Скопје, успешно положувајќи го пристапниот испит за меѓународниот сертификат DAF ( Deutsch als Fremdsprache);
- ✓ активен корисник на јазиците од поранешните југословенски републики – српскиот, хрватскиот и словенечкиот;
- ✓ пасивен корисник на францускиот, италијанскиот, рускиот и грчкиот јазик.

Во рамките на наобразбата од областите на информатичките технологии, д-р Леонид Наков е активен континуиран корисник на најголемиот број програмски пакети од Microsoft Office, особено на Microsoft Word, Excel, Power Point, Corel Draw, а воедно целосно се служи и со елементите на Adobe - програмскиот пакет. Д-р Леонид Наков поседува развиени функционални вештини и за користење на софтверските пакети за математичко – статистичка обработка на економски параметри, како SPSS, Mat Lab итн.

## 2. Наставно - образовна дејност

Д-р Леонид Наков, во севкупната негова професионална работна активност на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, најнапред како помлад асистент, преку асистент - магистер, па подоцна со неговиот избор за доцент - доктор, се одликува со исклучителна посветеност, квалитет и одговорност во спроведувањето на сопствената наставно – образовна, научно истражувачка и стручно – апликативна дејност, со што го манифестира сопствениот профил на интегритетна, посветена, целно насочена и научно истражувачки ориентирана индивидуа.

Од моментот на неговиот избор за доцент, на 27.11.2009 год., па се до денес, д-р Леонид Наков е избран доцент на предметот управување со промени (називот на овој предмет според најновата наставна програма 2012/13 год. е менаџмент на промени), од учебната 2010/11 му е доверен предметот деловна етика, а од учебната 2012/13 год. е и наставник по предметот организациско однесување, како на самиот факултет, така и на дисперзираните студии во Велес. Сите 3 претходно определени наставни дисциплини ги предава на првиот циклус студии.

Напоредно со изведувањето на наставата по сите овие студиски предмети, по предметот менаџмент на промени, д-р Леонид Наков самостојно ги изведува и вежбите, комплетно подготвувајќи го овој нов предмет за кој ја започнал постапката за издавање на учебник, додека по предметот деловна етика изработил во коавторство и авторизирана скрипта. Воедно, по сите наставни дисциплини континуирано изведува и консултативна настава со студентите при изработка на нивните индивидуални и групни проекти, како и дипломски работи, при што во досегашниот период учествувал во комисии за оцена и одбрана на 35 дипломски труда, од кои кај 17 се јавува како ментор.

На вториот циклус студии од областа на МБА - менаџментот, од 2010/11 година го предава предметот менаџмент на промени, активно остварувајќи интензивни комуникации и консултации со своите студенти при изработката на нивните проектни задачи, а едновремено е член и во комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови на овие студии, во изминатиот период во вкупен број од 34.

Д-р Леонид Наков со студискиот предмет менаџмент на промени се јавува како наставник на третиот циклус студии од областа организациски науки и управување (менаџмент), а со предметот деловна етика и на третиот циклус од областа на економските науки, ко-организирани од страна на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Особено препознатлива е ориентацијата на д-р Леонид Наков кон интензивно континуирано истражување на најсовремена литература од пошироката област на менаџментот, а особено од дисциплините: менаџмент на промени, деловна етика и организациско однесување. Во овие рамки, д-р Леонид Наков посветува посебно внимание кон реализирање на студиски истражувачки престои во странство, како на Barry University, Miami, USA, во периодот јануари – февруари 2010 год., на тема *Менаџерските импликации на организациското однесување, култура и промени*.

Издвоена вредност на наставно – образовната дејност на д-р Леонид Наков заземаат и неговите учества на 3 летни школи на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со следниве тематски предавања на истите:

1. *Лидерство во 21 век – лидерство во организациите,* Направи избор – стани креативен ЕУ - лидер - Прва меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје”, Охрид, август, 2010;
2. *Лидерство, промени и иновации,* Направи избор – стани иновативен ЕУ - лидер - Втора меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Охрид, август 2011;
3. *Зелени опитествено одговорни бизниси – македонски перспективи и идни предизвици – методолошка рамка за употреба на КОО,* коавторство со Бобек Шуклев, Направи разлика – стани ЕУ - лидер на корпоративна општествена одговорност - Трета меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Охрид, август 2013.

Наставно – образовната дејност на д-р Леонид Наков содржи и негова активност како претседател на Издавачкиот одбор на Зборникот на трудови од Меѓународната конференција организирана во рамките на прославата по повод 20 години МБА - менаџмент постдипломски студии, на тема *Предизвиците и перспективите на корпоративното управување во комплексно и динамично бизнис окружување,* во организција на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ноември 2012 год.

Неизоставен елемент на наставно – образовната дејност на кандидатот претставува и неговата насоченост кон изградба и оспособување на помладиот наставен кадар во рамките на Катедрата за менаџмент, како и изразената способност за примена на наставните активности при развивање на односите со бројни бизнис - форми на организации или институции.

Едновремено, д-р Леонид Наков се одликува со позитивни оценки од системот на самоевалуација, како на прв, така и на втор циклус студии.

## 3. Научно истражувачка дејност

Длабочината и посветеноста на научно истражувачкиот профил на д-р Леонид Наков најилустративно се искажува со сознанието дека од моментот на неговиот избор за доцент, во ноември 2009 год., па се до денес, изработил и објавил 12 научно истражувачки труда, реализирајќи притоа и 9 учества на национални, регионални или меѓународни семинари, симпозиуми, конференции, форуми и работилници, напоредно со претходно детализираните 3 летни школи на кои се јавува како тематски предавач и 1 истражувачкиот престој во Мајами, САД, односно севкупно од вработувањето на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - 31.

Основен предмет на научен и истражувачки интерес на д-р Леонид Наков во објавените трудови претставува подрачјето на менаџментот на промени, деловната етика, како и менаџерските аспекти на организациското однесување, што силно говори за неговата научно истражувачка фокусираност и темелен пристап во осознавањето на најдлабоките сознанија на поширока област на менаџментот.

Од неговиот последен избор за наставник во звањето доцент, на 27.11.2009 год., кандидатот д-р Леонид Наков ги напишал и ги објавил следниве научно истражувачки трудови:

1. "*Managing Action Programs for Organizational Development", Management – Dest and Ulrich Periodical,* Co-author with Ljubomir Drakulevski, Faculty of Organizational Sciences – Belgrade, University of Belgrade, Belgrade, 2009, No.51, Year XIV, pp.21-27;
2. *"The Insights of Social and Transitional Justice – Towards a New Global Perspective for HRD",* Co-author with Kopp David, Katie Desiderio and Nikolovska Irena*,* Annual Proceedings from 11-th International Conference on Human Resource Development Research and Practice across Europe, UFHRD, Academy of Human Resource Development, USA, University of Pecz, Budapest, Hungary, June, 2010, pp.1-11;

3. *Природата на реинжентерингот на деловните процеси (BPR), кај македонските организации кои управуваат со промени,* Годишен зборник на трудови, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет во Скопје, Том 45, Скопје, 2010, стр. 433-443;
4. *"Managing the Process of Organizational Transition"* within the scientific topic Change Management and Organizational Development; Organizational Behavior, Proceedings from Advances in Business - Related Scientific Research Conference (ABSRC), Olbia, Italia, 2010, pp.227-238
5. *Менаџирање со организациските промени за достигнување на концептот на финансиска дисциплина*, Економија и бизнис, Еуро-мак Компани, Скопје, октомври 2011, стр.44-48;
6. *Стратегискиот менамент на промени во функција на одржлив организациски развој,* Анали на Економскиот факултет во Суботица - М51 - Списание од меѓународно значење, Меѓународна научна конференција "Стратегискиот менаџмент и системите за поддршка на одлучувањето во стратегискиот менаџмент, Економски факултет во Суботица, Универзитет на Нови Сад, Суботица, 2013, стр.241-252;
7. *Жените во бордовите на директори во Босна и Херцеговина, Македонија и Србија, учество во регионалната научно истражувачка публикација,* Меѓународна финансиска корпорација (IFC), Швајцарски секретаријат за економски прашања (SECO) и Асоцијација на деловни жени на БиХ (One), Сараево, мај 2013, стр.15-23;
8. *"Socially Responsible Organizational Restructuring",* Proceedings from International scientific – research conference "Systemic Economic Crisis: Current Issues and Perspectives", ASECU and Faculty of Economics – Skopje, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Skopje, 30-31 May, 2013, pp.278-290;
9. *"Learning Style and Change of strategy in Conflict management among Macedonian Managers",* Co-Author with Drakulevski Ljubomir & Taneva – Veshoska Angelina, 2-nd International OFEL Conference on Governance, Management and Entrepreneurship 2014, CIRU – Governance Research and Development Center and University of Dubrovnik – Department of Economics and Business Economics, Dubrovnik, Croatia, 4-5 April, 2014, pp.29-42;
10. *"Managing Organizational Competences for Sustainable Business Excellence",* Co-author with Drakulevski Ljubomir, 19-th International Scientific Conference on Topic "Integration Processes as Factors Affecting Competitiveness and Economic Efficiency, Faculty of Economics in Subotica, University of Novi Sad, Palic, 15-17 May 2014, pp.156-167;
11. *Спортскиот менаџмент и можностите за професионален развој,* коавтор со Дракулевски Љубомир и Илиев Филип, зборник на трудови од Првата меѓународна научно истражувачка конференција "Истражувања во физичкото образование, спорт и здравје", Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Охрид, 30-31 мај 2014, стр.146-153;
12. *"Managing Business Model in Function of Organizational Dynamism",* co-author with Drakulevski Ljubomir, Proceedings from 14-th International Scientific Symposium SymOrg 2014 "New Business Models and Sustainable

Competitiveness”, Faculty of Organizational Sciences – Belgrade, University of Belgrade, Zlatibor, Serbia, 6-10 June, 2014, pp.3-14.

Врз основа на приказот на објавените трудови на д-р Леонид Наков се забележува дека од изборот во звањето доцент публикувал 9 научно истражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, од кои кај 5 постои и меѓународен уредувачки одбор. Со цел поблиско расветлување на научно истражувачката дејност на кандидатот д-р Леонид Наков, во продолжение ќе дадеме приказ на најистакнатите негови научно – истражувачки трудови:

1. *“The Insights of Social and Transitional Justice – Towards a New Global Perspective for HRD”,* Co-author with Kopp David, Katie Desiderio and Nikolovska Irena*,* Annual Proceedings from 11-th International Conference on Human Resource Development Research and Practice across Europe, UFHRD, Academy of Human Resource Development, USA, University of Pecz, Budapest, Hungary, June, 2010, pp.1-11.

Основниот научно истражувачки интерес во рамките на овој труд, кандидатот коавторски го посветува врз истражувачко тестирање на функцијата на концептите на социјална и транзициска правда врз современата глобална перспектива на однесувањето во модерните организации, со особен акцент на уникатно спроведеното истражување во Украина, Унгарија и Македонија, со цел интегрален развој на човечките ресурси во која било форма на организација, системски третирана.

Изворно погледнато, моделот на социјална правда, како интегрален сегмент на механизмот на изложување на организациската култура кој се нарекува социјализација, го истакна на преден план своето влијание во организациското однесување и општествено одговорните практики, со неговата улога во креирањето на општество на благосостојба, иницијално во Велика Британија, а подоцна и врз остатокот од Европа.

Издвоено истражувачко внимание авторите во овој труд посветуваат на усвојувањето од страна на Европската комисија на Извештајот за социјална правда во 1992 год., како и креирањето на посебно регулаторно тело за оваа намена. Пошироката перспектива на социјалната правда, методолошки се обезбедува со нејзината интернационализација, како основна претпоставка за искрснување на транзициската правда, која во суштина е манифестација на вториот механизам за изложување на организациската култура – процедуралната правда, но аплицирана во националните економии во транзиција.

Научно истражувачката единственост на овој труд, кој е објавен во меѓународна научна публикација со меѓународен уредувачки одбор, се огледа во емпириското тестирање на овие два модалитета на манифестација на организациската култура во националната специфика на Украина, Унгарија и Македонија, извлекувајќи врз таа основа интегративни и особено аналитички заклучни сознанија и препораки, со должно почитување на концептите на Rawls, Amartya, Miller и Bersoff, како и на Robinson, како најпроминентни научни автори од областа на социјализацијата и процедуралната правда.

2. *“Managing the Process of Organizational Transition”* within the scientific topic Change Management and Organizational Development; Organizational Behavior, Proceedings from Advances in Business - Related Scientific Research Conference (ABSRC), Olbia, Italia, 2010, pp.227-238.

Исклучителната научно истражувачка посебност на овој труд на д-р Леонид Наков лежи во повеќе димензионалната анализа на авторот на моделот на менаџирање со организациската транзиција, како една од манифестациите на организациските промени, која егзистира напоредно со организациската трансформација. Основното значење на феноменот на организациската транзиција, кандидатот го свртува врз креација на менаџмент модел со кој од расчленувањето, т.е. декомпонирањето на постојната состојба, организацијата ќе се преведе кон идна функционално заокружена организациска состојба, без радикално менување на организациските процеси и односи.

Истражувачката намера на д-р Леонид Наков во овој труд претставува интеграцијата на 2-те димензии на организациските промени, односно стратегијата и структурата, од една страна, со ресурсите, системите и организациската култура, од друга страна. Низ детализација на 3-те стадиуми на менаџирање со организациската транзиција, т.е. расчистувањето со постојното, неутралната зона на промени, како и визијата за нов почеток, авторот мошне внимателно го исцртува т.н. транзициски организациски циклус, кој е темел на концептот на одговорно реструктурирање, како финален ефект на менаџментот со организациската транзиција.

Особено внимание во овој труд, д-р Леонид Наков посветува и врз категоризирање на изворите на организациската комплексност, т.е. динамичноста, генеричноста и социјалноста, како основни детерминанти на потенцијалот на транзициската организациска промена.

3. *Стратегискиот менамент на промени во функција на одржлив организациски развој,* Анали на Економскиот факултет во Суботица - М51 - Списание од меѓународно значење, Меѓународна научна конференција “Стратегискиот менаџмент и системите за поддршка на одлучувањето во стратегискиот менаџмент, Економски факултет во Суботица, Универзитет на Нови Сад, Суботица, 2013, стр.241-252.

Основниот истражувачки фокус во овој труд, д-р Леонид Наков го посветува врз развивање на стратегиската организациска рамка за промени (SOCF), како основно извориште за планирање и имплементација на стратегиските организациски промени. Од стојалиште на потенцијалот за имплементација, постојат, според истражувањата на авторот, 3 елементи на организациски промени кои се предмет на обединување, односно стратегиско обединување на портфолиото за промени, стратегиско извршување на промените, како и унапредување на способностите за промени.

Стратегиските процеси на организациски промени, според д-р Наков се во корелација со интегралните елементи на моделот организација која континуирано учи, т.е. со организациското учење, организациското знаење, како и одржливиот

организациски развој. Во овие рамки, сопствена апликација наоѓа Sap-Lap Hills - стратегискиот модел за менаџирање со промени, во кој Sap - димензиите на промени се категоризираат на организациски ситуации, актери и процеси, додека Lap - димензиите се однесуваат на учење, акција и перформанса.

Особена тежина овој труд поседува и поради јасната детализација на д-р Леонид Наков на одржливите димензии на организациски развој, т.е. на ефективната употреба на ресурсите, поттикнување на окружувањето, промовирање на социјална кохезија и инклузија, како и зајакнување на економскиот просперитет.

4. *Жените во бордовите на директори во Босна и Херцеговина, Македонија и Србија, учество во регионалната научно истражувачка публикација,* Меѓународна финансиска корпорација (IFC), Швајцарски секретаријат за економски прашања (SECO) и Асоцијација на деловни жени на БиХ (One), Сараево, мај 2013, стр.15-23.

Анализата на карактерот на учеството на жените во бордовите на директори во Босна и Херцеговина, Македонија и Србија долг временски период претставува една од најпредизвикувачките димензии за долгорочен одржлив развој на процесите и односите кои се формираат во рамките на бордовите на директори.

Во оваа смисла, во Македонија оваа анализа е втемелена врз категоризацијата на бордовите на надзорен, управен и извршен одбор, со примерок на 29 компании кои котираат на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност. Со овој методолошки пристап, јасно се идентификувани во оваа регионална научно истражувачка публикација неопходните знаења, вештини, искуства и способности кои се од фундаментално значење за ефективно учество на жените во нив, како и за менаџирање со ризиците, системите за рационално одлучување, решавање на синдромот на двоен товар.

Издвоена вредност на оваа публикација претставува определувањето на потенцијалот за промоција на жената како член во бордовите, можностите за нејзиниот професионален развој, опортунизмот на воведувањето на квоти за жени во бордовите, како и компаративната предност од членувањето на жените во бордовите.

5. *"Socially Responsible Organizational Restructuring",* Proceedings from International scientific – research conference "Systemic Economic Crisis: Current Issues and Perspectives", ASECU and Faculty of Economics – Skopje, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Skopje, 30-31 May, 2013, pp.278-290.

Фокусирањето на научно истражувачкото внимание на д-р Леонид Наков, во овој труд, врз прашањето на димензиите на одговорност кај организациското реструктурирање претставува, во основа, насушна потреба од целесообразено користење на основните модалитети на реструктурирањето – организациско, портфолио и финансиско, во функција на јасна категоризација на трансакциите од организацискиот модалитет во релација со процесите на давање значење на процесите, когнитивните шеми и промените.

Во самото организациско реструктурирање егзистираат финансиската и етичката компонента, како олицетворение на директните и индиректните трошоци на намалувањето на работната сила, од една страна, со способноста од преземање одговорност за моралните последици од деловните акции, од друга страна. Мошне методлошки издржано, авторот го поставува организациското реструктурирање, како составен елемент на активностите на т.н. односи со јавноста, во редот на кои едновремено влегуваат и социјалните и политички сили за промени, корпоративната перформанса, како и добивките во ефикасноста.

Емпирискиот придонес на овој научно истражувачки труд се огледа во приказот на меѓународно реномирани мулти национални корпорации кои се соочиле со тешкотии од процесите на организациско реструктурирање, вклучително претставување на карактерот на односите со синдикатот, како и финалните ефекти на овој исклучително сериозен организациски процес.

Сосема е евидентна научната карактеристика на д-р Леонид Наков, врз основа на продлабочениот приказ на овие негови објавени научно истражувачки трудови во респективни меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, дека се одликува со јасна истражувачка мисла, нагласена способност од користење на интегриран научно истражувачки приод, логично насочување на истражуваната хипотеза кон тестирани димензии на организациските промени, со што јавно се манифестира континуитетот во неговиот научно истражувачки развој, од моментот на избор во звањето доцент, па се до денес.

Напоредно со публикувањето на научно истражувачки трудови, во периодот од ноември 2009 год. до денес, кандидатот д-р Леонид Наков бележи плодна активност со партиципација на следниве национални, регионални или меѓународни семинари, симпозиуми, конференции, форуми и работилници:

1. *Одговорно претприемаштво за млади – креирање на култура на антикорупција во приватниот сектор,* национална експертна конференција, Државна комисија за спречување на корупцијата, Скопје, април 2010;
2. *Ефектите на финансиската криза на Балканот и социјалдемократските одговори,* регионална експертна конференција, Фридрих Еберт Штифунг, 16 октимври 2010;
3. *Adizes 32-nd Annual International Convention,* Adizes Institute - Santa Barbara, USA, Tirana, Albania, 1-4 July, 2010;
4. *Менаџмент на иновативни промени – апликативен пристап,* национална експертно апликативна конференција на AIESEC – Локален комитет - Скопје, декември 2011;
5. *"All Web",* меѓународна експертска конференција во организација на IAB Македонија, Скопје, 23 ноември 2012 год.;
6. *"Knowledge economy – Impact on Sustainable Development of the countries from east and South-East Europe", 3-rd International Summer school of "ASECU YOUTH",* ASECU, Faculty of Economics – Podgorica at University of Montenegro, Kotor, Montenegro, 15-20 July, awarded I (first) place for mentorship of a research paper "The Function of Knowledge as a Facilitator of

Human capital – A Catalist in the Attainment of Sustainable developmentin Eat and South-East Europe" – young researcher Joana Madjoska;
7. *„Ново знаење за нов развој"*, меѓународна научна конференција, Европски центар за мир и развој при Универзитетот за мир на Обединетите Нации, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје, 7 октомври 2013;
8. *Законот за финансиска дисциплина и Претпоставки за негова ефективна примена заради спречување на задоцнетите плаќања,* Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 30 јануари 2014;
9. *"Adizes sales Excellence Programme",* International expert – applicative 4 Moduled Programme, Clear View Business Training Center, Skopje, May-June, 2014.

## 4. Стручно – апликативна дејност

Мошне респективен дел од целокупната активност на кандидатот д-р Леонид Наков, отпаѓа на неговата стручно – апликативна работа, иницијално определена низ дејствување во бројни органи, тела и комисии на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- ✓ Комисија за меѓународна EFMD - акредитација на Економскиот факултет во Скопје – претседател на Програмскиот модул бр. 6 – Образование за вработени лица, почнувајќи од учебната 2013/14;
- ✓ Одбор за издавање на Каталогот за студиската програма од II циклус студии по МБА - менаџмент– 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/14;
- ✓ Одбор за издавање на Каталогот „20 години студиска програма од II циклус студии по МБА менаџмент";
- ✓ Одбор за организација на Летната школа на Факултетот – 2009/10, 2010/11, 2012/13;
- ✓ претседател на Одбор за организација на Летната школа на Факултетот 2013/14;
- ✓ Одбор за организација на Меѓународната конференција организирана во рамките на прославата по повод 20 години студиска програма од II циклус студии по МБА менаџмент;
- ✓ Колегиум за II циклус студии по МБА менаџмент, во периодот 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/14;
- ✓ Наставно - научен совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот од учебната 2009/10 год. до последната учебна 2013/14.

Стручно – апликативната дејност на кандидатот д-р Леонид Наков, во периодот од избор за доцент се состои и од учества во следниве 8 национални и меѓународни научни, истражувачки и апликативни проекти, т.е. 12 вкупно од неговото вработување на Економскиот факултет во Скопје:

1. *“CEED Macedonia”* – National Management Applicative Project for Enhancing Knowledge, skills and Competences of Macedonian managers, March-April, 2010;
2. *Длабинска анализа на основните постулати на економскиот сегмент на АМСМ агрегатно, како и на одделните негови друштва,* национален апликативен проект, Авто-мото сојуз на Македонија (АМСМ), ноември 2010;
3. *Анализа на задоволството и мотивацијата од работата на вработените,* национален апликативен проект, НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, ноември 2011;
4. *“Распознавање и развивање на претприемачки вештини кај кандидатите за самовработување”,* национален претприемачки експертско - истражувачки проект во организација на UNDP, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Скопје, декември 2011;
5. *“Enterprise Growth Programme (EGP) and Turn-Around Management (TAM)” in Bucen Kozjak - Kumanovo,* апликативно – експертски меѓународен проект, Европска банка за обнова и развој (ЕБРД), Скопје, јануари-март 2012;
6. *Истражување на потребите и предизвиците на младите претприемачи*, национален претприемачки експертско - истражувачки проект, Претприемачки сервис за млади (ПСМ) Фондација – YES Инкубатор, Скопје, април 2012;
7. *“Change Management: Leadership & Team Performance - Security Management Seminar”,* national applicative project, Chamber of Private Security Agencies in Republic of Macedonia, Skopje, 24-25 February, 2014;
8. *Напредно менаџирање низ промени на организациските процеси и односи,* национален апликативен проект, Градежен институт на Македонија (ГИМ) и Clear View Business Training Center, Скопје, мај-јуни 2014.

Во прилог кон Рефератот за избор на наставник во сите наставно – научни звања по организациски науки и управување (менаџмент), по предметите деловна етика и менаџмент на промени, го доставуваме и пополнетиот Анекс бр. 2 – образец кон Извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за кандидатот д-р Леонид Наков.

## 3. Заклучок и предлог

Врз основа на погоре аргументираните оцени и констатации за наставно – образовната, научно истражувачката и стручно – апликативната дејност на кандидатот д-р Леонид Наков, Рецензентската комисија е целосно убедена во следново:

- ✓ пријавениот кандидат на конкурсот, д-р Леонид Наков, во целост ги исполнува општите законски и посебните нормативни услови и критериуми кои се предвидени во Законот за високото образование, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни,

научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да биде унапреден и избран во повисоко наставно – научното звање;

- ✓ д-р Леонид Наков манифестира нагласена способност на посветен, сериозен и одговорен истражувач во доменот на научната, стручната и проектната дејност, со голема успешност анализирајќи ги и решавајќи најдлабоките феномени и предизвици од поширокатa област на менаџментот и организациското однесување, кои претставуваат олицетворение на успешната примена на сопствените научно истражувачки резултати;
- ✓ остварените резултати на д-р Леонид Наков се особено видливи и во објавување на научно истражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;
- ✓ д-р Леонид Наков е исклучително активен со учества на бројни национални, регионални или меѓународни семинари, симпозиуми, конференции, форуми, работилници, летни школи и истражувачки престои, како и едновремено учество во бројни научно истражувачки и апликативни проекти;
- ✓ особено посветена активност, д-р Леонид Наков бележи и во споделување на сопствените знаења, вештини и искуства со помладите наставници, бележејќи во континуитет високи оценки од самоевалуацијата;
- ✓ целосна потврда за ваквите заклучни согледувања, Комисијата наоѓа во остварените 210,2 поена, за изминатиот 5 (пет) годишен период од изборот во звањето доцент.

Комисијата е особено поттикната од фокусираноста на кандидатот кон осознавање на аспекти и процеси од поширокатa областа на менаџментот и организациското однесување, кои се нови и недоволно истражени, со напреден потенцијал за нивен екстензивен прогрес во Р. Македонија.

Имајќи го предвид сето претходно напоменато, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот д-р Леонид Наков да биде избран во наставно – научното звање вонреден професор, по предметите менаџмент на промени и деловна етика.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев, член, с.р.
3. Проф. д-р Олгица Блажеска, член,с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Леонид Петар Наков**

**Институција:** **Економски факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Научна област:** **организациски науки и управување (менаџмент), предмети: деловна етика и менаџмент на промени**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава<br>- од прв циклус студии<br>Деловна етика 4*15*0,04*4 = 9,6<br>Менаџмент на промени 4*15*0,04*5 = 12<br>Организациско однесување 4*15*0,04*2 = 4,8<br>Организациско однесување (дисп. паралелка во Велес) 4*15*0,04*2 = 4,8<br>- од втор циклус стрдии<br>Менаџмент на промени 2,67*15*0,05*4 = 8 | **39,2** |
| 2. | Настава во школи и работилници – учесник 3*1 = 3<br>5. *Лидерство во 21 век – лидерство во организациите,* Направи избор – стани креативен ЕУ - лидер - Прва меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје”, Охрид, август 2010;<br>6. *Лидерство, промени и иновации,* Направи избор – стани иновативен ЕУ - лидер - Втора меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Охрид, август 2011;<br>7. *“Зелени општествено одговорни бизниси – македонски перспективи и идни предизвици – методолошка рамка за употреба на КОО”,* коавторство со Бобек Шуклев, Направи разлика – стани ЕУ - лидер на корпоративна општествена одговорност - Трета меѓународна летна школа на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Охрид, август 2013 | **3** |
| 3. | Одржување на вежби | **4,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | - од прв циклус студии<br>Менаџмент на промени 2*15*0,03*5 = 4,5 | |
| 4. | Консултации со студенти<br>- од прв циклус студии<br>Деловна етика 350*0,002*4 = 2,8<br>Менаџмент на промени 25*0,002*5 = 0,25<br>Организациско однесување 450*0,002*2 = 1,8<br>Организациско однесување (дисп. паралелка во Велес) 35*0,002*2 = 0,14<br>- од втор циклус струдии<br>Менаџмент на промени 12*0,002*4 =0, 1 | **5,1** |
| 5. | Подготовка на нов предмет – Менаџмент на промени<br>- предавања 1<br>- вежби 0,5 | **1,5** |
| 6. | Ментор на дипломска работа 17*1 = 17 | **17** |
| 7. | Член на Комисија за оцена и одбрана на дипломска работа<br>18*0,1 = 1,8 | **1,8** |
| 8. | Член на Комисија за оцена или одбрана на магистратура<br>34*0,3 = 10,2 | **10,2** |
| 9. | Член на Комисија за оцена или одбрана на докторат<br>5*0,5 = 2,5 | **2,5** |
| 10. | Интерна скрипта од предавања<br>- од прв циклус студии<br>Деловна етика 4*15*0,08 = 4,8<br>Менаџмент на промени 4*15*0,08 = 4,8<br>- од втор циклус струдии<br>Менаџмент на промени 2,67*15*0,08 = 3,2 | **12,8** |
| 11. | Научно популарна или наставно – историска статија во стручно методско списание<br>- *Менаџирање со организациските промени за достигнување на концептот на финансиска дисциплина*, Економија и бизнис, Еуро-мак Компани, Скопје, октомври 2011, стр.44-48 | **1** |
| | **Вкупно** | **98,6** |

**НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект – 6*3 = 18<br>9. *“CEED Macedonia”* – National Management Project for Enhancing Knowledge, skills and Competences of Macedonian managers, March-April, 2010;<br>10. *Длабинска анализа на основните постулати на* | **18** |

| | | |
|---|---|---|
| | *економскиот сегмент на АМСМ агрегатно, како и на одделните негови друштва,* национален проект, Авто-мото сојуз на Македонија (АМСМ), ноември 2010;<br>11. *Анализа на задоволството и мотивацијата од работата на вработените,* национален проект, НЛБ Тутунска банка АД - Скопје, ноември 2011;<br>12. *Истражување на потребите и предизвиците на младите претприемачи*, национален научно претприемнички проект, Претприемнички сервис за млади (ПСМ) Фондација – YES Инкубатор, Скопје, април 2012;<br>13. *"Change Management: Leadership & Team Performance - Security Management Seminar",* national applicative project, Chamber of Private Security Agencies in Republic of Macedonia, Skopje, 24-25 Fevruary, 2014;<br>14. *Напредно менаџирање низ промени на организациските процеси и односи,* национален проект, Градежен институт на Македонија (ГИМ) и Clear View Business Training Center, Скопје, мај-јуни 2014 | |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект – 2*5 = 10<br>1. *"Распознавање и развивање на претприемачки вештини кај кандидатите за самовработување", научно* претприемачки експертско - истражувачки меѓународен проект во организација на UNDP, Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување, Скопје, декември 2011;<br>2. *"Enterprise Growth Programme (EGP) and Turn-Around Management (TAM) in Bucen Kozjak - Kumanovo",* научно - експертски меѓународен проект, Европска банка за обнова и развој (ЕБРД), Скопје, јануари-март 2012 | **10** |
| 3. | Дел од монографија објавен во странство<br>1. *Жените во бордовите на директори во Босна и Херцеговина, Македонија и Србија, учество во регионалната научно – истражувачка публикација,* Меѓународна финансиска корпорација (IFC), Швајцарски секретаријат за економски прашања (SECO) и Асоцијација на деловни жени на БиХ (One), Сараево, мај 2013, стр.15-23 | **6** |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание<br>1. "*Managing Action Programs for Organizational Development", Management – Dest and Ulrich Periodical,* Co-author with Ljubomir Drakulevski, | **7,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | Faculty of Organizational Sciences – Belgrade, University of Belgrade, Belgrade, 2009, No.51, Year XIV, pp.21-27 – 4*0,8 = 3,2<br>2. *Стратегискиот менамент на промени во функција на одржлив организациски развој,* Анали на Економскиот факултет во Суботица, Универзитет на Нови Сад, Суботица, 2013, стр.241-252 | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание, со меѓународен уредувачки одбор<br>1. *"The Insights of Social and Transitional Justice – Towards a New Global Perspective for HRD",* Co-author with Kopp David, Katie Desiderio and Nikolovska Irena, Annual Proceedings from 11-th International Conference on Human Resource Development Research and Practice across Europe, UFHRD, Academy of Human Resource Development, USA, University of Pecz, Budapest, Hungary, June, 2010, pp.1-11<br>6*0,6 = 3,6 | **3,6** |
| 6. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>1. *"Socially Responsible Organizational Restructuring",* Proceedings from International scientific – research conference "Systemic Economic Crisis: Current Issues and Perspectives", ASECU and Faculty of Economics – Skopje, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje, Skopje, 30-31 May, 2013, pp.278-290<br>2. *"Managing Organizational Competences for Sustainable Business Excellence",* Co-author with Drakulevski Ljubomir, 19-th International Scientific Conference on Topic "Integration Processes as Factors Affecting Competitiveness and Economic Efficiency, Faculty of Economics in Subotica, University of Novi Sad, Palic, 15-17 May, 2014, pp.156-167 – 2* 0,8 = 1,6<br>3. *Спортскиот менаџмент и можностите за професионален развој,* коавтор со Дракулевски Љубомир и Илиев Филип, Зборник на трудови од Првата меѓународна научно истражувачка конференција „Истражувања во физичкото образование, спорт и здравје", Факултет за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Охрид, 30-31 мај 2014,стр.146-153-2*0,6=1,2<br>4. *"Managing Business Model in Function of Organizational Dynamism",* co-author with | **6,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Drakulevski Ljubomir, Proceedings from 14-th International Scientific Symposium SymOrg 2014 "New Business Models and Sustainable Competitiveness", Faculty of Organizational Sciences – Belgrade, University of Belgrade, Zlatibor, Serbia, 6-10 June, 2014, pp.3-14 – 2*0,8 = 1,6 | |
| 7. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор<br>1. *"Managing the Process of Organizational Transition"* within the scientific topic Change Management and Organizational Development; Organizational Behavior, Proceedings from Advances in Business - Related Scientific Research Conference (ABSRC), Olbia, Italia, 2010, pp.227-238<br>2. *"Learning Style and Change of strategy in Conflict management among Macedonian Managers",* Co-Author with Drakulevski Ljubomir & Taneva – Veshoska Angelina, 2-nd International OFEL Conference on Governance, Management and Entrepreneurship 2014, CIRU – Governance Research and Development Center and University of Dubrovnik – Department of Economics and Business Economics, Dubrovnik, Croatia, 4-5 April, 2014, pp.29-42 - 3*0,8 = 2,4 | **5,4** |
| 8. | Труд објавен во Зборник на трудови на високо образовна институција<br>1. *Природата на реинжентерингот на деловните процеси (BPR), кај македонските организации кои управуваат со промени,* Годишен зборник на трудови, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет во Скопје, Том 45, Скопје, 2010, стр. 433-443 | **2** |
| 9. | Секциско предавање на научен/стручен собир<br>1. *Законот за финансиска дисциплина и претпоставки за негова ефективна примена заради спречување на задоцнетите плаќања,* Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 30 јануари 2014<br>2. *"Adizes sales Excellence Programme",* International expert – applicative 4 Moduled Programme, Clear View Business Training Center, Skopje, May-June, 2014 | **2** |
| 10. | Секциско предавање на научен/стручен собер со меѓународно учество<br>1. *Adizes 32-nd Annual International Convention,* Adizes Institute - Santa Barbara, USA, Tirana, Albania, 1-4 July, 2010 | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>1. *"Managing the Knowledge for a Sustainable Development" - Knowledge economy – Impact on Sustainable Development of the countries from east and South-East Europe - 3-rd International Summer school of "ASECU YOUTH",* ASECU, Faculty of Economics – Podgorica at University of Montenegro, Kotor, Montenegro, 15-20 July, awarded I (first) place for mentorship of a research paper "The Function of Knowledge as\a Facilitator of Human capital – A Catalyst in the Attainment of Sustainable development in Eat and South-East Europe" – young researcher Joana Madjoska | **3** |
| 12. | Учество на научен/стручен собер со реферат:<br>1. Усна презентација - *Одговорно претприемаштво за млади – креирање на култура на антикорупција во приватниот сектор",* национална експертна конференција, Државна комисија за спречување на корупцијата, Скопје, април 2010 | **1** |
| | **Вкупно** | **66,6** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | / | 0 |
| | **Вкупно** | **0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на цапитал, систематизација методологија – 4*1 = 4 | **4** |
| 2. | Учество во промотивни активности на Факултетот - 5*0,5 = 2,5 | **2,5** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Претседател на Издавачкиот одбор на Зборникот на трудови од Меѓународната конференција организирана во рамките на прославата по повод 20 години студиска програма од II циклус студии по МБА - менаџмент, на тема *Предизвиците и перспективите на корпоративното управување во комплексно и динамично бизнис окружување,* во организција на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Охрид, ноември 2012 год. | |
| 4. | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собер<br>1. Претседател на Организациски одбор на Четвртата меѓународна летна школа на Економскиот Факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје *"Направи разлика – стани ЕУ - лидер на одржлива конкурентска предност*", Охрид, август 2014 | **2** |
| 5. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир – 3*0,5 = 1,5<br>1. Организациски одбор на Прва меѓународна летна школа на Економскиот Факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје *Направи избор – стани креативен ЕУ - лидер*, Охрид, август 2010;<br>2. Организациски одбор на Втора меѓународна летна школа на Економскиот Факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје *Направи избор – стани иновативен ЕУ - лидер*, Охрид, август 2011;<br>3. Организациски одбор на Трета меѓународна летна школа на Економскиот Факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје *Направи разлика – стани ЕУ - лидер на корпоративна општествена одговорност*, Охрид, август 2013. | **1,5** |
| 6. | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект<br>- носител – RRPP: Research Project proposal Western Balcans 2012 – "*Convicted to Poverty? New Income Inequalities in Macedonia, Albania and Serbia* | **2** |
| 7. | Студиски престој во странство – до 3 месеци<br>1. *"Managerial implications of organizational behavior, culture and changes",* Scientific research stay at Barry University, Miami, USA, January – February, 2010 | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Член на Универзитетска комисија<br>1. Извршен одбор на Универзитетскиот спортски сојуз на „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | **1** |
| 9. | Член на факултетска комисија<br>✓ Комисија за меѓународна EFMD - акредитација на Економскиот факултет во Скопје – претседател на Програмскиот модул бр. 6 – Образование за вработени лица, почнувајќи од учебната 2013/14 – 2*0,5 = 1<br>✓ Одбор за издавање на Каталогот 20 години за студиската програма од II циклус студии по МБА - менаџмент – 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/14 – 5*0,5 = 2,5<br>✓ Одбор за издавање на Јубилејно издание „20 години студиска програма од II циклус студии по МБА – менаџмент"<br>✓ Одбор за организација на Меѓународната конференција организирана во рамките на прославата по повод 20 години студиска програма од II циклус студии по МБА – менаџмент;<br>✓ Колегиум за II циклус студии по МБА - менаџмент, во периодот 2010/11, 2011/12, 2012/13, 2013/14<br>✓ Наставно - научен совет на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во периодот од учебната 2009/10 год. до последната учебна 2013/14 | **5,5** |
| 10. | Учества во комисии и тела на државни и други органи – 3*1 = 3<br>1. Економски совет на Надзорниот одбор на Македонско – бугарската стопанска комора, од 2013 год.<br>2. Член на Управниот одбор на ЈП Македонска Радио - телевизија (МРТВ), заклучно со мај 2010 год.,<br>3. Член на Надзорниот одбор на ASECU, со седиште во Солун, Грција | **3** |
| 11. | Национален координатор за одредена стручна област – 4*3 = 12<br>1. Единствен национален тренер во Македонија на Адизес меѓународната методологија за менаџмент, лидерство и организациски промени<br>2. Национален консултант на UNDP, за подрачјето на идентификација и развој на претприемачки | **12** |

| | | |
|---|---|---|
| | вештини кај кандидати за самовработување<br>3. Национален експерт на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), во сегментот на EGP и TAM - програмите, специјализиран во областа на креирање и менаџирање со организациски промени<br>4. Национален експертен соработник на CEED Macedonia, во областа на апликативно развивање на знаењата, вештините и способностите кај македонските менаџери | |
| 12. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>1. Заменик - член на избирачко место, општина Ѓорче Петров, ЛИ 2013 год. | **1** |
| **Спортска дејност** | | |
| 13. | Селектор (водич) на студентска репрезентација | **4** |
| 14. | Награди и признанија добиени на државна официјална спортска манифестација | **5** |
| | **Вкупно** | **45** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **98,6** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **66,6** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **45** |
| **Вкупно** | **210,2** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев, член, с.р.
3. Проф. д-р Олгица Блажеска, член, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
**НА РАКОПИСОТ „Научната дијаспора од Република Македонија“ (група автори), редактор д-р Верица Јанеска**

Со Одлука на Научниот совет на Економскиот институт (бр. 02-2734/1, од 14.12.2012 година), определена сум за рецензент на трудот *Научната дијаспора од Република Македонија*. Согласно со член 19 од Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по внимателното читање на трудот го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Општи согледувања

Во студијата на Економскиот институт во Скопје се претставени резултатите од истражувањето во проектот *Научната дијаспора од Република Македонија*. Тој е реализиран во рамките на истражувачката програма на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Одлука на Универзитетскиот сенат (бр. 02-477, од 23.06.2011 година), а врз основа на предлогот на Комисијата за наука при УКИМ. Главен истражувач на проектот (и редактор на овој ракопис) е проф. д-р Верица Јанеска, а во неговата изработка учествувале сите вработени во Економскиот институт со научни и соработнички звања.

Истражувањето се темели на работната хипотеза дека мапирањето на научната дијаспора на Република Македонија и воспоставувањето на поблиска соработка со неа е една од можностите за ублажување на негативните последици од интензивната интелектуална емиграција и претставува значаен чинител за подобрување на постојните социо-економски состојби во земјата. Студијата се однесува на развојните потенцијали на дијаспората и претставува придонес на Економскиот институт и Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во реализацијата на активностите на Владата предвидени со Акциониот план на Резолуцијата на миграционата политика на Република Македонија за периодот 2009-2014 година, во делот на мапирањето на дијаспората и креирањето на бази на податоци за одделни категории на македонски граѓани во странство (научници, бизнисмени, уметници, студенти и др.).

### Содржина на трудот

Во трудот се претставени резултатите на едно комплексно проучување на научната дијаспора од Република Македонија. Тоа го потврдува содржината на студијата, на која и претходи предговор и вовед, а материјата која е предмет на елаборација во трудот е систематизирана во шест поглавја и прилог во кој се поместени куси биографии на научници по потекло од Република Македонија. Сето тоа е претставено на околу 200 страници.

Во **првото поглавје** се опсервираат релевантни *теоретски аспекти за интелектуалната миграција и особеностите на современата мобилност на талентите*. Проучувањето во овој дел се темели на консултирана обемна современа литература, која потврдува дека во последната деценија се направени многубројни истражувања во оваа област. Тие кореспондираат со континуираниот

пораст и сè поголемото значење на меѓународната мобилност на високостручната работна сила, посебно на научниците и талентите од областа на природните и техничките науки. Истражувањата покажуваат дека мобилноста на талентите во наредните децении ќе продолжи со несмален интензитет. Во таа смисла, емиграционите земји ќе се соочат со уште поголем проблем и потреба за што поадекватно користење на научните и стручните кадри, како клучна претпоставка за нивно задржување и за унапредување на социо-економскиот развој. За таа цел се формулираат различни стратегии и се врши избор на најповолните опции, но врз основа на претходно идентификување на главните столбови на долгорочниот развој, респектирајќи го значењето на економијата заснована на знаење. Притоа, треба да се имаат предвид предлог-активностите на меѓународните организации за справување со очекуваниот недостиг на талентите.

**Втората глава** е посветена на *современите практики при воспоставувањето на соработка со научната дијаспора*. Истражувањето потврдува дека во земјите што се соочени со интензивна интелектуална емиграција и растечка научна дијаспора се преземаат сериозни мерки и активности за воспоставување на различни видови на соработка со научниците надвор од земјата и за нивно активно вклучување во решавањето на актуелните развојни проблеми. Современите искуства покажуваат дека како земји кои воспоставиле успешни практики во процесот на спроведување на ефективна соработка со научната дијаспора, меѓу другите, се издвојуваат: Израел, Ирска, Полска, Русија, Индија, Кина, Тајван, Јапонија и др. Врз основа на нивните искуства, идентификувани се неколку начини на развој на соработка со научната дијаспора: владини програми и агенции; асоцијации (здруженија) на научни кадри од дијаспората; академии на наука во домицилните земји; билатерални аранжмани (програми) меѓу земјите на потекло и научната дијаспора; мрежно поврзување. Овој дел од трудот е заокружен со осврт на значењето на стратегијата кон дијаспората како битна претпоставка за развој на соработката со научната дијаспора. Истражувањето потврдува дека при воспоставувањето на соработка со научната дијаспора, треба да се има предвид дека таа активност треба да се темели на конзистентна стратегија во однос на дијаспората и на одредени принципи за добри практики кои произлегуваат од искуствата на други земји.

Во **третата глава** се елаборираат *особеностите на научната дијаспора од Република Македонија*. Со цел да се согледа генезата на постојните состојби и потенцијалните можности за создавање и пораст на македонската научна дијаспора во овој дел од трудот најпрво се елаборираат досегашните трендови на вкупната и интелектуалната емиграција. Истражувањето покажува дека интелектуалната емиграција од Македонија, која се интензивираше во првата половина на деведесеттите години на минатиот век, во последната деценија забележа континуиран пораст и достигна мошне големи размери. Тоа е потврдено со повеќе индикатори од странски извори на податоци, вклучително и индикаторите за глобалната конкурентност на Светскиот економски форум според кои во последните неколку години Македонија се наоѓа во групата на земји со најголем интензитет на brain drain.

При мапирањето на научната дијаспора од Република Македонија реализирано е емпириско истражување за прибирање на податоци, односно е-

маил адреси на наши доктори на науки и магистри кои работат во странство, и воспоставување на контакт со нив. Врз основа на различни извори на податоци (Министерство за надворешни работи, Агенцијата за иселеништво, алумни на УКИМ, лични контакти и др.), обезбедени се 150 е-маил адреси. Во текот на истражувањето добиени се биографии на 85 лица - македонски научници коишто престојуваат и работат во странство, од кои 68 доктори на науки и 17 магистри. Врз основа на аналитичка обработка на биографските податоци и нивно вкрстување во овој дел од студијата се претставени значајни сознанија за особеностите и профилот на македонската научна дијаспора (структурата според пол и возраст, местото на раѓање, годината на заминувањето од земјата, земјата на прием во која престојува, образованието, научното подрачје, научно-истражувачката активност).

Во **четвртата глава** се анализираат *основните детерминанти* на *интелектуалната емиграција од Република Македонија*, во рамките на која се создава и македонската научна дијаспора. Притоа, вниманието е сосредоточено на промените во општествено-економскиот развој на земјата, со посебен акцент на релевантните аспекти од развојот на научно-истражувачката дејност, како и на некои аспекти на институционалните и вонинституционалните предуслови кои влијаеја врз интензивирањето на овие преселнички движења. Првенствено се опсервираат промените кои се случуваа во периодот на транзиција. Но, бидејќи економската емиграција од Македонија во странство се одвива повеќе од пет децении и со својата долготрајност влијае врз формирањето на научната дијаспора во рамките на втората и третата генерација, се укажува и на некои аспекти за обусловеноста на овие движења во преттранзициониот период.

**Петтата глава** од студијата е посветена на *последиците и импликациите од интелектуалната емиграција од Република Македонија*. Истражувањето покажува дека манифестираните промени во обемот и интензитетот на интелектуалната емиграција, посебно на талентите и стручњаците, имплицираат краткорочни и долгорочни ефекти во областа на научноистражувачката дејност, потоа економијата и развојот на земјата, како и демографските и социо-економските карактеристики на работната сила. Притоа, посебен простор е посветен на влијанието на интелектуалната емиграција врз вработеноста и конкурентноста - двата најгорливи проблема на македонската економија. Тоа се посматра во контекст на неповолните промени кај индикаторите за глобалната конкурентност и за ефикасноста на користењето на талентите кои покажуваат дека тие се во корелација со порастот на brain drain индикаторот.

Во **шестата глава** се идентификувани глобалните насоки на *политиката во однос на интелектуалната емиграција, со посебен осврт на научната дијаспора*. Во овој дел од студијата најпрво се елаборираат потенцијалната интелектуална емиграција и претпоставките за нејзиното намалување, како и досегашните активности и мерки во однос на емиграцијата во странство. Истражувањето потврдува дека на Република Македонија и е неопходна комплексна и конзистентна политика во однос на интелектуалната емиграција и научната дијаспора. Таа би требало со соодветни пред и постемиграциони мерки и активности да влијае врз намалување на интелектуалната емиграција, воспоставување на соработка со научната дијаспора и нејзино мрежно поврзување.

На крајот на студијата се поместени заклучни согледувања, прилог во кој се претставени куси биографии на македонски научници во странство и користена литература.

**Оцена и предлог**

Студијата *Научната дијаспора од Република Македонија* претставува прв труд од ваков вид кој дава многу вредни сознанија за креаторите на политиките, научната, стручната и пошироката јавност. Покрај тоа што во приказот на содржината на трудот се направени и квалитативни оценки, на крај би ги издвоиле следниве карактеристики на студијата *Научната дијаспора од Република Македонија:*

*Прво,* трудот претставува заокружена научна студија во која научната дијаспора од Република Македонија се посматра во поширок контекст. Станува збор за прв труд од ваков вид во кој е направено првично мапирање на научната дијаспора и се претставени релевантни сознанија за нејзините особености. Добиените информации за бројот и профилот на нашите научници во странство недвосмислено потврдуваат дека Македонија има респектабилна научна дијаспора која не се создава по основ на емиграција на научници, туку преку интелектуалната емиграција, како и во рамките на втората и третата генерација на македонските граѓани во странство.

*Второ*, студијата дава вредни сознанија за креаторите на политиките. Идентификувани се глобални насоки на политиката во однос на овој сегмент од македонската дијаспора и создадена е основа за креирање на база на податоци и развој на мрежа на научната дијаспора. Преку неа државните институции, потоа академската јавност, како и бизнис заедницата во земјата би можеле да се поврзат и да остварат различни видови на соработка со научниците и стручњаците коишто престојуваат надвор од земјата.

*Трето*, трудот претставува конзистентна целина, иако во неговата изработка учествувале голем број на истражувачи, што ја потврдува компетентноста на главниот истражувач во областа која е предмет на проучување. Студијата изобилува со богатство на податоци и информации, од домашни и странски извори кои се умешно систематизирани и презентирани во функција на реализација на општата и посебните цели на истражувањето.

*Четврто*, книгата е пишувана врз база на обемна современа домашна и странска литература, потоа релевантни извештаи и документи на повеќе меѓународни организации, како и на сознанија на земјите кои се издвојуваат според воспоставените успешни практики во процесот на спроведување на ефективна соработка со научната дијаспора.

*Имајќи ги предвид содржината, како и изнесените констатации во оценката, ми претставува посебна чест да му предложам на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, трудот* ***Научната дијаспора од Република Македонија*** *да се публикува и со тоа да ни биде достапен на научната, стручната и пошироката јавност.*

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Елка Димитриева с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „Научната дијаспора од Република Македонија“ (група автори), редактор д-р Верица Јанеска

Со Одлука на Научниот совет на Економскиот институт (бр. 02-2734/1, од 14.12.2012 година), определен сум за рецензент на трудот *Научната дијаспора од Република Македонија*. Согласно со член 19 од Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по внимателното читање на трудот го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Општи согледувања

Во трудот се објавуваат резултатите од истражувањето во проектот *Научната дијаспора од Република Македонија,* кој е реализиран согласно со истражувачката програма на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Одлука на Универзитетскиот сенат (бр. 02-477, од 23.06.2011 година), а на предлог на Комисијата за наука при УКИМ. Во неговата изработка учествувале сите вработени во Економскиот институт со научни и соработнички звања, а главен истражувач на проектот (и редактор на овој ракопис) е проф. д-р Верица Јанеска.

Основна цел на истражувањето е мапирање на научната дијаспора од Република Македонија и идентификување на соодветна политика за нејзино поврзување со високообразовните, научните и другите институции, во функција на поттикнување на социо-економскиот развој на земјата. Притоа, се поаѓа од претпоставката дека тоа е една од можностите за ублажување на негативните последици од растечката и мошне голема интелектуална емиграција од Република Македонија во последните две децении.

Имајќи ги предвид мерките и активностите предвидени со Акциониот план на Резолуцијата на миграционата политика на Република Македонија за периодот 2009-2014 година, во делот на мапирањето на дијаспората и креирањето на бази на податоци за одделни категории на македонски граѓани во странство, вклучително и на научниците, оценувам дека овој труд претставува придонес на Економскиот институт и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во реализацијата на активностите на Владата во оваа област.

### Содржина на трудот

Содржината на трудот *Научната дијаспора од Република Македонија* ја сочинуваат предговор, вовед, шест поглавја, прилог во кој се поместени куси биографии на научници по потекло од Република Македонија, а сето тоа е систематизирано на околу 200 страници.

Во **првото поглавје** од трудот се претставени релевантни *теоретски аспекти за интелектуалната миграција и особеностите на современата мобилност на талентите.* Истражувањата покажуваат дека глобалната мобилност на талентите и на очекуваните движења на талентите до 2015 година и потоа, реализирани во последните пет години, меѓу другото упатуваат на следниве заклучоци: различни земји имаат различен обем на таленти; развојот на ИТсекторот и појавата на глобалните мрежи радикално ја менуваат перцепцијата за мобилноста; виртуелната мобилност станува клучен елемент во развојот на извозници на ИТуслуги и во увозот на надворешна експертиза. Овие сознанија упатуваат на некои сериозни тешкотии во однос на начините и средствата со кои националните економии ќе треба да се натпреваруваат за талентите во глобални рамки, во блиска иднина. Во таа смисла, инструктивни се идентификуваните шест можни акции за дејствување, систематизирани во рамките на три главни подрачја, претставени во извештајот на Светскиот економски форум.

**Второто поглавје,** под наслов *Современите практики при воспоставувањето на соработка со научната дијаспора*, е фокусирано на политиките на емиграционите земји во поглед на соработката со дијаспората. Во таа смисла, на примерот на повеќе земји, анализирани се најчесто применуваните форми на соработка со научната дијаспора: владини програми и агенции; асоцијации (здруженија) на научни кадри од дијаспората; академиите на наука во домицилните земји; билатерални аранжмани (програми) помеѓу земјите на потекло и научната дијаспора; мрежно поврзување. Елаборацијата на овие начини на соработка дава релевантни сознанија за успешните практики на воспоставување и унапредување на соработката со научната дијаспора. Освен тоа, истражувањето потврдува дека концепирањето на конзистентна стратегија во однос на дијаспората е битна претпоставка за воспоставување на соработка со научната дијаспора.

**Третото поглавје** од трудот е насловено на *Особеностите на научната дијаспора од Република Македонија.* Истражувањето покажува дека современата македонска научна дијаспора се формира по неколку основи, односно преку интелектуалната емиграција, потоа со се поголемиот број на млади кои се определуваат високото образование, постдипломските и докторските студии да ги завршат во странство и потоа не се враќаат во земјата, како и во рамките на втората и третата генерација на македонските граѓани во странство. Во овој дел од трудот се согледува генезата на постојните состојби, како и потенцијалните можности за создавање и пораст на македонската научна дијаспора. За таа цел се елаборираат досегашните трендови на вкупната и интелектуалната емиграција од Република Македонија.

Мапирањето на научната дијаспора од Република Македонија е реализирано од септември 2011 до мај 2012 година со емпириско истражување во две етапи. Во првата етапа, врз основа на различни извори на податоци добиени се контактадреси на 150 македонски доктори на науки и магистри кои работат во странство. Во втората етапа, воспоставен е контакт и добиени се биографии на 85 лица - македонски научници, од кои 68 доктори на науки и 17 магистри, коишто

престојуваат и активно работат во различни земји. Врз основа на аналитичката обработка на биографските податоци и нивното вкрстување добиени се значајни сознанија за особеностите и профилот на македонската научна дијаспора (структурата според пол и возраст, местото на раѓање, годината на заминувањето од земјата, земјата на прием во која престојуваат, образованието, научното подрачје, научноистражувачката активност).

Во **четвртото поглавје** од трудот се претставени *основните детерминанти на интелектуалната емиграција од Република Македонија*. Со истражувањето се опфатени причините за емиграцијата на високообразованите и стручни кадри во кои како најзначајни се издвојуваат: севкупниот општествен развој на земјата, развојот на научноистражувачката и високообразовната дејност, потоа институционалните и вонинституционалните предуслови за школување и работа на талентите и стручњаците, како и промените во социо-економскиот развој и миграционите политики на земјите на прием.

Проучувањето покажува дека разликите во однос на висината на платите и на можностите/условите за работење и напредување во струката, како и финансирањето на научноистражувачката и високообразовната дејност во земјата се основни детерминанти на промените во големината и интензитетот на интелектуалната емиграција. Од не помало значење се институционалните и вонинституционалните детерминанти, при што се издвојуваат: миграционите политики на земјите на прием; технолошката развиеност на земјите; ефектот на агломерација и концентрација; социо-културните и јазични афинитети и друго.

Во **петтото поглавје** од трудот се елаборираат *последиците и импликациите од интелектуалната емиграција од Република Македонија*, посебно на талентите и стручњаците, во областа на научноистражувачката дејност, економијата и развојот на земјата, демографскиот развој и стареењето на населението. Посебно внимание во овој дел од студијата е посветено на последиците од оваа емиграција врз економскиот развој, потоа импликациите врз квалитетот и ангажираноста на високообразованата работна сила, како и врз конкурентноста. Авторите потенцираат дека големиот одлив на високостручни кадри и таленти несомнено предизвикува негативни последици и загуби за земјата, кои се манифестираат во трошоците направени за нивното подигање и школување, во пропуштената добивка и придонесот врз развојните процеси што овие лица би го дале доколку би биле економски ангажирани, како и во нивната несоодветна замена.

Проучувањето во **шестото поглавје** на трудот е фокусирано на актуелните прашања на *политиката на земјата во однос на интелектуалната емиграција, вклучително и на миграцијата на научниците и стручњаците*. Притоа, авторите најпрво прават осврт на потенцијалната интелектуална емиграција и клучните претпоставки за нејзино намалување. Согласно со резултатите од истражувањето политиката во однос на интелектуалната емиграција и научната дијаспора се лоцира во три сегменти: политика за намалување на интелектуалната емиграција; воспоставување на соработка со научната дијаспора; мрежно поврзување на научната дијаспора. Притоа, политиката за намалување на интелектуалната емиграција се разгледува преку два аспекта, односно превентивни или пред-емиграциони и постемиграциони мерки. И покрај неспорното значење на идентификуваните мерки на овие политики, авторите се

залагаат за воспоставување на соработка со научната дијаспора преку мрежно поврзување, која во релативно пократок временски период и со помало ангажирање на финансиски ресурси би дала значајни резултати.

На крајот на трудот се поместени заклучок, прилог со куси биографии на македонските научници во странство и користена литература.

**Оцена и предлог**

Имајќи ги предвид квалитативните оценки на одделните поглавја, на крај посебно би ги издвоил следниве карактеристики на трудот ***Научната дијаспора од Република Македонија***:

*Прво*, трудот претставува сеопфатна научна студија на повеќе релевантни аспекти на научната дијаспора. Таа се базира на солидно теоретско и емпириско истражување, во кое научната дијаспора од Република Македонија се посматра во поширок контекст. Освен мапирањето на овој сегмент од македонската дијаспора, во трудот се идентификувани основните детерминанти, како и последиците и импликациите од растечката интелектуална емиграција и научната дијаспора, врз социо-економскиот и демографскиот развој на земјата.

*Второ*, овој труд е прва студија за научната дијаспора од Република Македонија. Со нејзиното мапирање се создава основа за креирање на база на податоци, која во иднина би требало континуирано да се надоградува. Добиените сознанија овозможуваат идентификување на насоките за градење на соодветна политика во однос на научната дијаспора. Во таа смисла, авторите посебно се залагаат за мрежно поврзување на научната дијаспора со високообразовните, научните и другите институции во земјата, во функција на поттикнување на социо-економскиот развој.

*Трето*, во студијата целосно се реализирани општата и посебните цели на истражувањето. Таа изобилува со богатство од податоци и информации кои се соодветно систематизирани и презентирани. Книгата е пишувана со јасен и разбирлив стил и се базира на обемна современа домашна и странска литература, вклучително и на извештаи и документи на релевантни меѓународни организации.

*Четврто,* во реализацијата на истражувањето на овој труд учествувал голем број на научници и соработници на Економскиот институт. Сепак, студијата се карактеризира со кохерентност и претставува заокружена целина.

*Врз основа на горенаведеното, ми претставува посебна чест на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да му предложам, трудот* ***Научната дијаспора од Република Македонија*** *да се публикува и со тоа да биде достапен на научната, стручната и пошироката јавност.*

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Славе Ристески с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

На ракописот „Претприемачка лабараторија“
Главни истражувачи: проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска и доц. д-р Зоран Јаневски

Со Одлука на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје бр. 02-1278/1 , од 19.6.2014, определена сум за рецензент на трудот „Претприемачка лабораторија“, произлезен од научноистражувачкиот проект „Формирање на Претприемачка лабораторија на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје“, со главните истражувачи проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска и доц. д-р Зоран Јаневски.

После внимателното читање на трудот го доставувам следниов

Извештај

на трудот со наслов „**Претприемачка лабораторија**“, произлезен од проектот „Формирање на Претприемачка лабораторија на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје“, финансиран од средства за интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, според Одлука на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје бр. 02-803/2 од 10.5.2013 година, а врз основа на член 37 став 1, алинеја 32 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот институт.

Главни истражувачи на проектот се проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска и доц. д-р Зоран Јаневски.

Основна цел на трудот е развој на концепт за Претприемачка лабораторија во рамките на Економскиот институт во Скопје, како место опремено за изведување на тестови, експерименти и истражувања од областа на претприемаштвото, развој на претприемачки вештини, управување со старт-ап бизниси и управување со раст и развој на претприемачки компании. Ова е извонредно значајно прашање, поради тоа што состојбата со претприемаштвото во Република Македонија е на незадоволително ниво, иако според одредени истражувања за него во државата постојат позитивни перцепции и владата го стимулира со различни мерки. Претприемачката лабораторија се замислува како почетно место каде што претприемачите, и идните сопственици на старт-ап бизниси ќе проверат бизнис идеја и ќе ги унапредат шансите за нејзин успех на пазарот врз база на научни методологии, методи, инструменти и алатки. Оваа Лабораторија на студентите на постдипломските студии од насоката претприемаштво ќе им овозможи да ги поврзат своите теоретски сознанија со практични искуства преку истражувања, семинари, тркалезни маси, работилници и други форми на директен контакт и соработка со претприемачи од државата.

Концепциски и функционално, Претприемачката лабораторија треба да претставува истражувачки центар за поддршка на претприемаштвото во сите фази од претприемачкиот процес, со што ќе се овозможи да бидат применети научни

методологии во разрешување на бројните проблеми поврзани со развојот на претприемачкиот бизнис во Република Македонија.

За да се создаде концепциска рамка за функционирање на Претприемачката лабораторија, во ова истражување најнапред е даден општ осврт на теоретските и емпириските истражувања и ситуациона анализа на состојбите со претприемаштвото, менаџментот, маркетингот и финансирањето на почетните бизниси. Во рамките на секој дел, направена е теоретска елаборација, како и интерпретација врз основа на емпириските податоци од истражувањето.

Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување, добиени се наоди од аспект на специјализацијата во однос на меѓусебните врски со стопанството, науката и образованието како три основни столба на кои ќе функционира Претприемачката лабораторија.

Во бизнисите кои се основани од претприемачите сѐ повеќе има реална потреба од добри менаџмент-практики, како во смисла на креирање поволна работна средина, така и во градењето соодветни односи на вработување, преку политики и практики кои се во функција на стратегиите за долгорочен раст и унапредување на вработените и организацијата во целина.

Резултатите од анализата укажуваат на тоа дека потенцијалните и постојните претприемачи не посветуваат доволно внимание ниту важност на менаџментот и менаџмент-практиките. Кај поголемиот дел од новоформираните фирми и малите фирми не постои раздвоеност на сопственоста и менаџерската функција, а стилот на раководење кој доминира во фирмите е авторитативен.

Финансирањето на микро-малите и средните претпријатија претставува многу значајно прашање, со оглед на улогата што ја имаат во развојот на вкупното стопанство.

Со завршувањето на проектот, воспоставена е методологија за развој и проверка на иновативни бизнис-идеи на потенцијални претприемачи – иницијатори на нови старт-ап бизниси; добиени се применети сознанија од доменот на финансиски менаџмент, менаџмент на човечки ресурси, сметководство, бизнис-планирање, маркетинг, електронска трговија и други области за развој на претприемачкиот бизнис; создаден е интерактивен механизам за изучување на претприемаштвото преку поврзување на теоретските знаења и практичните искуства и, секако, проектот претставува придонес во развојот на теоретската мисла за претприемаштвото врз основа на истражување и примена на современи концепти и нивна имплементација.

Трудот **Претприемачка лабораторија** обработува современа и актуелна проблематика со која се зафатиле главните истражувачи и останатите членови на тимот, составен од голем број научни работници, кои го спровеле истражувањето и анализата на резултатите на мошне солидно ниво и дошле до реални заклучоци. Слично како во развиените земји каде што на универзитетите и високообразовните институции се создаваат претприемачки лаборатории (центри, концентратори, хабови и сл.) кои им овозможуваат на постојните и идни претприемачи да добијат научна поткрепа за развој на нивните иновативни идеи, преку примена на концепциските и методолошките сознанија и актуелности од областа на претприемаштвото, се отвора можност на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје да се направи истото.

Овој труд, со оглед на современиот применет научен приод и релевантноста на сознанијата до кои доаѓа, може да користи како учебно помагало на постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје, по повеќе предмети на насоките: претприемаштво, финансиски менаџмент, меѓународен менаџмент, меѓународна економија и Агробизнис.

Со оглед на сето претходно изнесено, му препорачувам на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја прифати оваа позитивна рецензија и да го објави трудот.

Рецензент

Проф. д-р Нада Секуловска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

На ракописот „Претприемачка лабараторија“
Главни истражувачи: проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска и доц. д-р Зоран Јаневски

Трудот со наслов „**Претприемачка лабораторија**“, произлезен од проектот „Формирање на Претприемачка лабораторија на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје“, финансиран од средства за интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска и доц. д-р Зоран Јаневски, како главни истражувачи.

Трудот претставува резултат на научноистражувачкиот напор на главните истражувачи во насока на изработка на концепт и методологија за формирање на Претприемачка лабораторија во рамките на Економскиот институт во Скопје.

Според дефинираниот концепт, оваа Лабораторија треба да претставува централна точка за соработка помеѓу науката, образованието и реалниот сектор, а во насока на унапредување на претприемачките способности и на состојбите во државата, како на апликативно, така и на научно и образовно ниво.

Трудот, покрај вовед и заклучок, е составен од четири тематски целини: „Претпреимаштво“, „Маркетинг„, „Менаџмент„ и „Финансии“. Секоја од овие целини обработува аспекти на претприемаштвото во насока на создавање и развој на претприемачка култура со примена на соодветни методи, инструменти и алатки.

Трудот тргнува од анализа на постојната состојба во државата во повеќе сегменти кои се поврзани со претприемаштвото, и ја елаборира потребата за формирање на Претрпеимничка лабораторија чиј фокус на дејствување ќе биде изведување на тестови, експерименти и истражувања од областа на претприемнаштвото, развој на претприемачки вештини, управување со старт-ап бизниси и развој на претприемачки компании. Во неа, старт-ап бизнисите ќе имаат можност да ги верификуваат своите идеи врз основа на научни методологии, методи, инструменти и алатки.

Освен тоа, оваа Лабораторија ќе даде можност Институтот за студентите на постдипломските студии од сите насоки да ги поврзе своите теоретски сознанија со практичните искуства произлезени од секторот претприемаштво, како и нивно учество во научни истражувања, семинари, работилници и други форми на директен контакт и соработка со претприемачи од државата.

При изработката на трудот, главните истражувачи применуваат современ методолошки приод, приспособени на природата и актуелноста на истражуваната проблематика. Она што го прави овој труд особено значаен е неговата научна и апликативна димензија. Понудени се конкретни решенија за унапредување на претприемнаштвото во државата со примена на научна методологија со што апликативните решенија добиваат научна поткрепа и се зголемуваат нивните можности за постигнување успех на пазарот.

Концептот за Претприемачка лабораторија, во рамките на Економскиот институт, подразбира обезбедување експертиза од внатрешни и надворешни ресурси кои треба да одговорат на барањата на постојните и на идните

претприемачи од аспект на нивните потреби за: пазарни и маркетинг-информации; стекнување претприемачки вештини и сознанија; примена на методите на управување и раководење; запознавање со можностите, начините и изворите на финансирање на бизнисите кои се во почетна фаза од нивното формирање. Според овој концепт, во Претприемачката лабораторија ќе се нудат услуги од областите: претприемаштво, маркетинг и маркетинг-истражувања, менаџмент и финансии.

Врз основа на спроведените истражувања, како од теоретски, така и од апликативен аспект, за делот кој се однесува на претприемаштвото можат да се наведат повеќе заклучоци. Тие се претставени од аспект на трите столба врз основа на кои ќе се формира Претприемачката лабораторија (наука, образование, стопанство).

Малите претпријатија потешко ја прифаќаат потребата за креирање маркетинг-стратегија врз основа на маркетинг-истражување, најмногу поради недостиг на определени ресурси, особено знаењето и вештините кои се однесуваат на деловното и маркетиншко работење.

Микро малите и средните претпријатија честопати се носители на нови идеи и креативност, кои се многу значајни карактеристики за опстојувањето во новите пазарни услови на стопанисување, или пак за остварување големи профити со својот оригинален производ или креативност.

Евидентно е дека состојбите од гледна точка на финансиите во деловниот сектор се неповолни и постои голем простор за развој на концепт на Претприемачка лабораторија со која ќе им се овозможи на постојните и на потенцијалните претприемачи, со користење и примена на научни методи, методологии и алатки од областа на финансиите, поизвесен пристап во иницирањето, реализацијата и спроведувањето на нивните идеи.

***

Врз основа на претходно изнесеното, трудот „Претприемачка лабораторија“ претставува значаен и оригинален труд во државата кој ја обработува оваа проблематика, во кој се сублимирани теоретски и апликативни сознанија за можностите и насоките за поврзување на трите столба (наука, образование, стопанство) за развој и унапредување на претприемаштвото. Тој дава основа за формирање на Претприемничка лабораторија во рамките на Универзитетот, по примерот на повеќето реномирани универзитети во светот, кои ја согледуваат потребата од ваквиот пристап на развојот на претприематшвото.

Сето претходно оди во прилог на препораката за објавување на овој труд и негово користење од страна на сите субјекти во државата кои се засегнати од состојбите со претприемаштвото. Покрај тоа, овој труд може да се користи како дополнителна литература на повеќе наставни програми на универзитетите во државата кои ја третираат оваа проблематика, а може да послужи и како солидна база за натамошни научни и апликативни истражувања во сферата на претприемаштвото.

Рецензент,

Проф. д-р Сашо Јосимовски с. Р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СВОЈСТВА НА КАРПЕСТИ МАСИ ПРИ НАПОНСКО-ДЕФОРМАЦИОНА АНАЛИЗА КАЈ ТУНЕЛИ” ОД М-Р ЗЛАТКО ЗАФИРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, донесена на неговата 410. седница одржана на 17.4.2014 година, беше именувана Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: *Пробабилистички пристап за дефинирање на својства на карпести маси при напонско-деформациона анализа кај тунели,* изработена од кандидатот м-р Златко Зафировски. Комисијата беше именувана во состав: проф. д-р Милорад Јовановски, дипл. геол. инж., проф. д-р Зоран Кракутовски, дипл. град. инж., проф. д-р Дарко Мославац, дипл. град. инж., проф. д-р Даворин Колиќ, дипл. град. инж. и доц. д-р Зоран Бониќ, дипл. град.инж.

Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го доставува следниов

*И З В Е Ш Т А Ј*

Докторската дисертација е заведена во архивата на Градежниот факултет со бр. 0801/253-356-1, од 14.4.2014 година. Проблематиката проучувана со дисертацијата е изложена на вкупно 189 страници. Дисертацијата содржи кратко резиме на англиски и на македонски јазик. Во списокот на литература се наведени 88 библиографски единици. Во дисертацијата се презентирани 16 табели и 146 слики и дијаграми.

### 1. Предмет на истражувањето

Предметот на истражување во докторската дисертација на кандидатот м-р Златко Зафировски е поврзан со секогаш актуелната проблематика на дефинирање на својствата и состојбите на карпестите маси и методологиите со кои се дефинираат постапки за доверливо дефинирање на влезните параметри кои се неопходни за софистицирани напонско - деформациони анализи. Ова е од посебно значење за објектите кои се изведуваат во подземјето, каде што вообичаено треба да се оперира со голем број параметри, а условите за градба се најнепредвидливи.

Во дисертацијата, кандидатот поаѓа од неколку основни постапки каде што се нагласува дека предвидувањето на механичкото однесување на карпестите маси е исклучително комплексна задача.

Многу е значајно да се потенцира дека за еден издржан концепт на анализа е потребен сеопфатен пристап, користејќи соодветен научен концепт, бидејќи при донесување на решение за ископ на тунелите и дефинирање на вид на подградба на тунелот треба да се дефинира кои од својствата на карпестата маса се најзначајни за напонско-деформационите анализи, кои методи за испитување би требало да се применат и на кој начин треба да биде карактеризирана карпестата средина, со цел да се приспособат анализите кон карактеристиките на карпестиот масив и подземните објекти.

Кандидатот поаѓа од ставот дека карпестата маса како реална средина е дисконтинуална, хетерогена, анизотропна и во природна состојба на напрегање, при што нагласува дека во светската практика, за напонско - деформациони анализи се користат концептите на **DIANE** (**D**iscontinual, **I**nhomogenous, **A**nizotropic **N**on-**E**lastic, Harrison и Hudson, 2000) и **CHILE** (**C**ontinual, **H**omogenous, **I**zotropic **L**inear-**E**lastic).

Во предметот на истражување, секако, е нагласено дека за соодветни напонско - деформациони анализи е потребно да се познаваат огромен број влијателни параметри на карпестата маса, кои се реално многу тешки за определување.

Поврзано со предметот на истражување, кандидатот искористил податоци од голем статички и динамички методи на испитување на теренот, истражни дупчења, мерења и слично.

Посебно значајно за предметот на истражување е што се тежнее да се надмине **детерминистичкиот** пристап за анализа, бидејќи не секогаш дава доволно податоци за реално дефинирање на влезните параметри за анализа, па затоа во рамките на дисертацијата се промовира **пробабилистичкиот пристап за анализа.**

Ова произлегува од фактот што динамиката и барањата на современите технологии за градба на подземните објекти ги доведуваат учесниците во изградбата - проектантите, консултантите, изведувачите и инвеститорите, да донесуваат одлуки кои се условени од веројатноста на даден процес и од поголем број варијабли. Ова значи дека определувањето на најбитните параметри за анализа само со една единствена бројка не ги вклучува во себе ризиците кои не се согледани заради варијација на влезните параметри.

Така, во дисертацијата се разработуваат прогностички и пробабилистички модели за дефинирање на својствата на карпестите маси, како алатки кои треба да помогнат во донесување на одлуки кои соодветствуваат на актуелниот момент на развој на геотехниката и тунелоградбата.

Предметот на истражување во дисертацијата е многу поврзан и со практичните аспекти, бидејќи научните заклучоци произлегуваат од анализа на голем број податоци од теренски и лабораториски анализи и здобиените искуства при проектирање на голем број тунели на кои работел авторот.

## 2. Содржина на дисертацијата

Обработуваната проблематика во дисертацијата е изложена во 8 поглавја. Во првото воведно поглавје, прикажан е осврт кон основните термини поврзани со проблемите при тунелоградбата и основните начини за дефинирање на својствата на карпести маси. Истакнато е дека, при градба на тунелите, најзначаен е изборот на стратегијата за избор на влезни параметри, што посебно се истакнува кога подземни градби се градат во карпести маси со низок квалитет. Авторот овде напоменува дека стратегијата за изведба би требало да биде доволно флексибилна за да овозможи зајакнување на тунелот со не многу крута врска во близината на постојните дисконтинуитети во теренот.

Во второто поглавје, ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА, се прикажани различни методологии за истражување на дисконтинуалноста на карпестите маси, истражување на јакоста на монолитните делови на карпите, дефинирање на методологијата за ископ кај подземните работи, класификациите на Bieniawski 1974 и 1979 (RMR system) и Barton, Lien и Lunde 1974 (Q system). Од пробабилистичките техники треба да се споменат трудови на Hoek (2002), постапката развивана од Whitman (1984), Pine (1992), Tyler et al (1991), Hatzor и Goodman (1993) и Carter (1992) и др. Кај нас, оваа техника најмногу е применувана за цврсти карпести маси од Јовановски М. (2006). Во ова поглавје, авторот потенцира дека од посебно значење се методологиите каде што се разработуваат принципите за зонирање и екстраполација на параметрите при дефинирање на квазихомогените зони од теренот. Посебно се нагласени тешкотиите при екстраполација кај подземните објекти, каде што е неопходна комбинација на геофизички со геотехнички истражни методи и постапки за подрачја чии димензии се во рангот на големината на истражуваниот објект. Исто така, даден е и осврт на математички методи за проценка на напонско-деформабилните односи кај карпестите маси и во тунелоградбата, како и на методите за мултикритерна анализа како еден вид на алатки за донесување на одлука.

Во третото поглавје, АКТУЕЛНОСТ НА ПРОБЛЕМОТ, ЗАДАЧИ И ЦЕЛИ НА ТЕЗАТА, авторот истакнува дека на самите почетоци на проектирањето на подземните конструкции, околниот карпест материјал бил третиран единствено како надворешен товар, а ефектите од реакциите на еластичната подлога биле занемарувани. Монолитните подградби изработени од камен и бетон биле проектирани како лаци по теоријата на еластичност, оптоварени со активен притисок на карпата, занемарувајќи каков било пасивен отпор на деформациите на околната карпеста маса. Притисоците на карпестата маса биле пресметувани од условите за еластична рамнотежа и претпоставката дека тие дејствуваат на бескрајно круто тело.

Согласно со потребата за посовремен и поадекватен третман на овој проблем, произлегуваат главните задачи и цели на тезата, и тоа: утврдување на заемните зависности меѓу статички, динамички и емпириски добиени вредности на механички параметри на карпестата маса, утврдување на заемни влијанија меѓу параметри на карпестите маси и споредба на резултати добиени со различни методи на испитување, намалување на субјективизмот при донесување на

решенија за тип на подградба, влијанието на варирање на параметрите врз крајните резултати и др.

Авторот потенцира дека во рамките на дисертацијата се промовира начин на екстраполација на параметри од монолит на масив преку интегриран пристап за комбинација на емпириски, статички и динамички методи со т.н. **емпириско-статичко-динамичка (ЕСД) методологија**.

Многу е значајно што детално се анализираат и можностите за примена на невронските модели за вакви намени, се утврдуваат нивоа на веројатност кои се доверливи за анализа на подземни работи, се потенцира значењето на анализи на чувствителност при можни варијации на влезните параметри и др. Во ова поглавје се потенцира и целта да се формираат прогнозни модели за дефинирање на категориите на карпести маси и нивно напонско-деформационо однесување со помош на веројатносни методи.

Со четвртото поглавје, МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАБОТА ВО ДИСЕРТАЦИЈАТА, прикажани се применетите научни методи на анализа, синтеза и индуктивно - дедуктивни научни постапки кои се применети во трудот. Опфатени се, главно, постапки за анализа во цврсти карпести маси, поврзани со услови за лом кај подземни ископи, со посебен осврт на **пробабилистичкиот** концепт. Соодветно внимание е посветено на **статистичката анализа** на влезни геотехнички параметри. Оваа фаза е поврзана со **експериментални лабораториски испитувања** на најзначајните својства на карпестите материјали, за објекти од Р. Македонија. Разработени се и емпириските методи кои се споредени со поголем број на **теренски мерења**. Користени се и резултати од директни дилатометарски мерења, кои на некој начин се сметаат и за моделски мерења во терен, со кои се симулира напонско - деформационата состојба на кружен подземен отвор.

Прикажана е постапката за разработка на **емпириско – статичко - динамичка (ЕСД)** методологија за екстраполација на параметрите, потоа можностите за примена на **регресионите анализи,** примената на прогностички модели со примена на **невронски мрежи** и др. Резултатите од сопствените истражувања се тестирани со примена на **аналитичко - нумерички методи,** за што се користени поголем број софтверски решенија засновани на поставките на гранична рамнотежа и методот на конечни елементи.

Петтото поглавје, ПРЕДЛОЖЕНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА АНАЛИЗА, кандидатот го посветува на детално образложување на концептот за анализа на проблеми од тунелоградбата. Потенцирано е дека најголем дел од примерите се поврзани со објекти на кои е работено во практиката.

Врз основа на огромниот број анализи, авторот извлекува заклучок дека само интегралното вреднување на повеќе методи може да даде добар резултат во секое научно истражување. Со тоа се нагласува дека концептот за поврзаност на фазите на истражување и проектирање е фундаментален во тунелоградбата.

За оваа намена, кандидатот предлага еден **оригинален** алгоритам и интегрирана методологија која се чини дека е **оптимален** концепт за примена на пробабилистичките и прогностичките модели. Процесот ги подразбира следниве чекори: дефинирање на програма за истражување, дефинирање на теренот по

геолошка сложеност, екстраполација со примена на ЕСД - методологија, примена на прогностички модели од различен карактер и, на крај, извршување на напонско - деформациони анализи. Постапката предвидува корелирање меѓу параметри од различен карактер, анализирање на нивната доверливост, можни отстапувања и нелогичности кои би требале да бидат поточно дефинирани во наредните фази на истражување со соодветни методи и сл.

Во шестото поглавје, РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊА НА ФИЗИЧКО - МЕХАНИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ НА КАРПЕСТИ МАСИ, е прикажан преглед на резултати од голем број на испитувања, реализирани во лабораторијата за геотехника при Градежниот факултет во Скопје, при што во голем дел од испитувањата, авторот самостојно учествувал. Анализирани се 200 поединечни мерења, прикажани се хистограми за класите на карпести маси по RMR-системот на Bieniawski, варијациите на вредностите за параметрот индекс на јакост, статистички анализи кои се однесуваат на степенот на испуканост, зависност помеѓу јакоста на притисок и индексот на јакост и други.

За примена на емпириско-статичко-динамичка (ЕСД) методологија, авторот воспоставил поголем број корелации за истражуваните објекти. Прикажани се корелациони зависности помеѓу добиените вредности за квалитетот на карпестата маса (на пример RMR), со брзините на надолжните еластични бранови $V_p$ и други.

Со помош на невронските мрежи е изработен прогнозниот модел за одредување на RMR кај карпестите маси, моделиран со примена на софтверскиот пакет **NeuralTools.**

Механичкото однесување на почвените и карпестите материјали е моделирано со различни степени на точности со еден од познатите софтверски пакети за вакви намени, програмскиот пакет **Phase²,** кој поддржува различни модели за симулација и кој работи со помош на методот на конечни елементи, а се користи за напонско – деформациона анализа кај подземни и површински ископувања во карпа или земјиште.

Надоврзувајќи се на претходните анализи, во седмото поглавје, ПРИКАЗ НА ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ПРИ АНАЛИЗА НА ТУНЕЛИ, се презентираат предностите на пробабилистичката анализа за дефинирање на некоја големина која е од интерес за проектирањето при тунелоградба. Прикажани се геометриски услови со вредности на фактори на сигурност и тежини на блокови со примена на програмот **UNWEDGE**. Пристапот е илустриран и со примена на пробабилистичка техника при анализа на предусеци кај тунели и тунелски конструкции со помош на софтверскиот пакет **ROCLAB 1.0, ROCPLANE** и **SWEDGE**. Влијанието на физичко-механичките параметри врз крајните резултати од анализите се илустрира преку примери на влијание на аголот на внатрешно триење, натслојот и други параметри.

За оваа намена, авторот изработил голем број дијаграми каде што се презентитра дијапазонот на очекувано варирање на резултатите, дијаграмите на сензитивност на решението и друго.

Предложената методологија е применета и при анализа на интеракција кај системот карпеста маса – подградба на тунелска конструкција. Разгледувана е крива на реакција на карпата која го прикажува односот помеѓу притисокот од подградбата и тунелската конвергенција (Hoek,1995), како и тунелска деформација наспроти односот на јакост на карпеста маса и локалното напрегање.

Симулациите се вршени со Monte-Carlo анализа која вклучува широк опсег на влезни парамтетри. Сите анализи за криви на реакција на подградбата и карпата се направени за објекти во Р. Македонија, користејќи го програмскиот пакет **ROCSUPPORT.** На крајот од ова поглавје се прикажани препораки за прифатливо ниво на ризик при изведба на тунели според предложената методологија.

Согледувајќи ги концизно сите теоретски и практични анализи, во последното осмо поглавје ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА НАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА, се систематизирани најзначајните сознанија од истражувањата, а посебно е значајно што се прикажани и насоки за идни анализи поврзани со овој значаен проблем.

Деветтото поглавје е резервирано за користената литература, од која може да се согледа дека кандидатот многу детално го проучил полето кое го истражува.

## 3. Придонес на докторската дисертација

Врз основа на деталниот преглед на докторската дисертација, Комисијата оценува дека избраната тема за разработка е многу актуелна и предизвикувачка од научен и практичен аспект.

Придонесот на дисертацијата посебно може да се согледа од анализите кои се прикажани во петтото, шестото, седмото и осмото поглавје.

За истакнување е што редоследот и начинот на излагање е добро осмислен концептуално и методолошки, при што може да се потенцира дека се прави значаен исчекор кон воспоставување на научна методологија за собирање, анализа и ажурирање на податоците за подземните објекти кај нас, кои, пак, можат да се сметаат и за пример на обработка и пошироко.

Согласно со преземените анализи во тезата, авторот доаѓа до заклучок дека со примена на предложената методологија за работа се овозможува покомплексно согледување на истражуваната проблематика.

Имајќи ги предвид сите анализи во рамките на докторската дисертација, како научен и практичен придонес на трудот може да се истакнат следниве аспекти:

- разработена е сопствена методологија за анализа со која што се овозможува интегрирано толкување и причинско-последична поврзаност на фазите на истражување и проектирање кај подземните објекти;
- формирани се поголем број оригинални корелациони зависности помеѓу параметрите на карпестите маси кои се користат за напонско-деформациони анализи (некои од нив за прв пат);
- утврдени се заемни влијанија меѓу параметри на карпестите маси и споредба на резултати добиени со различни методи на испитување;
- промовиран е пристап за проценка на варијациите на влезните параметри врз крајните резултати со пробабилистичка техника;
- предложена е постапка за комбинација на емпириски, статички и динамички методи кои се користат при прогноза на параметрите на

карпестата маса со т.н. ЕСД – методологија, која понатаму се користи за екстраполација на параметрите;
- разработени се прогностички модели за дефинирање на категориите на карпести маси и нивно напонско-деформационо однесување со помош на веројатносни методи и невронски мрежи;
- препорачани се нивоа на веројатност кои се доверливи за конкретни видови подземни работи, врз основа на детални анализи на осетливост.

Посебно е значајно што авторот своите научни сознанија ги разработил користејќи многубројни геотехнички и геофизички податоци кои се добиени при испитувања во теренски или лабораториски услови за значаен број на подземни објекти кај нас.

Со тоа може да се потенцира дека предложената методологија е применлива во практиката не само за тунелите, туку со одредени модификации и кај други инженерски објекти. Со тоа е постигната и целта да се создаде поле за натамошни научни и практични анализи.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација разработува исклучително значајна и нецелосно истражена проблематика, анализа на влијанието на физичко-механичките параметри на карпестите маси врз резултатите што се добиваат со напонско-деформациони анализи кај тунелите и другите подземни градби. Оваа проблематика е исклучително интересна во светски рамки, поради потребата од обезбедување на простор за градба во подземјето, при ограничени можности за градба на големи инфраструктурни објекти на површина на теренот. Кандидатот м-р Златко Зафировски, во првиот дел на дисертацијата, ги проучил и ги систематизирал сите податоци кои се добра основа за спроведување на анализите во вториот дел на докторската дисертација.

Имајќи го предвид фактот дека кандидатот своите анализи и досега ги има претставено преку голем број публикувани трудови пред домашната и светската научна јавност, може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов: ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СВОЈСТВА НА КАРПЕСТИ МАСИ ПРИ НАПОНСКО-ДЕФОРМАЦИОНА АНАЛИЗА КАЈ ТУНЕЛИ е успешно изработена и има голем научен и практичен придонес.

Посебно вреди да се истакне дека доколку се продолжи со истражувања кои се предложени во трудот, може да се добијат и натамошни сознанија за вредноста на предложената методологија во практиката и понатаму да се развива научна методологија на ова мошне интересно научно поле.

Ова е поврзано со фактот што во денешно време е далеку потешко да се дефинираат реални влезни параметри за анализа, отколку да се вршат најсофистицирани пресметки со помош на аналитичко-нумерички постапки.

Врз основа на горенаведеното, можеме да констатираме дека со докторската дисертација, изработена од кандидатот м-р Златко Зафировски, во целост се исполнети предвидените цели и задачи  и дека се презентирани резултати кои имаат научен и практичен придонес во полето дефинирање на интегрирана научна методологија на истражување, проектирање, изведба и набљудување на подземните објекти, користејќи софистицирани веројатносни техники за дефинирање на потребните својства и состојби на карпестите маси.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да ја усвои позитивната оцена на Рецензентската комисија на поднесената докторска дисертација со наслов ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СВОЈСТВА НА КАРПЕСТИ МАСИ ПРИ НАПОНСКО-ДЕФОРМАЦИОНА АНАЛИЗА КАЈ ТУНЕЛИ, изработена од кандидатот м-р Златко Зафировски, и да ја спроведе натамошната постапка за нејзина одбрана.

Рецензенти

Проф. д-р Милорад Јовановски,
Градежен факултет – УКИМ, с.р.

Проф. д-р Дарко Мославац,
Градежен факултет – УКИМ, с.р

Проф. д-р Зоран Кракутовски,
Градежен факултет – УКИМ, с.р.

Проф. д-р Даворин Колиќ,
Универзитети во Торино и Стразбур, с.р

Доц. д-р Зоран Бониќ,
Градежно-архитектонски факултет-Ниш, с.р.

Review on the doctoralthesis

# PROBABILISTIC APPROACH FORDEFININGCHARACTERISTICSOFTHEROCK MASS OVER STRESS-STRAIN ANALYSIS OF TUNNELS

preparedbythe candidateMr.ZafirovskiZlatko

University"Ss. CyrilandMethodius"

Faculty of CivilEngineering inSkopje, Republic ofMacedonia

## Scope and Contents

The subject ofthe doctoralthesis of the candidateMr.ZlatkoZafirovskiis related to the very often problemof definingthe propertiesandconditionsof the rockmass. The usable methodologiesshould have reliable proceduresfordefiningthe input parametersof rock masses that are necessaryforsophisticatedstress-strain analysis.Thisisespeciallyimportant forthe design and construction of underground structures, where numerical analyses have to be performed using a largenumber of parameters and construction conditions are sometimes not predictable.

The thesis describes that nowadays usable methods that can be appliedfor defining rock masses should use probabilistic techniques andmethods of artificialneuralnetworks. These techniques are important as they can handle a bigger number of parameters that are met when working on underground structures.

Further it is shown that the final solution for defining rock mass parameters is available through the use of the series of different analysisprocedures, that diverse from simple, very approximate numerical evaluations,up tocomplexnumerical methodsforthe calculationofthe stress-strain conditions for underground structures and tunnels.

## Scientific Contribution

In the thesis,for the developed work methodology,numerous previous studiesandexperiencesofotherauthorsin the field oftunneling,geotechnics, statistics as well as other pertinent areas of interest regarding numerical analysis have been usedAlso, during the development of the methodology a numberof laboratoryand fieldtestshave been used and severallicensedsoftwareprogram packages have been applied during analysis.

This paper isan independent, original andhighlyscientificworkofa multidisciplinarynature: thesis ismadeon the basisofextensiveresearchmaterial,conductingcomplexresearchfieldandhasespecially significantcontributionin theanalysis issue.

The content, methodologyand mannerof preparationof the thesisare presented using an overview of research resultsfrom different areas that are interdisciplinary included in the thesis.I want to emphasize the detailedknowledge ofthe research subject, studiousandthorough approachandgovernanceof issuesthat are presented.

Doctoral candidate has mastered themethodology ofscientific research, both theoretical and the conceptualizationpreparation of the work including methodologicalframework of the thesisand formulationofthe resultsof the survey. He has presented a meaningfulinteractive approachusing veryexactlanguageandstyleof expression, in-depth analysisof eachtermin ordertoobtaininformation about investigated areas. The candidateshowsthe abilityto unify thetheoretical, researchandpractical approach to come to results and makeconceptuallyandempiricallysoundfinal work.

**Conclusions**

Basedon the before mentioned, I may concludethatthethesis of the candidateMr.ZlatkoZafirovskifullymetintended goalsand objectives. The thesis presentsresults thathavescientificandpracticalcontributionin thedefinitionof an integratedmethodologyfor the use in the scientificresearch, design, constructionandmonitoring ofundergroundstructures using state-of-the–art probabilistic techniquesto definerequired propertiesandparameters of the rockmass.

Therefore, Isuggestthat the Scientific Board of the Faculty for CivilEngineering inSkopje,accept the thesis and give a positiveassessmentofthe submitteddoctoralthesis with the title:

**PROBABILISTIC APPROACH FORDEFININGCHARACTERISTICSOFTHEROCK MASS OVER STRESS-STRAIN ANALYSIS OF TUNNELS**,

andfurther enable the procedure of the public presentation and defenseof the doctoralthesis.

Yours sincerely

Dipl.-Ing.Dr.sc. Davorin KOLIĆ, MSc

Рецензија на докторската теза

# ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СВОЈСТВА НА КАРПЕСТИ МАСИ ПРИ НАПОНСКО-ДЕФОРМАЦИОНА АНАЛИЗА КАЈ ТУНЕЛИ

кандидат: м-р Зафировски Златко

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Градежен факултет-Скопје, Република Македонија

## Цел и содржина

Темата на докторската теза на кандидатот м-р Златко Зафировски се однесува на често присутната проблематика на дефинирање на карактеристиките и состојбите на карпестите маси. Применливата методологија би требало да се состои од веродостојни постапки за дефинирање на влезните параметри на карпестите маси неопходни за успешна напонско- деформациона анализа. Тоа е посебно важно при проектирање и изведба на подземни конструкции, каде што е потребно да се спроведе нумеричка анализа со голем број параметри и каде што условите за градба понекогаш не можат да се предвидат.

Во тезата се покажува дека денешните методи за дефинирање на карпести маси треба да користат пробабилистички техники и методи на вештачки невронски мрежи. Овие техники се важни затоа што се во состојба да манипулираат со поголем број параметри кои се среќаваат при работа со подземни конструкции.

Понатаму, покажано е и дека конечното решение при дефинирање на параметрите на карпестата маса е овозможено со користење на низа различни постапки на анализа, од едноставни и приближни нумерички проценки до сложени нумерички методи за пресметка на напонско-деформационите услови кај подземните конструкции и кај тунелите.

## Научен придонес

При развој на методологијата употребена во тезата користени се голем број студии и искуства на автори од областа на изградба на тунели, геотехника, статистика, како и од други релевантни области на интерес поврзани со нумеричката анализа. Освен тоа, за развој на методологијата спроведени се и бројни лабораториски и теренски испитувања, а во анализата се користени и неколку лиценцирани софтверски пакети.

Овој труд е независен, оригинален, високонаучен и мултидисциплинарен: тезата е заснована врз обемен истражувачки материјал и комплексни истражувања и дава значаен придонес за анализата.

Содржината, методологијата и начинот на подготовка на тезата се претставени со преглед на резултатите од истражувањата во различни области, интердисциплинарно вклучени во тезата. Нагласено е деталното познавање на истражуваната тема, студиозен и детален пристап и владеење со присутните проблеми.

Кандидатот извонредно ја совладал методологијата на научно истражување, како и теоретската и концептуалната подготовка на трудот, вклучувајќи ги и методолошката рамка на тезата и формулацијата на резултатите од истражувањето. Покажал релевантен интерактивен пристап со користење на мошне прецизен јазик и стил на изразување и детална анализа на секој поим, со цел да се добијат информации за темите што ги истражува. Кандидатот покажува способност за обединување на теоретскиот, истражувачкиот и практичниот пристап за доаѓање до резултатот, а неговиот финален труд е квалитетен од концептуална и емпириска гледна точка.

**Заклучок**

Врз основа на наведеното, можам да заклучам дека тезата на м-р Златко Зафировски во целост ја исполнува зацртаната цел. Во тезата се наведени резултати кои даваат научен и практичен придонес за дефинирање на интегрирана методологија за примена во научно истражување, проектирање, изведба и надзор на подземни конструкции со помош на најсовремени пробабилистички техники за дефинирање на бараните карактеристики и параметри на карпеста маса.

Затоа, на Наставно - научниот совет на Градежниот факултет во Скопје му предлагам да даде позитивна оцена за предадената докторска теза со наслов:

**ПРОБАБИЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СВОЈСТВА НА КАРПЕСТИ МАСИ ПРИ НАПОНСКО-ДЕФОРМАЦИОНА АНАЛИЗА КАЈ ТУНЕЛИ,**

и да ја овозможи постапката на јавна презентација и одбрана на докторската теза.

Со почит,

Д-р Даворин КОЛИЌ, дипл. град. инж.с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ ПОД НАСЛОВ „ЗАЗЕМЈУВАЧИ И ЗАЗЕМЈУВАЧКИ СИСТЕМИ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИТЕ МРЕЖИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р РИСТО АЧКОВСКИ И ВОНР. ПРОФ. Д-Р МИРКО ТОДОРОВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 29.4.2014 година, донесе Одлука број 02-955/47 за избор на двајца рецензенти за рецензирање на учебник под наслов „Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи“ од авторите проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски. За рецензенти се избрани: проф. д-р Драгослав Рајичиќ и проф. д-р Николче Ацевски. Во согласност со член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и измените на овој член објавени во Универзитетски гласник бр. 264 од 1 ноември 2013, избраните рецензенти го прегледале учебникот и напишале рецензии кои имаат заеднички дел и посебни делови на секој од рецензентите.

По проучувањето на доставениот ракопис за учебник, рецензентите го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Заеднички дел на рецензијата

- Назив на учебникот: *Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи*.
- Назив на предметната програма за која се однесува учебникот: *заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи*.
- Назив на студиската програма на која ѝ припаѓа предметот: *електроенергетски системи*.
- Фонд на часови настава и ЕКТС-кредити: *фонд на часови: 3+2+0+0, ЕКТС-кредити: 6*.
- Автори на учебникот: *проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски*.
- Време и акт на изборот на рецензентите: *Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии број 02-955/47, донесена на седницата одржана на 29.4.2014*.
- Издание: *прво*.
- Општи податоци за учебникот: *Учебникот има вкупно 337 страници. Содржи 11 поглавја, со 177 слики и 57 табели. Примената на изложените математички модели и постапките за нивната соодветна примена е илустрирана на 57 решени примери од практиката, а за самостојна работа на студентите се дадени и 21 практична задача. Комплексноста на проблемите наметнала користење на соодветни компјутерски програми. Тие им се на располагање на студентите, заедно со упатствата за нивното правилно користење.*

## 2. Посебен дел на рецензијата од проф. д-р Драгослав Рајичиќ

### 2.1. Краток опис на содржината

Учебникот под наслов „Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи“ се состои од 10 поглавја, прилози и список на литература.

Во првото поглавје се дадени појаснувања за: предметот и областа на изучувањето, основните поими, видовите заземјувачи и нивните задачи, карактеристичните големини на заземјувачите и критериумите за опасност.

Предметот на второто поглавје се карактеристиките на тлото и нивното влијание врз одликите на заземјувачите. Објаснето е како врз специфичната отпорност на земјата влијаат нејзината влажност, соленост, геолошкиот состав и набиеност. Даден е приказ на техниката на мерење на специфичната отпорност на земјата. Наведено е кои материјали се користат за изработка на одделни видови заземјувачи.

На моделирањето на заземјувачите е посветено третото поглавје. Објаснети се претпоставките кои се користат при формирањето на математичките модели на сложени заземјувачи и детално е опишано формирањето на системот равенки познат под името Максвелови равенки. Покажано е како се определуваат сопствени и меѓусебни отпорности на елементите на сложен заземјувач, со произволна меѓусебна положба на елементите. Во таа смисла, особено внимание е посветено на решавањето на Нојмановиот интеграл, како аналитички така и нумерички.

Решавање на проблемите на спрегнати сложени заземјувачи („активни“ и „пасивни“) и „извоз“ на потенцијал е предмет на четвртото поглавје.

Проблематиката на заземјување на столбовите на надземните водови е обработена во петтото поглавје. Даден е осврт врз прописите и постојната практика. Образложени се условите за избор на заземјувачкиот систем на надземен вод, како од аспект на заштита при спој на некој од фазните спроводници со земја (односно со заземјени спроводници), така и од аспект на заштита од струите на атмосферски ударни празнења. Изложени се основните технички услови за изведување на заземјувањето и критериуми за димензионирање на заземјувачи на надземните водови. Даден е детален приказ на практичната изведба и одликите на заземјувањето на столбовите од нисконапонските, среднонапонските и високонапонските водови. Заслужува да се истакне и одделно потпоглавје кое е посветено на определување на импулсните карактеристики на заземјувачите. Тие карактеристики се битни за оцена на заземјувачите како елементи на заштитниот систем од струите на атмосферски ударни празнења.

Проблематиката на заземјувања на трансформаторските станици од сите напонски нивоа е изложена во шестото поглавје. Посебно внимание им е посветено на проблемите во врска со практичното изведување на заштитни и работни заземјувачи. Дадени се познатите емпириски формули за пресметка на отпорност на распростирање на сложени заземјувачи и за пресметка на напони на максимални потенцијални разлики на допир и чекор – во хомогена и двослојна средина. Покрај тоа, особено внимание е посветено на примената на комјутерска симулација.

Во седмото поглавје е разгледуван надземен вод како елемент на заземјувачкиот систем на електроенергетската мрежа. Прикажани се идеализираните модели на „куси“ и „долги“ водови, но и егзактниот модел, и нивната улога при определување на распределбата на струите во елементите на заземјувачкиот систем на електроенергетската мрежа. Изложена е примената на матричниот метод за определување на напоните на столбовите во случај на спој на некој од фазните спроводници со земја (односно со заземјен спроводник) и начинот на определување на еквивалентната шема на вод – како елемент на заземјувачкиот систем на електроенергетска мрежа.

Електроенергетските кабли со неизолиран и изолиран метален плашт, како елементи на заземјувачкиот систем на електроенергетска мрежа, се обработени во осмото поглавје. Изложено е како се определува еквивалентна електрична шема на кабел, како елемент на заземјувачкиот систем на електроенергетска мрежа, и како таквите шеми се користат во пресметките на напоните и струите во металните плаштови на каблите, при што се води сметка и за индуктивните спреги помеѓу одделни спроводници.

Во деветтото поглавје е прикажана општа постапка за анализа на сложени заземјувачки системи. Таа се изведува по пат на користење на еквивалентна мрежа на заземјувачкиот систем. При формирањето на таа мрежа се користат модели на концентрирани заземјувачи, модели на надземни и кабелски електроенергетски водови, модели на струи на земјоспој. На тој начин, наместо да се анализира мрежа со распределени параметри, анализата се изведува на мрежа со концентрирани параметри. Таквиот пристап овозможува проблемот на сложен заземјувачки систем ефикасно да се решава со примена на познатите матрични методи за анализа на мрежи со концентрирани параметри.

Десеттото поглавје содржи повеќе решени примери. Во нив е покажано како, со примена на изложената методологија, се решаваат некои од практичните проблеми од областа на заземјувањето.

## 2.2. Согласност со предметната програма

Може да се констатира дека авторите настојувале содржината на учебникот наполно да соодветствува на наставната програма по истоимениот предмет. И во тоа успеале. Заслужува да се забележи дека во ученикот се обработува мошне сложена проблематика, но која е дел од практиката на современите електроенергетски мрежи. Всушност, во прашање е обемно множество комплексни проблеми и наполно е разбирливо дека сите не можеле да бидат детално обработени во ракописот. Но, благодарение на особеното познавање на теоретските и практичните аспекти на решавањето на проблемите од областа, авторите успеале во учебникот да постигнат рационален баланс помеѓу примената на општите математички модели и нивното нумеричко решавање, од една страна, и препораки за практичен избор на решенија за определен број чести случаи, од друга страна.

## 2.3. Оцена на учебникот

Заслужува да се нагласи дека овој учебник е единствен труд на македонски јазик во кој на систематски начин се обработени комплексните проблеми на

заземјувачите и заземјувачките системи во електроенергетските мрежи, како од теоретски така и од практичен аспект. И на други јазици се многу ретки книгите во кои сеопфатно се обработува оваа проблематика. На рецензентот не му е позната друга книга, исклучиво посветена на проблемите од оваа област, во која систематски се обработени најважните проблеми, без некритички упростувања и со примена на современи математички модели и пресметковни постапки. Посебно внимание во учебникот е посветено на постојните решенија во практиката, особено типските. Детално се образложени нивните одлики, проследени со соодветен критички осврт. Укажано е на присутните нерационални решенија и дадени се насоки како тие да се подобрат. Нагласена е заложбата за креирање рационални решенија, до кои се доаѓа преку сестрана анализа. Освен тоа, треба да се истакне дека во трудот се вградени 57 решени примери. Нивната улога е мошне значајна. По правило, со нив се демонстрира примената на изложените постапки за решавање на бројни проблеми од практиката на електроенергетските мрежи. Решените примери се важно средство со кое се придонесува за стекнување на неопходното техничко искуство, како за техниката на решавање на проблемите, така и за редот на големина на одделни карактеристични големини со кои се оперира во областа. Богатото искуство на авторите, како теоретско така и практично, придонело примерите да бидат одбрани имајќи ја предвид практичната важност на решаваниот проблем, но и изборот и начинот на примена на употребената постапка за решавање. Освен решените примери, дадена е и 21 задача. И за нив се дадени резултатите, за да може студентот да провери дали правилно ја избрал и коректно ја спровел постапката за решавање на зададениот проблем.

### 2.4. Категоризација: учебник.

### 2.5. Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот

Учебникот под наслов „Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи“, од авторите проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски, е исключително квалитетен труд, во кој е вградено богатото педагошко, теоретско и практично искуство на авторите. Бидејќи досега немало соодветна книга од оваа област, со издавањето на овој учебник ќе се добие не само квалитетна литература на македонски јазик за студентите кои ја изучуваат проблематиката на електроенергетските мрежи туку и корисна книга за инженерите кои се занимаваат со планирање, проектирање, изградба, одржување и експлоатација на електроенергетските мрежи и постројки. Имајќи го предвид наведеното, рецензентот предлага делото да се издаде како учебник за студентите од насоката електроенергетски системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Учебникот ќе биде корисен и за студентите од соодветни насоки на други факултети на универзитетите во Република Македонија, но и за сите кои се залагаат за рационално решавање на проблемите на заземјувачи и заземјувачките системи во сите области.

## 2.6. Предлози за потребни корекции

Во трудот е забележан извесен број пропусти од формален карактер. Тие ќе им бидат доставени на авторите, на кои нема да им биде тешко овие грешки да ги отклонат. Поради голем број на користени ознаки, на авторите ќе им се предложи да приложат листа на користени ознаки со нивните значења, а истото да го направат и за бројните користени кратенки.

Рецензент,
Проф. д-р Драгослав Рајичиќ, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА УЧЕБНИКОТ ПОД НАСЛОВ „ЗАЗЕМЈУВАЧИ И ЗАЗЕМЈУВАЧКИ СИСТЕМИ ВО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИТЕ МРЕЖИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р РИСТО АЧКОВСКИ И ВОНР. ПРОФ. Д-Р МИРКО ТОДОРОВСКИ**

**И З В Е Ш Т А Ј**

## 2. Посебен дел на рецензијата од проф. д-р Николче Ацевски

### 2.1. Краток опис на содржината

Материјалот кој е предмет на оваа рецензија опфаќа повеќе поглавја. Најпрво се дадени општите поими и дефиниции за заземјувачите, видовите заземјувачи, основните карактеристики на заземјувачите, отпорот на распростирање, напон на допир и чекор и сл., како и критериумите за безопасност од превисоки напони на допир и чекор. Дефинирано е од што зависи специфичниот отпор на тлото.

Понатаму дадено е моделирање на заземјувачите (еден или повеќе) со опфаќање на нивното заемно влијание. Разработени се типски заземјувачи на столбовите од надземните водови, типски заземјувачи на трафостаници СН/НН и заземјувачи на ВН трафостаници.

Разработени се и модели на претставување на надземните водови како елементи на заземјувачките системи и модели на електроенергетските кабли како елементи на заземјувачките системи.

На крајот е претставена и анализа на сложени заземјувачки системи.

### 2.7. Согласност со предметната програма

Очигледно е дека учебникот под наслов „Заземјувачи и заземјувачки системи во електроенергетските мрежи“ од авторите проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски е целосно усогласен со фондот на часови и називот на предметната програма за која е напишан.

### 2.8. Оцена на учебникот

Внимателно читајќи го учебникот можам да забележам дека е пишуван со јасен и разбирлив стил не само за наставно-научната јавност туку особено за оние за кои е наменет, а тоа се студентите на ФЕИТ. Јасно се дефинирани сите поими, разработени се математички модели (приближни и егзактни) и дадени се бројни примери кои овозможуваат полесно разбирање и совладување на материјалот од страна на студентите на ФЕИТ.

## 2.9. **Категоризација:** учебник.

## 2.10. Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот

Ракописот за учебник „Заземјувачи и заземјувачки системи во електро-енергетските мрежи“ од авторите проф. д-р Ристо Ачковски и вонр. проф. д-р Мирко Тодоровски претставува мошне квалитетен труд. Неговото издавање ќе придонесе да се збогати и осовремени литературата од областа на електротехниката на македонски јазик.

Имајќи го предвид наведеното, му предлагам на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да донесе одлука со која ракописот „Заземјувачи и заземјувачки системи во електро-енергетските мрежи“ од д-р Ристо Ачковски, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, и д-р Мирко Тодоровски, вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, ќе го прифати како основен универзитетски учебник и ќе преземе соодветни чекори за неговото издавање

## 2.11. Предлози за потребни корекции

Евентуалните предлози беа разговарани и усогласени со авторите и се вградени во материјалот.

Рецензент,

Проф. д-р Николче Ацевски, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОВРЕМЕНИТЕ ФИЛОЗОФИИ НА КОНЗЕРВАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р ВАЛЕНТИНА ПОЦЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 115. редовна седница одржана на 9.6.2014 година, по предлог на Советот за студиската програма по културологија, формира Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов „Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија“, изработена од кандидатката м-р Валентина Поцеска. Комисијата е во состав: проф. д-р Маја Јакимовска-Тошиќ, проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, проф. д-р Метин Изети, проф. д-р Ана Павловска-Данева и проф. д-р Антоанела Петковска.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов **Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија,** изработена од кандидатката м-р Валентина Поцеска, содржи 339 страници компјутерски изработен текст во А4-формат. Од нив, на 307 страници се изнесуваат аргументите на тезата, а на 32 страници е дадена библиографија. Текстот е систематизиран во 4 глави, со вовед и заклучок и со вкупно користени 440 библиографски единици (книги, меѓународни конвенции и извештаи, нормативни акти и други правни документи, електронски изданија, списанија, стручни проекти и извештаи, електронска база на податоци), коректно цитирани на македонски, англиски, италијански, руски, српски и хрватски јазик.

Методолошката рамка е сместена во воведот. Во првите три дела се разработуваат филозофиите на конзервација кои доминираат во современиот свет, додека, пак, четвртиот дел се однесува на состојбите во доменот на заштитата на културното наследство во Република Македонија, согледани од аспект на елаборираните филозофии на конзервација.

### 1.1. Податоци за предметот на истражување

Општата цел на истражувањето јасно е наведена во воведот. Таа се идентификува во напорот да се направи анализа на современите теории на конзервација на културното наследство со цел да се согледа нивното влијание врз македонската тековна теорија и практика, односно да се определи положбата на Македонија во глобалните шеми на конзервација кои денес се актуелни во светот. Анализата е насочена кон главните западни теории, особено оние што се развиени во текот на последните неколку декади, со акцент на начинот на кој, во современи услови, различните размислувања околу материјалното (пред сѐ недвижното) наследство варираат.

Појдовна точка на анализата е ставот дека заради тоа што начинот на конзервација на културното наследство е условен од општествени и културни фактори и е во непосредна врска со културниот контекст, таа бара воспоставување на стандарди, принципи и етички кодови на меѓународно, национално и институционално ниво. Тоа, пак, ја наметнува и потребата за анализа на процесите кои одредуваат кои начини на конзервација ќе се прифатат за валидни и соодветни и во светот и кај нас, што е и предмет на истражување на овој труд.

## 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Предметниот докторски труд е посветен на во светот едно од најактуелните прашања поврзани со културната меморија и културната политика. Станува збор за нова дисциплина која во различни национални средини добива различни имиња: од херитологија, музеологија до културна политика. Во секој случај станува збор за интердисциплинарно подрачје кое ги користи знаењата на повеќе дисциплини.

Токму затоа што е дисциплина која се развива во последниве неколку децении, а со теоретскиот пресврт во 80-тите и 90-тите добива сосема нови насоки, може да се констатира дека станува збор за ретки истражувања и на глобално ниво, а на национално ниво речиси и за првични обиди. Тоа не значи дека кандидатката во аргументацијата на своите тези не се потпира на соодветна литература. Напротив, таа мошне темелно ја исчитува, ја коментира и ја сопоставува постојната теоретска литература посветена на ова прашање и изведува соодветни заклучоци.

## 1.3. Краток опис на применетите методи

Методологијата на истражувањето опфаќа: преглед на современите доктринарни текстови и инструменти за регулација кои ја насочуваат конзервацијата на недвижното културно наследство; идентификација на општествените и културните процеси кои имаат влијание врз промената на основната парадигма на современата конзервација; анализа на современите промени и развој во етичките стандарди и практики на конзервација; критичка анализа на современите состојби во Македонија и примената на современите концепти на конзервација. Анализата на соодветната литература е надополнета со теренско истражување од квалитативен тип (полуструктурирани интервјуа со лица вклучени во дејноста на конзервацијата на културното наследство).

## 1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето

Првиот дел од трудот - **Културно наследство и конзервација: дефинирање на основните поими и развојни тенденции** – е поделен во два дела, при што првиот е посветен на дефинирањето на културното наследство, а вториот на дефинирање на конзервацијата. За потребите на тезата прифатена е следната операционална дефиниција на културното наследство: тоа е „општествен ансамбл од низа различни комплексни и меѓузависни манифестации кои ја рефлектираат културата на човековата заедница, кои претставуваат динамична современа конструкција, фокусирана на сегашноста, променлива и субјективно интерпретирана од различни засегнати корисници, настаната како последица на континуиран процес на селекција и општествени преговори, која ги одразува начините на кои современите поединци, групи и општества го користат минатото како општествен, културен, политички и економски ресурс“. Концептот на конзервација,

во тезата  дефиниран како континуиран процес кој се манифестира како напор за интеракција и хармонизирање меѓу општествените групи и нивното окружување, е користен во поширока смисла, во контекст на целото поле на заштита на културното наследство и, во потесна смисла, како вид на специфична физичка интервенција.

Вториот дел – **Современи филозофии на конзервација –** е поделен во три дела, со дополнителни потподелби во рамките на секој дел. Насловите на деловите и подделовите нагледно ја откриваат стратегијата на Поцеска во елаборирањето на современите филозофии на конзервација:

1. Класични теории на конзервација од XX век (развој на современата западна филозофија на конзервација, естетска конзервација, нова научна конзервација);
2. Меѓународниот и европскиот контекст на конзервација (етика, професионализација и стандардизација на дејноста, глобализација и конзервација на културното наследство);
3. Современи теории (промена на парадигмата - од уметност кон култура, од културно кон природно, од елитно и индивидуално до маргинализирано и масовно, од ексклузивно кон инклузивно, демократизација на вредности и значења – од предмети кон луѓе, промена на концептот на автентичност, од објективизам кон субјективизам, од статично кон движење, релативизација на материјалното – од материјално кон нематеријално, функционален пристап кон наследството, конзервација базирана на вредности, адаптивна етика).

Основната разлика меѓу традиционалната и современата конзервација кандидатката ја согледува во фактот за нивната намена. Таа заклучува дека класичната конзервација, во прв ред окупирана со научни истражувања, во центарот на своето внимание ги има темите на историјата, науката и уметноста и е насочена кон физичката заштита на поединечните споменици од несакани промени. Овој вид конзервација на презентираните вредности им припишува есенцијални, внатрешни карактеристики, т.е. на дадените добра им припишува вредности независно од контекстот. За разлика од тоа, посочува кандидатката,  крајна цел на современата конзервација е зачувувањето и збогатувањето на значењата кои материјалните објекти ги имаат за засегнатите субјекти. Таа го восприема наследството во поширок контекст, опфаќајќи, покрај преносот на историски и естетски значења, и економски, просторни, општествени, религиозни, духовни, културни и други категории. Во континуираниот тек на промени, кои го претставуваат поместувањето од класична кон современа конзервација, кандидатката става акцент на: промената на опсегот на поединечната заштита кон поширок концепт на конзервацијата со акцент на инклузијата; поврзувањето на културното и природното наследство и начините на нивна заштита; нагласување на интересот за одржлив развој; придвижување кон антропоцентричен, вредносно ориентиран пристап; како и промена на концептот на автентичност, кој постепено од насоченост кон материјалното, интересот го поместува кон идејата за процес.

Појдовна премиса на третиот дел – **Западната конзервација денес – искуства и тенденции** – е ставот дека денес конзервацијата во светот се соочува со исти или слични предизвици и дека главно повеќето земји споделуваат слични правни системи во пристапот кон културното наследство.  Но сепак, смета Поцеска, спецификите на развојот и културните интереси во различни региони и земји условуваат и појава на значајни разлики во пристапите кон конзервацијата и разлики во конзерваторската практика. Во

тезата поконкретно се елаборираат искуствата на повеќе земји/региони од Европа (Австрија, Бенелукс, Велика Британија, Германија, Италија, Русија, Скандинавија, Унгарија, Франција, Чешка и Словачка), како и искуствата од други земји од светот кои го негуваат западниот концепт на конзервација (САД, Канада, Австралија, Нов Зеланд).

Четвртиот дел – **Македонски контекст** – посветен на состојбите во доменот на конзервацијата на културното наследство во Македонија, што е крајна цел на истражувањето, е заснован на претходно изведената теориска анализа, спроведеното теренско истражување и личните опсервации на Поцеска. Овој дел содржи неколку подделови:

1) Општ преглед на историскиот развој на конзервацијата во Република Македонија, при што прегледот ги следи активностите во овој домен од дваесеттите до деведесеттите години на XX век: периодот по Првата светска војна, донесувањето на првиот Закон за заштита на спомениците на културата во ФНРЈ по Втората светска војна и активностите поттикнати од него, периодот на документарната реставрација во педесеттите, поместувањето кон научната конзервација во шеесеттите и седумдесеттите, мултипликацијата на конзерваторските тенденции во осумдесеттите години;

2) Современи состојби, каде што искуствата од деведесеттите години наваму се окарактеризирани како кумулативни резултати на една општа промена на културната политика за заштита на културното наследство и промената на државните пристапи во поглед на редефинирање на статусот на културното наследство во хиерархијата на државните приоритети. Се наведува подолга листа на показатели на оваа промена, од што се изведува заклучок дека во Македонија нема доследна стратегија во креирањето на теориска база во согласност со современите потреби, како што нема вклучување на ефикасни механизми кои би ја регулирале конзервацијата (овде, меѓу другото, е направена анализа на терминологијата што се користи кај нас, законската рамка, проблемот на професионалната етика и принципите на работа);

3) Теоретски систем, при што преку споредбената анализа кандидатката го изведува заклучокот дека во РМ постои голема разновидност на конзерваторската практика како резултат на недоволно изградена теоретска база;

4) Културната политика и нејзиното влијание врз конзерваторската политика, каде што се анализираат недостатоците во стручното образование, финансирањето и односот конзервација - политика;

5) Анализа на конзерваторските практики, каде што се даваат согледби за разновидните активности во сферата на практичната примена на конзервација и реставрација на културното наследство во РМ, за да се заклучи дека во наши услови, во рамките на институционалниот сектор, преовладува конвенционалниот пристап на конзервација, врзан во прв ред за првите меѓународни повелби од овој домен (Атинската и Венецијанската повелба и Конвенцијата за светско наследство). Од многубројните констатирани пристапи на македонската практика, подетален увид е направен во неколку (принципот на демонтажа на оригиналниот споменик и негова реконструкција со современи материјали, фасадизам, имитација на историски градби, стилистичка конзервација), од што кандидатката го извлекува заклучокот за напуштање на традиционалните модели на практика при конзерваторските активности и придвижување кон еден полиберален пристап во кој претходно доминантната научна конзервација на

спомениците се заменува со една форма на површна естетска презентација на историските споменици;

6) Сумирање на заклучоците: западните влијанија во македонската конзервација, со подолга листа на констатации кои можат да се сумираат во констатацијата за малото влијание на современата западна теорија и практика на конзервација врз македонската конзервација;

7) Препораки – дадена е листа на препораки за унапредување на дејноста – кои се произлезени од ставот на Поцеска за потребата од осмислување на нова филозофија на конзервација, со теориски и практични насоки кои би ги обликувале основните начела на конзервацијата и кои, едновремено, би биле приспособени на светските стандарди и на националните потреби и интереси.

**Заклучокот** претставува концизен преглед на материјата изложена во претходно наведените делови.

## 2. Оцена на дисертацијата и заклучок

Докторската дисертација „Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија“, изработена од кандидатката м-р Валентина Поцеска, е сериозен научноистражувачки труд во областа на културолошките студии, културната политика и херитологијата, кој си поставува за цел да даде компаративна анализа на современите филозофии на конверзација со цел, со оглед на актуелните доминантни општествени процеси, да се согледаат најцелисходните насоки во начините на конзервација на културното, пред сѐ недвижно наследство. Комбинирајќи ги теоретските сознанија, како и сознанијата од практиката, воедно применувајќи доследна методологија, м-р Поцеска создава заокружен истражувачки труд кој ќе биде корисна лектира за сите оние чиј интерес е насочен кон заштитата на културното наследство, културната меморија и културната политика, па и оние што се занимаваат со културниот туризам.

### 2.1. Главни научни придонеси на кандидатката

Посочениот труд не само што дава преглед и аналитички коментар на најактуелните парадигми во современата западна филозофија на конзервација компарирајќи ги со оние од периодот на модерната, туку дава сериозен придонес во развивањето на концептите кои културната меморија ја одредуваат како стожерен елемент во остварувањето на инклузивен општествен развој. Аналитички коментирајќи ги актуелните филозофии на конзервација, м-р Валентина Поцеска на најубав можен начин покажува зошто е важно изготвување на конзистентна национална стратегија за заштита на културното наследство, како од аспект на стабилизирање на идентитетот, така и од аспект на зачувување на културната меморија. При тоа, кандидатката дава јасни посочувања за тоа на кој начин примената на светските стандарди во конзервацијата можат да се приспособат на националните (во овој случај македонски) потреби.

### 2.2. Подрачје на примена и ограничувања

Докторската дисератација „Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија“, покрај тоа што дава практични насоки за можни конзистентни концепти во заштитата на културното (недвижно) наследство, дава

насоки и за една конзистентна и приспособена на современи услови културна политика; таа може да биде и инспиративно четиво за сите оние што директно се вклучени во процесите на конзервација на културните (арте)факти. Секако, кандидатката посочува на еден од можните концепти од кои може да се појде во заштитата на културното наследство. Иако се можни и други приоди, предложениот приод е кохерентен и инсистира на усогласеност на целите и резултатите на конзервацијата.

**2.3. Можни понатамошни истражувања**

Иако кандидатката децидно не наведува, овој истражувачки труд може да биде основа врз која ќе се преземат истражувања во областите на културниот туризам (односно да се одговори на прашањето во каков сооднос може да се најдат две наизглед дивергентни тенденции: барањето за задржување на автентичноста и барањето за претставување на минатото со доградување и осовременување и сл.), во областа на релациите меѓу културната меморија и политиката (односно да се одговори на прашањето како одреден вид на интервенции врз историските објекти со цел - нивна заштита - можат да ја менуваат претставата за минатото и сл.) и во областа на културните стратегии за одржлив развој со истражување на најсоодветни политики за поттикнување на економскиот раст, општествена кохезија и зачувување на културниот предел.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје со задоволство му предлагаме да го прифати овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација под наслов **Современите филозофии на конзервација на културното наследство и нивното влијание во Македонија,** изработена од кандидатката м-р Валентина Поцеска.

**КОМИСИЈА**

**Д-р Маја Јакимовска-Тошиќ , ред. проф.,с.р.**

**Д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, ред. проф., с.р.**

**Д-р Метин Изети, вонр. проф., с.р.**

**Д-р Ана Павловска-Данева, ред. проф.,с.р.**

**Д-р Антоанела Петковска, ред. проф., с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 412. седница на Наставно – научниот совет одржана на 20.6.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Александра Паскали, дипл.град.инж. | **Веројатносни модели за дефинирање на услови за фундирање на конструкции во цврсти карпести маси** | проф. д-р Милорад Јовановски, Градежен факултет |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет
„Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет –20.06.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Семра Омери | „Кривични дела против имотот и одземање предмети и возила“ „Crimes Against Property, Vehicle and Assets Theft “ | **Д-р Никола Тупанчески** |
| Катерина Димовска | „Рефлексијата на Истанбулската Конвенција врз македонското казнено законодавство“ „Istanbul Convention’s Reflections to the Macedonian Criminal Legislature“ | **Д-р Никола Тупанчески** |
| Магдалена Велковска | „(Де)криминализација на евтаназијата “ „ (De)criminalization of the Euthanasia “ | **Д-р Никола Тупанчески** |
| Антонија Андонова | „Државна комисија за спречување на корупцијата и меѓуинституционална соработка за борба против корупција “ „State Commission for Preventing of the Corruption and Inter-institutional Cooperation in the Fight Against Corruption“ | **Д-р Никола Тупанчески** |
| Александра Гроздановска | „Положбата на обвинетиот во текот на истрагата“ „Defendant’s Role During the Investigative Phase of the Criminal Procedure“ | **Д-рГордана Бужаровска** |
| Наташа Радојкова | „Организиран криминал – криминолошки аспекти“ „Organized Crime – Criminological Aspects“ | **Д-рГордана Бужаровска** |
| Наташа Ѓорѓевска Цветановски | „Феноменолошки и етиолошки карактеристики на кривичните дела против | **Д-рГордана Бужаровска** |

| | | |
|---|---|---|
| | половата слобода и половиот морал “ „Phenomenological and Etiological Characteristics of the Sex Crimes“ | |
| Вили Старделова | „Кривични дела против правниот сообраќај, со посебен осврт на подрачјето на Основниот суд во Гевгелија во периодот од 2009-2013 година“ „Crimes Against Legal Traffic, With Specific Attention to the Jurisprudence of the Basic Court in Gevgelija in the Period of 2009-2013“ | **Д-р Гордана Бужаровска** |
| Грозданка Анева | „Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство во Република Македонија во периодот 2009-2013„ „Criminological Aspects of the Violent Crime in Republic of Macedonia in the period of 2009-2013“ | **Д-р Александра Груевска Дракулевски** |
| Филип Николов | „Политичкиот деликт во современата казнено-правна теорија“ „Political Crimes in the Modern Criminal Law Theory“ | **Доц.д-р Александра Деаноска Трендафилова/** |
| Никола Поп-Манчев | „Казнената политика на Основниот суд во Неготино во периодот од 2009-2013 во однос на кривичните дела против животот и телото“ „Penal Policy of the Basic Court in Negotino in the Period of 2009-2013 in Regard with the Crimes Against Human’s Life and Body“ | **Доц.д-р Бобан Мисоски** |
| Ана Антиќ | „Кражбата како кривично дело во македонското и | **Доц.д-р Бобан Мисоски** |

| | | |
|---|---|---|
| | споредбеното Казнено право “<br>„Theft Crime in the Macedonian and Comparative Criminal Law “ | |
| Анкица Крстевска | „Полициските овластувања во реформираната кривична постапка во Република Хрватска “<br>“Police Authorities Within the Reformed Criminal Procedure in Republic of Croatia“ | **Д-р Гордан Калајџиев** |
| Валентин Јанкоски | „Имиграциските права и случаите на Велика Британија и Германија“<br>„Immigration rights and the cases of Great Britain and Germany“ | **Д-р Љубомир Фрчкоски/** |
| Марија Вишинова, | „Концептот на (Не) Праведната војна во Меѓународното право“<br>„The Concept of (Un)Just war in the International law“ | **Д-р Татјана Петрушевска** |
| Џенур Исени | „Дипломатскиот протокол во Отоманската империја“<br>„Diplomatic Protocol in the Ottoman Empire“ | **Др Мишо Докмановиќ** |
| Љубица Ангелова | „Корупцијата во Република Македонија и нејзините негативни импликации врз економскиот систем“<br>,,Corruption in the Republic of Macedonia and it’s negative implications over the economical system“ | **Д-р Никола Тупанчески** |
| Александра Димовска | „Неживотно осигурување“<br>„ Non-Life insurance“ | **Доц.д-рБиљана Петревска** |
| Елена Ацеска | „Осигурување на моторни возила и поврзани видови одговорности“<br>„Motor car insurance and related types of responsibilities“ | **Доц.д-рБиљана Петревска** |
| Оливера Славевска | „Правно уредување на осигурувањето во | **Доц.д-рБиљана Петревска** |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија „Legal regulation of insurance in the Republic of Macedonia" | |
| Марко Томовски | „Видови обезбедување кај банките "<br>„Types of securities in the banking industry" | **Доц.д-рБиљана Петревска** |
| Деница Бојаровска | „Улогата на маркетингот во спроведувањето на политиките на државата"<br>„The role of marketing in the implementation of state policies" | **Доц.д-рБиљана Петревска** |
| Дејан Јанев | „Финансиски измами преку интернет игрите на среќа<br>„Financial fraud with online lottery games" | **Доц.д-рДраги Рашковски** |
| Марија Давкова | „Улогата на културната дипломатија во процесот на создавањето на грчката држава"<br>„The role of cultural diplomacy in the process of the creation of the Greek state" | **Д-р Мелина Гризо** |
| Јулијана Тасевска | „Меморандумот од 1989 година на Српската Академија на науки и уметности и дисолуцијата на СФРЈ "<br>„The 1989 Memorandum of the Serbian Academy of Arts and Sciences and the dissolution of the Socialist Federal Republic of Yugoslavia" | **Д-р Мелина Гризо** |
| Кастриот Мемети | „Историските и социолошките аспекти на меѓународните судови и трибунали"<br>„The historical and social aspects of international courts and tribunals " | **Д-рТатјана Петрушевска** |
| Милорад Петрески | „Приемот на новосоздадени држави во меѓународните | **Д-рТатјана Петрушевска** |

| | | |
|---|---|---|
| | „организации“ „Accession of newly founded states into international organizations“ | |
| Никола Спировски | „Израелско-палестинскиот конфликт и процесот во Осло како основа за негово конечно решение“ „The Israeli-Palestinian conflict and the Oslo process as basis for finding a solution“ | **Д-р Љубомир Фрчкоски** |
| Кристијан Михајловски | „Концептот за правото на пристап до интернет како човеково право “ „The concept of the right to access to internet as a human right“ | **Д-р Сашо Георгиевски** |
| Марко Гучески | „Примена на правилата за престанок и суспендирање на меѓународните договори во практиката на Меѓународниот суд на правдата“ „Enforcement of the rules on cessation and suspension of international agreements in the case law of the International Court of Justice“ | **Д-р Сашо Георгиевски** |
| Ирена Тодоровска | „Заканите од современиот сајбер тероризам и меѓународното право“ „The threat of cyber terrorism and international law“ | **Д-р Сашо Георгиевски** |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Наум Трајановски | Одете си! Комеморацијата на Мара Бунева во македонските медиуми : Дискурс анализа на македонските весници по 1991)“ „Go away! Mara Buneva`s commemoration in the Macedonian media: Discourse analysis on the Macedonian newspapers after 1991 | **доц.д-р Ненад Марковиќ** |
| Ана Зафирова | Улогата и значењето на невербалната комуникација кај делиберативната реторика The role and meaning of non-verbal communication on deliberative rhetoric | **проф.д-р Гоце Наумовски** |
| Агон Ајрула | Предизвиците на интеграцијата на Турција во Европската Унија Challenges of Turkey`s integration in the European Union | **проф. д-р Васко Наумовски** |
| Валентин Јанкоски | Имиграциските права и случаите на Велика Британија и Германија Immigration rights and the cases of Great Britain and Germany | **проф. д-р Љубомир Фрчкоски** |
| Марија Вишинова | Концептот на (Не) Праведната војна во Меѓународното право The Concept of (Un)Just war in the International law | **проф. д-р Татјана Петрушевска** |
| Ценур Исени | Дипломатскиот протокол во Отоманската империја The Diplomatic Protocol in the Ottoman Empire | **доц. д-р Мишо Докмановиќ/** |

| | | |
|---|---|---|
| Вања Петрушевска | Вреднување на правата од интелектуалната сопственост со посебен осврт на гудвил Intellectual Property Rights Valuation with particular Reference to the Goodwill | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Марија Ќосеска | Конфликти помеѓу трговските марки и домените: Критичка анализа и нов модел за регулатива на домени Conflicts between Trademarks and Domain names: Critical Analyses and a new Model for Domain name regulation | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Мила Мисевска | Правни и економски аспекти на интелектуалната сосптвеност: Студија на 3Д печатењето во модната индустрија“ „Legal and Economic Aspects of Intellectual Property: A study on 3-D printing in the Fashion Industry | **доц.д-р Александар Стојков** |
| Стефан Стојчев | „Права на изведувачи и радиодифузни организации во Европска унија Rights of Performance Artists and Broadcasting Organizations in the EU“ | **проф.д-р Гоце Наумовски/** |
| Игор Ристески | „Оправданост на патентната заштита на софтверот наспроти слободните софтверски лиценци Justification of Software Patent Protection vs. Free Software Licenses“ | **проф.д-р Валентин Пепељугоски** |
| Ирена Петкоска | „Конкуренција помеѓу оригинатори и генерици и | **проф.д-р Валентин Пепељугоски** |

| | | |
|---|---|---|
| | судска постапка за патенти “<br><br>„Originator vs Generic competition and Patent Litigation Procedure“ | |
| Елизабета Димовска | „Правниот режим на модниот дизајн во македонското и во споредбеното право“<br>„The Legal Regime of Fashion Design in the Macedonian and the Comparative Law “ | **доц.д-р Неда Здравева** |
| Симона Андева | „Корпоративен имиџ и односите со медиумите Corporate Image and Media Relations“ | **доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ** |
| Елена Костадиновска | „Градење на корпоративен имиџ и идентитет преку техниките на односите со јавноста “<br>„Building Corporate Image and Identity Through the Techniques of Public Relations“ | **доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ** |
| Марија Димишкова | „Значењето на Етичкиот кодекс на Американското здружение за односи со јавноста за професионализацијата на односите со јавноста “<br>„The Meaning of the Ethical Code of the American Society for Public Relations for the Profesionalization of the Public Relations“ | **доц.д-р Дејан Донев** |
| Дарко Крстевски | „Лобирањето во контекст на односите со јавноста“<br>„Lobbying in the Context of Public Relations“ | **доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ/** |
| Јована Стојменовиќ | „Феноменот на рекламата и скриените убедувачи на | **доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ** |

| | | |
|---|---|---|
| | В. Пакард“<br>„Phenomenon of Advertising and "Hidden Persuader" of V. Packard“ | |
| Александар Наков | „ПР стратегии на социјалните медиуми“<br>„PR Strategies of Social Networks)“ | **доц.д-р Јасна Бачовска Недиќ** |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Ана Арсовска** | **Финансиско и казнено – правни аспекти на перењето пари: Случајот на Република Македонија” (Financial and Criminal Aspects on Money Laundring. The case of the Republic of Macedonia)** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Иван Јакимовски** | **Оданочување на финансиските трансакции во земјите на Европската Унија“ (Taxation on the financial transactions in the European union)** | **проф. д-р Весна Пендовска** |
| **Сандра Поповска** | **Улогата на Државниот завод за ревизија во постапката за утврдување на неправилностите при управувањето со јавните финансии” (The Role of the Audit in detecting irregular procedures in public finance management)** | **проф. д-р Александра Максимовска Вељановски** |
| **Јован Јаулевски** | **Развојот на корпорациите и фискалното опкружување во Република Македонија“ (Corporative development and fiscal environment in Republic of Macedonia)** | **проф. д-р Александра Максимовска Вељановски** |
| **Ивановска Ирена** | **Заштита на личните права во граѓанските судски постапки во правниот систем на** | **доц. д-р Тина Пржеска** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Република Македонија и во компаративното право“ [Protection of Personal Rights in Civil Proceedings in the Legal System of Republic of Macedonia and in Comparative Law]** | |
| **Марјан Коцевски** | **Правна природа на задолжницата во домашното и споредбеното право“ [The Legal Nature of Surety in Domestic and Comparative Law]** | **доц. д-р Ненад Гавриловиќ** |
| **Тиана Неделковска** | **Правото на сопственост во Република Македонија и во Европската Унија“ [The Right of Ownership in Republic of Macedonia and in the European Union]** | **доц. д-р Тина Пржеска** |
| **Ивана Атанасовска** | **Промоција на производите и услугите преку Интернет (Promotion of goods and services trought the Internet)** | **проф.д-р Софија Тодорова** |
| **Марија Ивановска** | **Документарниот акредитив како инструмент за плаќање во меѓународниот промет на стоки и услуги (Documentary letter of credit as a payment instrument in international trade of goods and services)** | **проф.д-р Горан Коевски** |